**РЕПУЃЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
**ВО СКОПЈЕ**

# Б И Л Т Е Н
## НА
## УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
## ВО СКОПЈЕ

**Број 1064**
**Скопје, 1 ноември 2013 година**

**Издание на Универзитетот „Св Кирил и Методиј“ во Скопје**

**ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИН**

**Уредник: Томислав БАШЕВСКИ**

**Лектор: Весна Илиевска-Цветановска**

Бр. ____________
_5.8. 2013_
Скопје

**Предмет: Материјали за Билтенот за објавување на веб-страницата на УКиМ**

Согласно член 132, став 5 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ" бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011 и 123/2012), на веб-страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, од бројот 1059 од 15 август 2013 година, ќе се објавуваат рефератите за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања, рецензиите за подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за вршење научна работа, прегледите на одобрените докторски дисертации, прифатените магистерски и специјалистички теми, рецензиите на учебници и учебни помагала, како и рефератите за доделување на звањето почесен професор и титулата почесен доктор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј". По објавување на материјалите на веб-страницата, факултетите и институтите за своите потреби, истите треба да ги отпечатат во материјална форма за да можат да ги достават на членовите на наставно-научниот, односно научниот совет. Поради тоа, потребно е сите материјали што се предвидени за објавување во Билтенот на Универзитетот, благовремено да ги доставувате во **електронска форма**.

Поради усогласеност и униформност на текстовите потребно е материјалите за објавување да се доставуваат како Microsoft Word 2003 документи во кои исклучиво ќе се користи системскиот фонт **Georgia**. Овој фонт содржи богато множество на кирилични (македонски, српски, руски), латинични (со различни видови на надредени знаци), грчки и други знаци. Варијанта на овој фонт со корегирани знаци во италик формата за македонските букви '***д***', '***п***', '***т***', '***г***' може да се добие во компјутерскиот центар на УКиМ на барање на факултетот. Исто така, таму може да се добие софтверско решение со кое може да се испрограмира тастатурата на персонален сметач кога работи под Windows XP оперативниот систем при притискање на копчето '`' во македонска поддршка да се добие знакот '**ѐ**', а при притискање на копчето '~' во македонска поддршка да се добие знакот '**ѝ**'.

Поради запазување на роковите за објавување на материјалите во Билтенот, но и на веб-страницата, ве молиме, рефератите откако ќе бидат лекторирани, да ја доставите оригиналната верзија (лекторирана со потписите), а електронската верзија да ја доставите на e-mail адресата: t.basevski@ukim.edu.mk (so mali bukvi).

Неблаговремено доставените материјали и оние кои нема да бидат напишани согласно упатството нема да бидат објавени во тој број, туку ќе бидат поместени за објавување во наредниот број од Билтенот, односно откако ќе ја добиеме бараната верзија.

Ви благодариме за соработката.

Со почит,

**Проректор**
**Проф. д-р Коле Василевски**

Изготвил:Т.Б.
Одобрил:К.М.

## Содржина на Билтен број 1064 од 1 ноември 2013 година

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Трендови и перспективи на брзорастечките бизниси во Република Македонија,** изработена од **м-р Пане Илиев**, поднесена на Економскиот институт во Скопје..........7-11

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Училишниот менаџмент во функција на превенција, спречување и разрешување на насилството во современите училишта,** изработена од **м-р Екрем Исмаили,** пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје..........12-16

**ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА**

1. Рецензија на докторската дисертација **Воените операции на германскиот Вермахт во Македонија, септември 1943-ноември 1944 година,** изработена од **м-р Роберто Трајковски,** пријавена на Институтот за национална историја во Скопје..........17-20

**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за повторен избор на еден асистент од научната област математика на Градежниот факултет во Скопје **(м-р Зоран Мисајлески)**..........21-26

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Интерната ревизија во функција на квалитетно корпоративно управување,** изработена од **м-р Рефика Муриќ**, поднесена на Економскиот факултет во Скопје..........27-34
2. Реферат за избор на соработник по економски науки за група предмети од обласата на финансиите на Економскиот факултет во Скопје **(м-р Марјан Туџарски, м-р Кирил Јовановски)**......35-37
3. Рецензија на докторската дисертација **Принципи на конкуренција и стратегии за реформи во здравствениот систем во Македонија,** изработена од **м-р Анита Поповска**, поднесена на Економскиот факултет во Скопје..........38-44

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА**

1. Рецензија на докторската дисертација **Карактеристики на месото и на колбасите произведени од месо од ној (Struthio Camelus),** изработена од **м-р Даниела Беличовска,** пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје..........45-51
2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје **(Билјана Цибрева Трајкоска, Дана Ужевска)**..........52

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Стоматолошкиот факултет во Скопје **(д-р Емилија Цоцеска, д-р Луан Треси)**..........53

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одоберени теми за изработка на магистерски труд на Природно-математичкиот факултет во Скопје **(Билјана Римческа, Искра Кајевска, Наташа Велковска, Ивица Маџевиќ, Билјана Крстевска, Бојана Димовска, Маја Скендеровска, Марјан Михајлов, Роза Поповска, Стојанче Волканоски)**..........54-55

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на асистент по група предмети од обласата на е-бизнисот на Економскиот факултет во Скопје **(м-р Марјан Туџарски, м-р Мијалче Санта)**..........56-59

**АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања од обласпа на архитектонското проектирање по предметите: архитектонско проектирање 2 и архитектонско студио на Институтот за архитектонско проектирање при Архитектонскиот факултет во Скопје **(д-р Јован Ивановски)**.....60-80

**ФАКУЛТЕТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје **(Кирил Паралидов, Сашко Тасев, Иво Спироски)**.....81

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ**

1. **Приговор** на Рефератот за избор на наставник, во насловно звање, по предметот конзервација и реставрација – иконопис и маслено сликарство (прв и втор циклус) на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, објавен во Билтен бр. 1063 од 15.10.2013 година, поднесен од **д-р Ангелина Поповска**.....82-84
2. **Одговор** на Рецензентската комисија на приговорот на Рефератот за избор на наставник, во насловно звање, по предметот конзервација и реставрација – иконопис и маслено сликарство (прв и втор циклус) на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, објавен во Билтен бр. 1063 од 15.10.2013 година.....85-88

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“**

1. Рецензија на докторската дисертација под наслов **Актуелни трендови во либерализацијата на трговијата со услуги во меѓународната и домашната трговска практика (правни аспекти)** од **м-р Ангела Кузманова,** пријавена на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.....89-95

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Управувањето со знаењето како корпоративна стратегија за подобрување на конкурентската предност и организациската ефикасност,** изработена од **м-р Сања Николиќ**, поднесена на Економскиот институт во Скопје.....96-102
2. Рецензија на докторската дисертација под наслов **Улогата на туризмот во локалниот економски развој на Општина Дебар** од кандидатот **м-р Бајрам Цапа**, поднесена на Економскиот институт во Скопје.....103-107
3. Рецензија на докторската дисертација под наслов **Улогата и значењето на процесот на управување со перформансите на вработените за зголемување на развојните потенцијали на организациите,** изработена од **м-р Ирена Ашталкоска**, поднесена на Економскиот институт во Скопје.....108-115

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник од областа на економските науки по предметите применета економија и еколошки менаџмент на Економскиот факултет во Скопје **(д-р Пеце Недановски)**.....116-143
2. Рецензија на докторската дисертација **Примената на Базел III во банкарското работење со посебен осврт на воспоставените механизми за заштита од финансиски кризи,** изработена од **м-р Илија Андовски**, поднесена на Економскиот факултет во Скопје.....144-150

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област граѓанско материјално право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје **(д-р Дејан Мицковиќ)**.....151-174

**ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСВО**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје **(Јовица Митковски, Дарко МартиновиЃ, Златка Трајческа Бојан Илијоски, Биљана Цветкоска, Никола Котели, Стефан Спасовски, Бојан Костадинов, Трајче Манолев, Предраг Филиповиќ, Петар Јоксимовиќ)**........175

**ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА**

1. Реферат за предвремен избор на виш научен соработник во Институтот за национална историја во Скопје **(д-р Александар Стојчев)**........176-184
2. Реферат за избор на научен соработник во Институтот за национална историја во Скопје **(д-р Теон Џинго)**........185-192
3. Реферат за избор во звањето научен соработник во Институтот за национална историја во Скопје **(д-р Александар Литовски)**........193-196

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Улогата и значењето на изворите на финансирање за подобрување на финансиското работење на електронските медиуми во Република Македонија,** од **м-р Борис Арсов**, поднесена на Економскиот институт во Скопје........197-206

**ИНСТИТУТ ЗА ДУХОВНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО НА АЛБАНЦИТЕ**

1. Реферат за избор на асистент-истражувач во Институтот за духовно културно наследство на Албанците во Скопје **(м-р Агрон Салихи)**........207-208

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник по предметот корпоративно финансиско известување, на Економскиот факултет во Скопје **(д-р Атанаско Атанасовски)**........209-226
2. Реферат за избор на наставник од областа на економските науки по предметот развој на економската мисла на Економскиот факултет во Скопје **(д-р Борче Треновски)**........227-248

**ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ**

1. Реферат за избор на еден наставник во сите звања по наставните предмети пијано, камерна музика и литература за пијано на Факултетот за музичка уметност во Скопје **(д-р Марија Ѓошевска)**........249-261

**ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА**

1. Реферат за предвремен избор на научен соработник-доцент во Институтот за национална историја во Скопје **(д-р Димитар Љоровски)**........262-266

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
# НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ТРЕНДОВИ И ПЕРСПЕКТИВИ НА БРЗОРАСТЕЧКИТЕ БИЗНИСИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА”
# ОД М-Р ПАНЕ ИЛИЕВ, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 241 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, а во врска со поднесената докторска дисертација од кандидатот м-р Пане Илиев со наслов **Трендови и перспективи на брзорастечките бизниси во Република Македонија**, Советот на Економскиот институт во Скопје, на 93 седница одржана на 30 мај 2013 година, донесе Одлука (бр. 02-842/2 од 5.6.2013) за формирање на Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација, во состав:

1. д-р Билјана Ангелова;
2. д-р Дејан Пендев;
3. д-р Васил Поповски;
4. д-р Татјана Петковска-Мирчевска и
5. д-р Томе Неновски.

Членовите на Комисијата со потребното внимание ја прочитаа и ја проучија поднесената докторска дисертација и по усогласувањето на мислењата, до Советот на Економскиот институт го доставуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј
### 1. Општи согледувања

Докторската дисертација на кандидатот м-р Пане Илиев со наслов „Трендови и перспективи на брзорастечките бизниси во Република Македонија” третира актуелна, комплексна проблематика од областа на претприемаштвото, каде што во фокусот на вниманието се брзорастечките бизниси и нивната поврзаност со степенот на претприемаштво и претприемачка иницијатива во работењето од една, и степенот на економски раст и развој, од друга страна.

Турбулентните економски текови и процеси, што како резултат на светската економска криза која се рефлектираше и во македонската економија, и како резултат на долгогодишните проблеми со невработеноста, сиромаштијата, нискиот бруто - домашен производ и трговскиот дефицит во Република Македонија, го истакнаа големото значење на секторот на мали и средни претпријатија во создавањето на богатството, бруто - домашниот производ и решавањето на проблемот со невработеноста.

Секторот на малите и средните претпријатија (МСП) кој претставува 99% од вкупниот број на активни претпријатија во земјата и учествува со повеќе од 80% во вкупниот број на вработени, е највиталниот дел од економијата, што се должи на повисокиот степен на иновација, преземање на калкулиран ризик и следење и експлоатација на можностите на пазарот.

Претприемаштвото и претприемачите се основните иницијатори и двигатели на економскиот раст и развој, со што незамисливо е да се успее во бизнисот ако не се имплементира претприемачка стратегија и не се практикуваат претприемачки вештини и алатки за работа. Претприемачкиот потфат започнува, а и најчесто завршува со основање на мал бизнис, а во подоцнежните фази на раст во средно, па и големо претпријатие, подеднакво се практикува претприемачката филозофија на работење, што придонесува до одржување на растот и виталноста на деловниот субјект, кој се стреми кон остварување на претприемачки (натпросечен) профит.

Бизнис-практиката во Република Македонија сведочи за бројни мали и средни бизниси кои се одликуваат со претприемачка практика, што придонесува до нивно значително влијание во економијата, креирањето на националното богатство и креирањето на нови работни места. Тие бизниси се одликуваат со растечки потенцијал, континуирано ги зголемуваат обемот на работа, висината на приходите, големината на профитот, како и бројот на ангажирана работна сила.

Начинот на работење, стратегиите на дејствување, степенот на иновации, откривањето и експлоатацијата на пазарните можности, како и стилот на управување и специфичностите во начините на финансирање на овие бизниси со растечки потенцијал (т.н. брзорастечки бизниси) се од интерес за севкупната економија, т.е. моделот на дејствување кој го практикуваат овие брзорастечки бизниси треба да претставува основа и насока на дејствување за останатите бизниси во економијата, а со цел од опстанок, раст и профитабилност на секторот на МСП.

Во оваа докторска дисертација, преку детална анализа и истражување на карактеристиките на сопствениците и менаџери на бизнисите со растечки потенцијал, деловната филозофија, претприемачкиот потенцијал, начинот на финансирање, стилот на раководење и влијанието врз потесното и поширокото окружување, се дава јасна слика за начинот на кој овие бизниси остваруваат постојан пораст на приходите, односно профитот, како и пораст на ангажираната работна сила во процесот на работење. Консеквентно, основната цел на оваа докторска дисертација претставува креирањето на модел (матрица) на фактори кои влијаат на растот на малите и средните претпријатија, односно фактори кои го поттикнуваат растечкиот потенцијал на субјектите кои припаѓаат на секторот на МСП.

## 2. Содржина на дисертацијата

Докторската дисертација на кандидатот м-р Пане Илиев со наслов „Трендови и перспективи на брзорастечките бизниси во Република Македонија” структурно е поделена на вовед, пет глави, заклучни согледувања и користена литература.

Воведниот дел на трудот го вклучува предметот и целта на истражувањето, актуелноста на проблематиката, досегашните истражувања во третирањето на оваа проблематика, очекуваните резултати и методолошкиот приод.

*Првата глава* од трудот говори за теоретските основи на претприемаштвото (во класичната и современата економска теорија); концептите и теориите за претприемачот (Кирцнер, Шумпетер, Најт, Шекл, Кезон); креативноста (креативно мислење, процесот на креативност, бариери за креативноста, засилување на креативноста) и иновациите (видови на иновации, извори на иновации, иновациите и големината на бизнисот); претприемачкиот процес (модел – можност, ресурси, тим, претприемачка можност – поим, типологија, видови) и концептот на претприемаштво фокусирано на можности (лична претприемчивост, креирање и истражување на можноста, планирање за реализација на можноста, делување врз можноста); како и моделите на остварување на претприемачки (натпросечен) профит (модел на индустриска организација и модел заснован врз ресурси).

*Втората глава* подетално ги разработува корпоративното претприемаштво (концепт, модел, корпоративен претприемач, структурирање на средина за корпоративно претприемаштво) и претприемачкиот менаџмент (концепт, претприемачки менаџер, имплементирање на претприемачки менаџмент), како едни од предусловите за создавање на поволен деловен амбиент за подготовка и поддршка на натпросечен (претприемачки) раст.

*Третата глава* се занимава со улогата и значењето на малите бизниси за економијата и развојот - основањето на мал бизнис (карактеристики на малиот бизнис, начини на започнување со мал бизнис, извори на финансирање на мал бизнис, управување со малиот бизнис); и механизмите за поддршка на малиот бизнис (САД, Европа, Република Македонија). Дополнително, преку анализата на карактеристиките на малиот бизнис, начините на започнување со бизнис, изворите на финансирање (иницијални и подоцнежни), како и начините на управување со микро и малите деловни субјекти, се диференцираат се и издвојуваат и оние елементи (карактеристики), кои заедно со останатите елементи, се одлика на брзорастечките бизниси.

Во *четвртата глава* кандидатот ја поставува теоретската основа за предметот и целта на овој труд, односно ги дефинира и поблиску ги определува брзорастечките бизниси преку поставување на критериумите на брз раст, како и влијанието кое брзорастечките бизниси го имаат врз развојот на економијата, стопанската активност и, воопшто, развојот на една земја. Оттука, во овој дел од трудот се говори за поим и дефинирање на брзорастечки бизнис (карактеристики, модел на раст, тркало на успех на брзорастечки потфат); претприемништво во финансирањето и менаџирањето на газелите; како и податоци од одредени истражувања поврзани со брзорастечките бизниси надвор од македонската економија, а за кои постојат релевантни податоци (САД, Европа).

Во последната, *петта глава*, кандидатот ги презентира резултатите од истражувањето на брзорастечките бизниси во македонската економија, како и крајната

цел на овој докторски труд – конструирање на модел (матрица) на брзорастечките бизниси, односна модел кој појасно ќе ја исцрта меѓузависноста на факторите (интерни и екстерни) и брзиот раст, од една страна, и определување на карактеристиките на брзорастечките бизниси, од друга страна, како предуслов за опстанок и експанзија на бизнисот. Поставената цел кандидатот ја реализира преку дополнителна обработка и анализа на податоците на Министерството за економија за компании со растечки потенцијал, која се заснова врз податоци добиени од Регистарот на годишни сметки на Централниот регистар на Република Македонија, како појдовна точка во идентификувањето на овие бизниси во македонската економија; и резултатите добиени од спроведените непосредни и продлабочени интервјуа со сопствениците – менаџери кај бизнисите издвоени од оваа база на податоци, како бизниси кои генерираат брз раст. Оттука, во последниот дел од трудот се презентирани и резултатите од дополнителната обработка на секундарните податоци за компаниите со растечки потенцијал (според приходи, добивка, број на вработени и инвестиции во опрема и објекти); анализа и толкување на нивната застапеност по одделни дејности и регионална разместеност; и резултатите од спроведеното непосредно и продлабочено интервју (составено од неколку делови: начин на основање; форма на организација; извори на финансирање; иновации; можности; модел на претприемачки профит; корпоративно претприемаштво и претприемачки менаџмент; двигатели и елементи (принципи) на раст кај тие брзорастечки бизниси), што води кон конструирање на моделот (матрицата) на раст на брзорастечките бизниси (табеларно и графички претставен).

Во заклучните согледувања, кандидатот м-р Пане Илиев ги сублимира постојните искуства во креирање на модел (матрица) на фактори кои влијаат на растот на малите и средните претпријатија кој треба да доведе до давање насоки и препораки на бизнисите за подигнување на степенот на ефективност и ефикасност во работењето, односно потенцирање и истакнување на факторите кои тие треба да ги земат предвид и имплементирање на иманентни стратегии за брзорастечките компании, а со цел остварување на потенцијал на раст, перманентен пораст на приходите и профитот, како и зголемен обем на ангажирање на работна сила со соодветни квалификации, способности и вештини. Моделот на раст, упатува на предлози, сугестии и препораки за имплементирање на соодветни стратегии и претприемачки иницијативи во поглед на финансирањето, управувањето, реализирањето на можностите, како и насочува кон рамките во кои треба да се движат финансиските показатели за работењето на бизнисите со потенцијал за раст, претставува пожелна алатка за остварување на успех на деловните субјекти од секторот на МСП.

## 3. Оцена и предлог

Врз основа на внимателно проучување на изнесената содржина на докторската дисертација на кандидатот м-р Пане Илиев со наслов „Трендови и перспективи на брзорастечките бизниси во Република Македонија”, Комисијата оцени дека докторската дисертација е поставена на современ и оригинален приод и е исклучително содржаен и комплексен труд. Докторската дисертација обработува современа и актуелна проблематика од областа на претприемаштвото.

Дисертацијата се одликува со оригинален пристап кон дефинираниот проблем на истражување и мошне успешно ги инкорпорира научниот и стручниот третман на зголемувањето на ефективноста и ефикасноста кај брзорастечките бизниси. Трудот заслужува посебно внимание пред сѐ и поради неговата актуелност и методолошкиот пристап во истражувањето кој може да се оцени како интегрален, целисходен и исцрпен според обемноста на обработениот материјал користен во истражувањето. Концепциски, дисертацијата претставува заокружен систематски приказ на теоретските и практичните искуства од сферата на претприемаштвото и перспективите на брзорастечките бизниси во Република Македонија.

Имајќи ги предвид изнесените ставови, Комисијата беше едногласна во заклучокот дека кандидатот м-р Пане Илиев во својата докторската дисертација под наслов „Трендови и перспективи на брзорастечките бизниси во Република Македонија" целосно успеал да одговори на предизвикот што го поставил при дефинирањето на предметот на истражување. Појдовните тези успева мошне успешно да ги развие со аргументирани заклучоци, со свои оригинални ставови и со јасни препораки за подобрување на перспективите на брзорастечките бизниси во Република Македонија.

Врз основа на претходното, Комисијата му предлага на Советот на Економскиот институт во Скопје:

1. да го прифати извештајот со позитивна оцена за поднесената докторска дисертација „Трендови и перспективи на брзорастечките бизниси во Република Македонија";
2. на кандидатот м-р Пане Илиев да му се дозволи јавна одбрана на докторскиот труд.

*Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација*

1. Д-р Билјана Ангелова, с.р.
2. Д-р Дејан Пендев, с.р.
3. Д-р Васил Поповски, с.р.
4. Д-р Татјана Петковска-Мирчевска, с.р.
5. Д-р Томе Неновски, с.р.

## РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „УЧИЛИШНИОТ МЕНАЏМЕНТ ВО ФУНКЦИЈА НА ПРЕВЕНЦИЈА, СПРЕЧУВАЊЕ И РАЗРЕШУВАЊЕ НА НАСИЛСТВОТО ВО СОВРЕМЕНОТО УЧИЛИШТЕ“ ОД М-Р ЕКРЕМ ИСМАИЛИ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 82 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус на студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и член 38 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Филозофскиот факултет во Скопје, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата 40. редовна седница одржана на 2.7.2013 година, нè избра за Комисија за оцена на докторската дисертација под наслов „Училишниот менаџмент во функција на превенција, спречување и разрешување на насилството во современото училиште“, поднесена од м-р Екрем Исмаили и пријавена на Институтот за педагогија.

Заблагодарувајќи му се на Наставно-научниот совет за укажаната доверба, го поднесуваме следниов

## **И З В Е Ш Т А Ј**

Докторската дисертација за која го поднесуваме извештајов, претставена е на 194 страници текст работен на компјутер, домашна и странска литература од 130 библиографски единици и прилози.

Докторската дисертација е структурирана во четири дела и тоа:

*Прв дел:* ТЕОРЕТСКИ ОСНОВИ НА ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО (Пристап кон проблемот; Насилството во светски рамки; Насилството во Р. Македонија и оправданоста на истражувањето; Поставеноста и функцијата на современото училиште; Училишен менаџмент; Современото училиште и проблемите на воспитен план; Насилството како феномен на општествена организација; Насилството во современото училиште; Интеракцијата меѓу училиштето и семејството во функција на решавањето на насилството во училиштето.)

*Втор дел:* МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО (Предмет; Цел; Задачи; Хипотези; Варијабли; Карактер на истражувањето; Примерок; Методи, техники и инструменти на истражувањето; Статистичка обработка на податоците.

*Трет дел:* АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ДОБИЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО.

*Четврти дел:* РЕЗИМЕ, НАМЕСТО ЗАКЛУЧОК, БИБЛИОГРАФИЈА, ПРИЛОЗИ.

Во пристапот кон проблемот, м-р Екрем Исмаили нагласува дека економската и социјалната нестабилност кои преовладуваат во Република Македонија во текот на

изминатите децении придонесоа за пад на вредностите, зголемување на конфликтите и агресија во социјалните и меѓучовечките односи. Овие промени предизвикаа нови социјални проблеми, кои првенствено ги зафатија образованието, развојот и социјалното формирање на децата и адолесцентите. Во училиштата, на улица, во домашната средина, децата се соочуваат со невидена бруталност од страна на возрасните, но и од страна на врсниците. Недостатокот на знаења и искуства за решавање на конфликтите, недостатокот на вештини за самоконтрола и сл. создава агресивност кај децата и младите и ги прави ранливи на заканата од насилство.

М-р Исмаили ја истакнува улогата на менаџментот во училиштето во превенцијата, спречувањето и разрешувањето на насилството кај адолесцентите во средните училишта во Р. Македонија.

Во оваа смисла, истражувањето е насочено кон откривање на активностите на директорите во училиштето. Поаѓајќи од сознанието дека во нашите средни училишта главно се вклучени училиштен педагог и училиштен психолог, во истражувањето се вклучени и тие со цел да се дојде до унифицирани примероци од различните средни училишта.

Популацијата на средни училишта ја сочинуваат средните училишта од западниот, средниот и источниот регион на Република Македонија.

Целта на истражувањето е да се испитаат мислењата и ставовите на директорите на средните училишта, училишните педагози и психолози во овие училишта за тоа колку менаџерите на училиштата во Република Македонија го согледуваат проблемот на насилството во нив, колку придонесуваат во превенцијата, спречувањето и разрешувањето на овој проблем во училиштата.

Така поставениот проблем на истражување не е едноставен и лесен ако се појде од неговата севкупност.

Меѓутоа, поаѓајќи од фактот што истражувањето е од индивидуален карактер, направен е обид проблемот на насилството во средните училишта кај нас да се согледа преку ставовите и мислењата на директорите, училишните педагози и училишните психолози.

Во трудот на м-р Исмаили се укажува на поврзаноста на системот на менаџирање во училиштето и современите барања за превенција, спречување и разрешување на проблемот на насилството во средните училишта во Република Македонија.

Авторот појде од потребата најпрво да се осврне на теоретските аспекти на проблемот на менаџментот.

По опстојната анализа за функциите и значењето на менаџерот во современата работа во училиштето, м-р Исмаили ја истакнува мислата на Серџовски кој вели дека за да може едно лице успешно да ја извршува функцијата директор, треба да поседува неколку осовни карактеристики, и тоа: стручна, кадровска, едукативна, симболичка и културна и при тоа ги објаснува таквите карактеристики на директорот на училиштето.

Во целината на таквите карактеристики, авторот на дисертацијата посебно место му придава на создавањето на безбедна средина за учење во училиштето. Обезбедувањето на безбедна средина за учење на локално ниво бара решавање на традиционалниот судир меѓу барањата на образовната средина и реалните можности и психолошките карактеристики на учениците и наставниците. М-р Исмаили нагласува дека најважни безбедносни компоненти на образовната средина се стратегиите за

управување кои ги користат директорите на училиштата. Истовремено, директорите влијаат со специфичните симптоми за спречување и разрешување на деструктивните форми на психолошко насилство во образовната средина.

Во пристапот кон ова прашање, м-р Екрем Исмаили поаѓа од традиционалните парадигми на консензус и конфликт парадигмата, нагласувајќи дека структурниот функционализам се фокусира на механизмите за одржување на рамнотежата помеѓу елементите на општествената организација.

Авторот нагласува дека и покрај значајниот број на истражувања и програми за превенција на девијантното однесување, развојот и тестирањето на системските модели за исправање на девијантното однесување кај адолесцентите во современи услови, земајќи ги предвид работата не само со децата, но исто така и со наставниот кадар на средните училишта, бара понатамошно истражување во смисла на откривање на теоретските аспекти на проблемот на девијантното однесување во адолесценцијата.

Вториот дел од дисертацијата ја објаснува методологијата на истражувањето, при што предмет на истражувањето е улогата на директорите во превенцијата, спречувањето и разрешувањето на насилството во средните училишта во Република Македонија.

Целта на истражувањето е да се испита дали и како директорите на средните училишта во Република Македонија работат на превенцијата, спречувањето и разрешувањето на насилството во училиштето.

Од целта на истражувањето, авторот извлекува бројни задачи.

Во согласност со целта и задачите на истражувањето авторот наведува и една главна и повеќе помошни хипотези.

Примерокот на истражувањето е избран фазно.

Најпрво, од популацијата средни училишта во Република Македонија, по случаен избор, избрани се 40 средни училишта. При тоа авторот водел сметка во примерокот да бидат застапени училишта од западниот, централниот и источниот регион на Република Македонија.

Во втората фаза е избран примерокот на директори и училишни педагози и психолози. Поаѓајќи од застапеноста на овие кадри во училиштата, во примерокот се вклучени сите директори и училишни педагози и психолози од избраните училишта.

Посебно е избран примерокот за слободното интервју. Поради карактерот на истражувањето, во интервјуто се вклучени испитаници од две средни училишта (класните раководители).

Примерокот на класните раководители кои се интервјуирани е избран така што се вклучени по еден класен раководител од првите, вторите, третите и четвртите класови на избраните училишта.

Предметот на истражувањето: улогата на директорите во превенцијата, спречувањето и разрешувањето на насилството во средните училишта во Република Македонија има карактер на емпириско истражување од аналитичко- дескриптивен карактер. Во истражувањето се применети техниките: анкетирање, скалирање и анализа на содржина.

Директорите, педагозите и психолозите кои работат во овие средни училишта кои се вклучени во примерокот на истражувањето се анкетирани со соодветно дизајниран анкетен лист- скалер.

Прашањата во анкетниот лист се поделени во три групи.

Со првата група на прашања авторот вели дека сакал да добие општи податоци за името на училиштето, градот во кој работи, образовното ниво на испитаниците, стажот поминат на работа во училиштето и нивниот образовен профил.

Втората група на прашања ја насочил кон добивање на условите во кои работат избраните училишта. Посебен акцент ставил на оние услови кои играат значајна улога во превенцијата, спречувањето и разрешувањето на насилството во средните училишта.

Третата група на прашања имала за цел да открие како директорот со своите активности помага во превенцијата, спречувањето и разрешувањето на насилството во средните училишта.

Статистичката обработка на податоците е квантитативна и квалитативна, има табеларно и графичко претставување на податоците, пресметување на фреквенција, процент и мод, а исто така е направена и квалитативна анализа на податоците од врзаното интервју.

Во функција на дескрипција на одделните варијабли пресметана е аритметичка вредност и одреден е ранг. За утврдување на степенот на поврзаност меѓу варијаблите користен е коефициентот на контингенција. Заради тестирање на хипотезите по однос на степенот на значајноста на разликите пресметуван е хи-квадрат тестот.

Третиот дел од трудот претставува АНАЛИЗА И ИНЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО.

Во овој дел опстојно се анализирани и интерпретирани резултатите кои се добиени во истражувањето.

Во четвртиот дел од дисертацијата, м-р Исмаили ги сместил: РЕЗИМЕТО, ЗАКЛУЧОКОТ, БИБЛИОГРАФИЈАТА И ПРИЛОЗИТЕ.

Резимето е опстојно разработен дел кој ја образложува докторската дисертација.

Во делот кој авторот го назначил со насловот „Наместо заклучок", истакнува дека промените во општествените збиднувања, денес, во светот и кај нас, во голема мера условија појава на училишно насилство, во сите облици и со различен интензитет. Овој проблем во нашата педагошка, социолошка и психолошка литература е малку разгледуван. М-р Исмаили сметаше дека тоа е резултат на ситуацијата што насилството во нашите средни училишта се појави како евидентен проблем во поново време, како резултат на противречностите во општестото во т.н. период на транзиција, кога на голема врата се појавија: кризата во општеството, кризата во моралот, кризата во вредностите и сл. Како сериозна причина која го условува современото училишно насилство во Република Македонија, кандидатот ја наведува и „кризата" во семејството, во смисла на голема диференцијација на семејствата, осиромашување на големиот број семејства, зафатеност на родителите во решавањето на егзистенцијалните проблеми и намалување на воспитната функција на семејствата и сл.

**Сите општествени проблеми во нивниот тоталитет, во голема мера, ја намалија и воспитната функција на современото училиште и во таа насока и ја условија појавата на насилството во училиштето**.

**Оттука се наметна и потребата од настојувања кон превенција, спречување и разрешување на насилството во училиштето.**

**Авторот истакнува дека ова истражување е истражување од индивидуален тип. Како такво, тоа опфаќа само еден сегмент од истражувањата на насилството во современото училиште. Заради**

**карактеристиките на адолесцентите и нивната ризичност заројавување на насилнички однесувања, во ова истражување се вклучени средните училишта во Република Македонија.**

**Меѓутоа, авторот истакнува дека резултатите до кои дошол отвориле и нови насоки на кои треба да работат специјализирани интердисциплинарни и мултидисциплинарни тимови на стручњаци, кои многу поблиску и пообемно ќе го истражат училишното насилство, во неговиот тоталитет, и ќе ги расветлат патиштата за решавање на овој проблем во современото училиште.**

**Заклучок**

Докторската дисертација „Училишниот менаџмент во функција на превенција, спречување и разрешување на насилството во современото училиште", изработена од м-р Екрем Исмаили, претставува солиден труд кој има свој научен и практичен придонес.

Податоците до кои м-р Екрем Исмаили дошол во извршеното истражување ќе бидат скромен придонес за решавање на проблемот на насилството во нашите училишта.

Исто така, докторската дисертација има придонес и за педагошката наука во насока на осветлување на современиот горлив проблем на училишното насилство во новите услови во нашето општество и нашето училиште.

Како Комисија му препорачуваме на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" да го прифати понудениот извештај и на кандидатот м-р Екрем Исмаили да му одобри усна одбрана на неговата докторска дисертација.

К О М И С И Ј А

Проф. д-р Марија Костова, с.р.
Проф. д-р Наташа Ангелоска Галевска, с.р.
Проф. д-р Анета Баракоска, с.р.
Проф. д-р Вера Стојановска, с.р.
Проф. д-р Трајан Гоцевски, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ВОЕНИТЕ ОПЕРАЦИИ НА ГЕРМАНСКИОТ ВЕРМАХТ ВО МАКЕДОНИЈА, СЕПТЕМВРИ 1943-НОЕМВРИ 1944 ГОДИНА" ОД М-Р РОБЕРТО ТРАЈКОВСКИ, ПРИЈАВЕНА ВО ИНИ ВО СКОПЈЕ

Научниот совет на ИНИ, со одлука бр. 10-433/8 од 12.9.2013, нè избра за Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов: „Воените операции на германскиот Вермахт во Македонија, септември 1943-ноември 1944 година" од м-р Роберто Трајковски. По увидот во доставениот материјал, Комисијата во состав: проф. д-р Марјан Димитријевски, проф. д-р Ѓорѓи Чакарјаневски, проф. д-р Тодор Чепреганов, проф. д-р Љубица Јанчева и проф. д-р Катерина Мирчевска, до Научниот совет на ИНИ има чест да го достави следниов

## **И З В Е Ш Т А Ј**

Докторската теза под наслов: „Воените операции на германскиот авермахт во Македонија, септември 1943-ноември 1944 година", од кандидатот м-р Роберто Трајковски, претставува труд во ракопис на докторска теза кој изобилува со опстојна анализа на проблематиката, проследен со аргументирана аналитична прегледност на воената состојба во Македонија, видена, пред сè, низ германска изворна документација.

Уште во воведниот дел во трудот накусо е дефиниран основниот предмет на научното истражување, согласно со познатите и применети научно-методолошки стандарди. Понатаму, кандидатот своето внимание го задржува на германските воени дејствија и операции на германскиот Вермахт во периодот од капитулацијата на фашистичка Италија во септември 1943 година, па сè до конечното повлекување на единиците од составот на Групата армии "Е" од Македонија на 16 ноември 1944 година. Во овој хронолошки распон се обработени сите глави, наслови и поднаслови во кои кандидатот применува хронолошко-проблемски приод. При обработката на темата, докторандот ги има предвид основните стратегиски и тактички цели на германскиот Вермахт, структурата и организацијата на германските единици и нивните претпоставени команди, потоа текот и последиците од определените воени дејствија и операции, а исто така се анализираат воено-стратешките и политички услови во кои тие беа преземени.

Петте последователни глави се посветени на следниве научни проблеми:

Во Глава прва под наслов: ОПЕРАЦИИ НА ГЕРМАНСКИОТ ВЕРМАХТ ВО ПЕРИОДОТ ПО КАПИТУЛАЦИЈАТА НА ФАШИСТИЧКА ИТАЛИЈА, СЕПТЕМВРИ-ДЕКЕМВРИ 1943 ГОДИНА, се обработени реорганизацијата на германскиот Вермахт на Балканот во очекување на капитулацијата на Италија, а потоа детално е обработена операцијата "Оска" во западниот дел на Македонија. Уредувањето на германските служби и институции на Југоистокот по капитулацијата на Италија е предмет на обработка кој во оваа глава зазема посебно место, како и регулирањето на граничните прашања на демаркационата линија меѓу Бугарија и Албанија по капитулацијата на Италија. Во обид за регулирање и смирување на состојбата на теренот од страна на

германските служби, направен е обид за формирање на “Македонски СС доброволни групи” а сето ова е проследено со соработка на германскиот Вермахт со домашните квислиншки формации. Како единствена регуларна воена единица на германската војска во Втората светска војна, во која ќе служат жители од Македонија, германските обиди да се формираат СС- единици, составени од Македонци во Западна Македонија и егејскиот дел на Македонија. На крајот од оваа глава, докторандот дава богат и детален преглед на воените дејства на XXI планиски армиски корпус против македонската војска во периодот септември-декември 1943 година.

Во Глава втора под наслов: ОПЕРАЦИИ НА ГЕРМАНСКИОТ ВЕРМАХТ ВО ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ-ЈУНИ 1944 ГОДИНА, се обработени: Соработката на германскиот Вермахт и бугарската војска во воените операции, пролетната офанзива во Западна Македонија и воените операции на германскиот Вермахт и улогата на квислиншките формации и СС-дивизијата „Скендербег” во воените операции против единиците на НОВ и ПОМ. Тука, докторандот се задржува на проблемот на соработка со албанските квислиншки формации и формирањето на СС-дивизијата “Скендербег”, која требаше да има поширок опсег на дејствување на теренот во Западна Македонија и Косово.

Во Глава трета под наслов: ГЕРМАНСКИОТ ВЕРМАХТ И КАПИТУЛАЦИЈАТА НА БУГАРИЈА, се обработени следниве теми: германски воени планови и мерки пред капитулацијата на Бугарија, обидот на Третиот рајх за создавање на “Независна Македонија” непосредно пред капитулацијата на Бугарија, создавање на квислиншкиот “Управен комитет за Македонија” и воените аспекти од формирањето на “Независна Држава Македонија” и квислиншкиот “Управен комитет за Македонија, односот на германскиот Вермахт и Бугарската армија непосредно пред капитулацијата на Бугарија, воените дејства и операции на германскиот Вермахт по промената на политичкиот курс на Бугарија, воените планови и операции на германскиот Вермахт за дочекување на капитулацијата на Бугарија: Јуда, Кучкин син, Вероломство и операцијата „Подземје". Во оваа глава, исто така се обработени и темите: разоружување на Бугарската армија, затворање на границата со Бугарија, борбите за градот Прилеп и воените дејства во струмичкиот регион во септември 1944г.

Во следната Глава четврта под наслов: ГОЛЕМОТО ПОВЛЕКУВАЊЕ-ВОЕНИТЕ ОПЕРАЦИИ НА ГЕРМАНСКИОТ ВЕРМАХТ ПРИ ПОВЛЕКУВАЊЕТО НИЗ МАКЕДОНИЈА, ОКТОМВРИ-НОЕМВРИ 1944 ГОДИНА, се обработуваат последните воени операции на германскиот Вермахт во Македонија. Тука, докторандот ги обработува: плановите за повлекување на Армиската група “Е” од Грција преку Македонија, потоа бројот и стратешкото значење на патните правци на повлекување на германската група армии Е низ Македонија: “Сино”, “Црвено”, Патен правец “Зелено” и “Железнички патен правец”. Понатаму докторандот особено внимание и анализа посветува на: воените операции и дејства на германскиот Вермахт против единиците на НОВ и ПОМ во Источна Македонија, и тоа на: струмичкиот, брегалничкиот и кумановско-скопскиот регион, потоа на Североисточна, Централна и Југозападна Македонија

Последната петта глава под наслов: ОСНОВНИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ЗАГУБИТЕ НА ГЕРМАНСКИОТ ВЕРМАХТ ВО МАКЕДОНИЈА, е посветена на деталната анализа на вупениот број на војската на германскиот Вермахт која се бореше и престојуваше во

Македонија 1943-1944 г., потоа на временските загуби кои, меѓу другото се должат и на борбите водени во Македонија, потоа тука се обработени воените и материјални загуби, материјалните рушења, пред сè, на сообраќајната инфраструктура и на бројот и видот на штети кои беа направени. На крајот од оваа глава се анализираат страдањата на цивилното население во Македонија од германскиот Вермахт. Оваа глава ги сублимира сите основни и релеватни воени показатели на германскиот Вермахт во Македонија во посочениот временски интервал, што досега во македонската историографија многу ретко беше предмет на изучување.

За што поверодостојно интерпретирање на воено-историските настани поврзани со проблематиката на предложениот труд, во трудот се користени автентични документи на германската војска, кои се однесуваат на нејзините воени дејствија и операции во Македонија. Се работи за документи од најразновидна воена природа, како наредби, упатства, воени карти, извидувачки фотографии, табели, графички илустрации и препораки; дневници на одделите за операции со прилози; дневници на штабовите за снабдување на единиците со прилози; дневници на одделите за утврдување на состојбата на непријателот со прилози; дневници на одделите за интендатура на единиците и многу други, кои се набавени во дигитална форма од Националниот архив на Соединетите Американски Држави и се во сопственост на авторот, по реализирано истражување во Сојузниот архив-Воен архив во Фрајбург крај Брајзгау. Како документарна подлога на трудот се користени и германски документи од веќе издадени збирки, од Втората светска војна, како што се: Воениот дневник на Врховната команда на Вермахтот во осум тома, прирачниците со податоци за структурата и организацијата на германскат војска и Вафен СС за време на Втората светска војна во 16 тома, збирките со германски документи издадени од Воено-историскиот институт на Југословенската Народна Армија и зборниците со документи и податоци од Народно ослободителната војна во Југославија, том XII, книгите 1-4, како и двете книги од првиот том со германски документи кои се однесуваат на Македонија, издадени од Институтот за национална историја.

**Заклучок**

Врз основа на гореизнесеното, Комисијата констатира дека докторската дисертација на кандидатот м-р Роберто Трајковски под наслов: „Воени операции на Германскиот вермахт во Македонија септември 1943 ноември 1944 година" може да биде допуштена за одбрана.

Комисија

Проф. д-р Марјан Димитријевски с.р.

Проф. д-р Тодор Чепреганов с.р.

Проф. д-р Ѓорѓи Чакарјаневски с.р.

Проф. д-р Љубица Јанчева с.р.

Проф. д-р Катерина Мирчевска с.р.

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ПОВТОРЕН ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ ОД НАУЧНАТА ОБЛАСТ МАТЕМАТИКА НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Градежниот факултет, на својата 402. седница одржана на 4.7.2013 година, по распишаниот конкурс објавен во дневните весници „Дневник“ и „Лајме“ од 24.VI.2013 не избра за членови на рецензионата комисија за избор на еден асистент од научната област математика.

На објавениот конкурс се пријави кандидатот м-р Зоран Мисајлески, дипломиран математичар, вработен на Градежниот факултет во Скопје при Катедрата за математика.

Врз основа на добиените материјали со пријавата на конкурсот и следењето на работата на кандидатот, а согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 173/2011), Рецензентската комисија има чест на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје да му го поднесе следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

### Биографски податоци:

Кандидатот м-р Зоран Мисајлески е роден на 18.1.1977 година во Скопје. Основно образование завршил во ОУ „Лирија“-Тетово и ОУ „Тихомир Милошевски“-Скопје, а средно во природно-математичката гимназија „Никола Карев“-Скопје. Сите учебни години, како на полугодие така и на крај, ги заврши со одличен успех 5,00. Во тој период успешно учествувал на повеќе натпревари, турнири и школи од разни области. На меѓународниот турнир по математика „Црноризец Храбар“ има освоено второ место на ниво на Македонија. На државните натпревари по историја има освоено прво и трето место. Интересот за проширување на знаења од областа на математиката го пројавува и со учество на две зимски и летни школи по математика. Поради покажаните резултати, добива стипендија за талентирани ученици и студенти од 1992 до 2000 година.

Во учебната 1996/97 година се запишал на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, студии по математика-теориска насока. Дипломира на 10.2.2003 година со одбрана на дипломската работа на тема **„Инверзни лимеси и множество краеви”**, и се стекна со звањето дипломиран математичар. Додипломските студии ги заврши со просечен успех 9,64 и е прогласен за **најдобар студент** на Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет за учебната 2002/03 година.

Во март 2003 година се запишал на постдипломските студии на Институтот за математика на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј” во Скопје, на насоката теориска математика. Магистрира на 17.9.2010 година со одбрана на магистерскиот труд **„Проксимативни низи - дискретизација на непрекинатоста. Внатрешна дефиниција на облик“** и се стекна со звањето **магистер на математички науки**. Во септември 2011 е прифатена и одобрена темата „**Внатрешен облик-еквиваленција на различни дефиниции и примена**“ за изработка на докторска дисертација на Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет во Скопје. Со свои трудови учествува во три меѓународни зборници и списанија.

Во есенскиот семестар од учебната 2003/2004 година волонтирал како помлад асистент, на Факултетот за општествени науки и „ММ Колеџот“ во Скопје. На Факултетот за општествени науки изведува вежби по предметите математика I, векторска и линеарна алгебра и математика за бизнис, како и консултации по предметите математика II и статистика за бизнис.

Од декември 2003 година е вработен на Градежниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје. Во февруари 2004 е избран за помлад асистент за предметите од областа на математиката и реизбран е во истото звање во април 2007 година. Во декември 2010 година е избран за асистент за предметите од областа на математиката. На Градежниот факултет во учебните 2003/2004 и 2004/2005 држел вежби по предметите **математика I** (3+3, 3+3) и **математика II** (3+3,3+3). Од учебната 2004/2005, па до сега држи вежби на дипломските студии по предметите **математика,** за студентите по геодезија, **математика I,** за студентите по градежништво и геотехника и **математика II,** за студентите по градежништво, како и на постдипломските студии по предметот **одбрани поглавја од математика** за студентите по геодезија и геотехника.

Активен член е на Сојузот на математичари на Македонија. Од 2000-та година континуирано учествува во организација и реализација на натпреварите по математика за основно и средно образование. Уредник е на списанијата за основно и средно образование „Нумерус“ и „Сигма“. Автор е на стручни текстови објавени во истите списанија. Коавтор е и рецезент на дваесетина книги задачи наменети за талентирани ученици. Како координатор и заменик-водач на македонската математичка репрезентација, учествува на 4 балкански математички олимпијади.

М-р Зоран Мисајлески познава англиски и руски јазик.

Активностите во научната и стручната дејност до есента 2010 година се наведени во билтените бр. 841 од 15.12.2003, 916 од 1.4.2007 и 998 од 15.12.2010 година. Во продолжение ќе бидат анализирани активностите во последните три години.

## Наставно-образовна дејност:

Во последните три учебни години држи вежби во најголем досега обем, најмалку два пати поголем од нормираниот, по предметите:

**-математика (4+4)**, за студентите по геодезија на додипломските студии (56 студенти, 8 часа неделно, есенски семестар 2010/1011; и 156 студенти, 32 часа неделно, есенски семестар 2012/1013);

-**математика I (4+4)**, за студентите по градежништво и геотехника на додипломските студии, (177 студенти, 32 часа неделно, есенски семестар 2010/2011; и 220 студенти, 28 часа неделно, есенски семестар 2011/2012);

-**математика и математика I (4+4)**, за студентите на проект 45 и вонредни студии од додипломските студии (71 студент, 4 часа неделно, есенски семестар 2010/1011, 32 студенти, 4 часа неделно, пролетен семестар 2010/2011);

-**математика II (4+4),** за студентите по градежништво на додипломските студии (83 студенти, 12 часа неделно, есенски семестар 2010/2011; 239 студенти, 40 часа неделно, есенски семестар 2012/2013);

-**одбрани поглавја од математика (2+2)**, за студентите по геодезија и геотехника на последипломските студии. (25 студенти, 4 часа неделно, есенски семестар 2010/2011; 22 студенти, 4 часа неделно, есенски семестар 2011/2012; и 46 студенти, 4 часа неделно, есенски семестар 2012/2013).

Следејќи го новиот начин на студирање, наставниот процес што го спроведува м-р Зоран Мисајлески се состои од држење на аудиториски вежби, задавање, одбрана и прегледување на домашни работи, држење на консултации и спроведување на парцијални испити и испити во повеќе групи кои се различни во секој испитен рок. Во овој период направени се околу 80 групи на испитни задачи за првиот дел од испитите и 120 групи задачи за домашни работи, на околу 100 страници.

Во постапка на рецензија се две збирки задачи:

- **„Збирка решени задачи по векторска и линеарна алгебра“**, м-р Зоран Мисајлески;
- **„Збирка решени задачи по диференцијално и интегрално сметање на функции од една променлива“**, м-р Зоран Мисајлески.

Збирките задачи го покриваат наставниот план по предметот математика I (60 часа) и дел од предметот математика II (20 часа). Во последниов период од три години се преработени 150-тина страни претходно чукани задачи и се дочукани уште околу 700 страници, во кои има повеќе од сто цртежи и дијаграми, за што беа потребни околу 1200 работни часа.

Коавтор е на една збирка задачи:

- **„Збирка решени задачи по математика I“,** за студентите на Технолошко-металуршкиот факултет, Скопје, д-р Бети Андоновиќ, м-р Зоран Мисајлески и м-р Томи Димовски.

**Научноистражувачка дејност:**

По одбраната на магистерскиот труд „Проксимативни низи-дискретизација на непрекинатоста. Внатрешна дефиниција на облик“ на 17.9. 2010, во септември 2011 прифатена е и одобрена темата:

**„Внатрешен облик-еквиваленција на различни дефиниции и примена“** за изработка докторска дисертација на Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет во Скопје под менторство на проф. д-р Никита Шекутковски.

**Список на научни трудови:**

[1] N. Shekutkovski, Z. Misajleski, **Intrinsic shape based on e-continuity and on continuity up to a covering are equivalent**, Proceedings of the Fourth International Scientific Conference FMNS-2011, 8-11 June 2011, Volume 1, 2011, 77-82.

[2] N. Shekutkovski, Z. Misajleski, **Equivalence of intrinsic shape and shape**, Годишен зборник на Институтот за математика, Книга 42, 2013, 69-79.

[3] N. Shekutkovski, Z. Misajleski, **Intrinsic shape based on e-continuity and on continuity up to a covering are equivalent (II)**, Proceedings of the Fifth International Scientific Conference FMNS-2013, 12-16 June 2013, Volume 1, 2013, 87-94.

Кон [1]: Во овој труд се покажува дека категориите на облик конструирани во трудовите на Jose M. R. Sanjurjo, *A non continuous description of the shape*, Quart. J. Math. Oxford Ser. 40 (1989), 351-359 и N.Schekutkovski, *Intrinsic definition of strong shape for compact metric spaces*, Topology Proceedinds Volume 39, 27-39, (2012), се изоморфни. Притоа на секоја проксимативна низа и е придружена проксимативната мрежа што ги содржи истите функции по некој конечен

број, со што доказот е попрегледен и поелегантен во однос на доказот презентиран во трудот „The intrinsic approaches to shape of Sanjurjo and Shekutkovski are equivalent“, Z. Misajleski.

Кон [2]: Во трудот е покажано дека категоријата на надворешен облик конструирана во книгата *К. Борсук, Теория шейпов, Издателъство Мир, Москва 1976,* е еквивалентна со категоријата на внатрешен облик конструирана во N.Shekutkovski, *Intrinsic definition of strong shape for compact metric spaces*, Topology Proceedinds Volume 39, 27-39, (2012).

Кон [3]: Во трудот се опишуваат и е дадена врската меѓу два концепта на $\varepsilon$-непрекинатост со помош на кои се утврдува односот меѓу $\varepsilon$-непрекинатите и $\mathcal{V}$-непрекинатите функции, како и односот меѓу проксимативните низи и проксимативните мрежи. Докажани се за првпат неколку својства, а докажани се и неколку својства кои во литературата се дадени без доказ.

**Учество на меѓународни конференции со усна презентација на научен труд:**

-Fourth International Scientific Conference FMNS-2011 ( Blagoevgrad, 8-11, June 2011) со трудот **“Intrinsic shape based on epsilon continuity and on continuity up to a covering are equivalent,** Z. Misajleski, N. Shekutkovski”;

-„Mathematical and Informatical Technologies“, MIT-2011 (Врњачка Бања 27-31 Август, 2011) со трудот „**Equivalence of intrinsic shape and shape**, N. Shekutkovski, Z. Misajleski,”. Презентирани се начелни скици на два доказа, директен и со користење на надворешен облик;

-„Third International Conference on Topology and its Application (ICTA 2012), September 2-7, Skopje 2012“ со трудот „**Equivalence of intrinsic shape and shape**, N. Shekutkovski, Z. Misajleski,”. М-р Зоран Мисајлески учествува и во организација на истата конференција;

-Fifth International Scientific Conference FMNS-2013 ( Blagoevgrad, 12-16 June 2013) со трудот **“Intrinsic shape based on e-continuity and on continuity up to a covering are equivalent (II),** Z. Misajleski, N. Shekutkovski”.

Како еден од предавачите, учествува на семинарот:

- „**Еквиваленција на облик и примена**“. (Есенски семестар 2011/2012, ПМФ Скопје).

Учествува на предавањата при семинарот на тема:
„**Облик и динамички системи**“ (Пролетен семестар 2013)

Како млад истражувач, член е на научниот проект:

- „**Внатрешен облик на атрактори во динамички системи**“ раководен од проф. д-р Никита Шекутковски.

Учествува на школите за докторски студии на DAAD:

-„**Symmetry in science and art**“ (10-16. 5. 2011, Врњачка Бања, Србија);

-„**Industrial mathematics**“ (24.9. – 1. 10. 2011, Софија, Бугарија);

-„**Applications of Calculus of Variations and Optimal Control to Space Rendezvous**“ (23-29.6. 2013, Сараево, Босна и Херцеговина);

„**Linear Optimal Control of Dynamic Systems**“ (22-29 09 2013, Осјек, Хрватска)

***Стручна дејност:***

**Список на стручни трудови:**

Коавтор е на 6 книги:

- **„Натпревари по математика за основно образование 2011“**, Сојуз на математичари на Македонија, Скопје, 2011;
- **„Натпревари по математика за средно образование 2011“,** Сојуз на математичари на Македонија, Скопје, 2011;
- **„Натпревари по математика за основно образование 2012“**, Сојуз на математичари на Македонија, Скопје, 2012;
- **„Натпревари по математика за средно образование 2012“,** Сојуз на математичари на Македонија, Скопје, 2012;
- **„Натпревари по математика за основно образование 2013“**, Сојуз на математичари на Македонија, Скопје, 2013;
- **„Натпревари по математика за средно образование 2013“,** Сојуз на математичари на Македонија, Скопје, 2013;

Во сите 12 броеви од последните три години на списанието **„Нумерус“** (XXXVI 1,2,3,4, 2010/2011, XXXVII 1,2,3,4, 2011/2012 и XXXVIII 1,2,3,4, 2012/2013,) и 4 броја од последната година на списанието **„Сигма“** (година 33 (2012/2013), број 97, 98, 99, 100), коавтор е на стручните текстови:

- **„Конкурсни задачи“** (16 текста)
- **„Решенија на конкурсните задачи“** од минатиот број (16 текста);
- **„Подготвителни задачи“** (4 текста)
- **„Решенија на подготвителните задачи“** од минатиот број (4 текста);
- **„Задачи за математички натпревари“** (4 текста);
- **„Решенија на задачите за математички натпревари“** од минатиот број (4 текста);
- **„Наградни задачи“** (16 текста);
- **„Решенија на наградните задачи од минатиот број“** (16 текста);
- **„Регионален натпревар по математика за учениците од основното (средното) образование 2011 (2012, 2013)“** (6 текста);
- **„Државен натпревар по математика за учениците од основното (средното) образование 2011 (2012, 2013)“** (6 текста).

Стручната активност на кандидатот м-р Зоран Мисајлески се одвива во рамките на Сојузот на математичарите на Македонија.

Учествува во организација на **натпреварите по математика за основното и средното образование** како:

-член на комисиите за задачи за регионалните и државните натпревари за основното и средното образование. (2010/2011, 2011/2012 и 2012/2013);

-претседател на комисиите за спроведување на регионалните натпревари за основно образование одржани во ОУ „Јоаким Крчовски“, Крива Паланка (2.4. 2011) и ОУ „Тихомир Милошевски“, Ново Село, Ѓорче Петров, Скопје (30.3.2013) и за средно образование одржани во СОУ „Коста Сусинов“, Радовиш (19. 2. 2011), ПСУ „Јахја Кемал“, Струмица (18.2.2012) и СОУ „Коле Нехтенин“, Штип (16.2. 2013);

-член на комисиите за спроведување на државните натпревари за основно образование одржани на Машинскиот факултет во Скопје (5. 5. 2012) и ОУ „Блаже Конески“-Велес (10-

12.5.2013), и за средно образование одржани на Природно математичкиот факултет во Скопје (19.3.2011) и Машинскиот факултет во Скопје (17. 3.2012 и 16.3.2013);

-член на комисиите за спроведување на македонските математички олимпијади за основно образование одржани во П.С.У „Јахја Кемал“- Скопје, 2011, ПМФ Скопје (2012 и 2013) и за средно образование одржани на Природно - математичкиот факултет во Скопје (28.5. 2011, 26.5.2012 и 25.5. 2013);

-учесник во спроведувањето на меѓународниот математички натпревар за основно и средно образование „Кенгур“, преку дистрибуцијата на материјалите и внесувањето на резултатите од натпреварувачите.

Заменик водач е на македонска репрезентација на:

-**„Јуниорската балканска математичка олимпијада 2010“** (17-23 6.2010 Рамницу Валчеа, Романија);

**- „Јуниорската балканска математичка олимпијада 2011“** (19-24 6. 2011 Ларнака, Кипар);

- „**Балканската математичка олимпијада 2011“** (04-08.5. 2011 Јаши, Романија).

Рецензент е на книгите во издание на Сојузот на математичарите:

**„Сигмина ризница (рубрика задачи 1-144)**, Сојуз на математичарите на Македонија, Скопје, 2011 **“** ;

„**Сигмина ризница (рубрика задачи 1006-1200)**, Сојуз на математичарите на Македонија, Скопје, 2011 **“** ;

„**Сигмина ризница (рубрика конкурсни задачи 1-192),** Сојуз на математичарите на Македонија, Скопје, 2012 “;

„**Сигмина ризница (рубрика подготвителни задачи),** Сојуз на математичарите на Македонија, Скопје, 2012 “.

„**Сигмина ризница (рубрика задачи 1006-1260)** Сојуз на математичарите на Македонија, Скопје, 2012 “.

Рецезнент е на книгата:

- **„Збирка подготвителни задачи за натпревари“,** Слободан Филиповски, 2013, 132 стр., 24 см.

Уредник е на математичкото списание за основно образование „**Нумерус“** (XXXVI 1,2,3,4, 2010/2011, XXXVII 1,2,3,4, 2011/2012 и XXXVIII 1,2,3,4, 2012/2013, вкупно 12 броја).

Уредник е на математичкото списание за средно образование **„Сигма“**. (година 31 (2010/2011), број 89, 90, 91, 92, година 32 (2011/2012), број 93, 94, 95, 96 и година 33 (2012/2012), број 97, 98, 99, 100, вкупно 12 броја).

**Општествени и други активности:**

М-р Зоран Мисајлески еднаш годишно учествува во презентација на Факултетот низ средните школи во Македонија, ги дигитализира и ги среди научните трудови од Катедрата за математика, ја преведе страната на Катедрата за математика на англиски јазик, подготви рекламен материјал за Факултетот, и помагаше на Студентската служба при уписот на нови студенти. Во 2011 и 2012 година е член на наставничкиот совет на Факултетот, како претставник на асистентите. Во тој период ги проучи наставните содржини на предметите од областа математика на останатите градежни факултети на Балканот и Европа, укажувајќи дека на

нашиот Факултет тие се застапени во најмал обем. Во 2013 година е избран за прв претседател на новоформираното координативно тело на асистентите на Градежниот факултет, кадешто активно учествува во давањето на предлози за подобрување на работата на Факултетот.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на претходно изнесеното, може да се заклучи дека кандидатот м-р Зоран Мисајлески во изминатиот период од три години имал многу голема и успешна активност:

-наставно-образовната дејност ја изведува со успех спроведувајќи современ пристап во држењето вежби по предметите од областа на математиката, и е автор на две обемни збирки со решени задачи наменети за студентите на Градежниот факултет;

-научната дејност успешно ја развива, преку објавување на три труда во меѓународни списанија и учество на повеќе конференции, семинари и школи;

-стручната дејност ја реализира со своето учество во организацијата и реализацијата на натпреварите по математика за основно и средно образование, со водењето на екипи на три математички балканијади, понатаму како уредник на математичките списанија „Нумерус“ и „Сигма“ и коавтор и рецензент на десетина книги наменети за талентирани ученици.

Според сé што е погоре изнесено, Рецентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, кандидатот м-р Зоран Мисајлески да биде реизбран во звањето асистент за предметите од областа математика.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Д-р Никита Шекутковски, редовен професор на Природно-математичкиот факултет, с.р.
2. Д-р Љупчо Настовски, вонреден професор на Природно-математичкиот факултет, с.р.
3. Д-р Силвана Петрушева, доцент на Градежниот факултет, с.р.

**РЕЦЕНЗИЈА**
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА:
**„ИНТЕРНАТА РЕВИЗИЈА ВО ФУНКЦИЈА**
**НА КВАЛИТЕТНО КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ“**,
ИЗРАБОТЕНА ОД **М-Р РЕФИКА МУРИЌ**,
ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно–научниот советот на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр.0202-2576/2, донесена на седницата одржана на 2.9.2013 година, определени сме за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација натема: ИНТЕРНАТА РЕВИЗИЈА ВО ФУНКЦИЈА НА КВАЛИТЕТНО КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ, поднесена од кандидатката м-р Рефика Муриќ.
Комисијата во состав: проф. д-рБлажо Недев , проф. д-рЗорица Божиновска Лазаревска, проф. д-рЗоран Миновски, проф. д-рБобек Шуклев и проф. д-р Љубиша Јаневски по опстојното прегледување на трудот, до Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Приказ на содржината на докторскиот труд

Докторската дисертација под наслов **Интерната ревизија во функција на квалитетно корпоративно управување,** изработена од кандидатката Рефика Муриќ, претставува самостоен научен труд чиј основен текст е презентиран на вкупно 275 страници, односно 295 заедно со заклучните согледувања и методолошката рамка со приложен истражувачки материјал. Во трудот се инкорпорирани 21 слика, 15 табели и 8 прегледи, кои за полесно следење на материјата посебно се извлечени во воведниот дел од трудот, со посочени страници каде што се поставени. Кандидатката консултирала најнова литература од областа, главно од англиското говорно подрачје, како и податоци и информации од повеќе релевантни интернет-страници. Во трудот, после секоја глава се наведени референците од користените извори (вкупно 216).
Материјата во докторската дисертација структурно е систематизирана во следните осум дела:

ВОВЕДНО ПОГЛАВЈЕ (6 страници, со римски бројки од I до VI)

Глава 1- ЕВОЛУИРАЊЕ НА ИНТЕРНАТА РЕВИЗИЈА ДО УПРАВУВАЧКИТЕ СТРУКТУРИ НА ЕНТИТЕТИТЕ (од стр.1 до стр.41)

Глава 2- МЕСТОТО НА ИНТЕРНАТА РЕВИЗИЈА МЕЃУ УПРАВУВАЧКИТЕ СТРУКТУРИ НА ЕНТИТЕТИТЕ (од стр. 44 до стр.75)

Глава 3- КЛУЧНИ АСПЕКТИ НА ИНТЕРНАТА РЕВИЗИЈА ЗА УПРАВУВАЧКИТЕ СТРУКТУРИ НА КОРПОРАЦИИТЕ (од стр. 78 до стр.162)

Глава 4 - ОРГАНИЗИРАЊЕ ЕФИКАСЕН ОДДЕЛ ЗА ИНТЕРНА РЕВИЗИЈА (стр. 169 до стр. 191)

Глава 5- АНАЛИЗА НА ПРИДОБИВКИТЕ ОД ИНТЕРНАТА РЕВИЗИЈА (стр.193 до стр.222)

Глава 6- ИНТЕРНАТА РЕВИЗИЈА И КОРПОРАТИВНОТО УПРАВУВАЊЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (од стр.224 до стр.253)
ЗАВРШНО ПОГЛАВЈЕ (од стр.254 до стр. 275)

Во **воведното поглавје** се дефинирани актуелноста на истражуваната проблематика, доменот во кој докторската дисертација претставува научен придонес, предметот, целта и задачите на истражувањето. Предмет на истражувањето на докторската дисертација претставува интерната ревизија во функција на квалитетно корпоративно управување со посебна нагласка во практиката на Р. Македонија. Целта на истражувањето на докторската дисертација е да се истражат, од теоретски и методолошки аспект, постојната состојба и застапеноста на интерната ревизија во друштвата на Р. Македонија, да се утврди организациониот статус, како и да се истражат активностите и областите во кои најмногу се придонесува со интерната ревизија за квалитетното корпоративно управување.

Во**првата глава**, насловена „**Еволуирање на интерната ревизија до управувачките структури на ентитетите“,**опфатени се поимањето за интерната ревизија и нејзиниот предмет на ангажирање во секој од своите еволутивни стадиуми низ транзитирањето до нејзиното сегашно конципирање како "управувачка" интерна ревизија. Во продолжение, интерната ревизија е расветлена како професија која ја градат стручни лица со висок кредибилитет и кои својата функција ја извршуваат во услови на нормирани правила и професионални стандарди. Нагласено е како меѓународните стандарди кои постојано се надоградуваат, од една страна, и исклучително одговорната и комплексна задача која ја наметнуваат сложените корпорациски окружувања, од друга страна, изискуваат сé поголемо знаење и мултидисциплинарност од професијата. Предочени се и главните предизвици за професијата: да го изгради консултативниот пристап, да се ангажира во поддршка на управувањето со ризикот, да биде поборник за етиката и подобрата компаниска култура и соодветно да се приспособи на работењето во започнатиот 21 век.

Во **втората глава,** м-р Рефика Муриќ го дефинира **местото на интерната ревизија меѓу управувачките структури во ентитетите**. Тука, пред сé, е елаборирано современото поимање за корпоративно управување (неговите компоненти и принципи) според ОЕЦД и други релевантни институции, асоцијации и високи интелектуалци. Потоа, како важна цел, истражено е корпоративното управување од аспект на интерната ревизија и нејзиното конципирање како консултативен оддел кој партиципира во корпоративното управување, непосредно или со посредство на одборите (комитети или комисии) за ревизија.Се појаснува како таа, со фокусирањето на целите на организацијата, управувањето со ризиците и процесот на корпоративното управување, всушност станува поддршка на деловното одлучување. Особено се нагласува нејзиното место како столб во управувачкиот сегмент за контрола, преку т.н. „модел на три линии на одбрана“. Истражувањата и анализите наметнуваат заклучок дека интерната ревизија навистина претставува една деликатна професија и ангажман: од една страна, треба да биде сосема независна во ентитетот, а од друга страна, сите во ентитетот се засегнати од активностите и од резултатите на интерната ревизија. Гледано од аспект на управувањето со интерната ревизија (како оддел и функција), утврдено е дека модерната организација на интерна ревизија треба да претставува независен

ентитет во состав на ентитетите и треба да им служи на сите нивоа во организацијата. Раководството не смее да влијае врз извештаите на интерната ревизија или на кој било друг начин да дејствува врз интерните ревизори. За да се избегне ова, неопходно е интерните ревизори да не им бидат хиерархиски подредени на работодавците, односно интерните ревизори треба да бидат на исто ниво со високиот менаџмент. Само на тој начин, заклучува кандидатката, се постигнува најоптимално нивната суштина - да бидат ресурс на ефикасното корпоративно управување.

**Клучните аспекти на интерната ревизија за управувачките структури,** всушност, се тема на најобемната **Глава 3**, која, пак, е поделена на пет тематски целини извлечени од ставовите и заклучоците на светската теорија и практика за вклученоста на ревизијата во подобрува-њето на интерните контроли, финансиското известување, управувањето со ризикот, откри-вањето и спречувањето на измамите и ревизијата на информационите системи на ентитетите. Од аспект на **контролите**, констатирана е трајната задача на интерната ревизија за перманентно водење грижа за одржување и за подобрување на квалитетен и целосен систем на интерните контроли, како инструмент за управување со ризиците, а во соработка со менаџментот и за корекција на воочените недостатоци и проблеми во тој систем.Од аспект, пак, на **управувањето со ризиците на организациите**,интерната ревизија се докажува и како дисциплина што од реактивна форма базирана на контролите се претвора во проактивна форма фокусирана на ризикот. Констатирани се очекувањата од оваа професија во смисла на нејзино активно вклучување првенствено во генерирање информации потребни за идентификацијата, разбирањето и проценката на потенцијалните ризици, како и фокусирањето на ефективното управување со ризиците. Со резултатите од истражувањето се потврдува дека вклученоста на интерната ревизија во процесите на управувањето со ризикот на компаниите, од една страна, придонесува за квалитетот на тие процеси (ѝ обезбедува на компанијата на најсоодветен начин да се соочи со последиците на кои е изложена, односно да ги минимизира негативните последици на несаканите настани или, пак, да ги капитализира можностите што можат да имаат влијание врз зголемувањето на вредноста), а од друга страна, активното вклучување во про-цесите на управувањето со ризикот силно влијае врз зголемувањето на квалитетот, како и врз ефикасноста и ефективноста на професионалниот ангажман на интерната ревизија. Меѓутоа, и теоријата и практиката се согласни дека високото ниво на вклученост на интерната ревизија во ERM-активностите претставува закана за објективноста на интерните ревизори. Затоа, дојдено е до заклучок дека интерните ревизори можат да ги олеснат или да ги обезбедат процесите за управување со ризикот, но тие не треба да ги „присвојуваат“ или да бидат одговорни за управувањето со утврдените ризици. Управувањето со ризиците е работа на врвниот менаџмент. Во оваа глава станува збор и за повторното добивање на важност од **интерната ревизија на финансиските извештаи,** како одговор на скандалите од финансиското известување и на ослабената доверба во независноста и сигурноста не само на ревизорските фирми, но исто така и на сметководствената професија и на финансискиот пазар во целост. Еден од својствените ангажмани на интерната ревизија, кој е исто така разгледуван во третата глава на оваа дисертација, е нејзиното учество во **справувањето со измамите**, односно со нивното спречување, идентификување и лоцирање на одговорноста за нив. Како и за другите аспекти на интерната ревизија, и за оваа нејзина

посветеност во оневозможувањето, откривањето и истражувањето измами се правени бројни истражувања за потврдување или демантирање на нејзината важна улога во овој сегмент од корпоративното управување. Според резултатите, се констатира дека раководството е одговорно за спречување на измамите во функционирањето на организациите, додека интерните ревизори се одговорни за истражувањето и проценувањето на акциите што ги презема раководството. Сепак, заклучено е дека интерните ревизори треба да поседуваат доволно знаење за деловните измами така што би можеле да ги разоткријат показателите на евентуалните појави на измами. На крајот од оваа глава станува збор и за **ревизијата наинформациските системи** која е клучна во новиот контекст на работење во кој информациската стратегија може да биде причина за комплетен неуспех на еден бизнис. Од истражувањето на ставовите за управувањето со информациските системи, сместено во четвртиот дел на глава трета, заклучено е дека се расчистени дилемите и дека тоа не може да се смета за техничко, туку е деловно прашање. Дури е прогласена посебна категорија „корпоративно управување со информатиката“, во која посебно подрачје претставува ревизијата на информациските системи. Концептот на ревизија на информациските системи претставува, како што се кажува „мост меѓу менаџментот и информатиката“.

Во**четвртата глава,**истражувањето е фокусирано на тоа како да се **организира ефикасен оддел за интерна ревизија**.Анализирајќи ја поставеноста на интерната ревизија во организациите, со примери насекаде во светот,може да се заклучи дека е неопходно за бизнисот одредено редефинирање на интерната ревизија. Одборите (комисии или комитети) за ревизија, главниот извршен директор и другите стејкхолдери сакаат повитална интерна ревизија сконцентрирана на градење на финансиските и оперативните успеси со доверба. Затоа, овде е разгледувана организацијата на функцијата на интерната ревизија во рамките на ентитетите и структурата на одделот за ревизија; активностите на раководството на ревизијата и линиите на известување, начинот на кој се обезбедува независноста на интерната ревизија, нејзината универзалност и објективност. Презентиран е ревизорскиот модел понуден од Спенсер Пикет, кој се базира на премисата дека на организацијата ѝ е потребно да остварува добри перформанси и да ги презентира своите перформанси правилно и во согласност со сметководствените начела. Одделот за интерна ревизија има две линии во моделот за ревизија: првата оди кон полето на „ревизорските потврди“ во рамките на ангажманот за уверувања, втората линија води кон полето „Деловни перформанси“во рамките на консултантските услуги. На крајот на четвртата глава се дадени и императивите за промени во интерната ревизија на глобално ниво.

**Во петтата глава** се анализирани придобивките од интерната ревизија во организации кои имаат воспоставено ваков сервис. Придобивките се анализираат и на ниво на управата како и на целата компанија. Посебно посветување е направено на концептот на додадена вредност (начините и модалитетите на кои интерната ревизија создава додадена вредност на ентитетите) како и начините на оценување на ефикасноста на интерната ревизија кои ги користат водечките меѓународни компании. Од направената анализа на различните системи на мерење на резултатите, авторката нотира одреден број на популарни методи, кои речиси редовно се повторуваат кај различни организации така што прави одредена ранг-листа на методите (извршените услуги) што се користатза мерење на ефикасностанаинтерната ревизија, како што се:

влијанието на функцијата врз финансиските перформанси на организација; третманот на клиентите; процентот на извршени ревизии; бројот на имплементирани препораки; резултатите од анкети или информации (мислења) од стеикхолдерите; мислењата добиени од клиентите на ревизиите; дадените уверувања за добри интерни контроли и потврди за добро управу-вање со ризиците; обемот на потпирања на екстерните ревизори врз работата на интерни-те; навремените и квалитетни извештаи на интерната ревизија, генерираните заштеди од укажани и креирани можности од ревизорите; вредноста на избегнати загуби и др.

Во **шестатаглава**, м-р Рефика Муриќ ги презентира истражувањата за улогата на интерната ревизија во квалитетното корпоративно управување **со македонските компании**. Имено, една од целите на дисертацијата беше да се утврдат дометите на оваа професија и нејзината рефлексија врз македонското корпоративно милје. За остварување на оваа цел, направено е квалитативно истражување со спроведување анкета во над 50 поголеми стопански субјекти-корпорации. Истражувана е нејзината застапеност и начинот на функционирање (нејзината независност, организациски статус, најчестите ревизорски ангажмани, учеството во управувачките процеси, компетентноста на интерните ревизори итн.). Посебно се обработени резултатите од истражувањето за вклученоста на интерната ревизија во процесот на управување со ризиците. Добиени се квалитативни податоци што обезбедија корисна информација за начинот, обемот и квалитетот на инволвираност на интерната ревизија во корпоративното управување во Македонија. Укажано е на недостатоците, а имајќи ги предвид предностите на истражените достигнувања на професијата во светот, заклучено е дека потребата за организирање, функционирање и управување со помош на интерната ревизија според искуствата од развиените земји се наметнува како неминовност.

Интегрален дел на докторската дисертација претставуваат **заклучните излагања** за сознанијата до кои е дојдено како резултат на целокупното истражување. Сите истражувања и проучувања укажуваат дека интерната ревизија навистина претставува една деликатна професија и ангажман: од една страна, треба да биде сосема независна во ентитетот, а од друга страна, сите во ентитетот се засегнати од активностите и од резултатите на интерната ревизија. Авторката очекува дека фокусот на интерната ревизија во следните пет години ќе биде врз корпоративното управување, управувањето со ризикот, стратегиските извештаи и врз ревизијата на етиката на компаниите. Во завршното поглавје станува јасен придонесот на докторската дисертација за развојот на интерната ревизија во Македонија, за што интерните ревизори од Македонија, пред сѐ, треба да ги добијат заслужената доверба и поддршка за нивната работа, што е, пак, основен предуслов за спроведување на сите модерни трендови во дејствувањето на интерната ревизија во рамките на една организација.

## Оцена на трудот

Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов **Интерната ревизија во функција на квалитетно корпоративно управување,**од кандидатката м-р Рефика Муриќ, констатира дека се работи за научен труд која низ единство на теоретска, нормативна и апликативна димензија доаѓа до валидни заклучоци за местото и улогата која интерната ревизија го зазема и може да го има во

рамките на  корпоративното управување во светот и особено во случајот на Република Македонија.

Научно-методолошката конзистентност е нагласена карактеристика на докторската дисертација.Таа се манифестира во многу аспекти на научното истражување. Пред се, изборот на предметот и целите на истражување се направени со чувство за актуелност и дефицитарност на експлицитната проблематика во македонската научна јавност. Во Р. Македонија, евидентен е проблемот од недостиг на релевантна литература и истражувачки трудови во кои се анализира проблематиката поврзана со интерната ревизија.

Актуелноста на проблематиката произлегува и од присутните последици од глобалната светска економска криза, кои ги принудија корпорациите на големи внатрешни реформи со засилени обезбедувања, а кон надворешните стеикхолдери - со обврска за целосно транспарентно експонирање. Од друга страна, стремежите на помалку развиените економии за привлекување на странски инвестиции неминовно бараат обезбедување на одредени гаранции за квалитетно корпоративно управување, како предуслов. Таквото корпорациско окружување, пак, наметнува и одредени транзиции во професијата и императиви за промени во ревизорските ангажмани, кои авторката успешно ги проследила во дисертацијата.

Значаен дел од истражувањето посветено на придонесот на интерната ревизија за квалитетното корпоративно управување зафаќа деталниот осврт на сегментите и аспектите на нејзината инволвираност во подобрувањето на интерните контроли, финансиското известување, управувањето со ризикот, откривањето и спречувањето на измамите и ревизијата на информациските системи на ентитетите.   Во дисертацијата е дадена целосна слика на овие сегменти преку анализа на регулативата, институциите, практиката, идентификувањето на проблемите и давање на предлози за подобрување.

Како логичка поврзаност, кандидатката прави посебна анализа за мерењето на вредноста продуцирана од интерната ревизија и можностите за нејзино изразување. Во овој контекст, дисертацијата изобилува со примери од спроведени истражувања во светот, така што е  даден исцрпен преглед на користени методологии, пристапи и модели.

За цели на сублимираната анализа во дисертацијата, кандидатката прави и квантитативни како и квалитативни истражувања, за инволвираноста на интерната ревизија во корпоративното управување во Македонија. Емпириското истражување е спроведено на примерок од 110 најголеми компании во Р. Македонија по остварен вкупен приход во 2011 година. Од спроведената анкета се добиени квалитативни податоци што обезбедија информација за степенот на развој на интерната ревизија во корпоративното управување во Македонија.

Анализата на материјата во дисертацијата воопшто е изведена на сосема релевантени добро фундиран начин, што ѝ овозможило на кандидатката извлекување на квалитетни сознанија и заклучоци.Притоа, евидентно е дека кандидатката поседува одлични познавања на теоријата, што ги надополнила со користење на богата аналитичко-документациона основа – релевантни книги, трудови во различни публикации, законски акти и други материјали.Пристапот во изработувањето на трудот

е објективен, проблемски, аналитички, аргументиран и критички, а користените научни методи само ја зголемуваат вредноста и валидноста на сознанијата, заклучоците и насоките за иден развој.

**Проблемите што се детектирани во оваа дисертација, како и предлозите за решавање на повеќе проблематични точки во овие области имаат двоен ефект:**

- прво, позитивно влијаат кон рушење на скептицизмот и поширокото прифаќање на интерната ревизија како благодет за компаниите; и
- второ, позитивно влијаат врз стимулирањето на самите интерни ревизори да се посветат на проблематичните области во самото управување со корпорациите каде што треба да се поставаат како неопходно нужни консултанти.

Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Рефика Муриќ посебно ги потенцира следниве квалитети и придонеси на трудот, во истражувањето на избраната проблематика:

1. трудот има солидна теоретска фундираност и методолошки е коректно обработен. Кандидатката, проучувајќи современа и релевантна литература од анализиранaта област, дошла до релевантни заклучоци и ставови поврзани со значајни аспекти од ангажирање на компетентна интерна ревизија во рамките на корпорациите;
2. трудот експлицитно ја изложува неопходноста од користење на услугите на интерните ревизори, како во развиените економии така и во земјите во развој и транзиционите економии;
3. трудот дава сеопфатна и детална анализа на сите сегменти од професионално доверените задачи на интерниот ревизор со кои тој може да придонесе во подобрување на корпоративното управување на ентитетите;
4. од особена вредност е критичкиот осврт на аномалиите и контроверзите во пристапот кон оваа професија, бидејќи претставува целосен преглед на сите предности, мотиви и ограничувања кои можат да се појават при одобрување и користење на услугите на интерната ревизија;
5. трудот дава сеопфатна и детална анализа на начините за вреднување на ангажманите на интерните ревизори;
6. дополнителна актуелност и вредност на трудот му дава анализата за вклученоста на интерната ревизија во корпоративното управување во стопанскиот сектор во Република Македонија и нејзината позиција во рамките на ентитетите;
7. трудот е единствен и оригинален во смисла на тоа што е констатирано негово вкупно совпаѓање со други слични трудови од само **1,28 %.**

## Предлог

Врз основа на погоре изнесените констатации и квалитативни особености на трудот, Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов „**Интерната ревизија во функција на квалитетно корпоративно управување**“, поднесена од м-р Рефика Муриќ, со задоволство му предлага на Наставно - научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје:

1. да го прифати и да го усвои извештајот за позитивна оцена на докторската дисертација на тема „**Интерната ревизија во функција на квалитетно корпоративно управување“;**
2. даѝ одобри на кандидатката м-р Рефика Муриќ јавна одбрана на докторската дисертација.

КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНА И ОДБРАНА
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

---------------------------------------------------

Проф. д-р, Блажо Недев, с.р.

---------------------------------------------------

Проф. д-р Зорица Б. Лазаревска,, с.р.

---------------------------------------------------

Проф. д-р Зоран Миновски, с.р.

---------------------------------------------------

Проф. д-р Бобек Шуклев, с.р.

---------------------------------------------------

Проф. д-рЉубиша Јаневски, с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ПО ЕКОНОМСКИ НАУКИ ЗА ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ФИНАНСИИТЕ НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на одредбите од Статутот на Економскиот факултет во Скопје, а во врска со објавениот конкурс во „Вечер" од 11.9.2013 год., Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 27.9.2013 год., донесе Одлука со која сме одредени за членови на Комисијата за избор на соработник по економски науки за група предмети од областа на финансиите. По разгледувањето на доставените материјали, Комисијата го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот конкурс се пријавија двајца кандидати, кои ги исполнуваат општите и посебните услови содржани во конкурсот. Во продолжение даваме осврт на основните биографски податоци за кандидатите.

### Биографски податоци за кандидатите

1.

Кандидатот м-р Марјан Туџарски е роден на 15.6.1974 година во Делчево, каде што завршил основно образование. Средното образование го завршил во ЕМУЦ „Никола Тесла" во Скопје. Во учебната 1993/1994 година се запишал на Економскиот факултет во Скопје, на департманот за менаџмент. Студиите ги завршил и дипломирал во 1999 година. Во 2002 година се запишал на последипломските студии од областа на сметководство и ревизијата и по завршувањето на испитите со просечна оцена на 6,75, на 12.3.2012 година се стекнува со степен на образование магистер по економски науки со успешната одбрана на магистерскиот труд на тема: „Внатрешна контрола и ревизија со преимена на ИТ системи".

Кандидатот м-р Марјан Туџарски наведува дека владее со англискиот јазик и дека поседува компјутерски познавања. Кандидатот во 2000 година се вработил во тп Макошпед каде што работел до 2008 година како референт за план, анализа и стандарди во Секторот за финансии и сметководсто, ОЕ Оддел за план и анализа. Во текот на 2012 година работел во компанијата „Епоха“ како одговорен за собирање и евидентирање на фактури од добавувачи и нивна достава до сметководство, плаќање на фактури, евидентирање на наплата на побарувања и водење на грижа за финансиската состојба на фирмата.

2.

Кандидатот м-р Кирил Јовановски е роден на 21.10.1982 во Скопје, каде што завршил основно и средно образование. Во октомври 2005 година, со одбрана на дипломската работа со наслов "Доларизација, предности и слабости", дипломирал на Економскиот факултет во Скопје на департманот за финансиски менаџмент, постигнувајќи просечен успех во студирањето од 9,42.

Во учебната 2007/2008 година, кандидатот се запишал на постдипломските студии на Економскиот факултет во Скопје, на студиите по Монетарна економија, кои ги завршил со просечна оценка 10,00. На 6.12.2010 година јавно ја одбранил магистерската работа под наслов „Кредитирањето во странски валути и неговите ефекти врз финансиската стабилност", со што се стекнал со звањето магистер на економски науки од областа на монетарната економија. Во текот на своето школување и подоцна, за време на работата, кандидатот работел на неколку апликативни проекти и посетувал повеќе семинари. Во продолжение се презентирани еден дел од нив кои се поврзани со областа за која конкурира:

1. "ECREB Basic Econometrics Summer School"", Темишвар, Романија, септември 2012 (летна школа);
2. "Chalenges for the Eastern European Countries in the new era", Истанбул, Турција, март 2010 (семинар);
3. "Summer school for Economics 2009", Белград, Србија, јуни 2009, (летна школа);
4. "Euroaepan forum Alpbach 2009", Тирол, Австрија, август 2008 година, (советување).

Во однос на професионалното искуство, во периодот октомври 2005 – мај 2006 година, кандидатот работел во Стопанска банка – Скопје. Од март 2006 - март 2008 година, тој работел во Комерцијална банка, во секторот за кредитирање на стопанството, а од март 2008 година до денес работи на Економскиот факултет од Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје како соработник (асистент) на група предмети од областа на финансиите. Во пријавата, кандидатот наведува дека владее со англискиот јазик и дека поседува компјутерски познавања.

Кандидатот м-р Кирил Јовановски поседува повеќегодишно искуство во образовната и во научната дејност, при што за цело време се истакнувал со своето исклучително залагање во спроведувањето на вежбите и предавањата по предметите банкарство, монетарна економија, меѓународни финансии, финансиски пазари и институции. Во тој контекст, постојано настојувал да внесува современ и интерактивен пристап во излагањето на наставната материја и да воспоставува отворен однос кон студентите, одржувајќи интензивна комуникација со нив. Истовремено, во врска со унапредувањето и надградувањето на своето знаење, тој покажува интерес за перманентно дополнително образование, што се потврдува преку учеството на неколку школи и курсеви во странство. Покрај наставната дејност, кандидатот м-р Кирил Јовановски и посветува нужно внимание и на научно-истражувачката дејност, што се изразува преку објавување научни трудови и со учество на конференции и научно-стручни собири.

**Заклучок и предлог**

Врз основа на изнесеното за пријавените кандидати, Комисијата со задоволство констатира дека кандидатите ги исполнуваат општите услови за избор на соработник. Според постигнатите резултати во текот на нивното образование и работно искуство на кандидатите, Комисијата го констатира следново:

1. кандидатот м-р Кирил Јовановски поседува соодветно образование (академски степен – магистер на економски науки) кое соодветствува на областа на која конкурира;

2. од списокот на објавените трудови и нивната содржина, Комисијата стекна уверување за неговиот нагласен интерес за научноистражувачка дејност од областа на финансиите;
3. најпосле, преку досегашната работа на високообразовна институција, кандидатот се стекнал со неопходното наставно искуство.

Врз основа на изнесеното во извештајот, а во согласност со Законот за високото образование, Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Правилникот за внатрешните односи и работењето на Економскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Комисијата има чест и задоволство да му **ПРЕДЛОЖИ на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, кандидатот м-р Кирил Јовановски да биде избран во звањето асистент по група предмети од областа на финансиите.**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Михаил Петковски, с.р.

2. Проф. д-р Горан Петревски, с.р.

3. Проф. д-р Владимир Филиповски, с.р.

**РЕЦЕНЗИЈА**

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „**ПРИНЦИПИ НА КОНКУРЕНЦИЈА И СТРАТЕГИИ ЗА РЕФОРМИ ВО ЗДРАВСТВЕНИОТ СИСТЕМ ВО МАКЕДОНИЈА**" ИЗРАБОТЕНА ОД КАНДИДАТКАТА М-Р АНИТА ПОПОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 120 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 64/00, 113/05 и 51/07), членовите 56, 57, 58, 59 и 60 од Правилникот за единствените основи за организирање на постдипломски и докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и член 39 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Економскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а според одлуката на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, под бр. 0202.2903/2, донесена на седницата одржана на 27.9.2013 год., определени сме за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов **ПРИНЦИПИ НА КОНКУРЕНЦИЈА И СТРАТЕГИИ ЗА РЕФОРМИ ВО ЗДРАВСТВЕНИОТ СИСТЕМ ВО МАКЕДОНИЈА,** поднесена од кандидатката м-р Анита Поповска. По опстојното прегледување на трудот, Комисијата до Наставно–научниот совет на Економскиот факултет во Скопје го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

## 1. СОДРЖИНА И ОПФАТ НА ТРУДОТ

Докторската дисертација содржи вкупно 305 страници текст, 7 страници користена литература (132 библиографски единици) и 13 страници прилози. Материјата во дисертацијата, покрај вовед и заклучок, е структурирана во пет глави, логично систематизирани, и тоа:

Вовед
Глава I – „Принципи на конкуренција и стратешки импликации за редефинирање на здравствениот систем"
Глава II – „Здравствен систем заснован на вредности"
Глава III – „Стратегиски пристап кон здравствената политика и кон конкуренцијата заснована вредност"
Глава IV- „Анализа на трошокот и добивката: интегриран наспроти фрагментарен здравствен систем"
Глава V – „Можности за примена на стратегиите во македонскиот здравствен систем"
Заклучок
Литература
Прилози

Во воведот се даваат општи информации за темата која е предмет на истражувањето, се дефинираат предметот и целта на истражувањето, како и техниките и методологиите што се применети при истражувањето на оваа материја, која, особено во последниве години, доби нагласена актуелност не само во Р. Македонија, туку и во

светски рамки, поаѓајќи од фактот дека сè повисоките трошоци во здравството кои истовремено се придружени и со нееднаков квалитет во давањето на здравствената грижа, чести грешки, ограничен пристап до лекарска грижа и сè понезадоволни пациенти, налагаат итна потреба од преземање реформи на здравствениот систем како сеопфатна рамка која ќе обезбеди оптимална организација на здравствениот систем во целост како претпоставка за подобрување на вкупните состојби во здравството.

Во првата глава со наслов **Принципи на конкуренција и стратешки импликации за редефинирање на здравствениот систем** претставен е концептот за редефинирање на здравствените системи во светот, за чија цел е анализирана и елаборирана една сеопфатна рамка за целосна реформа на здравствениот систем, поаѓајќи од принципите на конкуренција во редефинирањето на здравствените системи во светот. Рамката што ја обработува кандидатката се заснова врз лекување базирано на вредности каде централното место го има пациентот. Во фокусот на вниманието постојано е пациентот и неговите легитимни потреби во процесот на давање на здравствена грижа. Оваа рамка ги нуди основните принципи за конкуренција заснована на вредност за учесниците во здравствениот систем. Во овој дел, покрај принципите, се анализираат и се елаборираат стратешките импликации, со цел да се постигне успешна реформа на еден здравствен систем и тоа без да прави разлика меѓу државното и приватното здравство.

Неуспехот на здравствените реформи не би изгледал толку голем доколку општеството денес не се соочува со постојано зголемување на трошоците, ограничен пристап на населението до здравствените услуги, незадоволителен квалитет во давањето на здравствените услуги, што сè заедно придонесува да се создадат фрустрирани и незадоволни учесници во здравствениот систем. Факт е дека никој не е среќен со постојниот здравствен систем. Пациентите се загрижени за големите трошоци кои треба да ги платат за здравствено осигурување и за квалитетот на здравствената грижа што ја добиваат. Работодавците се загрижени од фактот што и покрај плаќањето на здравствено осигурување на вработените, тие се незадоволни и болни. Лекарите и другиот медицински персонал се незадоволни поради ниските плати, работниот ден им е исполнет со бирократски процедури, а професионалното лекување се отфрла. Снабдувачите на лекови се незадоволни бидејќи иако вложуваат огромни средства во откривање на нови лекови кои би спасиле многу животи, се обвинуваат дека ги зголемуваат трошоците на лекување нудејќи нов поскап лек. Владата е незадоволна бидејќи не може да го контролира буџетот поради тоа што расходите за здравството од година во година се зголемуваат. Многу децении station наназад, иако се правени реформи во здравството, горенаведените проблеми не само што не се подобриле, туку реалната ситуација покажува влошување.

Втората глава под наслов **дравствен систем заснован на вредности** е посветена на вредностите во здравствениот систем, односно на мерењето на исходот од лекувањето како една од најважните алатки како водечка сила во иновациите при давањето на здравствената грижа. Во овој дел се анализираат поимите вредност и квалитет на здравствениот систем, како и начините на мерење на таа вредност. Како резултат на тоа е дефинирана вредноста при давањето на здравствени услуги, компонентите на вредноста и како таа треба да се мери. При тоа, се посочува и

значењето на вредноста како главна цел на секој здравствен систем, се става акцент на мерењето на вредноста на нејзиното подобрување и на тоа дека таа треба да прерасне во водечка сила за секој учесник во здравствениот систем. Се посочува и фактот дека кога вредноста не се мери, не се поседува најмоќната алатка за подобрување на вредноста за пациентите.

Секој здравствен систем се стреми да ја подобри вредноста преку подобри здравствени резултати и поефикасна заштита, но ниту еден систем не е организиран да ја создава и зголемува вредноста. Со години наназад се игнорира создавањето на вредност за пациентите во здравството, при што, во преден план, се истакнува здравствената заштита, а не здравјето. Кога здравствената заштита се гледа како производ, сосема е логично крајната цел да биде обезбедување единствен пристап на сите граѓани до здравствена грижа. Но од перспектива на пациентите, здравствената грижа сама по себе не може да биде цел, таа претставува само средство да се одржи доброто здравје. Кога пациентите би имале можност да избираат помеѓу повеќе грижа и повеќе здравје се смета дека нивниот избор би бил јасен, но, за жал, здравствениот систем во светот е организиран да лекува, а не да обезбеди максимум здравје и ефикасност со кои ќе се постигне целта.

Еден здравствен систем базиран на вредности се заснова на серија клучни принципи кои почнуваат со јасно дефинирање на главната цел и продолжуваат кон структурата на давателите на здравствени услуги кои го претставуваат срцето на системот, а потоа следуваат улогите на финансиерите, пациентите, работодавците, снабдувачите и владите.

Во третата глава под наслов **Стратегиски пристап кон здравствената политика и кон конкуренцијата заснована на вредност** се дава поширок осврт и се прави анализа на дизајнот и на функционирањето на владата во создавањето услови на конкуренција заснована на вредност. При тоа, посебно се нагласува фактот дека владата игра важна улога во трансформирањето на конкуренцијата како што се собирањето и прикажувањето на резултатите, елиминирањето на бариерите за конкуренција, модифицирањето на правилата за единствена цена за една медицинска состојба (болест) и олеснувањето на влезот на информатичката технологија. Целта на оваа глава е да се истакне улогата на владата во правец на успешна здравствена реформа во која централното место ќе го има пациентот, а не докторот.

Во докторската дисертација се дефинирани принципите и стратегиите за редефинирање на здравстениот систем. Потоа е извршена разработка на сите принципи и стратегии од кои може да бидат изведени препораки за рефомирање на здравствениот систем во Република Македонија. Разработката е извршена врз основа на предложените принципи и стратегии од страна на Мајкл Портер (Michael E. Porter), кои досега се применети во практиката во неколку болници во светот, а се прифатени од страна на германската влада за редефинирање на германскиот здравствен систем и врз основа на предложените принципи и стратегии објавени во делото на Мајкл Портер, направена е анализа на германскиот здравствен систем.

Четвртата глава под наслов **нализа на трошокот и добивката: интегриран наспроти фрагментарен здравствен систем** ја претставува, всушност, срцевината на докторската дисертација, и во неа е развиена методологија за пресметка на трошок по пациент, која служи како алатка за да се согледаат сите аномалии кои произлегуваат од непостоењето на систем кој ќе ги следи трошоците во здравствениот

сектор. Оваа алатка помогна да се потврди тезата на кандидатката за фрагментираниот здравствен систем и фрагментацијата на пациентите, кои доведуваат до удвојување на здравствените услуги и со тоа до зголемување на трошоците кои се прават за лекување на една медицинска состојба (болест). Понатаму, дефинирани се поимите на вредност и квалитет на здравствениот систем, како и начините како таа вредност да се измери. Посочени се проблемите од недостатокот на сеопфатен и точен исход за мерење на трошоците како една од најголемите слабости за подобрување на здравствените системи во светот. Исто така, поставени се основните проблеми како и предметот на истражувањето со осврт на пресметка на трошок по пациент, со тенденција да се елиминира фактот дека вредноста и трошоците во здравството не се мерат, со што се одзема најмоќната алатка за подобрување на вредноста за пациентите.

Прегледот на претходните истражувања, од областа што ја покрива оваа докторска дисертација, е направен за следните делови: формирање на цени за дополнителна дејност и анализа на долговите на јавните здравствени установи.

Во петтата глава која е посветена на **можностите за примена на стратегиите во македонскиот здравствен систем** кандидатката ги елаборира карактеристиките на здравствениот систем на Република Македонија, преку анализата на системот на осигурување, системот на финансирање, системот на давање здравствени услуги и плаќањето на здравствените услуги, преку што е создадена основа да се согледаат клучните недостатоци, за кои користејќи ги елаборираните принципи и стратегии, се дадени препораки во правец на подобрување на здравствениот систем во Република Македонија, односно за негова темелна реформа врз основа на принципите на конкуренција.

Врз основа на издржани теориски истражувања и анализи, како и на практичните истражувања врзани за утврдување на принципите на конкуренција и стратегиите за реформа на здравствениот систем на Македонија, презентирани се ***ЗАКЛУЧОЦИ*** како последно поглавје од оваа докторска тема. Следејќи ја структурата на докторскиот труд, во заклучоците се нагласува дека тенденцијата на зголемување на трошоците во здравството ја наметнува потребата за подетално истражување на здравствениот систем и пообемна анализа на трошоците во однос на исходот од лекување и тоа за секој пациент, не само за една одредена интервенција која се прави во процесот на давање на здравствена грижа, туку за целиот циклус на здравствено лекување.

***ЛИТЕРАТУРАТА*** содржи 132 библиографски единици, во најголем дел од странски автори и релевантни институции, главно од периодот 2000-2010 година, вклучително и најрелевантни веб-страници од оваа област. Исто така, во литературата се поместени и трудови од домашни автори и институции во делот во кој се анализираат одредени економски и други параметри и истражувања директно врзани за Р.Македонија.

## 2. ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Основните причини за нагласување на актуелноста на темата лежат во потребата од намалување на трошоците во здравствениот систем во Македонија како и потребата од усогласување на здравствената политика со легитимните потреби на населението за

здравствени услуги, во услови на менување на демографските и социоекономските детерминати кои го следат процесот на транзиција.

Познато е дека македонскиот здравствен систем е фрагментиран, но и дека секој граѓанин има право и еднаков пристап на здравствена заштита, а сепак трошоците на давателите на здравствени услуги од година во година се зголемуваат. Денес повеќе од кога било е актуелна максимата "повеќе пари за здравството не го решаваат проблемот", што укажува на фактот дека реформите кои се темелат на решавање на еден одреден проблем во здравството не го решава проблемот на целиот здравствен систем, па затоа е потребна една сеопфатна реформа која ќе ги вклучува сите актери во здравствениот систем во правец на зголемување на вредноста за пациентот, како и фактот дека акцентот ќе биде ставен на пациентот, а не на лекарот.

За успешна сеопфатна реформа, според кандидатката, потребно е да се исполнат три предуслови и тоа: осигурување на населението и правичен пристап, стандарди за покривање на трошоците и испорака/давање на здравствена грижа. Македонскиот здравствен систем во целост ги исполнува првите два, а за последниот потребно е негово редефинирање за да се постигне целта - подобрување на вредноста за пациентите. Ова е особено важно земајќи ги предвид актуелните состојби со зголемување на трошоците во здравството, како и стареењето на населението кое бара поинаква здравствена грижа. Од таа причина, истражувањето спроведено во рамките на оваа докторска дисертација кое има за цел да ги проучи принципите и стратешките импликации за успешно реформирање на македонскиот здравствен систем е особено актуелно и треба да претставува одреден научен патоказ и придонес за идните активности во насока на подобрување на вредноста за пациентите. Воедно, истражувањето покажа дека подобрувањето на вредноста за пациентите е возможно само ако правилно се применат принципите на конкуренција и ако тие стратешки се имплицираат кај сите актери во здравствениот систем.

Трудот на кандидатката м-р Анита Поповска на тема **РИНЦИПИ НА КОНКУРЕНЦИЈА И СТРАТЕГИИ ЗА РЕФОРМИ ВО ЗДРАВСТВЕНИОТ СИСТЕМ ВО МАКЕДОНИЈА** претставува оригинално и комплексно теориско и емпириско истражување од областа на актуелната потреба за реформирање на македонскиот здравствен систем кој е фрагментиран и неефикасен. Основниот научен и стручен придонес на трудот се согледува преку идентификувањето на потребата за стратегиски пристап при определување на принципи на кои треба да се заснова здравствениот систем, а притоа наметнувањето на потребата од мерење на исходот од лекувањето и следењето на трошоците кои се прават за да се постигне посакуваниот исход.

Развојот на принципи и стратегии, но, во исто време, и развој на индикатори за мерење на вредноста и развој на трошковни поефикасни модели за следење на трошоците во здравствените установи, е приоритет на голем број истражувачи од оваа област насекаде во светот, сѐ со цел да даде соодветен придонес во намалувањето на последиците од големите трошоци кои растат со забрзано темпо. Потпирајќи се врз соодветните, релевантни теоретски истражувања, кандидатката м-р Анита Поповска прави успешна емпириска анализа на состојбите во здравствениот систем во Македонија и укажува на основните принципи врз кои треба да засновува целосното реформирање на здравствениот систем на Македонија. Она што може да се означи како посебна, додадена вредност на докторскиот труд е примената на, за наши услови, се

уште малку применуваната методолошка постапка во областа на анализата на состојбите во здравството – СВОТ-анализата со која се анализираат можностите за примена на стратегиите во практиката. Анализирани се вкупно 75 активности, од кои 13 „силни“ страни, 35 „слаби“ страни, 18 „можности“ и 9 „закани“. Иако анализата покажува номинална супериорност на „слабите“ страни во однос на „силните“ страни на здравствениот систем, на нив може да се влијае што значи дека тие имаат минлив карактер. За разлика од „слабите„ „силните“ страни се фиксни, стабилни и тешко променливи, поради што и можностите за развој се помногубројни од заканите.

Комисијата за оцена на докторската дисертација дојде до уверување дека кандидатката м-р Анита Поповска успешно ги истражила клучните принципи на конкуренција и стратегии за реформи во здравствениот систем во Република Македонија. Во текот на истражувањето, постигнати се следниве резултати:

- направена е анализа и критички осврт на состојбата на здравствениот систем во Македонија;
- дадена е добра теоретска подлога преку анализата на најрелевантни теоретски и емпириски сознанија и искуства во светот, со примери за примената и за стратешките импликации во земјите каде што тие се користат;
- објаснето е дека финансиските средства не доведуваат до решавање на проблемите во здравството;
- дефинирана е вредноста и се дефинира како треба таа да се мери во функција на подобрување на исходот од лекување;
- направена е анализа и проценка на трошоците на националната програма за туберкулоза во Македонија и се дадени препораки за нивно намалување;
- дадени се предлози и иновативни решенија за зголемување на вредноста за пациентите преку примената на принципите за реформи во здравствениот систем.

Заслужува да се истакне дека во трудот е направен сериозен, теоретски добро заснован и аналитички осмислен напор да се даде одговор на следните, релевантни прашања: дали мерењето на исходот од лекување и мерењето на трошоците кои се прават за да се излекува пациентот ќе влијаат врз зголемувањето на вредноста за пациентот, а со тоа и врз намалувањето на трошоците; дали повеќе здравствени услуги значат и подобро здравје; дали пресметката на трошокот по пациент ќе му помогне на менаџерот да направи подобра алокација на трошоците; дали видот и обемот на здравствените услуги го зголемува бројот на непотребни анализи; што треба да се промени во здравствениот систем за да се подобри вредноста за пациентот; дали е реално да постои конкуренција во здравствениот сектор која ќе се темели врз вредности; дали поголемите финансиски средства ќе ги решат проблемите во здравството; дали пакетот на основното здравствено осигурување е преголем.

Посебно внимание заслужува пристапот на кандидатката за тоа дека вистинските реформи во здравството бараат паралелно решавање на две прашања, а тоа се осигурувањето, т.е. покривањето на трошоците кои се прават во процесот на здравствено лекување за пациентите и преструктурирање на давањето здравствени услуги. Постигнувањето на универзално покривање на трошоците е важно, но не и најважно во алката за успешни реформи во здравството. Кога многу луѓе немаат пристап до примарна здравствена заштита и субвенциите за пациентите се многу ниски,

тогаш здравствениот систем се соочува со многу големи трошоци, т.е. невозможно е да се постигне зголемена вредност за пациентите. Искуството покажува дека земјите во кои населението има поголем пристап до давателите на здравствени услуги, имаат помали здравствени трошоци во однос на земјите кои имаат ограничен пристап до примарната здравствена заштита. Но зголемувањето на пристапот без подобрување на вредноста е неодржливо и осудено на неуспех. Дури и земјите кои имаат поголем пристап до давателите на здравствени услуги и на здравствена заштита се соочуваат со проблеми и високи трошоци во сегашните здравствени системи и се под притисок да го обноват, односно да го реформираат здравствениот систем.

Структурираноста на ракописот (5 глави кои тематски може да се поделат на два дела: првиот дел ги обработува теоретските основи на принципите и стратегиите за успешно редефинирање на здравствените системи во светот, додека вториот дел се осврнува на примената на моделите и на стратегиите во македонскиот здравствен систем) е логично изведена, прецизна и јасна. Техничкото оформување на докторската дисертација е на високо ниво, прегледно, со бројни слики (15), табели (68), графикони (1) и дијаграми (24), како и 6 прилози презентирани на 13 страници. Текстот во дисертацијата е солидно компјутерски обработен и лекториран.

Имајќи го предвид претходното, Комисијата констатира дека целите и задачите што кандидатката ги формулирала во воведот на докторската дисертација во целост се остварени и дека станува збор за многу квалитетен труд и успешно спроведено истражување и компаративна анализа кои што овозможуваат јасно да се согледа комплексноста и значењето на принципите на конкуренција и стратегии за реформи во здравствениот систем на Македонија.

## 3. ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените оцени за содржината и квалитетите на докторската дисертација, Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација му предлага на Наставно–научниот совет на Економскиот факултет во Скопје:

- ***прво***, да донесе одлука со која ќе го прифати извештајот дека докторската дисертација на кандидатката м-р Анита Поповска на тема: „**ПРИНЦИПИ НА КОНКУРЕНЦИЈА И СТРАТЕГИИ ЗА РЕФОРМИ ВО ЗДРАВСТВЕНИОТ СИСТЕМ ВО МАКЕДОНИЈА** е успешно изработена
- ***второ,*** да одобри закажување ден за јавна одбрана на докторската дисертација.

КОМИСИЈА
ЗА ОЦЕНА И ОДБРАНА
ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Проф. д-р Владимир Петковски , с.р.

Проф. д-р Љубомир Дракулевски, с.р.

Акад. Таки Фити, с.р.

Проф. д-р Пеце Недановски, с.р.

Доц. д-р Предраг Трпески, с.р.

**РЕЦЕНЗИЈА**
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА
**„КАРАКТЕРИСТИКИ НА МЕСОТО И НА КОЛБАСИТЕ ПРОИЗВЕДЕНИ ОД МЕСО ОД НОЈ (*STRUTHIO CAMELUS*)“**, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ДАНИЕЛА БЕЛИЧОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на втората седница одржана на 12.6.2013 година, донесе Одлука бр. 02-1310/7 со која е формирана Комисија за преглед и оцена на докторската дисертација под наслов „Карактеристики на месото и на колбасите произведени од месо од ној (*Struthio camelus*)“, пријавена и изработена од м-р Даниела Беличовска од Скопје. Комисијата во состав: д-р Златко Пејковски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Божидар Жлендер, редовен професор на Биотехничкиот факултет во Љубљана, д-р Михаил Данев, редовен професор во пензија на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, д-р Зехра Хајрулаи-Муслиу, вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје и д-р Драгослав Коцевски, вонреден професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, ја прегледа доставената докторска дисертација и го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

## Содржина на дисертацијата

Докторската дисертација под наслов **„Карактеристики на месото и на колбасите произведени од месо од ној (*Struthio camelus*)“**, изработена од м-р Даниела Беличовска, е напишана на 132 страници со вообичаен проред, во кои се вклучени 14 табели и 14 графикони. Дисертацијата ги содржи следниве основни поглавја: Вовед, Преглед на литературата, Цел на истражувањето, Материјал и методи, Резултати, Дискусија, Заклучоци и Литература.

На почетокот на дисертацијата дадена е кратка содржина на македонски и на англиски јазик.

Во **воведот** се истакнува значењето на ноевото месо во исхраната на луѓето, како алтернатива на другите видови црвено месо. Се наведува дека современиот потрошувач станува сè повеќе свесен за составот на храната што ја консумира. Акцентот е ставен на содржината на холестерол и маснокиселинскиот состав, бидејќи е откриено оти некои аспекти на овие компоненти можат да бидат фактор на ризик за коронарни срцеви заболувања. Во согласност со трендот за производство на „здрава храна“ и здрав начин на живот, луѓето се стремат да консумираат месо кое има висок процент на полновредни белковини, а ниска содржина на масти и холестерол. Во поново време, како месо со добри карактеристики се препорачува месото од ној, кое се одликува со висока содржина на протеини, ниска на масти, поволен маснокиселински профил и висока содржина на железо и витамин Е. Ноевото месо станува сè повеќе популарно во

целиот свет, особено во западните развиени земји, каде што појавата на срцеви заболувања е почест феномен.

Во **Преглед на литературата** се изнесени податоци од 203 извори на користена литература, од кои најголем број од странски автори. Прегледот е тематски систематизиран и изнесен во 8 потпоглавја. Дадени се детални резултати од истражувањата на физичко-хемиските и технолошките особини на ноевото месо. Кај нас досега не се вршени истражувања на ноевото месо, освен едно за основниот хемиски состав. Многу помалку податоци има за производи од ноево месо. Докторантката наведува дека, на светско ниво, мал број преработки се произведуваат од ова месо, особено барени колбаси, а на нашиот пазар воопшто не се познати производи од ноево месо. Поради тоа, изнесени се одредени резултати од истражувања на барени колбаси произведени од други видови месо.

Во поглавјето **Цел на истражувањето** се наведува дека испитувањето на квалитетните особини на ноевото месо и неговите производи, во последниве децении, е актуелно на светско ниво, заради неговите високи нутритивни карактеристики (висока содржина на протеини и железо, а ниска на масти и холестерол) кои поволно влијаат врз здравјето на луѓето. Се истакнува дека одгледувањето на ноеви кај нас е нова сточарска гранка и не се вршени истражувања на месото од ноеви одгледани во наши услови, како и дека ноевото месо и особено неговите производи се речиси непознати за нашите потрошувачи. Затоа, докторантката си поставила задача да ги испита физичко-хемиските особини на месото од ној и на четири варијанти барени колбаси – виршли (или реновки), произведени од ноево месо.

Во **Материјал и методи** е наведено дека истражувањата се извршени на три мускули: *musculus iliofibularis*, *musculus gastrocnemius* и *musculus iliotibialis* од левите карлични екстремитети на африкански црн ној (*Struthio camelus* var. *domesticus*). Тие се избрани како претставници на мускулите со најголема маса и највисока економска вредност. Ноевите се одгледувани на семејна фарма во Демир Капија и се заклани на возраст од 13 до 14 месеци. Веднаш по колењето на ноевите, сепарирани се трите мускули, на кои 1,5 час post mortem е измерена pH-вредноста и заедно со останатото месо од левата нога се пренесени во лабораторија кадешто се сместени во ладилник на температура 3–4°C. На трите мускули се одредувани:

– pH-вредност 1,5; 24; 48 и 72 часа post mortem,
– способност за врзување вода,
– загуби во маса („кало“) во текот на термичкиот третман,
– хемиски состав (вода, протеини, масти, пепел, фосфор, калциум, натриум, железо, олово, кадмиум) и енергетската вредност,
– маснокиселински состав на мускулите.

Од ноевото месо се произведени четири варијанти на барени колбаси – реновки, и тоа:

- варијанта А со 40,83% ноево месо и 24,3% масно ткиво од ној (лој);
- варијанта Б со 40,83% ноево месо и 24,3% свинско масно ткиво (грбна сланина);
- варијанта В со 40,83% ноево месо, 12,15% лој и 12,15% грбна сланина;
- варијанта Г со 40,83% ноево месо, 3,89% ноева лој, 8,11% репкино масло, 6,16% ленено масло и 6,14% масло од семки од грозје.

На реновките се извршени следниве испитувања:

– загуби во маса („кало“) во текот на термичката обработка;
– сензорна анализа;
– pH-вредност;
– хемиски состав (вода, протеини, масти и минерални материи);
– маснокиселински состав.

Во испитувањата се користени следниве **методи**:

pH-вредноста е мерена со pH-метар Testo 205, со директно забодување на комбинираната електрода во мускулите. pH на реновките е мерена во воден екстракт со користење на pH-метар Sartorius PB-20. Способноста на месото за врзување на вода е одредувана според методата на Brune и Seika. Загубата во маса во текот на варењето на месото е одредувана со потопување на 10±0,2 g месо во вода која врие, во траење од 10 минути, а загубата при печењето е утврдувана на 110±0,4 g месо со форма на коцка, ставено во загреана рерна на 178°C до постигнување на интерна температура од 80°C (±1°C). „Калото“ на реновките во текот на термичката обработка е пресметано со одземање на масата на готовиот производ (термички обработен) од неговата маса пред термичката обработка. Оцената на сензорните особини на реновките е извршена според методата на Radovanović и Popov-Raljić (2001). Хемиските анализи на месото и на реновките се извршени според меѓународните ISO-стандарди за месо и производи од месо. Содржината на вода е определувана според ISO/IEC 1442:1997. Протеините со одредување на содржината на азот и негово множење со 6,25, според ISO 937:1978. Мастите според ISO 1443:1973, екстракцијата е вршена со етер, а пепелот според ISO 936:1998. Процентот на минералите е утврден според стандардните техники на Association of the Official Analytical Chemists (AOAC, 2005). Содржината на фосфор е детерминирана според методот 969.31, на калциум според 983.19, на натриум според 974.27, а содржината на железото и на тешките метали (олово и кадмиум) е одредувана според методот 999.11. Енергетската вредност на месото и на реновките е пресметана со множење на утврдениот процент на протеини со фактор 17,16 и на мастите со 38,96. Збирот на добиените две вредности претставува бруто-енергетска вредност. Содржината на масните киселини е одредувана според AOAC Official Methods of Analysis, 2005, процедура 996.06, со користење на гасен хроматограф CG-FID 5890.

Добиените податоци од испитувањата се варијационо-статистички обработени со употреба на ANOVA (Analysis of Variance between groups), а разликите меѓу средните вредности се тестирани со користење на Tukey-тест.

**Резултатите** од испитувањата се групирани во два дела. Во првиот дел се презентирани квалитетните особини на три мускули од ноевото месо (pH-вредност, способност за врзување на вода, загуби во маса во текот на термичката обработка, основен хемиски состав и маснокиселински состав на мускулите. Во вториот дел се прикажани особините на четири варијанти барени колбаси – реновки, произведени од ноево месо („кало“ при термичката обработка, сензорни особини, основен хемиски состав и маснокиселински состав).

Врз основа на резултатите од мерењето на pH на месото констатирано е дека pH-вредноста 1,5 час по колењето на ноевите е значајно ($P<0,05$) повисока во *m. gastrocnemius* (6,63) во споредба со *m. iliofibularis* (6,49) и *m. iliotibialis* (6,48). Не се утврдени сигнификантни разлики меѓу мускулите на 24, 48 и 72 часа post mortem. Во однос на способноста за врзување на вода, 72 часа post mortem, е утврдено дека

најголемо количество на вода врзал *m. gastrocnemius* (16,52%), следи *m. iliofibularis* (13,64%), а значајно (P<0,05) помалку *m. iliotibialis* (10,94%). Способноста за врзување вода, истакнува докторантката, е основен технолошки показател на квалитетот на месото кој се користи при неговата преработка, зашто од него во многу зависи квалитетот на производите. Изгледот на месото пред готвење, способноста за готвење, сочноста за време на џвакањето и вкупната вредност на месото што се продава се под влијание на неговата способност за врзување вода.

При испитувањето на загубите во маса („кало“) во текот на варењето на месото, утврдено е дека вкупните загуби, во вид на испуштен сок и испарливи материи, изнесуваат 43,14% кај *m. iliofibularis*, 41,94 кај *m.gastrocnemius* и 40,90% кај *m. iliotibialis*. Разликата во „калото“ од 2,24 процентни поени меѓу *m. iliofibularis* и *m. iliotibialis* е статистички сигнификантна (P<0,05). Во процесот на печење на месото, исто како и при варењето, највисоко „кало“ е установено кај *m. iliofibularis* (34,10%), следуваат *m. gastrocnemius* (33,12%) и *m. iliotibialis* (31,56%). И при печењето загубите се значајно (P<0,05) поголеми кај *m. iliofibularis* во споредба со *m. iliotibialis*.

Во поглед на основниот хемиски состав, не се утврдени значајни разлики меѓу мускулите. Содржината на вода изнесува од 75,76% во *m. iliofibularis*, 75,47% во *m.gastrocnemius* и 75,42% во *m. iliotibialis*. Протеините се застапени со 21,57%, 21,81% и 21,15% соодветно, мастите со 0,77%, 0,79% и 0,81% соодветно и пепелот со 1,07%, 1,14% и 1,16% соодветно. Од особен интерес е ниската содржина на масти, во комбинација со високата содржина на протеини во месото од ној, т.е. односот на масти/протеини, кој изнесува околу 0,04, односно ниската енергетска вредност (394,34–405,09 kJ/100 g месо).

Најзастапен елемент во ноевото месо е фосфорот, чија содржина, во зависност од мускулот, изнесува 186–201 mg/100 g, потоа следуваат натриумот со 34,39–35,93 mg/100 g, калциумот со 6,63–6,82 mg/100 g и железото со 2,34–2,99 mg/100 g. Тешките метали (олово и кадмиум) се најдени во минимални количества (0,04–0,06 односно 0,003–0,004 mg/kg) и се далеку под максимално дозволеното ниво (0,10 и 0,05 mg/kg). Во содржината на сите испитани елементи нема статистички значајни разлики меѓу мускулите, освен во железото, кое во *m. iliotibialis* е застапено со значајно (P<0,05) повисоко количество.

Од анализата на резултатите за маснокиселинскиот состав на мускулите е констатирано дека составот на интрамускулната маст на ноевото месо се состои, главно, од палмитинска (C16:0), стеаринска (C18:0), олеинска (C18:1*n*-9c) и линолна (C18:2*n*-6c) киселина. Највисок процент на вкупни заситени масни киселини се наоѓа во *m. iliotibialis* (31,15%), следуваат *m.gastrocnemius* (28,90%) и *m. iliofibularis* (27,34%). Разликата меѓу *m. iliotibialis* и *m. iliofibularis* е значајна (P<0,05). Најзастапени заситени масни киселини се палмитинската (18,72–21,20%) и стеаринската (6,66–8,19%). Другите киселини се содржат во значително помали количества (< 1%).

Мононезаситените масни киселини се содржат во најголемо количество во трите мускули. Полинезаситените се најзастапени во *m. gastrocnemius* (31,47%), нешто помалку во *m. iliofibularis* (31,08%) и *m. iliotibialis* (29,30%). Во највисок процент од овие киселини се најдени линолната (15,55–17,43%) и арахидонската (7,78–9,34%). Не се утврдени значајни разлики меѓу мускулите во содржината на мононезаситените и полинезаситените масни киселини. Вкупното количество на незаситени масни

киселини е значајно ($P<0,05$) поголемо во *m. iliofibularis* (72,66%), отколку во *m. iliotibialis* (68,85%).

Пожелните масни киселини (вкупните незаситени + стеаринска киселина) ги има нешто повеќе во *m. iliofibularis* (79,32%) отколку во *m. gastrocnemius* (78,15%) и *m. iliotibialis* (77,04%), но разликите не се сигнификантни. Поповолен однос заситени/незаситени масни киселини е утврден во *m. iliofibularis* (0,38) одошто во *m. gastrocnemius* (0,41) и *m. iliotibialis* (0,45).

Соодносот полинезаситени/заситени масни киселини (0,94–1,14) утврден во трите мускули е доста корисен за потрошувачите. Светската здравствена организација препорачува однос од над 0,4, па месото од ној и мастите со нивните вредности може да се сметаат за „здрави“.

Врз основа на резултатите од истражувањето на квалитетните особини на реновките, констатирано е дека загубата во маса („кало“) во текот на термичката обработка на реновките е значајно ($P<0,01$) пониска кај варијантата В (15,98%), во споредба со А (17,94%), Б (17,64%) и Г (18,56%). Највисока pH-вредност, како на првиот така и на дваесеттиот ден по производството (6,50 и 6,49), имаат реновките од варијантата А, потоа од В (6,47 и 6,45), а нешто пониска вредност (6,46 и 6,42) имаат тие од варијантите Б и Г (6,46 и 6,43). Разликите меѓу различните варијанти реновки во pH-вредноста не се статистички сигнификантни. Сензорните особини на реновките, изразени преку пондерирана средна вредност и во проценти од максималниот квалитет, се највисоки кај варијантата А, а најниски кај Г. Во зависност од варијантата, реновките содржат: 53,52–63,49% вода, 12,73–14,70% протеини, 18,75–30,71% масти и 2,56–2,84% пепел. Установено е дака разликите во содржината на вода меѓу четирите варијанти се статистички значајни ($P<0,01$). Во содржината на масти, исто така, има значајни разлики меѓу сите варијанти, освен меѓу Б и В, а разликите во содржината на протеини и пепел се безначајни.

Од анализата на маснокиселинскиот профил на реновките е констатирано дека најзастапени заситени масни киселини се палмитинската и стеаринската. Во варијантата Г количеството на речиси сите заситени масни киселини е значајно ($P<0,01$) намалено. Од мононезаситените масни киселини во најголемо количество се содржат олеинската и палмитолеинската. Олеинската се содржи значајно ($P<0,01$) повеќе во варијантата Г, а разликите во содржината на палмитолеинската киселина се сигнификантни ($P<0,01$) меѓу сите варијанти. Од полинезаситените масни киселини, линолната е откриена во најголемо количество и тоа значајно ($P<0,01$) повеќе во варијантата Г.

Вкупните заситени масни киселини се содржат значајно ($P<0,05$) помалку во реновките произведени со смеса од растителни масла (12,84%). Во реновките произведени со животински масти, заситените масни киселини се значајно ($P<0,05$) помалку застапени во варијантата со ноева лој (36,58%), отколку во таа со сланина (40,24%), додека разликите со варијантата со лој + сланина (38,02%) се безначајни. Замената на анималните масти со растителни масла ја намалила содржината на заситени масни киселини за 64,90 до 68,09%. Вкупното количество на мононезаситени масни киселини е значајно ($P<0,05$) повисоко во варијантата А (41,78%), околку во В (37,85%), Г (36,10%) и Б (35,11%). Полинезаситените масни киселини се убедливо највисоко застапени ($P<0,05$) во варијантата Г (51,06%), во споредба со Б (24,65%), В (24,13%) и А (21,64%).

Генерално, во сите третмани, содржината на палмитинската и стеаринската, олеинската и линолната е повисока од другите масни киселини. Реновките во кои 84% од животинските масти се заменети со смеса од растителни масла имаат најповолен маснокиселински состав, содржат повеќе незаситени и пожелни, а помалку заситени масни киселини и имаат најдобар однос заситени/незаситени и полинезаситени/заситени масни киселини. Од реновките со анимални масти, според содржината на заситени и незаситени масни киселини, најдобра е варијантата А, а според застапеноста на пожелните масни киселини варијантата Б, заради повисоката содржина на стеаринската киселина. Како и да е, нема големи разлики во општиот маснокиселински состав меѓу реновките со животински масти.

Во **дискусијата** докторантката одделно ги коментира резултатите од сопствените истражувања на квалитетните особини на месото и на колбасите, правејќи компаративна анализа како меѓу мускулите така и меѓу варијантите на колбаси. Своите податоци ги споредува и ги дискутира со податоците од литературата и дава образложение за сличностите и разликите во резултатите објавени од повеќе други автори.

Врз основа на постигнатите резултати од истражувањата, изведени се концизни **заклучоци** кои даваат одговор на поставените цели во испитувањата.

Користени се 203 извори на **литература**, од кои 10 домашни и 193 странски.

## Оцена на дисертацијата

Од содржината на дисертацијата произлегува дека истражувањата претставуваат интересна и актуелна проблематика. Дадени се исцрпни податоци за квалитетните особини на ноевото месо и на четири варијанти колбаси произведени од тоа месо.

Добиените резултати од своите испитувања докторантката ги споредува со податоци од литературата до кои дошле други истражувачи. На задоволителен начин одговорила на поставените задачи и врз основа на резултатите од своите истражувања правилно извела заклучоци и со тоа дала соодветен научен придонес во областа на науката за месо, а посредно и во индустријата за месо.

Докторската дисертација е уредно обработена со потребни прикази и варијационо-статистичка обработка на податоците. Земена во целина, дисертацијата има квалитет на научен труд, базиран врз самостојни истражувања и обработка на податоците, напишана на јасен и лесно разбирлив стил.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Докторската дисертација со наслов **„Карактеристики на месото и на колбасите произведени од месо од ној (*Struthio camelus*)“**, пријавена и изработена од м-р Даниела Беличовска од Скопје, според обемот, методолошкиот пристап и содржината и начинот на обработка на податоците претставува самостоен оригинален научен труд кој ги исполнува критериумите за докторска дисертација.

Комисијата ја прифаќа и позитивно ја оценува докторската дисертација и му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје да го прифати извештајот и да овозможи нејзина јавна одбрана.

**Рецензентска комисија**

Проф. д-р Златко Пејковски, с.р.
Проф. д-р Божидар Жлендер, с.р.
Проф. д-р Михаил Данев, с.р.
Проф. д-р Зехра Хајрулаи-Муслиу, с.р.
Проф. д-р Драгослав Коцевски, с.р.

**Преглед**
**на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за земјоделски науки и храна во состав на УКИМ во Скопје од V-тата седница на Наставно-научниот совет одржана на 8.10.2013 година**

| Кандидат | Наслов на труд МК | Наслов на труд ENG | Ментор |
|---|---|---|---|
| Билјана Цибрева Трајкоска | Оцена на производни и репродуктивни параметри кај холштај бикови наменети за вештачо осеменување | Assessment of the production and reproductive parameters in Holstein bulls aimed for artificial insemination | Проф. д-р Ѓоко Буневски |
| Дана Ужевска | Испитување на можностите за продолжување на трајноста на ќебапите | Examination the opportunities for chevapi shelf life extending | Проф. д-р Златко Пејковски |

П Р Е Г Л Е Д
На теми за изработка на магистерски труд прифатени од
Наставно-нучниот совет на Стоматолошки факултет во Скопје
на седницата одржана на 16.09.2013 година

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Емилија Цоцеска | Наслов на прифатени теми на македонски јазик: Анализа на промените на емајлот при различни протоколи на белење на заби.<br><br>Наслов на прифатени теми на англиски јазик: Analysis of enamel alterationsfollowing varius tooth bleaching | Проф. д-р Елизабета Георгиевска |
| Луан Треси | Економска евалуација на превентивните стоматолошки програми кај училишни деца<br><br>Наслов на прифатени теми на англиски јазик: Ekonomic evaluation of the preventive dental programmes in schoolchildren. | Проф. д-р Елизабета Георгиевска |

**П Р Е Г Л Е Д**

**на одобрени теми за изработка на магистерски трудови на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Природно-математички факултет – Скопје, на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот, одржана на 26.09.2013 година.**

| **Кандидат** | **Тема** | **Ментор** |
|---|---|---|
| Билјана Римческа, дипломиран професор по биологија | „СТРУКТУРА НА ЗАЕДНИЦАТА НА МАКРОИНВЕРТЕБРАТИ ОД ОРЕ-ВОВЕЧКА РЕКА И ПРИЛЕПСКО ЕЗЕРО“ | - д-р Стое Смиљков, редовен професор на ПМФ – Скопје. |
| Искра Кајевска, дипломиран шумарски инженер | „PEZIZOMYCETES И LEOTIOMYCETES (ASCOMYCOTA) ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ | - д-р Митко Караделев, редовен професор на ПМФ – Скопје. |
| Наташа Велковска, дипломиран професор по географија | „КАРТОГРАФИРАЊЕ НА ХИДРОГЕОГРАФСКИТЕ ПО-ТЕНЦИЈАЛИ ЗНАЧАЈНИ ЗА ОДРЖЛИВИОТ РАЗВОЈ НА МАЛЕШ И ПИЈАНЕЦ“ | - д-р Благоја Маркоски , редовен професор на ПМФ – Скопје. |
| Ивица Мацевиќ, дипломиран професор по географија | „ПОЛИТИЧКО-ГЕОГРАФСКИ ДЕТЕРМИНАНТИ ЗА СУВЕРЕНОСТА И ИНТЕГРИТЕТОТ НА Р. МАКЕДОНИЈА“ | - д-р Ристо Мијалов, редовен професор на ПМФ – Скопје. |
| Билјана Крстевска, дипломиран етнолог и антрополог | „ЕТНОЛОШКО И АНТРОПОЛОШКО ИСТРАЖУВАЊЕ НА АЏИЛАКОТ КАЈ МУСЛИ-МАНИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ОД 2008 ДО 2013 ГОДИНА“ | - д-р Љупчо Ристески, редовен професор на ПМФ – Скопје. |
| Бојана Димовска, дипломиран инженер по хемија | „МОНИТОРИНГ НА ЗАГАДУВАЊЕ НА ПОЧВАТА И ВОЗДУХОТ СО ТЕШКИ МЕТАЛИ ВО БИТОЛА И НЕЈЗИНАТА ОКОЛИНА“ | - д-р Трајче Стафилов, редовен професор на ПМФ – Скопје. |
| Маја Скендеровска, дипломиран инженер технолог | „ФОРЕНЗИЧКА АНАЛИЗА НА ПРОДУКТИ ОД ИСПАЛУВАЊЕ СО ОГНЕНО ОРУЖЈЕ СО ПРИМЕНА НА SEM-EDX“ | - д-р Биљана Минчева Шукарова, редовен професор на ПМФ – Скопје (во пензија). |

| | | |
|---|---|---|
| Марјан Михајлов, дипломиран инженер по заштита на животната средина | „ДИСТРИБУЦИЈА НА ТЕШКИ МЕТАЛИ ВО ПОЧВИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ | - д-р Трајче Стафилов, редовен професор на ПМФ – Скопје. |
| Роза Поповска, дипломиран фармацевт | „РАЗРАБОТКА НА МЕТОД ЗА КВАНТИТАТИВНА АНАЛИЗА НА МЕТАНОЛ ВО ПРИМЕРОЦИ ОД ДОМАШНО ПРОИЗВЕДЕНИ РАКИИ СО ПРИМЕНА НА ГАСНА ХРОМАТОГРАФИЈА СПРЕГНАТА СО МАСЕНА СПЕКТРОМЕТРИЈА“ | - д-р Зоран Здравковски, редовен професор на ПМФ – Скопје. |
| Стојанче Волканоски, дипломиран инженер по хемија | „ХЕМОМЕТРИСКИ ПРИСТАП ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПОТЕКЛОТО НА АВТОМОБИЛСКИТЕ БОИ“ | - д-р Игор Кузмановски, вонреден професор на ПМФ – Скопје. |

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА Е-БИЗНИСОТ НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на распишаниот конкурс за **избор на еден асистент по група предмети од областа на Е-бизнисот**, објавен во „Вечер” од 29.6.2013 година, Наставно - научниот совет на Економскиот факултет на седницата одржана на 2.9.2013 година, ја донесе Одлуката бр. 0202-2406/9 од 6.9.2013 година со која нѐ определи за членови на Рецензентската комисија за избор на асистент по група предмети по Е-бизнис.

Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Сашо Јосимовски, проф. д-р Калина Треневска Благоева и проф. д-р Вера Наумовска, по разгледувањето на прилозите на пријавените кандидати на конкурсот, на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје му го доставува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс се пријавија двајца кандидати: м-р Марјан Туџарски и м-р Мијалче Санта, досегашен асистент по група предмети од областа на Е-бизнисот на Економскиот факултет во Скопје.

**<u>Кандидат: м-р Марјан Туџарски</u>**

**1. Биографски податоци**

Кандидатот м-р Марјан Туџарски е роден на 15 јуни 1974 година во Делчево. Средно училиште завршил во ЕМУЦ „Никола Тесла“ во Скопје. Во 1993 година се запишал на Економскиот факултет на департманот менаџмент и дипломирал во 1999 година.

Во 2002 година се запишал на постдипломските студии по сметководство и ревизија, на кои во 2012 година магистрирал.

Кандидатот м-р Марјан Туџарски во својата апликација има приложено и уверение за успешно завршен курс за англиски и потврда за работен однос од 15.3.2000 до 15.6.2000 година и 25.11.2004 до 30.11.2008 година во ТД Макошпед АД -Скопје.

**<u>Кандидат: м-р Мијалче Санта</u>**

**1. Биографски податоци**

Кандидатот м-р Санта Мијалче е роден на 29 јуни 1980 година во Штип, каде што во 1998 година го завршил средното гимназиско образование. Во 1998 година се запишал на Економскиот факултет во Скопје, на департманот менаџмент, а во 2001 година своето образование го продолжил на Универзитетот за професионално образование „Фонтис“ во Ајндховен, Холандија. Дипломирал во јануари 2003 година.

Во учебната 2003/2004 година кандидатот м-р Мијалче Санта се запишал на постдипломските студии по Е-бизнис на Абердин бизнис-школата во Абердин,

Шкотска. Магистрирал во јуни 2006 година со магистерскиот труд со наслов „Применливост на моделите за миграција кон е-бизнис на МСП (мали и средни претпријатија) – случајот со текстилните МСП во штипскиот регион“.

Во учебната 2008/09 година, кандидатот, м-р Мијалче Санта се запишал на докторски студии на l'Université Paris 1 - Panthéon – Sorbonne во Франција под менторство на проф. д-р Селмин Нуркан. Темата на докторската дисертација е „Рамка за мултиваријациона континуирана трансформација кон организации кои учат“.

Во периодот од март до септември 2003 година, кандидатот м-р Мијалче Санта бил ангажиран како демонстратор по предметот основи на Е-бизнис. Во септември 2003 година кандидатот е избран, а во септември 2006 година е реизбран како помлад асистент по група предмети по Е-бизнис на Економскиот факултет во Скопје. Во мај 2007 година м-р Мијалче Санта е избран, а во мај 2010 е реизбран за асистент по група предмети по е-бизнис на Економскиот факултет во Скопје, на кое работно место се наоѓа и сега.

Кандидатот м-р Мијалче Санта одлично го владее англискиот јазик.

**2. Наставно-научна дејност**

Во однос на наставно-научната дејност, кандидатот м-р Мијалче Санта првите искуства ги стекнува како демонстратор по предметот основи на Е-бизнис. По изборот и реизборот за помлад асистент и изборот за асистент, па сè до денес, кандидатот активно учествувал во тимовите за реализирање на наставно-образовната дејност по следниве предмети: основи на Е-бизнис, основи на дигитална економија, интернет-маркетинг, менаџмент на Е-бизнис 1, менаџмент на Е-бизнис 2 и современи трендови во е-бизнис. Кандидатот совесно и квалитетно ги извршувал своите работни задачи, кои се однесуваат на подготовка и одржување на проектно-ориентираните вежби, консултации со студентите за проектите на кои работат и помош при подготовка и изведување на колоквиумите и испитите по наведените предмети на Економскиот факултет во Скопје.

Учествата на семинари, на конференции и на проекти, како и објавените статии до последниот избор во звањето асистент на 28.5.2010 година, презентирани се и рецензирани во Билтенот бр. 985 од 30.4.2010 година. Во продолжение ќе бидат наведени неговите научноистражувачки и академски активности по последниот избор.

Во однос на научната дејност, кандидатот м-р Мијалче Санта од последниот избор во звањето асистент до сега ги има изготвено и објавено следниве научни трудови кои припаѓаат во областа на Е-бизнисот:

- објавен труд, *The Learning Organization Atlas Framework: A Design Science Approach',* во коавторство со проф. д-р Селмин Нуркан, 26th Bled eConference “eInnovations: Challenges and Impacts for Individuals, Organizations and Society”, во јуни 2013 година;
- објавен труд, *The Learning Organization Atlas Framework: An iPad Prototype'*, 26th Bled eConference “eInnovations: Challenges and Impacts for Individuals, Organizations and Society”, во јуни 2013 година;
- објавен труд, *The National Policy Mixes of the Republic of Macedonia toward European Research Area'*, во коавторство со проф. д-р Сашо Јосимовски и проф. д-р Калина Треневска Благоева, International Conference for Entrepreneurship, Innovation and Regional Development ICEIRD, во мај 2011 година;

- објавен труд, *Имплементирање на софтвер за управување со ресурсите на претпријатието во мала компанија во Македонија – истражување на случај'* Годишник на Економскиот факултет во Скопје, Скопје, октомври 2010 година;
- објавен труд, *Implementation of the ERP System in the Government Institutions – The Case of Macedonian Government Institution'* во коавторство со м-р Марина Серафимоска, 10th Manufacturing Accounting Research Conference, European Institute for Advanced Studies in Management, јуни 2010 година.

Во продолжение на рецензијата даден е краток осврт на некои од трудовите:

Во трудот, *The Learning Organization Atlas Framework: A Design Science Approach'* се елаборира како може новата дизајн методологија, која се користи во рамките на информационите системи, да се искористи за креирање на рамка за организациите кои учат. Во трудот се презентира како резултатите од дизајн-методологијата можат да се поврзат со рамката за организациите кои учат. На крај, сето тоа е презентирано низ временска динамика на реализација.

Во трудот, *The Learning Organization Atlas Framework: An iPad Prototype'* се презентира реализација на атлас-рамката за организации кои учат. Прототипот се состои од елементи со кои се презентираат областите кои се анализираат (како учење, култура, структура и т.н.), димензиите низ кои се анализираат овие области, мапите кои се добиваат со анализата и усогласеноста на различните области врз основа на димензиите со кои се споредуваат.

Во трудот, *Имплементирање на софтвер за управување со ресурсите на претпријатието во мала компанија во Македонија – истражување на случај',* објавен во Годишникот на Економскиот факултет во Скопје, кандидатот м-р Мијалче Санта истражува како МСП имплементираат ЕРП-софтвер. Во трудот се дава преглед на имплементацијата на ЕРП-систем во мало претпријатие во Македонија. Потоа е направена споредба на моделите за имплементација на ЕРП-системи со имплементацијата во мало претпријатие во Македонија. Заклучокот е дека фазите на имплементација интуитивно се следат од страна на малото претпријатие, но не така на формален и предодреден начин како што е дадено во моделите.

Исто така, треба да се истакне дека кандидатот од март 2013 година е рецензент за научното списание „The Learning Organization", кое се издава од Емералд.

Во однос на апликативната дејност, кандидатот м-р Мијалче Санта од последниот избор во звањето асистент ги следниве активности:

- член на Управниот одбор на YES-инкубаторот од септември 2012 година;
- член на ФП7-експертската група во рамките на Enterprise Europe Network од јануари 2012 година;
- проектен советник во Европскиот информативен и иновативен центар од март 2011 година.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Оценувајќи ја наставно-научната, образовната и апликативната дејност на пријавените кандидати, Комисијата му дава предност на кандидатот м-р Мијалче Санта поради следниве причини:

- кандидатот направил видни чекори во својот развој во рамките на наставно-образовната и научната дејност од последниот избор за асистент, за што сведочат научните и стручните трудови и позицијата рецензент за научното списание The Learning organization;

- проблемите што се анализираат во трудовите се од областа на е-бизнисот и се непосредно поврзани со наставните содржини на предметите по Е-бизнис;

- кандидатот м-р Мијалче Санта совесно ги извршува поставените задачи и покажува квалитетни вештини за тимска работа и за комуникација со студентите;

- магистрирал на соодветни постдипломски студии од областа на Е-бизнисот;

- запишан е на соодветни докторски студии по Е-бизнис, со одобрена тема за докторски труд.

Врз основа на реченото, а во согласност со член 140 од Законот за високото образование и Статутот на Економскиот факултет во Скопје, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, кандидатот м-р Мијалче Санта **да биде избран во звањето асистент по група предмети од областа на е-бизнисот**.

Рецензентска комисија

Проф. д-р Сашо Јосимовски с.р.

Проф. д-р Калина Треневска Благоева с.р.

Проф. д-р Вера Наумовска с.р.

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ОД ОБЛАСТА НА АРХИТЕКТОНСКОТО ПРОЕКТИРАЊЕ НА ИНСТИТУТОТ ЗА АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ ПРИ АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ, ПО ПРЕДМЕТИТЕ: АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ 2 И АРХИТЕКТОНСКО СТУДИО

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, донесена на 1. седница одржана на 7.10.2013 година, по објавениот конкурс за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања од областа на архитектонското проектирање на Институтот за архитектонско проектирање при Архитектонскиот факултет во Скопје по предметите: архитектонско проектирање 2 и архитектонско студио, беше избрана Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Минас Бакалчев, претседател, проф. д-р Влатко П. Коробар, член, и доц. д-р Александар Радевски, член.

На конкурсот објавен во дневните весници „Дневник“ и „Лајме“ на 13.9.2013 година се пријави кандидатот д-р Јован Ивановски, досегашен асистент на предметите за кои конкурира. Комисијата ја разгледа и ја оцени доставената документација од кандидатот и врз основа на личниот увид на членовите на Комисијата во неговото професионално дејствување во периодот од вработувањето на Факултетот до денес, на Наставно-научниот совет му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Јован Ивановски е роден на 7.5.1976 година во Тетово. Основното и средното образование ги завршил во Скопје. Се запишал на Архитектонскиот факултет во Скопје во 1994 година. Во текот на 2001 година, како студент- апсолвент, остварил едногодишен престој во бирото *Грабер и Штајгер* во Луцерн, Швајцарија, кадешто работел на проектите:

- Училишна спортска сала во Куонимат, Швајцарија;
- Општинска зграда во Вехлен Волерау, Швајцарија;
- Меѓународен конкурс за историски музеј во Берн, Швајцарија;
- Меѓународен конкурс за станбен комплекс во Цуг, Швајцарија.

Студиите по архитектура ги завршил на Архитектонскиот факултет во Скопје во март 2003 година, а дипломирал со проект на тема: „Блок 3.3, Мал ринг, Скопје, кон нов урбан пејзаж - програмско и обликовно истражување“ под менторство на доц. м-р Гоце Аџи Митревски.

На 30.12.2003 година е избран за помлад асистент по предметите: основи на проектирање и архитектонско проектирање (на додипломските студии за стручно образование во траење од 5 семестри) и Архитектонско проектирање (во продлабоче-

ната настава). Во 2005 година се запишал на постдипломските студии по архитектура на Архитектонскиот факултет во Скопје. Во мај 2006 година добил едногодишна стипендија на германскиот сервис за академска размена, финансиран од Германската влада (ДААД) за постдипломски студии на еден од факултетите во Германија. Во јули 2006 година се запишал на постдипломски студии на Институтот за архитектура во Десау, Германија, при Универзитетот за применети науки „Анхалт”, каде што го продолжил изучувањето на архитектурата. Во јули 2009 година магистрирал на тема: „Декодирање на постсоцијалистичката транзиција на примерот на Скопје - домувањето во арената на приватниот интерес - надоаѓање на нови урбани прототипови“. Во септември 2009 година, од страна на ДААД, ангажманот на Јован Ивановски на постдипломските студии е награден како најдобро академско остварување на странски студент за 2008 година на Универзитетот за применети науки „Анхалт“.

На 14.2.2007 година повторно е избран за помлад асистент по предметите: основи на проектирање и архитектонско проектирање (на додипломските студии за стручно образование во траење од 5 семестри) и архитектонско проектирање (во продлабочената настава). На 14.7.2009 првпат е избран за асистент од областа на архитектонското проектирање, при Институтот за архитектонско проектирање на архитектонскиот факултет во Скопје, а на 5.6.2012 година повторно е избран во истото соработничко звање.

Во декември 2008 година, на Архитектонскиот факултет во Скопје, Јован Ивановски пријавил изработка на докторската дисертација со наслов: “Постсоцијалистичката транзиција на примерот на Скопје - новите урбани прототипови и новиот пејзаж на домот”, која ја одбранил во септември 2013 година, по што се стекнал со научниот степен доктор на технички науки.

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Од вработувањето до денес, во рамките на Институтот за архитектонско проектирање, кандидатот учествувал во наставата по предметите: основи на проектирање, архитектонско проектирање (во продлабочената настава), проектирање на индустриски згради (2005/2006, 2008/2009), внатрешна архитектура, архитектонско проектирање 1, архитектонско студио 3 и архитектонско студио 4. Во учебните 2011/2012 и 2012/2013 година учествувал во изведувањето на наставата по предметот ревитализација на градителско наследство, при Институтот за заштита на градителското наследство и историја на архитектурата и уметноста.

## Учество на летни школи и работилници по архитектура:

Покрај учеството во редовната настава на Архитектонскиот факултет во Скопје, во периодот од вработувањето до денес, Јован Ивановски учествувал како ментор на повеќе летни школи и работилници по архитектура, и тоа:

- Работилница по архитектура, тема: „Урбани средсела: препознавање и обнова на јавните простори”, општина Илинден, Македонија, 2012 година;
- Летна школа по архитектура, сесија 2012, тема: “Пејзажот и ограничувањата на архитектурата”, Крива Паланка, Македонија, 2012 година;

- Работилница по архитектура, тема: “Нови урбани топологии”, Скопје, Македонија, 2011 година;
- Работилница по урбан дизајн и архитектура, тема: “Јужен булевар-нова оска на развој на градот Скопје”, Торино, Италија, 2011 година;
- Работилница по урбан дизајн и архитектура, тема: “Јужен булевар-нова оска на развој на градот Скопје”, Скопје, Македонија, 2011 година;
- Летна школа по архитектура, сесија 2011, тема: “Невидливи лавиринти”, Крива Паланка, Македонија, 2011 година;
- Работилница по архитектура, тема: “Суперград”, во рамките на Skopje Architecure Week, Скопје, Македонија, 2011 година;
- Работилница по архитектура, тема: „По урбаната експлозија“, Болоња, Италија, 2011 год.;
- Летна школа по архитектура, сесија 2010, тема: “Архитектурата им припаѓа на (сите) луѓе”, Крива Паланка, Македонија, 2010 година;
- Работилница по архитектура, тема: “Крушево - Архитектура, традиција и меморија”, Крушево и Скопје, Македонија, 2010 година;
- Летна школа по архитектура, сесија 2006, тема: “Процес - учење преку правење”, Крива Паланка, Македонија, 2006 година;
- СЕЗАМ 2006 _ Меѓународна архитектонска работилница, тема: “Реанимација”, Крушево, Македонија, 2006 година;
- Летна школа по архитектура, сесија 2005, тема: “Куќата во период на транзиција”, Крива Паланка, Македонија, 2005 година;
- Летна школа по урбан дизајн, тема: “Инфраструктурата како уметност”, Ферара, Италија, 2005 година;
- Мајсторска работилница по архитектура со Христос Папуљас, тема: “Обликување на работ”, Варош, Македонија, 2005 година;
- Летна школа по архитектура, сесија 2004, тема: “Рехабилитација на производни објекти”, Крива Паланка, Македонија, 2004 година.

## Јавно одржани предавања:

Надвор од наставата на Архитектонскиот факултет, Јован Ивановски учествувал со свои излагања или предавања на повеќе различни стручни собири:

- предавање со наслов: Ремапирање на Скопје, во рамки на работилницата Нови Урбани Топологии, одржано во советот на град Скопје (заедно со доц. д-р Огнен Марина), 2011 година;
- предавање со наслов: Град во постсоцијалистичка транзиција на примерот на Скопје, одржано на архитектонскиот факултет во Торино, Италија, 2011 година;
- предавање со наслов: Publicscapes of Legacies and Forces on the case of post-socialist Skopje, конференција: Cities of Others – Balkan City, Болоња – Италија, 2009 година;
- предавање со наслов: Град во постсоцијалистичка транзиција на примерот на Скопје, одржано во Фондацијата Баухаус - Десау, оддел “Коллег”, 2008 година;
- предавање со наслов: Градот од разгледницата или градот на денешницата, на меѓународната работилница за архитектура во Крушево, 2006 година;
- предавање со наслов: Нашите проекти-нашата школа-нашиот град” на Летната школа за урбан дизајн, Факултет за архитектура во Ферара, Италија, 2005 год.;
- предавање со наслов: Инфраструктурата како уметност”-на Летната школа за архитектура сесија 2005, Манастир Св. Јоаким Осоговски, Македонија, 2005 год.

- предавање со наслов: Крива Паланка-град на иновација”-на Летната школа за архитектура сесија 2004 (со арх.Доминика Бошкова), Манастир Св. Јоаким Осоговски, Македонија, 2004 година.

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Во периодот од вработувањето до денес, самостојно или во соработка со колеги, Јован Ивановски објавил повеќе научни трудови, и тоа:

- труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор, под наслов: „Housing against citizenship on the case of Zlokukjani settlement in Skopje“, во ZAWIA, (2012) pp. 190-203;
- труд со оригинални научни/стручни резултати објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор, „Urban Dialog: strategies for soft reconstruction of city historic district in Skopje“, 2011;
- труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир, под наслов: „After Urban Explosion“, во Working With the Territory-strategies for the new territorialities, CREPUD-MED, ACTAR, (2011), pp. 50;
- труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир, под наслов: „Scenari pubblici, tra eredita del passato e spinte al cambiamento. Il post-socialismo a Skopje - Macedonia“, во „Le Citta delli altri-Spazio pubblico e vita urbana nelle citta dei migranti“, Edisai (2010), pp.108-121;
- труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир, под наслов: „Modeling pedestrian mobility as a designer‘s tool in urban protected areas“, во „Reliability and Statistics in Transportation and Communication“, Conference proceedings RelStat ’11, Riga, Latvia (2011), pp.408-418.

Во споменатиот период, учествувал и на повеќе меѓународни стручни и научни конференции и собири:

- меѓународен собир на факултетите по архитектура од југоисточна Европа во Солун, Грција, на тема: Архитектурата и градот во југоисточна Европа, во рамки на тимот кој го претставуваше Архитектонскиот факултет во Скопје во јануари 2012 година;
- меѓународна конференција „After Urban Explosion“–Болоња, Италија, во мај 2011 год.;
- семинар во организација на Клуб УНЕСКО, „Кон нов општествен дијалог“, со предавањето: Архитектура и толеранција - сценарија за архитектонска обнова на старата скопска чаршија (со проф. Гоце Аџи-Митревски, арх. Доминика Бошкова, арх.Бојан Каранаков), во мај 2010 година;
- меѓународна конференција “Cities of Others" – Болоња, Италија, во мај 2010 година.

Во периодот 2010 година Јован Ивановски објавил повеќе стручно-популарни студии во дневниот весник “Нова Македонија” (Фејсбук град, Инстант град, Тематски град, Рурбан град, Чаршија град, Напуштен град, Невидлив град, Разгледница град, Незавршен град, Елитен град, Постиндустриски град, Печалбархитектура, Разубавизатор 2014, Обнова на бигорскиот манастир).

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Во периодот од вработувањето до денес, самостојно или во соработка со колеги-архитекти, Јован Ивановски континуирано работи на идејни архитектонски решенија и проекти (претставени во поднесеното портфолио):

- идејно архитектонско решение за основно училиште во Скопје, конкурс, 2013 г.;
- идејно архитектонско решение за Универзална сала - Скопје, конкурс, 2013 г.;
- идејно архитектонско решение за административно-деловен комплекс со јавен простор во Гњилане, Косово, EUROPAN-конкурс, 2013 година;
- идејно архитектонско решение за станбено-деловен комплекс со јавен простор во Виена, Австрија, EUROPAN конкурс, 2013 година;
- идејно архитектонско решение за Центар за урбани уметности со јавен простор во Скопје, конкурс, 2013 година;
- идејно архитектонско решение за Камелот - истражувачки центар и центар за посетители, во South Cadbury, Англија, конкурс, 2013 година;
- идејно архитектонско решение за споменик на конструктивизмот во Новосибирск, Русија, конкурс, 2012 година;
- идејно архитектонско решение за Инспиративен хотел во кањонот на езерото Матка, конкурс, 2012 година;
- идејно архитектонско решение за едносемејна куќа со деловен простор во населбата Тафталиџе во Скопје, 2011 година;
- идејно архитектонско решение за дом за стари и изнемоштени лица во Штип, конкурс, 2011 година;
- идејно архитектонско решение за типска, монтажно-демонтажна повеќенаменска тезга, конкурс, 2011 година;
- идејно архитектонско решение за доградба на музејот Serlachius во Госта, Финска, конкурс, 2011 година;
- идеен архитектонски проект за санација и програмско-обликовна адаптација на деловен простор во Старата скопска чаршија, 2010 година;
- идејно архитектонско решение зареобликување и пренамена на објектот Sednaoui Al Khazendar во Каиро, Египет, конкурс, 2010 година;
- идејно архитектонско решение за типски повеќесемејни станбени згради во Скопје и низ градовите во Р.Македонија, конкурс, 2010 година;
- идејно архитектонско решение за типска повеќенаменска спортска сала за 1000 гледачи во Скопје, конкурс, 2010 година;
- идејно архитектонско решение за повеќенаменска спортска сала за 3000 гледачи во општина Аеродром Скопје, 2010 година;
- идејно архитектонско решение за живеалиште на жирафи во зоолошката градина во Скопје, 2010 година;
- идејно архитектонско решение за живеалиште на слонови во зоолошката градина во Скопје, 2010 година;
- идеен архитектонски проект за административна зграда на општина Карпош во Скопје, 2010 година;
- идејно архитектонско решение за катна гаража на Булевар „Мито Хаџивасилев Јасмин“ во Скопје, конкурс, 2010 година;
- идејно архитектонско решение за катна гаража на Булевар “Даме Груев” во Скопје, 2010 година;
- идејно архитектонско решение за нова административна зграда на општина Карпош во Скопје, конкурс, 2010 година;
- идејно архитектонско решение за внатрешно уредување на работните простории на урбаната заедница “Владо Тасевски” во Скопје, 2010 година;

- идејно архитектонско решение за пешачки мост на реката Вардар во Скопје, конкурс, 2010 година;
- идејно архитектонско решение за индивидуален станбен објект во село Горно Соње, 2010 година;
- идејно архитектонско решение за типска, монтажно-демонтажна повеќенаменска тезга, конкурс, 2009 година;
- идејно архитектонско решение за индивидуален станбен објект во Старата скопска чаршија, 2009 година;
- идејно архитектонско решение за Драмски театар - Скопје, конкурс, 2009г.;
- идејно архитектонско решение за Универзитетот за информатички технологии во Скопје, конкурс, 2009 година;
- идејно архитектонско решение за надградба на Градски трговски центар Скопје, 2008 година;
- идејно архитектонско решение за крајбрежјето Ред Хук, Њујорк, 2008 година;
- идејно архитектонско решение за мултинаменски павиљон во Берлин, Германија, 2008 година;
- идејно архитектонско решение за железничката станица Порта Алпина во Седрун, Кантон Грабунден – Швајцарија, 2008 година;
- идејно архитектонско решение за новата резиденцијална зона на градот Иланц, Кантон Грабунден – Швајцарија, 2008 година;
- идејно архитектонско решение за висококатница Тамар, во Хонг Конг, Кина, 2007 година;
- идејно архитектонско решение за Нов Историски Музеј на плоштадот Ромеберг во Франкфурт, Германија, 2007 година;
- идејно архитектонско решение за обликување на јавен градски простор со скулптурално решение за споменикот на бранителите од 2001 година во населба Драчево, конкурс, 2006 година;
- идејно архитектонско решение за реконструкција на Управна резиденција на Џеладин бег во Самоиловиот град Горни Сарај, Охрид (соработник на Проф. Борис Чипан), 2006 година;
- идејно архитектонско решение за индивидуален станбен објект во Ѓорче Петров –Скопје, 2006 година;
- идејно архитектонско решение за повеќесемејна станбена зграда Кисела Вода Скопје, основен проект, 2006 година;
- идејно архитектонско решение за индивидуален станбен објект во Љубош - Скопје, 2006 година;
- идејно архитектонско решение за доградба на индивидуален станбен објект Тетово, реализација, 2005 година;
- идејно архитектонско решение за градинарски центар Фоја во Скопје, 2005 г.;
- идејно архитектонско решение ЕУРОПАН 8 Истанбул Зејтинбурну, конкурс, 2005 год.;
- проект за настрешница за автобуска постојка, Скопје, 2005 година;
- проект за стандардизиран типски мебел и книга на препораки за проектирање на работните простории на Македонска Пошта, 2005 година;
- проект за доградба на нартекс и трем на црквата Св. Јован Крстител во Скопје, 2005 година;
- идеен и основен архитектонски проект за индивидуален станбен објект во населба Хром - Скопје, реализација, 2004 година;
- дизајн на Ордени и медали на Република Македонија, конкурс, 2004 година;
- идејно архитектонско-урбанистичко решение за Реонски центар Карпош 3, Скопје, конкурс, 2004 година;

- идејно архитектонско решение за два плоштада во Куманово, конкурс, 2004 г.;
- основен архитектонски проект за реконструкција и адаптација на Државна фитосанитарна лабораторија, Скопје, реализација, 2003 година;
- идејно архитектонско решение за фонтана на плоштад „Македонија“, Скопје, конкурс, 2003 година;
- идејно архитектонско решение за плоштад „Македонија“, Скопје, конкурс, 2003 г.;
- идејно архитектонско решение за ефемерни структури за градот Атина, конкурс, 2003 година.

Исто така, од вработувањето до денес, Јован Ивановски работи и на серија специјални проекти:

- проект за архитектонско и уметничко обликување на постојната изложбена поставка на Музејот на современа уметност во Скопје, реализација, 2013 година;
- проект за архитектонско и уметничко обликување на изложбената поставка во рамки на музејот на холокаустот и толеранцијата во Чандлер (Chandler Holocaust and Tolerance Museum), Аризона, САД, 2012 година;
- проект за архитектонско и уметничко обликување на изложбената поставка „Шеесетите: Светот, Скопје и скопјани” во Музеј на град Скопје, во рамки на манифестацијата „Бела ноќ 2012“, реализација, 2012 година;
- проект за архитектонско и уметничко обликување на изложбената поставка при претставувањето на Република Македонија на Прашкото квадриенале за сценски и театарски дизајн, во секцијата *Архитектура*, реализација, 2011 година;
- проект за архитектонско и уметничко обликување на изложбената поставка при претставувањето на Република Македонија на Прашкото квадриенале за сценски и театарски дизајн, во секцијата *Земји и региони* (коавтор со Филип Јовановски), реализација, 2011 година;
- проект за архитектонско и уметничко обликување на музејската поставка во Музејот на Холокаустот на Евреите од Македонија, Скопје (во рамките на The Berenbaum Group-Michael Berenbaum, Los Angeles, USA), реализација, 2011г.;
- проект за архитектонско и уметничко обликување на музејскиот постамент и амбиент за античката скулптура “Венера Путика - Скупи”, во Музеј на град Скопје, 2011 год.;
- проект за архитектонско и уметничко обликување на музејската поставка “Илуминацијата во ракописното наследство од охридската збирка ракописи”, Музеј на град Скопје, реализација, 2011 година;
- проект за архитектонско и графичко обликување на јубилејната музејска поставка “Траги”, по повод 60 години од формирањето на Музеј на град Скопје, 2011 година.

За дел од изработените проекти, Јован Ивановски ги добил следниве награди и признанија:

(а) национални / меѓународни:

- Награда за најдобро реализирана внатрешна архитектура за проектот за архитектонско и уметничко обликување на музејската поставка во Музејот на холокаустот на Евреите од Македонија, Скопје (во рамките на The Berenbaum Group), Биенале на македонската архитектура БИМАС, 2012 година;
- Голема годишна награда за архитектура на Асоцијацијата на архитект на Македонија (ААМ) за 2006 година, за проектот „Скопје - град на можни светови”, 2006 година;

- Honorable mention за проектот: Скопје - град на можни светови, Венециско биенале, 2006 година;
- Втора награда на меѓународниот конкурс за идејно архитектонско решение за Инспиративен хотел во кањонот на езерото Матка (од 100 прист. проекти), 2012 година;
- Honorable mention за идејното архитектонско решение за Камелот - истражувачки и центар за посетители, во South Cadbury, Англија, конкурс (од 360 пристигнати трудови), 2013 година;
- Honorable mention за идејното архитектонско решение за Центар за урбани уметности со јавен простор во Скопје, конкурс (од 110 пристигнати трудови), 2013 година;
- Honorable mention за архитектонскиот проект за реобликување и пренамена на објектот Sednaoui Al Khazendar во Каиро, Египет, 2010 година;

(б) награди на јавни конкурси за избор на најдобро решение:

- Прва награда за проектот за нова административна зграда на општина Карпош во Скопје, 2010 година;
- Прва награда за проектот за Универзитетот за информатички технологии во Скопје, 2009 година;
- Прва награда за проектот за надградба на Градски трговски центар во Скопје, 2008 година;
- Прва награда за проектот за архитектонско и урбано обликување на јавен градски простор со скулптурално решение за споменикот на бранителите од 2001 година во населба Драчево, 2006 година;
- Втора награда за архитектонскиот проект за катна гаража на Булевар "Даме Груев" во Скопје, 2010 година;
- Втора награда за урбанистичко-архитектонскиот проект Два плоштади во Куманово, 2004 година;
- Трета награда за проектот за Универзална сала во Скопје;
- Трета награда за урбанистичко-архитектонскиот проект за Фонтана на плоштадот Македонија во Скопје, 2003 година;
- Трета награда за проектот за Градски плоштад Македонија, Скопје, 2003 г.;
- Откуп за урбанистичко-архитектонскиот проект за Драмски театар Скопје, 2009г.;
- Откуп за архитектонскиот проект за типска, монтажно-демонтажна повеќенаменска тезга, 2009 година;
- Откуп за конкурсниот труд: Ордени и медали на Република Македонија, орден за воени заслуги, 2004 година;
- Откуп за урбанистичко-архитектонскиот проект Реонски центар Карпош 3, Скопје, 2004 година.

(в) пофалници и дипломи:

- АСК 2011 Диплома за посебен придонес во архитектурата на територијата на град Скопје за проектот: Македонско претставување на прашкото квадриенале за сценски дизајн и простор - секција архитектура;
- АСК2003 Пофалница за проектот: Одвиткување на јавниот простор, Скопје;
- АСК2003 Пофалница за проектот: Градски плоштад „Македонија", Скопје;
- АСК2003 Пофалница за проектот: Блок 3.3, Мал Ринг Скопје, Програмско и обликовно истражување;
- Награда БИСТА 2004 за најдобра дипломска работа на Архитектонскиот факултет во Скопје за учебната 2002/03 година.

Во периодот од вработувањето до денес, Јован Ивановски во повеќе наврати самостојно и јавно ги претставувал своите трудови преку изложби, односно во придружни публикации:

- „Theater=Theater+/-“- јавно претставено дело, национално претставување на Република Македонија на 12. Меѓународна изложба за театарски и сценски дизајн Prague Quadriennial (куратори: Ф.Зафировска, Ј.Ивановски), Прага, 16.6.2011-26.6.2011;
- SCArS outBOX 2010, јавно претставено дело - самостојна изложба на архитектонски проекти “SCArS + Архитектри”, Музеј на град Скопје, 2011 год.
- 100.000м2 за Скопје, јавно претставено дело - самостојна изложба на архитектонски проекти “SCArS + Архитектри”, Музеј на град Скопје, 2009 год.

Во истиот период, Јован Ивановски ги изложувал своите архитектонски дела и на групни јавни претставувања, и тоа:

- во рамки на Архитектура Скопје - АСК 2012 со проектот за Инспиративен хотел во кањонот на езерото Матка, 2012 година;
- во рамки на БИМАС 11, со изложбената поставка на Република Македонија на Прашкото квадриенале за сценски и театарски дизајн, во секцијата *Архитектура*, реализација, 2012 година;;
- во рамки на БИМАС 11, со проектот за архитектонско и уметничко обликување на музејската поставка во Музејот на холокаустот на Евреите од Македонија, Скопје (во рамките на The Berenbaum Group- Michael Berenbaum, Los Angeles, USA), 2012 година;
- во рамки на БИМАС 11, со проектот за едносемејна куќа со деловен простор во населбата Тафталиџе во Скопје, 2012 година;
- во рамки на БИМАС 11, со проектот за доградба на музејот Serlachius во Госта, Финска, 2012 година;

  во рамки на БИМАС 11, со проектот Столарска гимнастика - студии за мебел од реупотребени матерјали, 2012 година;
- во рамки на манифестацијата Архитектура Скопје - АСК 2011 со изложбената поставка на Република Македонија на Прашкото квадриенале за сценски и театарски дизајн, во секцијата *Архитектура*, реализација, 2011 година;
- во рамки на манифестацијата Архитектура Скопје - АСК 2011 со архитектонскиот проект за едносемејна куќа со деловен простор во населбата Тафталиџе во Скопје, 2011 година;
- во рамки на манифестацијата Биенале на македонската архитектура БИМАС 10, со проектот за повеќенаменска спортска сала за 3000 посетители во Општина Аеродром – Скопје, 2010 година;
- во рамки на изложбата 60 години Архитектонски факултет Скопје во музејот на град Скопје, со архитектонските проекти: Универзитет за информатички технологии во Скопје, надградба на градскиот трговски центар во Скопје, Драмски Театар во Скопје, 2010 година;
- во рамки на изложбата “Балканологија - урбаните феномени во Југоисточна Европа” во архитектонскиот центар во Виена, со проектот за надградба на Градски трговски центар во Скопје, 2009 година.

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Во периодот од вработувањето до денес, самостојно или во соработка со колеги-архитекти, Јован Ивановски континуирано работи на повеќе проекти:

- Основен проект за реконструкција и адаптација на Државна фитосанитарна лабораторија во Скопје, како одговорен проектант, реализација, 2003 година;
- Основен проект за индивидуален станбен објект во населба Хром, како одговорен проектант, реализација, 2004 година;
- Основен проект за повеќесемејна станбена зграда во Кисела Вода, како одговорен проектант, 2006 година;
- Основен проект за архитектонска адаптација и обликување на музејската поставка на Музејот на холокаустот на Евреите од Македонија, како одговорен проектант, реализација, 2012 година;
- Основен проект за санација и програмско обликовна адаптација на деловен простор во Старата скопска чаршија во Скопје, како учесник, 2010 година;
- Основен проект за внатрешно уредување на работните простории на урбаната зедница Владо Тасевски во Скопје, како одговорен проектант, реализација, 2010 година;
- Архитектонско обликување и визуелизација на изложбената поставка на Музејот на холокаустот и толеранцијата во Чандлер – Аризона, САД, како учесник, 2012 година.

Во истиот период, проектите на кои работел се објавени во повеќе меѓународни и домашни публикации и/или списанија:

- Објавено дело во каталог од национална ликовна манифестација, со проектот за архитектонско и ликовно обликување на јубилејната музејска поставка „Траги“, по повод 60 години од основањето на Музејот на град Скопје, 2009 година;
- Објавено дело во каталог од национална ликовна манифестација, со проектот за архитектонско и ликовно обликување на музејската поставка „60-те, Светот, Скопје и скопјани“, во рамки на „Бела Ноќ 2012“ во Музејот на град Скопје, 2012 година;
- Објавено дело во публикацијата „PQ2011 - At the Still Point of the Turning World“ од меѓународната ликовна манифестација: Прашкото квадриенале за театарски и сценски дизајн, под наслов: „Theater +/-“, 2011 година;
- Објавено дело во “ОРИС - магазин за архитектура и култура”, резиме од самостојната изложба на архитектонски проекти и модели OUTBOX 2010, Загреб, 2011 година;
- Објавено дело во PQ2011-„At the Still Point of the Turning World”, публикација на Прашкото квадриенале за театарски и сценски дизајн, Прага, 2011 година;
- Објавено дело во СКАрС + Архитектри, “OUTBOX 2010", публикација на архитектонски проекти, Музеј на град Скопје, 2011 година;
- Објавено дело во СКАрС + Архитектри, “100.000м2 за Скопје”, публикација на архитектонски проекти, Музеј на град Скопје, 2011 година;
- Објавено дело во ПРОЈЕКТ магазин - Хрватска, Резиме од самостојната изложба “100.000м2 за Скопје”- текст на арх. Мароје Мрдуљаш;
- Објавено дело во A10 магазин - Холандија, резиме од самостојната изложба „100.000 $м^2$ за Скопје“- текст на проф. д-р Влатко П. Коробар;
- Објавен текст во книгата “Неред и Гротеска, 13 Автори”, Гелевски, Н., “Разубавизатор-верзија 2014”, 2012.

**ОБРАЗЕЦ** **АНЕКС 2**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **Јован Андреја Ивановски**
**Институција:** **Архитектонски факултет, УКИМ - Скопје**
**Научна област:** **архитектура**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| **Р.Б.** | **НАЗИВ НА АКТИВНОСТА:** | **ПОЕНИ** |
|---|---|---|
| 1 | Основи на проектирање (2+4), летен семестар<br>2003/2004 вежби: 4 часа x 15 недели x 0.03 x 3 групи = 5.4 | **5.4** |
| 2 | Основи на проектирање (2+4), зимски семестар<br>2004/2005 вежби: 4 часа x 15 недели x 0.03 x 4 групи = 7.2 | **7.2** |
| 3 | Основи на проектирање (2+4), летен семестар<br>2004/2005 вежби: 4 часа x 15 недели x 0.03 x 4 групи = 7.2 | **7.2** |
| 4 | Основи на проектирање (2+4), зимски семестар<br>2005/2006 вежби: 4 часа x 15 недели x 0.03 x 3 групи = 5.4 | **5.4** |
| 5 | Архитектонско проектирање - продлабочена настава (1+8), зимски семестар<br>2005/2006 вежби: 8 часа x 15 недели x 0.03 x 1 група = 3.6 | **3.6** |
| 6 | Внатрешна архитектура (2+5), зимски семестар<br>2005/2006 вежби: 5 часа x 15 недели x 0.03 x 1 група = 2.25 | **2.25** |
| 7 | Основи на проектирање (2+4), летен семестар<br>2005/2006 вежби: 4 часа x 15 недели x 0.03 x 3 групи = 5.4 | **5.4** |
| 8 | Архитектонско проектирање - продлабочена настава (1+5), летен семестар<br>2005/2006 вежби: 5 часа x 15 недели x 0.03 x 1 група = 2.25 | **2.25** |
| 9 | Проектирање на индустриски згради (1+3), летен семестар<br>2005/2006 вежби: 3 часа x 15 недели x 0.03 x 1 група = 1.35 | **1.35** |
| 10 | Архитектонско студио 3 (0+6), зимски семестар<br>2008/2009 студио: 6 часа x 15 недели x 0.03 x 1 група = 2.7 | **2.7** |
| 11 | Проектирање на индустриски згради (2+4), зимски семестар<br>2008/2009 вежби: 4 часа x 15 недели x 0.03 x 2 групи = 3.6 | **3.6** |
| 12 | Архитектонско студио 4 (0+6), летен семестар<br>2008/2009 студио: 6 часа x 15 недели x 0.03 x 1 група = 2.7 | **2.7** |
| 13 | Проектирање на индустриски згради (1+3), летен семестар<br>2008/2009 вежби: 3 часа x 15 недели x 0.03 x 2 групи = 2.7 | **2.7** |
| 14 | Архитектонско проектирање - продлабочена настава (1+5), летен семестар<br>2008/2009 вежби: 5 часа x 15 недели x 0.03 x 1 група = 2.25 | **2.25** |
| 15 | Архитектонско студио 3 (0+6), зимски семестар<br>2009/2010 студио: 6 часа x 15 недели x 0.03 x 1 група = 2.7 | **2.7** |
| 16 | Архитектонско проектирање - продлабочена настава (0+4), зимски семестар | **3.6** |

| | | |
|---|---|---|
| | 2009/2010 вежби: 4 часа x 15 недели x 0.03 x 2 групи = 3.6 | |
| 17 | Проектирање на индустриски згради (2+4), зимски семестар<br>2009/2010 вежби: 4 часа x 15 недели x 0.03 x 2 групи = 3.6 | **3.6** |
| 18 | Архитектонско студио 4 (0+6), летен семестар<br>2009/2010 студио: 6 часа x 15 недели x 0.03 x 1 група = 2.7 | **2.7** |
| 19 | Архитектонско проектирање - продлабочена настава (3+5), летен семестар<br>2009/2010 вежби: 5 часа x 15 недели x 0.03 x 1 група = 2.25 | **2.25** |
| 20 | Проектирање на индустриски згради (1+3), летен семестар<br>2009/2010 вежби: 3 часа x 15 недели x 0.03 x 3 групи = 4.05 | **4.05** |
| 21 | Архитектонско студио 3 (0+6), зимски семестар<br>2010/2011 студио: 6 часа x 15 недели x 0.03 x 1 група = 2.7 | **2.7** |
| 22 | Архитектонско проектирање 1 (2+2), зимски семестар<br>2010/2011 вежби: 2 часа x 15 недели x 0.03 x 4 групи = 3.6 | **3.6** |
| 23 | Архитектонско проектирање - продлабочена настава (2+8), зимски семестар<br>2010/2011 вежби: 8 часа x 15 недели x 0.03 x 1 група = 3.6 | **3.6** |
| 24 | Архитектонско студио 4 (0+6), летен семестар<br>2010/2011 студио: 6 часа x 15 недели x 0.03 x 1 група = 2.7 | **2.7** |
| 25 | Архитектонско проектирање 1 (2+2), летен семестар<br>2010/2011 вежби: 2 часа x 15 недели x 0.03 x 4 групи = 3.6 | **3.6** |
| 26 | Архитектонско студио 3 (0+6), зимски семестар<br>2011/2012 студио: 6 часа x 15 недели x 0.03 x 1 група = 2.7 | **2.7** |
| 27 | Ревитализација на градителско наследство (1+3), зимски семестар<br>2011/2012 вежби: 3 часа x 15 недели x 0.03 x 2 групи = 2.7 | **2.7** |
| 28 | Архитектонско студио 4 (0+6), летен семестар<br>2011/2012 студио: 6 часа x 15 недели x 0.03 x 1 група = 2.7 | **2.7** |
| 29 | Архитектонско студио 3 (0+6), зимски семестар<br>2012/2013 студио: 6 часа x 15 недели x 0.03 x 1 група = 2.7 | **2.7** |
| 30 | Ревитализација на градителско наследство (1+3), зимски семестар<br>2012/2013 вежби: 3 часа x 15 недели x 0.03 x 2 групи = 2.7 | **2.7** |
| 31 | Архитектонско проектирање 2 (2+0), зимски семестар<br>2012/2013: мент. 4 часа x 15 недели x 0.03 x 1 група = 1.8 | **1.8** |
| 32 | Архитектонско студио 4 (0+6), летен семестар<br>2012/2013 студио: 6 часа x 15 недели x 0.03 x 1 група = 2.7 | **2.7** |
| 33 | Архитектонско проектирање 2 (2+0), летен семестар<br>2012/2013: мент. 4 часа x 15 недели x 0.03 x 1 група = 1.8 | **1.8** |
| 34 | 13. Меѓународна летна школа по архитектура во Св. Јоаким Осоговски, Крива Паланка, Македонија (Рехабилитирање на индустриски објекти) – коментор со архитект Julian Varas, 2004 | **1** |
| 35 | 14. Меѓународна летна школа по архитектура во Св. Јоаким Осоговски, Крива Паланка, Македонија (Куќа во период на транзиција) – ментор, 2005 | 1 |
| 36 | Мајсторска работилница со архитект Christos Papoulias, Варош, Прилеп, (Обликување на работ) – ментор, 2005 | **1** |
| 37 | Меѓународна летна школа по урбан дизајн во Ферара, Италија - со проф. Ричард Ингерсол (Инфраструктурата како уметност) – ментор, 2005 | **1** |
| 38 | СЕЗАМ - Меѓународна архитектонска работилница, Крушево (Реанимација) – | **1** |

| | | |
|---|---|---|
| | ментор, 2006 | |
| 39 | 15-та Меѓународна летна школа по архитектура во СВ. Јоаким Осоговски, Крива Паланка, Македонија (Учење преку правење) – ментор, 2006 | 1 |
| 40 | Архитектонска работилница, Крушево (Архитектура, традиција и меморија) – ментор, 2010 | **1** |
| 41 | 19-та Меѓународна летна школа по архитектура во Св. Јоаким Осоговски, Крива Паланка, Македонија (Архитектурата припаѓа на сите луѓе) – ментор, 2010 | 1 |
| 42 | Меѓународна архитектонска работилница, Болоња, Италија (По урбаната експлозија) – ментор, 2011 | **1** |
| 43 | Меѓународна архитектонска работилница во рамки на Skopje Architecture Week, Скопје, (Суперград) – ментор, 2011 | **1** |
| 44 | 20. Меѓународна летна школа по архитектура во Св. Јоаким Осоговски, Крива Паланка, Македонија (Невидливи лавиринти) – ментор, 2011 | 1 |
| 45 | Меѓународна архитектонска работилница, Скопје, (Јужен булевар – нова оска за развој на градот Скопје) – ментор, 2011 | **1** |
| 46 | Меѓународна архитектонска работилница, Торино, Италија (Јужен булевар – нова оска за развој на градот Скопје) – ментор, 2011 | **1** |
| 47 | Архитектонска работилница, Скопје, (Нови урбани топологии) – ментор, 2011 | **1** |
| 48 | 21. Меѓународна летна школа по архитектура во Св. Јоаким Осоговски, Крива Паланка, Македонија (Пејзажот и ограничувањата на архитектурата) – секретар и ментор, 2012 | 1 |
| 49 | Архитектонска работилница со студентите од 8. семестар на Архитектонскиот факултет при УКИМ, во соработка со општина Илинден (Урбани средсела), раководител: проф. Г. Аџи-Митревски, ментор, 2012 | **1** |
| 50 | Научно-популарни статии во дневниот весник „Нова Македонија“: (Фејсбук град, Инстант град, Тематски град, Рурбан град, Чаршија град, Напуштен град, Невидлив град, Разгледница град, Незавршен град, Елитен град, Постиндустриски град, Печалбархитектура, Разубавизатор 2014, Обнова на бигорскиот манастир) | **14** |
| | **ВКУПНО** | **138,9** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Р.Б.** | **НАЗИВ НА АКТИВНОСТА:** | **ПОЕНИ** |
|---|---|---|
| 1 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор, под наслов: „Housing against citizenship on the case of Zlokukjani settlement in Skopje“, во ZAWIA, (2012) pp. 190-203 | **4** |
| 2 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор, „Urban Dialog: strategies for soft reconstruction of city historic district in Skopje“, 2011 | **3** |
| 3 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир, под наслов: „After Urban Explosion“, во Working With the Territory-strategies for the new territorialities, CREPUD-MED, ACTAR, (2011), pp. 50 | **3** |
| 4 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир, под наслов: „Scenari pubblici, tra eredita del passato e spinte | **3** |

| | | |
|---|---|---|
| | al cambiamento. Il post-socialismo a Skopje - Macedonia“, во „Le Citta delli altri-Spazio pubblico e vita urbana nelle citta dei migranti“, Edisai (2010), pp.108-121 | |
| 5 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир, под наслов: „Modeling pedestrian mobility as a designer‘s tool in urban protected areas“, во „Reliability and Statistics in Transportation and Communication“, Conference proceedings RelStat ’11, Riga, Latvia (2011), pp.408-418 | **3** |
| 6 | Пленарно предавање на научен/стручен собир, под наслов: Ремапирање на Скопје, во рамки на работилницата „Нови урбани топологии“, одржана во Советот на град Скопје, 2011 | **2** |
| 7 | Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество, под наслов: Град во постсоцијалистичка транзиција на примерот на Скопје, одржано на архитектонскиот факултет во Торино, Италија, 2011 | **3** |
| 8 | Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество, под наслов: Balkan Cities – publicscapes of legacies and forces on the case of postsocialist Skopje, Macedonia“, научна конференција „Le Citta delli altri-Spazio pubblico e vita urbana nelle citta dei migranti“, Болоња, Италија, 2009 | **3** |
| 9 | Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество, под наслов: Postsocialist transition on the case of Skopje, Macedonia“, одржано во Фондацијата „Баухаус“ – оддел Коллег, Десау, Германија, 2008 | **3** |
| 10 | Пленарно предавање на научен/стручен собир, под наслов: Градот од разгледни-цата или градот на денешнината, одржана на меѓународната архитектонска работилница СЕЗАМ во Крушево, 2006 | **2** |
| 11 | Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество, под наслов: I nostri progetti – la nostra scuola – la nostra citta“, одржано на меѓународната летна школа за урбан дизајн, Факултет за архитектура, Ферара, Италија, 2005 | **3** |
| 12 | Пленарно предавање на научен/стручен собир, под наслов: Инфраструктурата како уметност, одржана на меѓународната летна школа за архитектура, сесија 2005, Манастир Св. Јоаким Осоговски, Крива Паланка, 2005 | **2** |
| 13 | Пленарно предавање на научен/стручен собир под наслов: Крива Паланка – град на архитектонски „иновации“, одржано на Меѓународната летна школа за архитектура, сесија 2004 (со арх. Доминика Бошкова), Манастир Св. Јоаким Осоговски, Крива Паланка, 2004 | **2** |
| | **ВКУПНО** | **36** |

**СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Р.Б.** | **НАЗИВ НА АКТИВНОСТА:** | **ПОЕНИ** |
|---|---|---|
| 1 | Учество на архитектонски конкурс за Основно училиште, Скопје, 2013 | 4 |
| 2 | Учество на архитектонски конкурс за Универзална сала, Скопје, (Трета награда), 2013 | 4 |
| 3 | Учество на меѓународен архитектонско-урбанистички конкурс (EUROPAN) за административно деловен комплекс со јавен простор, Гњилане, Косово, 2013 | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| 4 | Учество на меѓународен архитектонско-урбанистички конкурс (EUROPAN) за станбено деловен комплекс со јавен простор, Виена, Австрија, 2013 | 4 |
| 5 | Учество на меѓународен архитектонско-урбанистички конкурс (OPENGAP) за Центар за урбани уметности со јавен простор (Mention), 2013 | 4 |
| 6 | Учество на меѓународен архитектонско-урбанистички конкурс (ARCHMEDIUM) Камелот-истражувачки центар и центар за посетители (Mention), Јужен Кадбери, Англија, 2013 | 4 |
| 7 | Учество на меѓународен архитектонско-урбанистички конкурс за Споменик на конструктивизмот, Новосибирск, Русија, 2012 | 4 |
| 8 | Учество на меѓународен архитектонско-урбанистички конкурс (OPENGAP) за Инспиративен хотел (Втора награда), 2012 | 4 |
| 9 | Идејно архитектонско решение за едносемејна куќа со деловен простор во населбата Тафталиџе, Скопје, 2012 | 4 |
| 10 | Учество на архитектонски конкурс за Дом за стари и изнемоштени лица, Штип, 2011 | 4 |
| 11 | Учество на архитектонски конкурс за Типска монтажно-демонтажна повеќенаменска тезга, Скопје, 2011 | 4 |
| 12 | Учество на меѓународен архитектонско-урбанистички конкурс за Доградба на музејот Серлахиус, Госта, Финска, 2011 | 4 |
| 13 | Идејно архитектонско решение за санација и програмско обликовна адаптација на деловен простор во Старата скопска чаршија , Скопје, 2010 | 4 |
| 14 | Учество на меѓународен архитектонско-урбанистички конкурс за Реобликување и пренамена на објектот Sednaoui al Khazendar (Mention), Каиро, Египет, 2010 | 4 |
| 15 | Учество на архитектонско-урбанистички конкурс за Типски повеќесемејни станбени згради за колективно домување во Скопје и низ градовите во Македонија, Скопје, 2010 | 4 |
| 16 | Учество на архитектонски конкурс за Повеќенаменска спортска сала за 1000 гледачи, Скопје, 2010 | 4 |
| 17 | Учество на архитектонски конкурс за Повеќенаменска спортска сала за 3000 гледачи, Скопје, 2010 | 4 |
| 18 | Идејно архитектонско решение за Живеалиште за жирафа во Зоолошка градина Скопје, Скопје, 2010 | 4 |
| 19 | Идејно архитектонско решение за Живеалиште за слон во Зоолошка градина Скопје, Скопје, 2010 | 4 |
| 20 | Идејно архитектонско решение за Административна зграда на општина Карпош, Скопје, 2010 | 4 |
| 21 | Учество на архитектонски конкурс за Катна гаража на Булевар „Мито Хаџивасилев Јасмин“, Скопје, 2010 | 4 |
| 22 | Учество на архитектонски конкурс за Катна гаража на Булевар „Даме Груев“ (Втора награда), Скопје, 2010 | 4 |
| 23 | Учество на архитектонски конкурс за Административна зграда на општина Карпош (Прва награда), Скопје, 2010 | 4 |
| 24 | Идејно архитектонско решение за внатрешно уредување на работните простории на урбаната зедница Владо Тасевски, Скопје, 2010 | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| 25 | Учество на архитектонски конкурс за Пешачки мост на река Вардар, Скопје, 2010 | 4 |
| 26 | Идејно архитектонско решение за индивидуален станбен објект во село Горно Соње, Скопје, 2010 | 4 |
| 27 | Учество на архитектонски конкурс за Типска монтажно-демонтажна повеќенаменска тезга, Скопје, 2009 | 4 |
| 28 | Идејно архитектонско решение за индивидуален станбен објект во Старата скопска чаршија, Скопје, 2009 | 4 |
| 29 | Учество на архитектонски конкурс за Драмски театар (Откуп), Скопје, 2009 | 4 |
| 30 | Учество на меѓународен архитектонски конкурс за Универзитет за информатички технологии (прва награда), Скопје, 2009 | 4 |
| 31 | Учество на меѓународен архитектонски конкурс за Надградба на Градски трговски центар (прва награда), Скопје, 2008 | 4 |
| 32 | Идејно архитектонско-урбанистичко решение за крајбрежјето Ред Хук, Њујорк, САД, 2008 | 4 |
| 33 | Идејно архитектонско решение за повеќенаменски павилјон, Берлин, Германија,2008 | 4 |
| 34 | Идејно архитектонско решение за подземна железничка станица Порта алпина, Седрун, Швајцарија, 2008 | 4 |
| 35 | Идејно архитектонско-урбанистичко решение за нова станбена зона, Иланц, Швајцарија, 2008 | 4 |
| 36 | Идејно архитектонско решение висококатница-облакодер, Хонг Конг, Кина, 2007 | 4 |
| 37 | Учество на меѓународен архитектонски конкурс за Историски музеј Ромеберг, Франкфурт, Германија, 2007 | 4 |
| 38 | Учество на архитектонско-урбанистички конкурс за Обликување на јавен градски простор со скулптурално решение за споменик за бранителите од 2001 год. во населба Драчево (прва награда), 2006 | 4 |
| 39 | Идејно архитектонско решение за реконструкција на управната резиденција на Џеладин бег во самоуиловиот град – Горни сарај, Охрид (соработник на проф. Борис Чипан), 2006 | 4 |
| 40 | Идејно архитектонско решение за индивидуален станбен објект во населба Ѓорче Петров, Скопје, 2006 | 4 |
| 41 | Идејно архитектонско решение за повеќесемејна станбена зграда во населба Кисела Вода, Скопје, 2006 | 4 |
| 42 | Идејно архитектонско решение за индивидуален станбен објект во с. Љубош,2006 | 4 |
| 43 | Идејно архитектонско решение за доградба на индивидуален станбен објект, Тетово, 2005 | 4 |
| 44 | Идејно архитектонско решение за Градинарски центар Фоја, Скопје, 2005 | 4 |
| 45 | Учество на меѓународен архитектонско-урбанистички конкурс (EUROPAN) за станбен комплекс со јавен простор во сеизмичко подрачје Зејтинбурну, Истанбул, Турција, 2005 | 4 |
| 46 | Идејно архитектонско решение за внатрешно уредување на работните простории на Македонски пошти – со книга на препораки, Скопје, 2005 | 4 |
| 47 | Идејно архитектонско решение индивидуален станбен објект во населба Хром, Скопје, 2004 | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| 48 | Учество на конкурс: Ордени и медали на Република Македонија (Откуп), 2004 | 4 |
| 49 | Учество на архитектонско-урбанистички конкурс за реонски центар Карпош 3 (Откуп), Скопје, 2004 | 4 |
| 50 | Учество на архитектонско-урбанистички конкурс за Јавен простор – два плоштада (втора награда), Куманово, 2004 | 4 |
| 51 | Учество на архитектонско-урбанистички конкурс за фонтана на плоштадот Македонија (Втора награда-прва не е доделена), Скопје, 2003 | 4 |
| 52 | Учество на архитектонско-урбанистички конкурс за плоштад „Македонија“ (трета награда), Скопје, 2003 | 4 |
| 53 | Учество на меѓународен архитектонско-урбанистички конкурс за Ефемерни просторно-програмски структури, Атина, 2003 | 4 |
| 54 | Учесник на светска архитектонска манифестација на XXII светски конгрес на архитектура UIA 2005, со национално претставување на Р. Македонија, во рамки на проектот (>20 под <40), во Истанбул, Турција, 2005 | 8 |
| 55 | Учесник на светска архитектонска манифестација: X биенале во Венеција со национално претставување на Р. Македонија, како коавтор на проектот под наслов: Град на можни светови (куратори: М.Бакалчев, М. Хаџи Пуљa, В. Коробар), 2006 | 8 |
| 56 | Учесник на светска архитектонска манифестација: XI биенале во Венеција со национално претставување на Р. Македонија, како коавтор на проектот под наслов: Метамак - Отсечоци (куратори: М.Бакалчев, М. Хаџи Пуља, В. Коробар), 2008 | 8 |
| 57 | Учесник на светска манифестација: Прашко квадриенале за театарски и сценски дизајн, со национално претставување на Р. Македонија, како автор на проектот во секцијата „Архитектура“ (куратори: Ф. Зафировска, Ј. Ивановски), 2011 | 8 |
| 58 | Самостојно јавно претставување на архитектонски и урбанистички дела со публикација, со изложбата под наслов: 100.000м2 за Скопје – SCArS+Архитектри, одржана во Музејот на град Скопје, 2009 | 8 |
| 59 | Самостојно јавно претставување на архитектонски и урбанистички дела со публикација, со изложбата под наслов: outBOX – SCArS+Архитектри, одржана во Музејот на град Скопје, 2011 | 8 |
| 60 | Куратор на претставувањето на Р. Македонија на Прашко квадриенале за театарски и сценски дизајн (со Ф. Зафировска), во секциите: „Архитектура“ и „Земји и региони“, 2011 | 2 |
| 61 | Групно јавно претставување на архитектонски и урбанистички дела, во рамки на АСК 2012, со проектот за Инспиративен хотел, Музеј на град Скопје, 2009 | 2 |
| 62 | Групно јавно претставување на архитектонски и урбанистички дела, во рамки на БИМАС 2011, со изложбениот објект - поставка со кој Р.Македонија беше претставена на Прашкото квадриенале за театарски и сценски дизајн во секцијата: „Архитектура“, Музеј на град Скопје, 2011 | 2 |
| 63 | Групно јавно претставување на архитектонски и урбанистички дела, во рамки на БИМАС 2011, со проектот за архитектонско и уметничко обликување на музејската поставка во Музејот на холокаустот на Евреите од Македонија, Музеј на град Скопје, 2011 | 2 |
| 64 | Групно јавно претставување на архитектонски и урбанистички дела, во рамки на БИМАС 2011, со проектот за едносемејна куќа со деловен простор во населбата Тафталиџе во Скопје, Музеј на град Скопје, 2011 | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 65 | Групно јавно претставување на архитектонски и урбанистички дела, во рамки на БИМАС 2011, со проектот за доградба на Музејот Серлахиус во Госта, Финска, Музеј на град Скопје, 2011 | 2 |
| 66 | Групно јавно претставување на архитектонски и урбанистички дела, во рамки на БИМАС 2011, со проектот „Столарска гимнастика – студии за мебел од реупотребени материјали“, Музеј на град Скопје, 2011 | 2 |
| 67 | Групно јавно претставување на архитектонски и урбанистички дела, во рамки на АСК 2011, со изложбениот објект - поставка со кој Р.Македонија беше претставена на Прашкото квадриенале за театарски и сценски дизајн во секцијата „Архитектура“, Музеј на град Скопје, 2011 | 2 |
| 68 | Групно јавно претставување на архитектонски и урбанистички дела, во рамки на АСК 2011, со проектот за едносемејна куќа со деловен простор во населбата Тафталиџе во Скопје, Музеј на град Скопје, 2011 | 2 |
| 69 | Групно јавно претставување на архитектонски и урбанистички дела, во рамки на БИМАС 2010, со проектот за Повеќенаменска спортска сала за 3000 посетители во Скопје, Музеј на град Скопје, 2010 | 2 |
| 70 | Групно јавно претставување на архитектонски и урбанистички дела, во рамки на изложбата „Балканологија – урбаните феномени во југоисточна Европа“ , одржана во Архитектонскиот центар во Виена (Базел, Сараево, Букурешт, итн.) со проектот за надградба на градскиот трговски центар во Скопје, 2009 | 2 |
| | **ВКУПНО** | **282** |
| | | |
| | **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ+ СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| | **НИ + СУ** | **318** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| **Р.Б.** | **НАЗИВ НА АКТИВНОСТА:** | **ПОЕНИ** |
|---|---|---|
| 1 | Главен (основен) проект за реконструкција и адаптација на Државна фитосанитарна лабораторија во Скопје, како одговорен проектант, реализација, 2003 | **4** |
| 2 | Главен (основен) проект за индивидуален станбен објект во населба Хром, како одговорен проектант, реализација, 2004 | **4** |
| 3 | Главен (основен) проект за повеќесемејна станбена зграда во Кисела Вода, како одговорен проектант, 2006 | **4** |
| 4 | Главен (основен) проект за архитектонска адаптација и обликување на музејската поставка на Музејот на холокаустот на Евреите од Македонија, како одговорен проектант, реализација, 2012 | **4** |
| 5 | Главен (основен) проект за санација и програмско обликовна адаптација на деловен простор во Старата скопска чаршија во Скопје, како учесник, 2010 | **2** |
| 6 | Главен (основен) проект за внатрешно уредување на работните простории на урбаната зедница Владо Тасевски во Скопје, како одговорен проектант, | **4** |

| | | |
|---|---|---|
| | реализација, 2010 | |
| 7 | Објавено дело во каталог од национална ликовна манифестација, со проектот за архитектонско и ликовно обликување на јубилејната музејска поставка „Траги“ по повод 60 години од основањето на Музејот на град Скопје, 2009 | **1** |
| 8 | Објавено дело во каталог од национална ликовна манифестација, со проектот за архитектонско и ликовно обликување на музејската поставка „60-те, Светот, Скопје и скопјани“, во рамки на Бела Ноќ 2012 во Музејот на град Скопје, 2012 | **1** |
| 9 | Објавено дело во меѓународна публикација „PQ2011 - At the Still Point of the Turning World“ од меѓународната ликовна манифестација: Прашкото квадриенале за театарски и сценски дизајн, под наслов: „Theater +/-“, 2011 | **2** |
| 10 | Објавено дело во меѓународна публикација/списание: „Wettbewerbe Aktuel“, бр. 11/2012 год., проект за Инспиративен хотел | **2** |
| 11 | Објавено дело во меѓународна публикација/списание “ОРИС - магазин за архитектура и култура“ – бр.69, во форма на резиме од самостојната изложба на архитектонски проекти и модели OUTBOX 2010, Загреб, 2011 год. | **2** |
| 12 | Објавено дело во меѓународна публикација списание “А10” - бр.31, во форма на резиме од самостојната изложба на архитектонски проекти „100.000м2 за Скопје“, од проф. д-р Влатко Коробар, 2010 год. | **2** |
| 13 | Објавено дело во меѓународна публикација/списание “Projekt” - бр.18, во форма на резиме од самостојната изложба на архитектонски проекти „100.000м2 за Скопје“, од арх. Мароје Мрдуљаш, 2009 год. | **2** |
| 14 | Објавено дело во меѓународна публикација “Out There – Architecture Beyond Building”, La Bienalle di Venezia – 11. Mostra Internazionale di Architettura, 2008 год. | **2** |
| 15 | Објавено дело во меѓународна публикација “Cities, Architecture and Society”, La Bienalle di Venezia – 10. Mostra Internazionale di Architettura, 2006 год. | **2** |
| 16 | Архитектонско обликување и визуелизација на изложбената поставка на Музејот на холокаустот и толеранцијата во Чандлер – Аризона, САД, како учесник, 2012 | **1** |
| | **ВКУПНО** | **39** |

**ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС**

| **Р.Б.** | **НАЗИВ НА АКТИВНОСТА:** | **ПОЕНИ** |
|---|---|---|
| 1 | Член на уредувачки одбор на меѓународното научно/стручно списание „Транзит“, издание на Факултетот за технички науки при Универзитетот во Нови Сад, Србија | **1** |
| 2 | Студиски престој повеќе од 6 месеци на Институтот за архитектура во Десау, при Универзитетот за применети науки „Анхалт“, Десау, Германија, 2006-2008 | **2** |
| 3 | Студиски престој до 6 месеци на Институтот за архитектура во Хур, Швајцарија, 2007 | **1** |
| 4 | Награда за научни/стручни постигнувања од струкова организација, како учесник во тим; Голема годишна награда за архитектура на Асоцијацијата на архитекти на Македонија, за проектот: Град на можни светови, 2006 | **1** |
| 5 | Награда за научни/стручни постигнувања од струкова организација, како учесник | **1** |

| | | |
|---|---|---|
| | во тим; награда од Асоцијацијата на архитекти на Македонија, во рамки на БИМАС 2012, за најдобро реализирана внатрешна архитектура за проектот: Архитектонско и уметничко обликување на музејската поставка во Музејот на холокаустот на Евреите од Македонија, 2012 | |
| | **ВКУПНО** | **6** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **ПОЕНИ** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 138,9 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ+ СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | 318 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 39 |
| **ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | 6 |
| **ВКУПНО** | **501,9** |

## З А К Л У Ч О К

Врз основа на приложените референци и покажаните резултати во наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-уметничката и стручно-апликативната дејност, како и врз основа на личното познавање на квалитетите на кандидатот д-р Јован Ивановски, Комисијата смета дека тој во целост ги исполнува критериумите за избор во наставно-научно звање утврдени со Законот за високото образование на Република Македонија и Правилникот за критериумите за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Неговото учество во наставно-образовната дејност придонесува за нејзино квалитетно надоградување и преобмислување, додавајќи еден нов специфичен интензитет во учењето на архитектонскиот проект, покажан во проектите и изложбите на студентите на Архитектонскиот факултет. Во научно-истражувачката дејност на специфичен начин го поврзува проектот со истражувачкиот процес давајќи му архитектонска методолошка основа на истражувањето, недвосмислено покажано во докторската дисертација во која постсоцијалистичката транзиција се согледува во архитектонскиот дискурс преку систематска репрезентација на архитектонските нивоа на градските фрагменти. Во стручно-уметничката дејност, како еден од припадниците на новиот архитектонски бран, преку низа проекти и изложби, на автентичен начин ја спојува локалната модерна традиција и новите современи глобални процеси во архитектурата, за што сведочат бројните награди за неговото архитектонско творештво.

Посебно значајно за дејствувањето на Архитектонскиот факултет е неговото учество и поврзување со сродни наставно-научни институции во регионални и интернационални рамки, преку што и Архитектонскиот факултет се промовира во мапата на новата европска архитектонска мисла.

Комисијата, потврдувајќи ги неоспорните квалитети на кандидатот, во согласност со Законот за високото образование и Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Унивезритетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет да го избере архитект д-р Јован Ивановски во звањето доцент по предметите архитектонско проектирање 2 и архитектонско студио на Институтот за архитектонско проектирање при Архитектонскиот факултет во Скопје на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Рецензентска комисија:

Проф. д-р Минас Бакалчев, претседател, с.р.
Проф. д-р Влатко П. Коробар, член, с.р.
Доц. д-р Александар Радевски, член, с.р.

**ПРЕГЛЕД**
на пријавени теми за изработка на магистерски труд,
прифатени од Наставно-научниот совет на Факултетот
за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје,
на седницата одржана на 22.10.2013 година

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| 1. дипл инж. Кирил Паралидов | „Истражување на влијанието на бројот на заби и височината на режење врз отпорот на режење со кружна пила “. | д-р Владимир Коњозов, вонреден професор |
| 2. дипл. инж. Сашко Тасев | „Анализа на оптимален капацитет на машини за изработка на плочи од масивно дрво“. | д-р Зоран Трпоски, редовен професор |
| 3. дипл. инж. Иво Спироски | „Анализа на хетерогените концепти при проектирање на простори за добра производна пракса и хумана биобанка“. | д-р Елена Никољски Паневски, доцент |

ДО
Наставно-научниот совет на
Факултетот за ликовни уметности при
Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ -
Скопје

# ПРИГОВОР

од д-р Ангелина Поповска, кандидатка за избор на наставник во насловно звање по предметот конзервација и реставрација – иконопис и маслено сликарство (прв циклус) на Факултетот за ликовни уметности во Скопје

По добивањето на известувањето по електронска пошта за објавениот реферат на Рецензензионата комисија, објавен во Билтенот на Универзитетот Бр. 1063 од 15 октомври 2013 година, го поднесувам овој приговор во законски оставениот рок поради следното:

1. Известувањето формално-правно не ги содржи потребните законски елементи за остварување на правата на кандидатите по однос на приговорот за избор на кандидат поради тоа што известувањето е без потпис и печат на установата која го испратила. Покрај наведеното, известувањето не содржи и еден од основните елементи битни за доставување на приговор – **до кој орган се доставува приговорот.**

2. Од објавениот реферат е видно дека кандидатката д-р Ангелина Поповска во предвидениот рок од осум дена по објавениот конкурс ги има доставено сите релевантни документи кои се барани во наведениот конкурс.

3. Приговарам на составот на рецензентската комисија. Имено, согласно со член 132 став 2 од Законот за високото образование и член 43 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно- стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје „рецензионата комисија ја формира наставно-научниот, односно наставничкиот совет и се состои од најмалку три члена“, при што „повеќе од половината членови на рецензентската комисија ја сочинуваат лица избрани во наставно-научнна, односно уметничка област во која се избира кандидатот“. Предметот за кој се прави изборот според Меѓународната фраскатиева класификација влегува во подрачјето 607 – Ликовна уметност, област 60710 – заштита и реставрација, а само еден член од рецензентската комисија припаѓа на оваа област.

4. Согласно член 44 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, деканот на факултетот „во рок не подолг од осум дена ги известува кандидатите за составот на рецензентската комисија. Напоменувам дека јас како канадидат не бев известена за составот на рецензентската комисија. Согласно со член 46 од истиот правилник „рецензентската комисија е должна да поднесе реферат во рок од три месеци од денот на доставувањето на документацијата. Од наведеното е видно дека рецензентската комисија не ги запазила роковите утврдени

во наведениот правилник што **претставува основ за поништување на постапката за избор на кандидат**.

5. Во однос на приговорот од точка 2 напоменувам дека согласно објавениот конкурс јас ги имам доставено сите документи кои беа барани по конкурсот во законски оставениот рок. На барање на комисијата доставив дополнителна документација што не го доведува во прашање навременото доставување на бараната документација.

6. Во однос на образложениeто „за недоследности во системот на бодирање“ напоменувам дека согласно со член 132 став 5 од Законот за високото образование „рефератот на рецензионата комисија содржи оценка за научните, стручните, педагошките и други остварувања на кандидатите што се од важност за утврдување на условите за избор во соодветното звање“, односно **согласно со законот оценувањето е обврска на рецензионата комисија а не на кандидатот**.

7. Со оглед на претходно изнесеното **неоснована е констатацијата на Комисијата дека „кандидатката ги нема докомплетирано соодветните докази“ и правно неиздржано е оградувањето на Комисијата од натамошно разгледување на пријавата заради „нецелосно доставена документација“**.

8. Без навлегување во заклучоците на Комисијата во однос на кандидатката м-р Невенка Величковска, она што може да се заклучи од Извештајот е дека нема податоци барани со член 125 став 2 од Законот за високото образование, каде експлицитно е наведено дека за изборот во доцент се бара „просечен успех од најмалку осум на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно“, како и „објавени најмалку четири научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикции или два научни труда во научно списание со импакт фактор во последните пет години“. Во извештајот на Рецензионата комисија за избраната кандидатка се наведени два труда во наведениот период, објавени во национално списание, во обем од три страници секој, додека јас имам доставено докази за осум трудови од кои пет во меѓународни списанија, односно меѓународни зборници. Во овој контекст наведувам дека доставив доказ дека студиите од прв циклус ги завршив со награда за највисок просечен успех (9,38), а на двогодишните магистерски студии на Факултетот за применети уметности во Белград, на студиската програма конзервација и реставрација, имам постигнато просечен успех 9. Покрај тоа имам доставено Уверение за стекнат научен степен **доктор** по историски науки, со одбрана на докторскиот труд *Историски развој на методите за конзервација и реставрација на икони во Р. Македонија – по примерот на извршените третмани на Охридската збирка на икони.* Во дополнение на ова укажувам дека се имам стекнато со стручно звање советник-конзерватор, што е повисоко од звањето виш конзерватор кое го носи избраната кандидатка. Имам доставено и доказ за две усовршувања во странство (Полска и Србија).

9. Во извештајот, во делот кој се однесува на кандидатката м-р Невенка Величковска стои дека истата била вклучена во наставата на Факултетот за ликовни уметности во

звањето доцент од 2006 во временски период од пет години, а после тоа „кандидатката продолжува во образовната дејност како предавач на ФЛУ во Скопје под менторство на проф. м-р Блаже Кузмановски". Со оглед на тоа што кандидатката во тој перид нема завршено студии од втор цикус, после донесувањето на Законот за високото образование во 2010 година немала право да врши наставна дејност. Од друга страна, согласно со член 121 став 1 од Законот за високото образование „на факултетот наставно-научно звање се доцент, вонреден професор и редовен професор", односно на факултет не постои звање предавач. Овде е прекршен и членот 292 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје за избор во насловни звања, каде во став 4 стои дека „афирмирани научници, стручњаци од практиката, уметници надвор од Универзитетот, **доколку се избрани во насловни звања можат да изведуваат високообразовна дејност најмногу половина семестар".**

10. Во Образецот кон Извештајот за избор во наставно-научно, наставно-стручно и соработничко звање за кандидатот м-р Невенка Величковска, во делот научноистражувачка дејност се наведуваат активности кои не претставуваат научен проект туку се стручни проекти. Во делот наставно-образовна дејност се наведуваат податоци кои, согласно со наведеното во точка 9, избраната кандидатка не можела да ги обавува.

Од наведеното во приговорот е видно дека Рецензионата комисија при предлогот за избор на кандидат во повеќе наврати ги прекршила одредбите од Законот за високото образование, Стаутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и, со оглед дека се исполнети условите за преиспитување на Рефератот за избор, предлагам Наставно-научниот совет на Факултетот за ликовни уметности да ги уважи наводите од поднесениот приговор и да формира нова рецензиона комисија која ќе изготви извештај согласно со законот и подзаконските акти, притоа имајќи ги во предвид аргуменираните наводи изнесени во овој приговор.

Со почит,

Кандидатка д-р Ангелина Поповска

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје
Факултет за ликовни уметности во Скопје

Скопје, 25.10.2013

# ОДГОВОР НА ПРИГОВОР 07-212/5-1

**Предмет**: Одговор на приговорот поднесен од д-р Ангелина Поповска, по предлогот за избор на наставник во насловно звање по предметот конзервација и реставрација – иконопис и маслено сликарство (I циклус студии) на Факултетот за ликовни уметности во Скопје бр. 07-212/5-1 од 21.10.2013 година

На ден 25.10.2013 година Рецензентската комисија го разгледа приговорот поднесен од д-р Ангелина Поповска на 21.10.2013 г., по предлогот за избор на м-р Невенка Величковска за наставник во насловно звање по предметот конзервација и реставрација - иконопис и маслено сликарство (I циклус студии).

Рецензентската комисија констатира дека:

1. Рефератот за избор на наставник во насловно звање е објавен во Билтен бр. 1063 на 15.10.2013 година и истиот ден по електронска пошта доставено е известување до кандидатката д-р Ангелина Поповска. Со оглед на фактот, што рокот за поднесување на приговор изнесува само осум дена, Комисијата ги извести кандидатите на овој начин. Кандидатката д-р Ангелина Поповска го потврди приемот на известувањето кај секретарот на ФЛУ. Во член 51 и 52 од Правилникот за критериумите и постапката за избор на наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанти на УКИМ (Универзитетски гласник бр. 250, од 15 јули 2013 година) е наведено, дека приговор на Реферат треба да се поднесе до самата Рецензентска комисија.
2. Комисијата смета дека кандидатката д-р Ангелина Поповска, во законски предвидениот рок ги има доставено документите кои се однесуваат на нејзиното формално образование и работата во институција. Меѓутоа, Комисијата констатира дека недоставсуваат потврди и докази за работа на конкретни проекти во областа, во научно-истражувачката дејност, во научно-уметничката дејност и во стручно-апликативната дејност, кои се основ за бодување на кандидатите.
3. Предметот конзервација и реставрација – иконопис и маслено сликарство е модул (насока) на Катедрата (програма) за сликарство на Факултетот за ликовни уметности во Скојпе. Оттаму, ННУС при ФЛУ донесе одлука за формирање Рецензентска комисија од редовите на професорите на Катерата за сликарство (2 члена) и еден член од професорите на друга катедра.

4. Точката 4 од Приговорот не кореспондира со актуелниот Правилник за избор во звања, објавен во Универзитетски гласник бр. 250 од 15.7.2013 година.

Рецензентската комисија смета, дека нема основ за поништување на постапката за избор во однос на рокот за поднесување на Рефератот, бидејќи со Одлука бр. 02-209/3, донесена на седница на ННУС на 16.9.2013, согласно член 46, е формирана Рецензентска комисија со променет состав, која го запази рокот од три месеци за поднесување на Рефератот.

5. Види точка 2 од Одговорот.

ННУС при ФЛУ на својата редовна седница на 23.8..2012 година, донесе Одлука, при објавен Конкурс за избор во звање, кандидатите да достават и пополнет Образец кон Извештајот за избор во наставно-научно, научно и наставно-стручно звање (Анкес 2) согласно Правилникот за критериумите и постапката за избор во звање на УКИМ. Рецензентската комисија на овој Конкурс ја испочитува оваа Одлука на ННУС и наведениот Образец беше доставен до сите пријавени кандидати. Според член 48, Рецензентската комисија ги разгледува биографските податоци на кандидатот, дава оценка за научните, уметничките, стручните, педагошките и другите остварувања на кандидатот, кои се од важност за утврдување на условите за избор во звање, податоци за објавените стручни, научни и уметнички трудови и оцена на тие трудови.

6. Рецензентската комисија врши валоризација на целокупната документација на кандидатите, и формира оценка за учество и работа во наставно-образовната дејност, во научно-истражувачката дејност, во стручно-уметничката дејност и во стручно-апликативната дејност, поткрепена со сите неопходни материјални докази.

7. Комисијата констатира дека кандидатката д-р Ангелина Поповска, и покрај накнадно приложената документација, нема приложено материјални докази за својата работа на конкретни проекти во областа (проекти, стручни списанија, каталози), во научно-истражувачката дејност, во научно-уметничката дејност и во стручно-апликативната дејност, кои се основ за оценување и избор на кандидатите.

8. Како одговор на укажувањата дадени во точка 8, Комисијата го констатира следното:

- предложениот кандидат, м-р Невенка Величковска има завршено I циклус студии со просечна оценка 9, додека од II циклус студии, со оценка 10;

- согласно член 14 од Правилникот за критериумите и постапките за избор во наставо-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на УКИМ за наставник по стручно-уметничките предмети, може да биде избрано лице без научен степен доктор на науки;

- докторатот на кандидатката д-р Ангелина Поповска, кој е стекнат на Институтот за национална историја, со стекнат степен: доктор по историски науки, не соодветствува со потребите на предметната програма на Катедрата за сликарство, модул: конзервација и реставрација;

-предложениот кандидат м-р Невенка Величковска ги поднесува доказите за научно-истражувачките трудови во периодот по 2006 година;

- во периодот од 2011 до тековната 2013 година предложениот кандидат м-р Невенка Величковска била ангажирана во наставната дејност по предметите

конзервација и реставрација на икони и маслени слики, под менторство на ред. проф. м-р Блаже Кузмановски;
- во однос на последната забелешка, Комисијата не би навлегувала во детално образложување, со напомена дека д-р Ангелина Поповска со оваа точка од Приговорот ги оспорува сопствените активности и некоректно ги минимизира стручно-научните постигнувања на предложената кандидатка;
- покрај другите недоследности во забелешките на д-р Ангелина Поповска, Рецензентската комисија не доби увид во валидни документи за нејзино усовршување во странство (преведени и нострифицирани во Република Македонија);

9. ННУС при ФЛУ на редовната седница, одржана на 24.2.2006 година донесе одлука за избор на наставник во звањето доцент по предметите иконопис и маслен живопис во насоката (модул): конзервација и реставрација, при што кандидатката м-р Невенка Величковска го стекна звањето доцент. Во 2010 година ФЛУ доби акредитација за отворање на студиската програма: конзервација и реставрација на II циклус студии. Предложената кандидатка м-р Невенка Величковска беше студент во првата генерација на оваа програма, и како најдобар магситрант, беше ангажирана во реализација на наставата на прв циклус студии под менторство на ред. проф. м-р Блаже Кузмановски, насока: конзервација и реставрација, по предметите: икони и маслени слики. Ангажманот на кандидатката м-р Невенка Величковска никогаш не предвидувал давање на потпис за редовност и оценување на студентите од прв циклус стуии, со што не е прекршен Законот за високото образование.
10. Проектите, кои предложената кандидатка м-р Невенка Величковска ги навела во Образецот во графата: научно-истражувачки дејности, се класифицирани и насловени како научни проекти од Националниот конзерваторски центар на РМ. За наставно-образовна дејност види точка 9.

## ЗАКЛУЧОК

Рецензентската комисија сериозно и со големо внимание го разгледа Приговорот од д-р Ангелина Поповска за избор на наставник во насловно звање по предметот конзервација и реставрација – иконопис и маслено сликарство на I циклус студии на Факултетот за ликовни уметности во Скопје. Комисијата смета дека д-р Ангелина Поповска е сериозен кандидат за ова звање и дека беше во најтесниот избор на овој Конкурс, според своето образование, стручно искуство и обемот на проеки на кои работела. Недостатокот на материјална документација за нејзините стручни активности (монографија, каталози, проекти, стручни списанија итн.) е главната причина, поради која д-р Ангелина Поповска не ја убеди Комисијата во својата професионална компетентност.

Оттука, Комисијата останува на својот предлог за наставник во насловно звање по предметот конзервација и реставрација – иконопис и маслено сликарство (I циклус студии) на ФЛУ во Скопје, да биде избрана кандидатката м-р Невенка Величковска, која покрај својата стручна едукација и долгогодишно работно искуство, приложи

комплетна документатција и обемни материјални докази по сите побарувања на Рецензентската комисија.

Рецензентска комисија

Ред. проф. м-р Блаже Кузмановски

Ред. проф. м-р Јован Шумковски

Вонр. проф. м-р Жанета Вангели

РЕЦЕНЗИЈА
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ „АКТУЕЛНИ ТРЕНДОВИ ВО ЛИБЕРАЛИЗАЦИЈАТА НА ТРГОВИЈАТА СО УСЛУГИ ВО МЕЃУНАРОДНАТА И ДОМАШНАТА ТРГОВСКА ПРАКТИКА (ПРАВНИ АСПЕКТИ)“
ОД М-Р АНГЕЛА КУЗМАНОВА, ПРИЈАВЕНА НА
ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ” ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје, на својата седница одржана на 27.9.2013 година (бр.02-1084), по предлог на Институтот за деловно право и економски науки, формираше Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Ангела Кузманова под наслов „Актуелни трендови во либерализацијата на трговијата со услуги во меѓународната и во домашната трговска практика (правни аспекти)“, во следниов состав: д-р Софија Тодорова, редовен професор во пензија, д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска, редовен професор, д-р Весна Пендовска, редовен професор, д-р Горан Коевски, редовен професор и ментор и д-р Дарко Спасевски, доцент.

Комисијата во наведениот состав со внимание ја прочита и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје, со особено задоволство, му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. Приказ на докторската дисертација

Докторската дисертација на кандидатката м-р Ангела Кузманова, под наслов „Актуелни трендови во либерализацијата на трговијата со услуги во меѓународната и во домашната трговска практика (правни аспекти)”, е структурирана во четири глави, придружени со вовед, заклучок, користена и консултирана литература, листа на случаи и листа на кратенки.

Текстот во докторската дисертација е распределен во 309 страници. Во текстот е користен системот Chicago Manual of Style 16$^{th}$ edition (author-date) како начин на цитирање. Во рамките на текстот има вкупно 514 фусноти, со кои најчесто се укажува на соодветен правен извор или, пак, се дообјаснува самиот текст на докторската дисертација. При изработката на докторската дисертација е користена обемна домашна, а особено странска литература. Во трудот се користени и консултирани 197 библиографски единици на книги, монографии, статии и публикации, 54 меѓународни правни извори, како и 7 домашни правни извори. Во рамките на текстот се користени и релевантни судски одлуки од меѓународен карактер.

Во ***воведот*** кандидатката дава аргументирано и заокружено објаснување за општествената оправданост на избраната тема на докторската дисертација. Притоа кандидатката нагласува дека трговијата со услуги е поим кој во себе апсорбира голем број на феномени како што се глобализацијата, меѓународната трговска размена, економската интеграција итн. Предметот на истражување во себе содржи широк спектар на услужни индустриии: инженерство, градежништво, право, здравство, медиуми, консалтинг, дистрибуција, сметководство итн. Но, докторската дисертација нема претензија и пренагласена амбиција да ги опфати сите посебни услужни сектори и потсектори, туку интенцијата на кандидатката е да ги утврди генералните трендови на

либерализацијата на трговијата со услуги, воопшто. Па така, научното истражување се сведува на анализа на целите кои се таргетирани од страна на Светската трговска организација („СТО“), понатаму анализа на мерките предвидени со комунитарното право, како и актуелните состојби на надворешнотрговското работење од обласа на услужниот сектор во Република Македонија.

Експанзијата на информатичките технологии повлекуваат експанзија на трговијата со услуги, која, пак, од друга страна, има влијание врз економската благосостојба на земјите во развој. Услужниот сектор е клуч на економскиот раст, извозната конкурентност и намалувањето на сиромаштијата. Трговијата со услуги се зголемува многу порапидно од трговијата со стоки. Врз основа на анализа на статистички податоци, ваквиот тренд особено е изразен во последните три декади. Трговијата со услуги учествува со значаен дел во БДП кај развиените и кај земјите во развој. Секоја земја, вклучително и најнеразвиената, може да има корист од зголемувањето на пазарната отвореност кога станува збор за пазарот на услугите. Токму во таа насока кандидатката го објаснува изборот на темата, како и конкретните практични импликации на темата за зајакнување на трговските потенцијали на Република Македонија.

Во воведот, кандидатката, исто така, го нагласува значењето на либерализацијата на трговијата со услугите, напоменувајќи го истовремено нејзиниот интердисциплинарен, комплексен и повеќеслоен карактер.

Во овој дел од трудот се поставуваат основните хипотези, кои понатаму се тестираат. Хипотезите се работни и оправданоста на нивната формулација е утврдена низ посебните анализи направени во секоја од тематските глави.

Во вовдот се истакнати следниве цели на научното истражување:

1. да се дефинираат подрачјата во меѓународната трговска размена каде што е можно преземање мерки за олеснување на трговијата со услуги во рамките на СТО;
2. да се утврдат критериумите и стандардите за олеснување на трговијата, инкорпорирани во конкретни легислативни иницијативи во рамките на Европската унија („ЕУ“);
3. да се утврдат основните принципи имплементирани во судските одлуки на Европскиот суд за правда („ЕСП“) од обласа на функционирање на заедничкиот пазар;
4. да се согледаат можностите за преземање мерки за олеснување на трговијата со услуги на Република Македонија во согласност со СТО и комунитарното право;
5. да се укаже на потребите од хармонизирање на законската регулатива во РМ за олеснување на трговијата со услуги според критериумите и стандардите на СТО и ЕУ.

Потенцираните задачи на докторската дисертација се:

1. да се анализираат одредбите на членовите на Генералната спогодба за трговијата со услуги и насоките за нивни измени и дополнувања со цел олеснување на трговијата;
2. да се направи анализа на ефектите на членовите 43 и 49 од Договорот за основање на ЕЗ врз олеснувањето на трговијата во рамки на мултилатералниот трговски систем;

3. да се испита интенцијата на законодавецот при регулирањето на можностите за основање и давање на услуги во рамките на Директивата за услугите и Директивата за признавање на професионалните квалификации;
4. да се покажат основните принципи и правното ratioanle при одлучување на ЕСП, како и да се генерираат можни препораки во однос на правните празнини;
5. да се обезбеди методолошка рамка за искористување на трговскиот потенцијал на Република Македонија, како и да се дадат препораки за комплементарни реформи во законската регулатива од областа на либерализација на трговијата со услуги;
6. да се укаже на законските бариери со кои се соочиле конкретни трговски друштва во Република Македонија, кои понатаму ќе претставуват основа за генерирање на можни решенија.

Во поглед на методите за изработка на докторската дисертација, истражувањето на кандидатката е резултат на примена на методологија погодна за истражувања од областа на правото. Па така, се применува: квалитативна (примарна и секундарна) и квантитативна анализа; етнографско истражување (извлекување на заклучоци од студија на случај); компаративна правна анализа; интегрирање на теорија во рамки на контекстуална анализа на судската парктика, како и истражување на меѓународното право. За целта на истражувањето кандидатката применува и повеќе методолошки техники и инструменти во функција на добивање квалитетни емпириски резултати на поставената теза на докторската дисертација. Методолошките техники на истражување, како што е анализата на статистички податоци, особено се користат како истражувачко средство во практичните истражувања во докторската дисертација. Покрај овие квантитативни техники, се употребува и квалитативниот метод студија на случај. Овој метод кандидатката го употребува во делот што се однесува на либерализацијата на трговија со услуги во Република Македонија.

Во ***првата глава*** под наслов „Концептуални и теоретски излагања за трговијата со услуги”, кандидатката врши теоретско определување на основните поими од релевантната област, како и утврдување на нивната правна содржина. Во овој дел од трудот се започнува со утврдување на поимите „услуга“ и „трговија со услуги“. Како значајно прашање од поглед на научното истражување, кандидатката ги прикажува разликите помеѓу трговијата со стоки и трговијата со услуги, што in ultima linea ќе ги детерминира аспектите кои се анализираат подолу во трудот.

Неспорното значење на трговијата со услуги за домашната и меѓународната економија е поткрепено со презентирање на емпириски податоци за големината на услужниот сектор, како и со анализирање на стратегиското значење на либерализацијата на трговијата со услугите. Како логична последователност на значењето на услугите во надворешнотрговската размена, се укажува на потребата од преземање на мерки за либерализација на трговијата со услуги и отстранување на бариерите и потенцијалните пречки.

Понатаму, се проучуваат начините на креирање државна трговска политика и влијанието на политичката економија врз истите. Исто така, акцентот е ставен и на определувањето на бариерите на трговијата со услугите, па затоа кандидатката детално ги разработува различните теоретски класификации и групирања на ограничувањата на трговскиот режим на услугите.

Правата глава се заокружува со анализа на принципите на либерализација на трговијата со услуги, како и со презентирање на резултатите од Уругвајската рунда на преговори. Спогодбата за либерализација на трговијата со услугите е најзначајното достигнување на Уругвајската рунда на преговори. Пред неа, либерализирањето на услугите се вршело врз билатерална основа, при што ЕЕЗ бил единствениот пример на нивна потполна либерализација, следана од Северноамериканската зона на слободна трговија (НАФТА). Постојат и други, многу понецелосни билатерални шеми (многу од нив склучени меѓу ЕЕЗ и бројни држави на кои им е обезбеден преференцијален пристап кон пазарот на ЕЕЗ). Преговорите на Уругвајската рунда резултираат со прва комплетна мултилатерална спогодба за трговија со услуги - Генерална спогодба за трговија со услуги – GATS (од англискиот назив General Agreement on Trade in Services).

***Втората глава*** под наслов „Либерализација на трговијата со услуги во рамките на СТО”, претставува детална правна анализа на одредбите на Генералната спогодба за трговијата со услугите.

Втората глава започнува со укажувања за структурата на ГАТС и определување на значењето на поимите кои се употребуваат во текстот на оваа Спогодба. Анализирајќи ја преамбулата на Спогодбата, кандидатката ја потенцира тенденцијата во рамките на теоретските излагања на голем број автори, според кои текстот на преамбулите има ограничен нормативен карактер, но тие имаат огромно значење за толкувањето на конкретните одредби на правните документи. Ставот на кандидатката е дека текстот на преамбулата ги антиципира основните принципи на либерализацијата на трговијата со услугите кои детално ги обработува во првата глава од својата дисертација.

Во докторскиот труд, одбран е пристапот на пазарот како е еден од значајните аспекти на либерализацијата на трговијата со услугите. Овој аспект на олеснувањето на трговскиот режим на услугите, кандидатката го разработила низ еден добро осмислен концепт на истражување. Па така, најпрвин се истакнува правниот статус на ГАТС - модалитетите за распоредување на специфичните обврски. Понатаму, избраниот аспект на либерализација на пазарот на услугите опфаќа три дименизи: домашната регулатива, принципот на недискриминација и обврската за забрана на ограничување на пристапот на пазарот на услугите. Овие димензии посебно се анализираат низ нивната рефлексија во општите и посебните обврски за земјите потписнички на ГАТС. Анализата на значењето на одредбите на ГАТС се прави преку разгледување на нивното значење, можните меѓусебни корелации и практичните импликации низ одлуките по конкретни судски спорови помеѓу земјите-членки на Светската трговска организација.

Главата со наслов „Актуелната легислатива на Европската унија (правна рамка) за либерализација на трговијата со услуги”, претставува ***трета глава*** во структурата на докторската дисертација.

Слободниот проток на услуги е разработен по пат на разгледување на две прашања: слобода на основање и слобода на давање на услуги. Централните принципи со кои се регулирани овие прашања се изложени во Договорот за основање на ЕЗ и се доразработени преку анализа на судската практика. Со членот 43 се наложува отстранување на ограничувањата на правата на поединците и трговските друштва да одржуваат постојано или утврдено место за водење бизнис во дадена земја-членка. Со членот 49 пак се наложува отстранување на ограничувањата за давање на услуги меѓу земјите членки секогаш кога постои меѓуграничен елемент. Овој елемент може да биде резултат на фактот што давателот на услугите не е основан во земја каде што се даваат

тие услуги или дека примателот патувал за да добие услуги во земја-членка различна од неговото основање. Исто така, анализирана е слободата на основање на компании според член 48 од Договорот основање на ЕЗ, со укажувања на примарното и секундарното основање, Европското трговско друштво како посебна форма на примарно основање и правилата за утврдување на применливото право за трговијата со услугите.

Посебен акцент во овој дел на истражувањето кандидатката ставила на моментот дека одредбите кои го регулираат слободниот проток на услуги се резидуални, односно тие важат во случај кога нема да се применат одредбите кои што се однесуваат на капиталот, лицата или стоките. Оваа состојба на е случајна, туку суштински е поврзана со правната природа на услугите. Затоа многу е тешко да се разграничат прашањата кои се однесуваат на стоките од оние што се однесуваат на услугите. Тука се презентирани лични согледувања на кандидатката, кои научно ги фундира на правната теорија и пракса.

Со посебно внимание се истражувани ограничувањата на трговијата со услугите од аспект на директната и индиректната дискриминација, како и мерките кои немаат дискриминаторен карактер, а сепак можат да имаат ограничувачко влијание. Кандидатката ги разгледува и оправдувањата на ограничувањата на слободниот проток на услугите, повикувајќи се на огромен број примери од судската на практика на Европскиот суд на правдата.

Во рамките на оваа глава направена е анализа на секундарното право на ЕУ од оваа област, кое е претставено со Директивата за услуги во внатрешниот пазар и Директивата за признавање на професионалните квалификации. Одредбите на овие правни документи, значајни од аспект на либерализацијата на трговијата со услугите, анализирани се низ призмата на актуелните тендеции во развојот, принципот на секторска хармонизација, меѓусебното признавање и земја на потекло, сето тоа поткрепено со релевантни судски пресуди.

***Четвртата глава*** од докторската дисертација, со наслов „Либерализација на трговијата со услуги во Република Македонија", е посветена на актуелните состојби во Република Македонија во однос на либерализацијата на трговијата со услугите. Во овој дел од истражувањето, кандидатката потенцира дека со стекнување на полноправно членство во Светската трговска организација, РМ се обврзала да изврши либерализација не само на надворешнотрговскиот режим на стоки, туку и на надворешнотрговскиот режим на услуги. Понатаму, специфика за РМ е дека услугите во главно се обезбезбедувале во функција на трговијата со стоки. Но, поради развојот на современите технологии во поново време се појавува можност за автономно движење на услугите.

Во овој дел од трудот, кандидатката ја анализира постепената либерализација на пазарот на услуги во Република Македонија, споредбено со земјите од регионот. Структурата на оваа глава се состои од неколку потточки. Прво, се прави преглед на актуелната состојба на услужниот сектор, потенцирајќи го значењето на овој сегмент на економскиот систем. Понатаму, трудот ги следи фазите на либерализација на услугите претставени со потпишување на Спогодбата за стабилизација и асоцијација; членството во СТО и обврските кои произлегуваат од ГАТС; како и неопходноста на хармонизацијата на националните правила со правилата на ЕУ во доменот на услугите, што претставува еден од предусловите за стекнување на полноправно членство во ЕУ.

На крај, се потенцираат заклучните согледувања и препораките за идните чекори за либерализација на услугите во Република Македонија.

Во ***заклучокот,*** кандидатката сублимирано ги презентира своите општи и посебни согледувања до кои дошла при истражувањето на предметот на докторската дисертација. Заклучните согледувања и препораките за развој се базираат на длабока теоретска и емпириска анализа. Истакнато е значењето на услужниот сектор, како за меѓународната, така и за домашната економија. Кандидатката ја утврдува правната содржина на поимите релевантни од аспект на предметот на истражувањето. На крајот од докторската дисертација утврдена е корелацијата помеѓу определени правни норми кои го претставуваат правото на СТО и ЕУ. Во рамките на заклучните согледувања, добар дел е посветен на состојбите на услужниот сектор во РМ и степенот на усогласеност на националното право со меѓународното право од областа на трговијата со услугите. Исто така, детектирани се горливите прашања и аспекти на кои во иднина треба да се работи, а трудот генерира значајни препораки во насока на либерализација на пазарот на услуги во Република Македонија.

**2. Оцена на докторската дисертација**

Врз основа на читањето и на оцената на текстот на докторската дисертација, под наслов *Актуелни трендови во либерализацијата на трговијата со услуги во меѓународната и во домашната трговска практика (правни аспекти)* изработена од кандидатката м-р Ангела Кузманова, Комисијата го констатира следното:

- докторската дисертација демонстрира висок степен научна релевантност и по подолго време во Република Македонија се појавува труд кој „длабински“ ја анализира проблематиката на трговијата со услугите, како извонредно значаен сектор во стопанството;
- кандидатката во дисертацијата ги разработила бројните аспекти на либерализацијата на трговијата со услугите, од аспект на отстранување на бариерите на давањето на услугите и основањето на трговски друштва регистрирани за таа дејност и особено регулирањето на услугите во домашното, споредбеното и во меѓународното право;
- преку спроведените анализи и елаборации во докторската дисертација, кандидатката успеала сеопфатно да ги обработи сите важни прашања поврзани со правниот статус на релевантните субјекти, како и односите коишто се јавуваат помеѓу нив, но исто така се анализира и положбата и на другите субјекти кои имаат улога на креатори на трговските политики за либерализација на пазарот;
- кандидатката зазема сопствени ставови во поглед на некои отворени прашања кои се јавуваат како спорни кај преземањето мерки за либерализирање на трговијата со услуги, аргументирајќи ги со соодветна теоретска подлога, но, што е поважно, своите ставови ги поткрепува со релевантна судска и трговска практика;
- темата е обработена на концизен начин. Презентираната структура на докторската дисертација целосно го покрива предметот на истражувањето.
- при изработката на докторската дисертација, кандидатката се користела со обемна и релевантна научна и стручна, претежно странска литература;
- од методолошки аспект, кандидатката користела релевантни методи погодни за научно истражување од областа на правото;

- посебна вредност на трудот му дава деталната анализа на меѓународните правни извори кои се занимаваат со одредени прашања поврзани со принципите на недискриминација, забрана на ограничувањето на слободниот проток на услугите, членството во меѓународни организации, како и обврските кои произлегуваат од потпишувањето на меѓународните спогодби. Тука, првенствено мислиме на правните документи донесени под покровителство на Светската трговска организација, Европската унија, како и бројните билатерални спогодби на кои Република Македонија е потписничка. Неоспорен е придонесот за научната мисла, особено од аспект на деталната анализа на меѓународната судска практика отелотворена во бројни судски пресуди кои имаат големо влијание во процесот на создавање на меѓународните правни норми;
- јазикот на кој пишува кандидатката е стручен, истовремено лесно читлив и разбирлив;
- начинот на цитирање на правните извори, на судската практика и на користената литература ги задоволува современите стандарди на академското пишување;
- конечно, докторската дисертација, под наслов *Актуелни трендови во либерализацијата на трговијата со услуги во меѓународната и во домашната трговска практика (правни аспекти)*, ги содржи сите карактеристики на сериозен и самостоен научен труд.

**3. Заклучок и предлог**

Врз основа на изложениот приказ и оцена, Комисијата констатира дека се работи за одлично изработена и особено квалитетна докторска дисертација што ги задоволува сите критериуми за подготвување на самостојни научни трудови од ваков вид, предвидени со соодветната законска регулатива и со актите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Од овие причини, Комисијата со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје да го усвои овој извештај, со што би се создале услови за јавна одбрана на докторската дисертација од кандидатката м-р Ангела Кузманова, под наслов *Актуелни трендови во либерализацијата на трговијата со услуги во меѓународната и во домашната трговска практика (правни аспекти)*.

Комисија

Проф. д-р Софија Тодорова с.р.

Проф. д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска с.р.

Проф. д-р Весна Пендовска с.р.

Проф. д-р Горан Коевски с.р.

Доц. д-р Дарко Спасевски с.р.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА
**УПРАВУВАЊЕТО СО ЗНАЕЊЕТО КАКО КОРПОРАТИВНА СТРАТЕГИЈА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТСКАТА ПРЕДНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКАТА ЕФИКАСНОСТ,**
ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р САЊА НИКОЛИЌ,
ПОДНЕСЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 241 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а во врска со поднесената докторска дисертација од кандидатката м-р Сања Николиќ со наслов **Управувањето со знаењето како корпоративна стратегија за подобрување на конкурентската предност и организациската ефикасност.** Научниот совет на Економскиот институт во Скопје, на својата 93 седница одржана на 30.5.2013 година, донесе Одлука бр. 02-1152/1 од 5.6.2013 за формирање Комисија за оцена на докторската дисертација, во состав:

1. д-р Васил Поповски;
2. д-р Дејан Пендев;
3. д-р Татјана Петковска;
4. д-р Верица Јаневска;
5. д-р Зоран Јаневски.

Членовите на Комисијата со посебно внимание ја прочитаа и ја проучија поднесената докторска дисертација и по усогласувањето на мислењата до Научниот совет на Економскиот институт го доставуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### 1. Општи согледувања

Докторската дисертација од кандидатката *м-р Сања Николиќ* со наслов *„Управувањето со знаењето како корпоративна стратегија за подобрување на конкурентската предност и организациската ефикасност“* според низа релевантни индикатори од теориско - методолошки аспект укажува на нагласената потреба кај деловните субјекти во Република Македонија да се воведе концептот на управување со знаењето, со цел подобрување на ефикасноста во работењето и постигнување на одржлива конкурентска предност.

Во Република Македонија речиси и да не постојат фундаментални теориски истражувања, ниту системски и продлабочени емпириски истражувања поврзани со проблематиката на концептот на управување со знаењето и соодносот со стратегискиот менаџмент, како и влијанието врз организациските перформанси во функција на подобрување на ефикасноста на деловните субјекти и стекнување и одржување на конкурентска предност. Иако организациското знаење има есенцијално значење, недостигот од емпириски резултати и податоци доведува до скептицизам во врска со импликациите врз работењето кај деловните субјекти. Докторската дисертација

*„Управувањето со знаењето како корпоративна стратегија за подобрување на конкурентската предност и организациската ефикасност“*од кандидатката *м-р Сања Николиќ,* преку систем на рационални, функционални, логички, епистемолошки и технички компоненети ги верификува, ги проверува, ги проширува и ги продлабочува постојните и стекнува нови научни сознанија во оваа област. Притоа, основна задача е да се воспостави врска меѓу теоријата и практиката во доменот на управување со знаењето и стратегискиот менаџмент, со партикуларен осврт на Република Македонија.

Согласно со претходното, дисертацијата го потенцира значењето на примената на концептот на управување со знаењето, давајќи им насоки на менаџерите за ефективно управување со организацикото знаење. Практичното значење на докторската дисертација е во можноста понудените концептуални модели кои го поврзуваат управувањето со знаењето, старетегискиот менаџмент и организациските перформанси да се искористат од страна на деловните субјекти во Република Македонија, како пример за иницирање и воведување на стратегиски промени од аспект на зголемување на продуктивноста, ефективноста во работењето и нивната конкурентска способност и предност.

Претпоставката од која се поаѓа во докторската дисертација е дека концептот на управување со знаењето претставуваат значаен фактор за стекнување и одржување на конкурентноста и ефикасното работење на отворениот пазар.

Денес голем број на деловни субјекти во светски рамки ги употребуваат програмите за управување со знаењето кои создаваат услови за напредок и подобрување на работата. Меѓутоа, овој труд насочува чекор натаму и дава можност за реплицирање и примена на методите и техниките во други земји, преку модификација на истражуваните компоненти, што придонесува и кон легитимно проширување на теоретските перспективи.

## 2. Содржина на дисертацијата

Теоретското елаборирање и анализата во докторската дисертација *„Управувањето со знаењето како корпоративна стратегија за подобрување на конкурентската предност и организациската ефикасност“*, поднесена од кандидатката *м-р Сања Николиќ,* е содржана на 347 страници текст, секоја тема е покриена со посебни согледувања, со голем број на шематски прикази, табели, графикони и илустрации, поткрепено со најнови сознанија од оваа област, кои кандидатката ги црпи пред сé од странска литература - книги и научни трудови, поврзани со предметот и целите на истражувањето.

Глобалната структура на докторската дисертација е разработена во два дела. Првиот дел е составен од вовед и теориски дел во шест глави. Вториот дел е, всушност, емпириски дел, составен од две глави, а потоа следуваат заклучни согледувања, прилози и користена литература. Теорискиот дел опфаќа 186 страници, емпирискиот 147 страници, прилозите се опфатени на 6 страници. Користената литература е наведена на 8 страници и содржи 151 релевантна библиографска единица, периодични списанија и интернет - страници.

Во ***воведниот дел*** на докторската дисертација, кандидатката, во согласност со основните теориските принципи на истражувањето, доследно го развива концептот на своето истражување, со дефинирање на проблемите, предметот и целта на

истражувањето, актуелноста на проблематиката, како и методолошкиот приод што ќе се користи при истражувањето.

Во ***првата глава*** од теорискиот дел, *Актуелни светски економски трендови и нивното влијание во Република Македонија,* се обработува процесот на глобализација и економските и технолошките промени кои тој ги носи во постиндустриското општество. Процесот на глобализација ги отвори пазарите со што се олесни протокот на производи, капитал, работна сила, со што материјалните ресурси станаа лесно достапни. Република Македонија со својот статус-кандидат за членство во ЕУ има обврска да ја следи европската регулатива, која, меѓу другото, обврзува и отворање на пазарите. Како што посочува кандидатката, отворањето на пазарите создаде нови пазарни услови и организациите се соочија со засилена конкуренција при што се наметна потреба од барање на нов соодветен стратегиски модел на работа во насока на стекнување на конкурентска предност и одржување на организациска ефикасност.

Во ***втората глава,*** кандидатката, ја објаснува потребата од стратегиски менаџмент во услови на отворен пазар. Во овој дел, кандидатката го истакнува значењето на стратегискиот менаџемент и го разработува неговиот поим, развој, процес, како и неговите реализатори – управниот одбор, топ менаџментот, менаџментот на пониско ниво како и останатите вработени во организацијата. Во оваа глава се објаснува и динамичното окружување и факторите кои имаат влијание врз работењето на организацијата. На крајот, кандидатката стратегискиот менаџмент го поврзува со динамичното окружување, како потребна стратегија за успешно работење на пазарот и тоа преку антиципирање на промените во окружувањето, креативност и иновација, организациска визија, општествена и корпоративна етика и одговорност, организациско учење.

Во ***третата глава*** од докторската дисертација *Управувањето со знаењето како корпоративна стратегија за подобрување на конкурентската прендост и организациската ефикасност,* кандидатката го објаснува стратегискиот менаџмент како алатка за подобрување на конкурентската предност на организацијата. Притоа се разработува поимот на конкурентска предност како и менаџерски стратегии за стекнување на конкурентската предност. Стратегии за стекнување на конкурентска предност кои се разработуваат во овој дел се традиционалните стратегии и генеричките стратегии на Портер, како и современите стратегии за стекнување на конкурентска предност и нови стратегии за постигнување и зачувување на пазарната доминација. Понатаму се разработува имплементацијата како и по потреба, модификација на стратегиите.

Во ***четвртата глава*** од оваа докторска дисертација, кандидатката го разработува стратегискиот менаџмент преку призмата на концептот на управување со знаењето како начин за подобрување на организациската ефикаснот. На почетокот од главата кандидатката, го објаснува знаењето и неговото значење како нематеријален ресурс во организацијата. Особено акцент се става на интелектуалниот капитал, кој го претставува применетото знаење во организацијата. Понатаму, во овој дел се разработува концептот на управување со знаењето во организацијата – распределба, трансфер, искористување и складирање на знаењето. Организацијата треба да има стратегиски пристап кон управувањето со знаењето. Современата организација е организација која континуирано учи и се менува соодветно со условите на динамичниот пазар.

Во ***петтата глава*** од докторската дисертација, се разработуваат релевантните фактори кои влијаат врз креирање и имплементација на концептот на управување со знаењето и стекнување на конкурентска предност. Фактори кои влијаат на примена на концептот на управување со знаењето и се обработени од страна на кандидатката, во овој дел се: организациска култура, менаџмент на човечки ресурси и информациски технологии. Организациската култура претставува предуслов за имплементација на концептот на управување со знаењето.

Организациската структура, како и квалитетот на интеракција меѓу менаџерите и вработените и меѓу самите вработени има значајно влијание врз организациската клима и ефективноста и ефикасноста во работењето. Концептот на управување со знаење диртектно е поврзан со менаџментот на човечки ресурси. Управувањето со знаење започнува уште при самата регрутација на вработените, понатаму нивна специјализација, надоградување, поставување на соодветни позиции итн. При управувањето со човечките ресурси особено значајна улога има лидерството во организацијата. Лидерството претставува движечка сила во организацијата. Како што потенцира кандидатката, концептот на управување со знаење не би можел соодветно да се имплементира без користење на информационите технологии. Информационите технологии наоѓаат примена во трансфер и складирање и чување на знаењето, електронско учење итн.

Во ***шестата глава*** од докторската дисертација, кандидатката го објаснува значењето на корпоративното знаење како инпут за донесување на квалитетни менаџерски одлуки и подобрување на организациската ефикасност. Притоа на почетокот од главата е објаснет самиот процес на одлучување и неговата природа, за понатаму да се разработи врската меѓу процесот на одлучување и знаењето (информациите) кои, доколку ги поседува менаџментот, ќе придонесат за донесување на квалитетни одлуки.

Во **вториот дел**, *Примената на концептот на управување со знаењето на пазарот на електронски комуникации – мобилна телефонија во Република Македонија и ефектите од неговата примена,* извлечените теориски сознанија се надополнети со согледувања од практиката од работењето на деловните субјекти во Република Македонија, заради укажување од потребата за имплементирање на концептот на управување со знаењето.

Во ***последниот дел***, врз основа на истражувањето, кандидатката во синтетизирана форма, низ потврдување на основните ставови изложени во хипотезите, јасно и концизно ги елаборира своите завршни согледувања, втемелени врз резултатите до кои доаѓа во текот на истражувачката работа. Резултатите од истражувањето претставуваат научен придонес за потребата и начинот на имплементација на концептот на управување со знаење и неговото влијание врз организациските перформанси кај деловните субјекти во Република Македонија.

Резултатите од спроведеното истражување покажаа дека ефектите од примена на концептот на управување со знаење и конкурентската предност и организациската ефикасност се во позитивна корелација. Исто така, резултатите од спроведеното истражување – студија на случај покажаа дека во истражуваната организација се применува концептот на управување со знаење. Мотивираноста на вработените за надоградување на сопственото знаење е во корелација со нивната возраст и образование. Резултатите покажаа дека постои правопропорционлано влијание на

возраста на вработените и нивната мотивација за надоградување на знаењето, поради согледување на актуелната ситуација на пазарот на трудот и заострената конкуренција на истиот.

Од друга страна, пак, се јавува слабо инверзно – обратнопропорционално влијание помеѓу образованието на вработените и нивниот став околу потребата од постојано надградување и усовршување на нивното знаење и стручни способности во областа на работата, поради заострената конкуренција на пазарот на трудот. Имено, испитаниците кои се помалку образовани сметаат дека постои потреба од постојано надградување на стручното знаење во областа во која работат.

Резултатите од истражувањето покажаа дека испитуваните фактори на примена на концептот на управување со знаењето: менаџментот на човечки ресурси, информационите технологии и организациската култура позитивно влијаат врз мотивацијата на вработените да го надградуваат и споделуваат своето знаење.

Едновремено, резултатите покажаа дека и вработените и менаџерите на ист начин ја согледаа потребата од примена на концептот на управување со знаењето, која произлегува од динамичните услови на пазарот на мобилна телефонија.

Ефектите од примената на концептот на управување со знаењето во истражуваната организација се позитивни, не само од аспект на реализација на поставените бизнис-цели, туку и од аспект на развој на човечкиот капитал, кој се потврди дека претставува основен фактор за стекнување на конкурентска предност.

## 3. Оцена и предлог

Имајќи ги предвид претходните согледувања, Комисијата е на мислење дека кандидатката м-р Сања Николиќ, фокусирајќи го својот истражувачки интерес на една така суптилна и комплексна проблематика како што е: *Управувањето со знаењето како корпоративна стратегија за подобрување на конкурентската прендост и организациската ефикасност*, во својата докторска дисертација дава сериозен и значаен научен придонес во областа на економијата и организациските науки- менаџментот. Трудот претставува самостоен и научно - стручен труд од мултидисциплинарен карактер, изработен е врз база на обемен научен материјал, со спроведување на истражување на терен, и има значаен придонес во областа на анализираната проблематика.

Комисијата цени дека тоа е научен труд, кој по својот пристап, начинот на изработка и добиените резултати во секој поглед ги задоволува формалните и суштинските услови кои се потребни за една докторска дисертација од аспект на содржина, обем и постигнато ниво на квалитет. Имено, докторскиот труд на кандидатката м-р Сања Николиќ се разликува од постојната економска и менаџмент литература во концептуалната рамка за процесот на управување со знаењето во насока на стекнување конкурентската предност и подобрување на организациската ефикасност, не само како предлог, туку и како развиен емпириски оценет концепт. Поткрепен со широк преглед на референтна литература, теоретската рамка ги обработува не само дефинициите, туку и практичните аспекти на темата, со што дава повеќе димензионална формулација на концептот на управување со знаењето. Значителна разлика претставува предложената матрица која развива валиден и релевантен иструмент за операционализација на

хипотезите, како и проширениот аналитички опсег во однос на претходните студии. Показателите кои ја потврдуваат или отфрлаат хипотетската рамка се базирани врз студија на случај на организација во Република Македонија. Во елаборацијата на трудот, кандидатката, низ осмислен интерактивен пристап, користи мошне егзактен јазик и стил на изразување, продлабочена анализа на содржината на секој поим, споредување, спротивставување и корелација на сите поими, со цел да се добијат сознанија кои се систематизирани според нивното потекло и значење.

Докторската дисертација *Управувањето со знаењето како корпоративна стратегија за подобрување на конкурентската прендост и организациската ефикасност,* од кандидатката *м-р Сања Николиќ*, се одликува со коректен методолошки приод. Мноштвото податоци се логички подредени, прецизно формулирани и јасно прикажани, односно се темелат врз јасна структурна операционализација на предметот на истражување. Кандидатката покажува дека е способна да го обедини теорискиот, истражувачкиот и апликативниот приод и да направи концепциски и емпириски солидно изработен самостоен труд. Целта на истражувањето е успешно остварена преку развивање на хипотетска рамка, составена од проширена скала на критични компоненти, која го утврдува нивото на имлементација на концептот на управување со знаењето, како и неговата улога во стекнување на конкурентска предност и подобрување на организациската ефикасност на отворениот пазар.

Дисертацијата претставува значаен придонес за афирмација на економската наука - како на полето на научното третирање на проблематиката на менаџмент, производниот менаџмент, како и на маркетинг-менаџментот. Докторантката има солидно познавање и добро владее со методологијата на научноистражувачката работа, како во конципирање на појдовната теориско - методолошка рамка, така и во формулирањето на добиените резултати од истражувањето, што се тремели врз доследна примена на основните начела: сеопфатност, систематичност, постепеност, аналитичност, објективност, логичност и способност за воопштување.

Од содржината, методологијата и начинот на изработка на дисертацијата, како и од прикажаните резултати од истражувањето, преку успешниот спој на области, се потенцира креативноста на кандидатката и нејзиното детално познавање на предметот на истражување, нејзиниот студиозен и темелен пристап и владеење со презентираната проблематика. Резултатите од истражувањето во дисертацијата можат да најдат непосредна примена во практиката, а воедно отвораат можност за понатамошни истражувања во споменатите области.

Докторската дисертација заслужува посебен респект поради интегралниот, целисходниот и темелен пристап и според обемноста на обработениот стручен материјал. Текстот на дисертацијата е пишуван согласно со современите концепти прифатени при изработка на докторски дисертации.

Комисијата беше едногласна во констатацијата дека кандидатката *м-р Сања Николиќ* во својата докторска дисертација целосно успеала да одговори на предизвиците што ги поставила при дефинирањето на предметот на истражување. Тезите што ги поставува мошне успешно ги развива со поткрепени и аргументирани ставови и заклучоци. Постигнатата научна егзактност и вредност на докторската дисертација се целосно прифатени и заслужуваат висока оцена.

Имајќи го предвид изнесеното мислење и оцена на докторската дисертација, нејзината актуелност и научен пристап, Комисијата му предлага на Научниот совет на Економскиот институт во Скопје:

1. да го прифати извештајот со позитивна оцена за поднесената докторска дисертација **„Управувањето со знаењето како корпоративна стратегија за подобрување на конкурентската предност и организациската ефикасност“,**

2. да формира Комисија за одбрана на докторската дисертација и

3. на кандидатката м-р Сања Николиќ да и одобри јавна одбрана на докторската дисертација.

Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација

1. Д-р Васил Поповски, с.р.
2. Д-р Дејан Пендев, с.р.
3. Д-р Татјана Петковска, с.р.
4. Д-р Верица Јанеска, с.р.
5. Д-р Зоран Јаневски, с.р.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ
**„УЛОГАТА НА ТУРИЗМОТ ВО ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ДЕБАР”** ОД КАНДИДАТОТ **М-Р БАЈРАМ ЦАПА**,
ПОДНЕСЕНА ДО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 241 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а во врска со поднесената докторска дисертација од кандидатот **м-р Бајрам Цапа** под наслов: **УЛОГАТА НА ТУРИЗМОТ ВО ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ДЕБАР**, Научниот совет на Економскиот институт во Скопје, на 94 седница одржана на 3.7.2013 година, донесе Одлука бр. 02-1344/2 од 8.7. 2012 година, за формирање на Комисија за оцена и одбрана на трудот, во состав:

1. д-р Марија Ацковска
2. д-р Биљана Ангелова
3. д-р Нако Ташков
4. д-р Неда Петроска Ангеловска и
5. д-р Дејан Методијевски.

Членовите на Комисијата со потребното внимание ја прочитаа поднесената докторска дисертација **УЛОГАТА НА ТУРИЗМОТ ВО ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ДЕБАР** од кандидатот **м-р Бајрам Цапа** и на Научниот совет на Економскиот институт во Скопје му го доставуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### 1.Општи напомени

Докторската дисертација од кандидатот **м-р Бајрам Цапа** на тема: **УЛОГАТА НА ТУРИЗМОТ ВО ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ДЕБАР**, обработува интересна и мошне актуелна проблематика од областа на туристичкиот развој.

Научното истражување во докторската дисертација тргнува од фактот дека современите трендови на туристичкиот пазар укажуваат на промена на преференциите на туристите, што отвора можност за развој на нови сегменти на туристичката понуда во контекст на поголемата актуализација на алтернативниот туризам. Ваквиот развој на настаните остава простор за етаблирање на одделни дестинации кои во досегашниот период не биле перципирани како изразито туристички, а поседуваат определен атрактивно мотивски потенцијал со помалку конвенционален карактер. Во тој контекст

се разгледува и општина Дебар како потенцијална дуристичка дестинација, каде што на релативно мала просторна целина се концентрирани голем број на туристички атракции расположливи за комерцијална експлоатација.

Посебно внимание во трудот е посветено на идентификувањето на природните и атрактивните фактори за развој на туризмот, што и даваат определана компаративна предност на општината во споредба со други туристички дестинации. Исто така, соодветно внимание е посветено на истражувањето на заемната поврзаност меѓу развојот на туризмот и локалниот економски развој на општина Дебар со цел реално да се прикаже економското значење на туризмот и неговата улога во креирањето на економските параметри што ја отсликуваат економската развиеност на локалната заедница. Трудот се заокружува со посочување на идните правци на туристичкиот развој во општината кои би резултирале во интензивирање на неговите економски ефекти. Со оглед на опфатот и комплексноста на оваа проблематика, проблемите и предизвиците во процесот на идентификување на идните туристички правци за развој на туризмот во општина Дебар, во практиката не се забележани темелни истражувачки потфати од теоретски и практичен аспект во оваа насока. Со истражувањето во овој труд намерата е да се даде соодветен научен придонес во доменот на проблематиката на интегралниот туристички развој на ниво на една локална дестинација.

При изработката на докторската дисертација, согласно со природата на истражувањето, користена е соодветна методологија заснована на повеќе научни методи и понудени се релевантни аргументи за докажување на научната хипотеза и исполнување на научните цели на истражувањето.

## 2. Содржина на дисертацијата

Докторската дисертација под наслов УЛОГАТА НА ТУРИЗМОТ ВО ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ДЕБАР, поднесена од кандидатот м-р Барјам Цапа, има вкупно 273 страници, од кои на основниот текст на трудот што е конципиран во воведен дел, пет глави и заклучни согледувања се однесуваат 254 страници. Кон трудот е приложен прашалникот од анкетното истражување и е даден преглед на користената литература и посетените интернет - страници.

***Воведниот дел*** од трудот се однесува на актуелноста на проблематиката која е предмет на истражување. Во него е презентирана и кратка содржина на материјата која се обработува и се елаборираат целите и предметот на истражувањето. Во овој дел, кандидатот посебено ги акцентира методите на научноистражувачката работа кои се користат во насока на добивање на очекуваните резултати и постигнување на целите на истражувањето.

Во ***првата глава*** од трудот што носи наслов: „Општи согледувања за општина Дебар", детално внимание се посветува на материјата поврзана со состојбата кај определени економски, демографски, социјални, инфраструктурни и други фактори

кои го детерминираат развојот на општината. Во тој контекст, предмет на елаборација се најзначајните податоци поврзани со определени социо-економски карактеристики на општината како претпоставки за развојот на приватниот и јавниот сектор во системот на современата економија. Преку анализата на овие категории се согледува реалната состојба на достигнатиот степен на економски развој на општината, се идентификуваат пропулзивните сектори на економијата и се детерминираат подрачјата што претставуваат потенцијал за динамизирање на локалниот економски развој.

***Втората глава*** од овој труд носи наслов „Фактори за развој на туризмот во општина Дебар". Во оваа глава се посветува внимание на атрактивно мотивската база за развој на туризмот во општината преку анализата на природните и антропогените фактори за развој на туризмот. Со оглед на фактот дека комуникативноста на подрачјето има значајна улога во развојот на туризмот, во рамките на ова поглавје се разгледува состојбата на сообраќајната поврзаност на општината, но се посветува и соодветно внимание на улогата на патничките агенции во развојот на туризмот на општината. Предмет на анализа се и рецептивните фактори за развој на туризмот во општината, како фактори од посебно значење за локалната економија, бидејќи токму преку овие фактори се остварува комерцијализацијата на туризмот. Во тој контекст се анализира состојбата на туристичката инфраструктура преку туристичките и угостителските објекти, инвестициите и демографскиот фактор, како битна детерминанта за развојот на туристичкиот сектор. Во рамките на оваа глава, исто така е даден преглед на институционалните фактори за развој на туризмот при што се идентификува улогата на локалната заедница, туристичките здруженија и развојните документи, но воедно се нотираат изворите и инструментите за финансирање на туризмот во општината. Предмет на елобарација во оваа глава, исто така, се некои специфични фактори кои можат да имаат пресудно влијание врз туристичкиот развој како што се претприемаштвото, интегрираните маркетинг - комуникации и управувањето со туристичката дестинација. Спроведената детална анализа на факторите за развој на туризмот, овозможува критички осврт врз предностите, слабостите и ограничувањата што произлегуваат од идентификуваната состојба.

***Третата глава*** е посветена на развојот на селективни форми на туризам во општина Дебар. Во рамките на оваа глава, а имајќи го предвид предметот на истражување, критички и преку конкретни примери се опишуваат поединечните видови туризам на територијата на општината. Притоа, се дава приказ на состојбата во однос на развиеноста на досегашните селективни форми на туризам во општината и се детерминираат можностите за унапредување на туристичката понуда преку развој на нови, неексплоатирани форми на туризам со посебен акцент на оние видови туризам за кои постои растечка побарувачка на светскиот туристички пазар, а за кои општина Дебар располага со поволни услови за нивниот развој. Во тој контекст се издвојуваат бањскиот, руралниот, културниот и екотуризмот, при што посебен акцент се става на бањскиот туризам како најдоминанатна форма на туризам во дебарскиот регион.

Посебно место во разработката на ова поглавје има интегрираната туристичка понуда, која како резултат на синергетскиот ефект додава посебен квалитет кон развојот на туризмот во општина Дебар.

Во ***четвртата глава***, насловена како „Туристичкиот промет во општина Дебар и неговото влијание врз локалната економија“, предмет на аргументирање се основните физички и финансиски индикатори на туристичкиот развој, а во поглед на расветлување на неговото позитивно влијание, предмет на опсервација се и неговите економски функции. Посебен третман, во ова поглавје има туристичката потрошувачка која е генератор на економските ефекти од туризмот, но и одделните економски ефекти од туризмот кои имаат скромно но значајно влијание врз локалната економија. Во рамките на ова поглавје се согледува и улогата на некои други ефекти од туризмот, кои по својот карактер не се изразито економски, но имаат битно влијание врз благосостојбата на локалната заедница. Во тој контекст, покрај економските, се разгледуваат, социјалните, културолошките и еколошките ефекти што од своја страна овозможува интегрален пристап во развојот на туризмот во општината низ призмата на неговата одржлива димензија.

Во ***петтата глава*** од трудот се сумирани резултатите од целокупниот научен потфат планиран и реализиран во текот на изработката на овој труд. Посебно внимание се посветува на придонесот на резултатите од истражувањето за развојот на туризмот во општина Дебар. Воедно, дадени се и соодветни препораки за унапредување и насоки за развој како на некои традиционални, така и на некои алтернативни видови туризам.

Во делот ***Заклучни согледувања*** сумирани се најзначајните констатации, видувања, ставови и оцени на авторот, презентирани во овој докторски труд.

## ОЦЕНА И ПРЕДЛОГ

Членовите на Комисијата внимателно ја прочитаа и ја проучија докторската дисертација на кандидатот **м-р Бајрам Цапа** со наслов **УЛОГАТА НА ТУРИЗМОТ ВО ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ДЕБАР** и заемно е мислењето дека таа претставува комплексен и содржаен труд во областа на туристичката развојна проблематика. Трудот се одликува со сериозен пристап кон третираниот проблем, солидна теоретска основа и соодветна методолошка рамка.

Предмет на научна елаборација во трудот се сите сегменти на комплексниот туристички систем. Ваквиот пристап овозможува реално и сеопфатно согледување на слабостите, предностите и предизвиците на туристичкиот сектор во општина Дебар со цел трасирање на идниот туристички развој во општината и интензивирање на неговите позитивни ефекти врз локалната економија. Значајна димензија на трудот му дава спроведеното емпириско истражување кое дава одговор на прашањата поврзани со најзначајните сфери на влијание на туризмот врз локалната економија. Ваквиот

пристап во истражувањето е надополнет со методолошка рамка која во целост одговара на академските стандарди, а кандидатот користи современа научна и стручна, домашна и странска литература од потесната и пошироката област, што е солидна основа за критичко размислување по клучни прашања од истражуваната проблематика.

Докторската дисертација, концептуално, претставува логички заокружеана целина и се одликува со јасен и експлицитен стил на пишување. Елаборираната материја е коректно аргументирана и илустрирана со релевантни податоци. Понудената дискусија за актуелни прашања поврзани со улогата на туризмот врз локалната економија во општина Дебар и критичкото размислување резултираат во соодветни конструктивни и апликативни решенија во фунција на интензивирање на туристичкиот развој во општината.

Општа е констатацијата дека приложениот докторски труд е во согласност со академските стандарди и дека кандидатот успешно се справил со поставениот предизвик и успеал да понуди аргументи, мислења и заклучоци во однос на поставената хипотеза на истражувањето.

Комплексноста на материјата и сеопфатноста во разработката на теоретските аспекти во трудот, надополнети со оригинален пристап во истражувањето на предметната проблематика, даваат солидна основа за позитивна оцена на Комисијата дека истражувањето во трудот претставува солиден научен придонес за улогата на туризмот во локалниот развој на општина Дебар и како сектор што овозможува раст и развој на претпријатијата во современото динамично опкружување.

Врз основа на претходно изнесеното, Комисијата му предлага на Советот на Економскиот институт во Скопје:

1. да го прифати извештајот со позитивна оцена на докторската дисертација на тема: **УЛОГАТА НА ТУРИЗМОТ ВО ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ДЕБАР** и

2. на кандидатот **м-р Бајрам Цапа** да му формира комисија за одбрана на докторската дисертација и да му дозволи јавна одбрана на докторската дисертација.

КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

1. Д-р Марија Ацковска, с.р.
2. Д-р Биљана Ангелова, с.р.
3. Д-р Нако Ташков, с.р.
4. Д-р Неда Петроска-Ангеловска, с.р.
5. Дејан Методиевски с.р.

РЕЦЕНЗИЈА
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА
**УЛОГАТА И ЗНАЧЕЊЕТО НА ПРОЦЕСОТ НА УПРАВУВАЊЕ СО ПЕРФОРМАНСИТЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА РАЗВОЈНИТЕ ПОТЕНЦИЈАЛИ НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ИРЕНА АШТАЛКОСКА, ПОДНЕСЕНА ДО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ**

Врз основа на член 241 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а во врска со поднесената докторска дисертација од кандидатката м-р Ирена Ашталкоска со наслов **Улогата и значењето на процесот на управување со перформансите на вработените за зголемувањето на развојните потенцијали на организациите,** Научниот совет на Економскиот институт во Скопје, на својата 94 седница одржана на 3. 7. 2013 година, донесе Одлука бр. 02-1332/2 од 8. 7. 2013 година за формирање на Комисија за оцена на докторската дисертација во состав:

1. д-р Васил Поповски
2. д-р Билјана Ангелова
3. д-р Верица Јанеска
4. д-р Кирил Постолов
5. д-р Елена Давитковска.

Членовите на Комисијата со посебно внимание ја прочитаа и ја проучија поднесената докторска дисертација и по усогласувањето на мислењата до Научниот совет на Економскиот институт го доставуваат следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**2. Општи согледувања**

Докторската дисертација од кандидатката *м-р Ирена Ашталкоска* со наслов *Улогата и значењето на процесот на управување со перформансите на вработените за зголемувањето на развојните потенцијали на организациите,* според низа релевантни индикатори од теориско - методолошки аспект укажува на нагласената потреба кај деловните субјекти во Република Македонија да се применува процесот на управување со перформансите на вработените, како и да се воведат мерки за нивно континуирано подобрување со една единствена цел – зголемување на развојните потенцијали на организациите и постигнување успешност на пазарот.

Во Република Македонија речиси и да не постојат фундаментални теориски истражувања, ниту системски и продлабочени емпириски истражувања поврзани со проблематиката на примена на процесот на управување со перформансите на вработените во организациите, како и неговото влијание врз организациските и пазарните перформанси во функција на зголемување на развојните потенцијали на организациите. Иако интуитивно се перципира дека овој процес има есенцијално

значење, недостигот од емпириски резултати и податоци доведува до скептицизам во врска со импликациите врз работењето кај деловните субјекти. Докторската дисертација *Улогата и значењето на процесот на управување со перформансите на вработените за зголемувањето на развојните потенцијали на организациите* од кандидатката *м-р Ирена Ашталкоска,* ги проверува, ги проширува и ги продлабочува постојните и стекнува нови научни сознанија во оваа област. Притоа, основна задача е да се воспостави врска меѓу теоријата и практиката во доменот на целосното управување со перформансите на вработените и организациските и пазарните перформанси, со партикуларен осврт на Република Македонија.

Согласно со претходното, дисертацијата го потенцира значењето на примената на процесот на управувањето со перформансите на вработените во организациите, како и мерките за нивно континуирано подобрување, давајќи им насоки на менаџерите за ефективно искористување на спроведените мерки и програми. Практичното значење на докторската дисертација е во можноста понудените концептуални мерки кои го поврзуваат процесот на управување со перформансите на вработените во организациите со организациските и пазарни перформанси да се искористат од страна на деловните субјекти во Република Македонија, како пример за иницирање и воведување на стратегиски промени од аспект на зголемување на нивните развојни потенцијали и остварување успешност на пазарот.

Претпоставката од која се поаѓа во докторската дисертација е дека процесот на управување со перформансите на вработените претставува значаен фактор во определување на стратегијата на организацијата, начинот на управување, развојот, моделот на однесување, посветеноста и мотивацијата на вработените, неопходноста од мотивирање и стимулирање на вработените за решавање на проблемите и воспоставување на врска помеѓу личните и целите на организацијата, се во насока на зголемување на перформансите на организацијата.

Денес многу успешни претпријатија од земјите со развиени пазарни економии често вложуваат многу напор во подготвување на програми и стратегии за управување со оваа појава и подигање на нивото на свесност на менаџментот за улогата на процесот на управување со перформансите на вработените и неговото влијание врз зголемувањето на развојните потенцијали на организациите. Меѓутоа, овој труд насочува чекор натаму и дава можност за реплицирање и примена на методите и техниките во други земји, преку модификација на истражуваните компоненти, што придонесува и кон легитимно проширување на теоретските перспективи.

**2. Содржина на дисертацијата**

Теоретското елаборирање и анализата во докторската дисертација *Улогата и значењето на процесот на управување со перформансите на вработените за зголемувањето на развојните потенцијали на организациите,* поднесена од кандидатката *м-р Ирена Ашталкоска,* е содржана на 337 страници текст, секоја тема е поткрепена со посебни согледувања, со голем број на шематски прикази, табели, графикони и илустрации, поткрепено со најнови сознанија од оваа област, кои кандидатката ги црпи пред sî од странска литература - книги и научни трудови, поврзани со предметот и целите на истражувањето.

Глобалната структура на докторската дисертација е разработена во два дела. Првиот дел е составен од вовед и теориски дел во шест глави. Вториот дел е всушност емпириски дел, а потоа следуваат заклучни согледувања, прилози и користена литература. Теорискиот дел опфаќа 180 страници, емпирискиот 140 страници, а прилозите се опфатени на 11 страници. Користената литература е наведена на 9 страници и содржи 185 релевантни библиографски единици, периодични списанија и интернет - страници.

Во ***воведниот дел*** на докторската дисертација, кандидатката, во согласност со основните теориско - епистемолошки принципи на истражувањето, доследно го развива концептот на своето истражување, со прецизно дефинирање на предметот и целта на истражувањето, актуелноста на проблематиката, очекуваните резултати и методолошкиот пристап кој ќе се користи при истражувањето.

Во ***првата глава*** од теорискиот дел, “Менаџментот на човечки ресурси како дел од системот на управување со организациите”, се утврдува потребата од организирано третирање на проблемот на менаџментот на човечки ресурси во организациите и на менаџмент- концептот воопшто. За таа цел, кандидадатката укажува на фундаменталните теории и концепти на менаџментот, неговите функции како и предизвиците пред кои е исправен овој концепт во новите услови на стопанисување. Поставувајќи го вака проблемот, целта е да се потенцира неговото значење и неопходност не само за да се укаже на големото значење на менаџментот туку и да се претстави потребата од развој и надоградување на сите негови делови. Разгледувајќи го менаџментот на човечки ресурси како дел од системот на управување, недвосмислено се потенцира поврзаноста на човечкиот капитал со деловниот резултат на организацијата. На ова место и за таа цел се претставени и активностите и задачите на менаџментот на човечки ресурси како што се: анализа на работата, планирање на понудата и побарувачката на човечки ресурси, селекција на вработени, обука, развој, наградување, работни односи и особено оценувањето на перформансите на вработените.

Во ***втората глава***, *Теоретски аспекти, перспективи и принципи на управување со перформансите на вработените во организацијата,* кандидатката презентира повеќедимензионален поглед на управувањето со перформансите на вработените каде што акцентот го става на целите и карактеристиките на процесот на управување со перформансите на вработените, улогата и значењето која ја има во организациите со сите негови во теоријата зададени и обработени фази, чекори и активности, приспособени и насочени кон рационалноста во работењето. Оваа глава претставува своевидна експликација на проблемот по кој преминува на соодветно третирање на сите негови есенцијални елементи и влијанија.

***Третата глава*** од докторската дисертација, *Суштествени фактори кои влијаат врз перформансите на вработените како елемент за зголемување на развојните потенцијали на организацијата,* е посветена на суштествените фактори кои влијаат врз перформансите на вработените како елемент за зголемување на развојните потенцијали на организацијата. Во овој дел, кандидатката разгледувајќи ја организацијата како жив организам кој функционира во рамките на динамичното опкружување, експлицитно ги анализира и ги објаснува факторите кои влијаат на перформансите на вработените во организацијата, а се од екстерна природа. Може да се каже дека организацијата има ограничени можности за менување на своето окружување, но колку подобро го познава своето окружување во кое таа дејствува толку

повеќе и подобро ќе може да се приспособи на него и секако ќе биде во можност да развие стратегии соодветни за дејствување во тоа окружување. Листата на суштествени фактори од кои зависи успешноста на пристапот е потполнета и со обработката на факторите кои се однесуваат на квалитетот на човечкиот капитал меѓу кои посветеноста и приврзаноста на вработените кон организацијата, задоволството од работата на вработените, стилот на водење на менаџерите кои имаат значајно влијание врз управувањето со перформансите на вработените. Кандидатката укажува на потребата од соодветно третирање и на организациската култура која претставува понатамошен поттик за зголемена мотивација на вработените, генерирање на профит и успешна крајна изведба, потоа стресот на работното место, конфликтите во организацијата, и особено системот на плаќање на кои на ова место во трудот им се дава посебно внимание и соодветна елаборација како основа на која понатаму низ трудот ќе се бараат и откриваат дополнителни перспективи за развој и надоградба на целокупниот процес на управувањето со перформансите на вработените во организацијата.

***Четвртата глава*** од теоретскиот дел на докторската дисертација е со наслов: *Планирање на перформансите на вработените и нивно усогласување со целите на организацијата*, каде што кандидатката најпрвин го елаборира прашањето за планирањето на човечките ресурси како инструмент за реализација на стратегијата на организацијата. Тоа е процес на идентификување на идните потреби за човечки ресурси кои се неопходни за остварување на планот на организацијата и дефинирање на неопходните чекори кои се потребни за задоволување на тие потреби. Понатаму во оваа глава се дефинирани потребните способности и вештини на вработените со кои се дефинираат соодветни однесувања на поединците во организацијата, избирање вистински луѓе, нивно развивање и едукација, наградување со соодветни награди и развивање и управување на нивната кариера, се со цел унапредување на делотворноста на организацијата како целина. Со цел да се оствари успешно планирање на перформансите на вработените, неопходно е и поставувањето на целите на организацијата, како и нивно усогласување со целите на вработените. Покрај поставувањето на целите и нивното усогласување, се поставуваат и стандарди на перформансите на вработените, се истакнуваат критичните одговорности на перформансите на вработените се со цел на крај да се креира политиката на организацијата во однос на управувањето со перформансите на вработените со што се создава организиран пристап на организацијата кон решавањето на овој проблем.

Во ***петтата глава*** од докторската дисертација**,** *Оценување на перформансите на вработените во организацијата*, како логичен след на претходните елаборирања кандидатката акцентот го става на оценувањето на перформансите на вработените во организацијата каде што ќе бидат разгледани факторите кои влијаат врз оценувањето на перформансите на вработените, изборот на оценувачи на перформансите на вработените, како и циклусот на оценување на перформансите на вработените. Значајно место во оваа глава заземаат методите и инструментите за оценување на перформансите на вработените во организацијата кои кандидатката ги користи во понатамошното истражување на зададената проблематика. Понатаму во оваа глава се опфатени и грешките и изворите на грешки при оценувањето на перформансите на вработените како и квалитетот на оценувањето на перформансите на вработените во организацијата. По ова квантифицирање на поставениот проблем се

отвораат можности за донесување на издржани констатации и предлози кои треба да придонесат за зголемување на развојните потенцијали на организациите.

**Шестата глава** од докторската дисертација *Усовршување на процесот на управување со перформансите на вработените и креирање мерки за континуирано подобрување на развојните потенцијали на организацијата* е посветена на подобрувањето на перформансите на вработените коишто претставуваат водечка перспектива во однос на резултатите за самата работа, на работното место и за вработените. Според тоа, подобрувањето на перформансите се однесува на тоа да се остане фокусиран на вистинските цели додека организацијата се соочува со ограничувања и конкурентски притисоци. Едновремено, се однесува на тоа да се биде систематичен и дисциплиниран кога се оценува ситуацијата, да се анализираат можните причини, да се дизајнираат и имплементираат изводливи решенија, и да се оцени дали е направено нешто различно. Да се биде вешт и во управувањето и во подобрувањето на перформансите е од суштинско значење за личната и организациската ефективност. Централно место во оваа глава завземаат преиспитувањето на стратегиите за справување со конфликтите и развој на соработка меѓу вработените, креирање на спремност кај вработените за поддржување и реализација на промените во организацијата, понатаму перманентна надоградба и преиспитување на програмите за обука и развој на вработените, планирањето на кариерниот развој на вработените, јакнењето на тимскиот дух и приврзаноста на вработените кон организацијата и на крај, но не помалку значајно, поврзувањето на системот на плаќање со перформансите на вработените сé во насока на зголемување на развојните потенцијали на организациите.

Во **вториот дел,** *Емпириски согледувања и искуства за третирањето на процесот на управување со перформансите на вработените во организацијата во функција на подобрување на нејзините развојни потенцијали,* извлечените теориски сознанија се надополнети со согледувања од практиката од работењето на деловните субјекти во Република Македонија, заради укажување од потребата за примена на процесот на управување со перформансите на вработените, како и имплементирање на мерки и програми за нивно континуирано подобрување.

Во овој дел**,** врз основа на истражувањето, кандидатката во синтетизирана форма, низ потврдување на основните ставови изложени во хипотезите, јасно и концизно ги елаборира своите завршни согледувања, втемелени врз резултатите до кои доаѓа во текот на истражувачката работа. Резултатите од истражувањето претставуваат научен придонес за улогата и значењето на процесот на управување со перформансите на вработените во организациите, како и неговото влијание врз организациските и пазарните перформанси на организациите во Република Македонија.

Резултатите од спроведеното истражување покажуваат дека примената на процесот на управување со перформансите на вработените има позитивен ефект врз организациските и пазарните перформанси на организациите. Четирите испитани компоненти на процесот на управување со перформансите на вработените: вклученоста на вработените во имплементирањето на стратегијата на организацијата, планирањето на перформансите на вработените, оцената на перформансите на вработените, како и примената на мерки за подобрување на перформансите на вработените во организацијата се во позитивна корелација со организациските и пазарните перформанси на организациите во Република Македонија.

Истражувањето на кандидатката покажа дека организациите во Република Македонија ги согледуваат критичките фактори за успех при имплементација на мерките за континуирано подобрување на перформансите како дел од менаџментот на перформансите вклучувајќи ги: задоволството од работата на вработените, стилот на водење на менаџерите, организациската култура, како и системот на плаќање на вработените. Преку истражувањето е утврдено дека овие фактори имаат позитивно влијание врз организациските и пазарните перформанси на организациите во нашата земја.

Едновремено, кандидатката укажува дека од огромно значење е придонесот кој го дава спроведеното истражување во однос на примената на мерките за континуирано подобрување на перформансите на вработените во организацијата како што се: обуката и развојот на вработените, практикување на тимска работа на вработените во организацијата, развојот на кариерата на вработените и примена на систем на плаќање базиран на перформансите, кои, пак, од своја страна повторно се во позитивна корелација со организациските и пазарните перформанси на организациите, со што се придонесува кон зголемување на развојните потенцијали на организациите и нивната успешност на пазарот.

## 3. Оцена и предлог

Имајќи ги предвид претходните согледувања, Комисијата е на мислење дека кандидатката м-р Ирена Ашталкоска, фокусирајќи го својот истражувачки интерес на една така суптилна и комплексна проблематика како што е: *Улогата и значењето на процесот на управување со перформансите на вработените за зголемувањето на развојните потенцијали на организациите*, во својата докторска дисертација дава сериозен и значаен научен придонес во областа на економијата и менаџментот. Трудот претставува самостоен, оригинален и научно - високо стручен труд од мултидисциплинарен карактер, изработен е врз база на обемен научен материјал, со спроведување на комплексно истражување на терен, и има извонредно значаен придонес во областа на анализираната проблематика.

Комисијата цени дека тоа е научен труд, кој по својот пристап, начинот на изработка и добиените резултати во секој поглед ги задоволува формалните и суштинските услови кои се потребни за една докторска дисертација од аспект на содржина, обем и постигнато ниво на квалитет. Имено, докторскиот труд на кандидатката м-р Ирена Ашталкоска се разликува од постоечката економска и менаџмент литература во неколку претпоставки.

*Прво,* за разлика од постоечката економска и менаџмент литература, дисертацијата дава концептуална рамка за соодносот помеѓу примената на процесот на управување со перформансите на вработените од една страна и организациските и пазарните перформанси од друга страна, како и нивната интеракција во управувањето со стратегиските текови, не само како предлог, туку и како развиен емпириски оценет концепт.

*Второ,* трудот обезбедува развивање на широка истражувачка рамка која опфаќа скала составена од критичните компоненти на менаџментот на перформансите, пазарната ориентација и организациските перформанси. Сите компоненти поединечно се испитани преку одредени варијабли и се оценети со ординални скали преку

одговорите на прашањата од анкетниот прашалник. Оваа истражувачка рамка претставува основа за понатамошна примена во други микро (индустрии) и макроструктури (земји), со тоа што критичните компоненти можат да се модифицираат и да се приспособат кон разликите. Модифицираниот инструмент со тоа станува валиден и релевантен, особено затоа што може да даде висок степен на предвидливи вредности. Конечно, модифицираниот инструмент употребен во оваа дисертација дава легитимни проширувања за теоретскиот развој на менаџментот. Во елаборацијата на трудот, кандидатката, низ осмислен интерактивен пристап, користи мошне егзактен јазик и стил на изразување, продлабочена анализа на содржината на секој поим, споредување, спротивставување и корелација на сите поими, со цел да се добијат сознанија кои се систематизирани според нивното потекло и значење.

Докторската дисертација *Улогата и значењето на процесот на управување со перформансите на вработените за зголемувањето на развојните потенцијали на организациите,* од кандидатката *м-р Ирена Ашталкоска*, се одликува со коректен методолошки приод. Мноштвото податоци се логички подредени, прецизно формулирани и јасно прикажани, односно се темелат врз јасна структурна операционализација на предметот на истражување. Кандидатката покажува дека е способна да го обедини теорискиот, истражувачкиот и апликативниот приод и да направи концепциски и емпириски солидно изработен самостоен труд. Целта на истражувањето е успешно остварена преку развивање на хипотетска рамка, составена од проширена скала на критични компоненти, која го утврдува нивото на имлементација на процесот на управување со перформансите на вработените, суштествените фактори коишто влијаат врз перформансите, како и мерките за континуирано подобрување на перформансите на вработените при спроведувањето на стратегијата во организациите во Република Македонија и зголемување на нивната успешност на пазарот.

Докторантката има солидно познавање и добро владее со методологијата на научноистражувачката работа, како во конципирање на појдовната теориско - методолошка рамка, така и во формулирањето на добиените резултати од истражувањето. Резултатите од истражувањето во дисертацијата можат да најдат непосредна примена во практиката, а воедно отвораат можност за понатамошни истражувања во споменатите области.

Докторската дисертација заслужува посебен респект поради интегралниот, целисходниот и темелен пристап и според обемноста на обработениот стручен материјал. Текстот на дисертацијата е пишуван согласно со современите концепти прифатени при изработка на докторски дисертации.

Комисијата беше едногласна во констатацијата дека кандидатката м-р Ирена Ашталкоска во својата докторска дисертација целосно успеала да одговори на предизвиците што ги поставила при дефинирањето на предметот на истражување. Тезите што ги поставува мошне успешно ги развива со поткрепени и аргументирани ставови и заклучоци. Постигнатата научна егзактност и вредност на докторската дисертација се целосно прифатени и заслужуваат висока оцена.

Имајќи го предвид изнесеното мислење и оцена на докторската дисертација, нејзината актуелност и научен пристап, Комисијата му предлага на Научниот совет на Економскиот институт во Скопје:

1. да го прифати извештајот со позитивна оцена за поднесената докторска дисертација *Улогата и значењето на процесот на управување со перформансите на вработените за зголемувањето на развојните потенцијали на организациите*,
3. да формира Комисија за одбрана на докторската дисертација,
4. на кандидатката *м-р Ирена Аштaлкоска* да и се дозволи јавна одбрана на докторскиот труд.

Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација

6. ____________________с.р.
/Д-р Васил Поповски/

7. ____________________с.р.
/Д-р Билјана Ангелова/

8. ____________________с.р.
/Д-р Верица Јанеска/

9. ____________________с.р.
/Д-р Кирил Постолов /

10. ____________________с.р.
/Д-р Елена Давитковска /

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ОД ОБЛАСТА НА ЕКОНОМСКИТЕ НАУКИ ПО ПРЕДМЕТИТЕ ПРИМЕНЕТА ЕКОНОМИЈА И ЕКОЛОШКИ МЕНАЏМЕНТ НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје бр. 0202-2817/5 од 2.10.2013 година, донесена на седницата одржана на 27.9.2013 година, определни сме за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник од областа на економските науки по предметите *применета економија* и *еколошки менаџмент* на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Економски факултет - Скопје.

По разгледувањето на доставените материјали, Комисијата го поднесува следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

На конкурсот распишан од страна на ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, а по предлог на деканот на Економскиот факултет во Скопје, објавен во весникот „Дневник” на 17.9.2013 година се пријави само кандидатот д-р Пеце Недановски, досегашен вонреден професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Економски факултет – Скопје.

## I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатот д-р Пеце Недановски е роден во Ресен на 12.7.1963 година. Основно и средно образование, со континуирано одличен успех, завршил во родното место. Потоа се запишал на Економскиот факултет во Скопје каде што дипломирал во 1988 година со просечен успех 9,40. Во текот на студирањето пројавил и забележителна активност во студентските организации и тела на Факултетот и Универзитетот.

Постдипломски студии од областа на економскиот развој со методи на економска анализа завршил на Економскиот факултет во Скопје со просечна оценка 9,80. Магистрирал во 1996 година со одбрана на трудот на тема: „Економскиот развој и еколошката заштита”. Во текот на учебната 1996/97 година, како стипендист на ОЕЦД, со одличен успех ги завршил и постдипломските студии од областа на применетата економија на Институтот за повисоки студии во Виена. Стручното усовршување го продолжил со работа на докторската дисертација на тема: „Економски аспекти на заштитата на животната средина”, која ја одбранил на Економскиот факултет во Скопје во 2003 година.

Непосредно по дипломирањето се вработува како помлад асистент на Економскиот факултет во Скопје, каде што работи до денес. По магистрирањето е избран во звањето асистент, а по докторирањето во 2004 година бил избран во звањето доцент по предметот применета економија. На 27.2.2009 година е избран во звањето вонреден професор по предметите применета економија и еколошки менаџмент.

Во претходниот период, кандидатот ги извршувал целокупните наставни активности (настава и испити) по предметите применета економија и еколошки менаџмент (во текот на 2006/2007 предавал и макроекономија за студентите на дисперзираните студии во Штип). Освен тоа, предава и на постдипломските студии по управување во јавниот сектор (каде што во исто време ја вршеше функцијата секретар, а од неодамна е избран за раководител на студиската програма). На постдипломските студии по здравствен менаџмент и фармакоекономија на Фармацевтскиот факултет при УКИМ - Скопје го раководи модулот по фармакоекономија, а како наставник изведува настава и испити на 4 дисциплини.

Во досегашниот период, кандидатот покажал забележителна активност и ангажирање во телата и органите на Економскиот факултет и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј”. Во периодот 2005-2008 година, д-р Пеце Недановски ја вршел функцијата продекан за настава на Економскиот факултет во Скопје, а во периодот 2008-2012 година функцијата проректор за финансии, инвестиции и развој на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје.

Кандидатот Недановски пројавил значителна стручна активност и надвор од Факултетот, односно Универзитетот и тоа во својство на: член на Советот на министерот за животна средина (1999/2001); член на Управниот комитет за подготовка на Стратегијата за намалување на сиромаштијата во Република Македонија (2001/2002); најпрвин секретар, а потоа и претседател на Сојузот на економисти на Македонија; член на Надзорниот одбор на УНИ Банка АД Скопје (2008 до денес); член во Бордот на директори на бизнис-инкубаторот Youth Entrepreneurship Service - YES, Скопје (2008-2011), и др.

Активно ги владее англискиот и францускиот јазик. Тоа му овозможило реализација на бројни стручни усовршувања и студиски престои во странство, од кои позначајни се престоите на Универзитетот „Стендал” во Гренобл, Франција; Институтот за повисоки студии во Виена, Австрија; Универзитетот “Помпеу Фабра” во Барселона, Шпанија; Будимпешта и Косег, Унгарија; Нагоја и Јоккаичи, Јапонија; Париз, Франција; Стокхолм, Шведска; Брисел, Белгија; Универзитетот Еразмус во Ротердам, Холандија; Универзитетот Оксфорд, Велика Британија; Универзитот Лојфана во Лунебург, Германија итн.

Во текот на досегашната професионална кариера, кандидатот д-р Пеце Недановски остварил значајна стручна и публицистичка активност. Досега се јавил како автор или коавтор на 3 книги и еден учебник, а покрај ова, во домашни и во меѓународни списанија и публикации, објавил и преку 80 научни и стручни трудови и статии. За одбележување е фактот што трудот под наслов “Foreign Direct Investment in the Balkans – The Case of Albania, FYROM, and Bulgaria”, изработен во коавторство со д-р Трајко Славески, и објавен во *Eastern European Economics* (Vol. 40, No. 4, 2002, pp. 83-99), е вклучен во референтната литература за подготовка на испитот по наставната дисциплина International Firms in Emerging Markets, на Department of International Economics and Management, при Copenhagen Business School, Danemark.

Учествувал на околу 90-тина домашни и меѓународни научни советувања, конференции и семинари. Соработува со неколку меѓународни истражувачки центри и како раководител или истражувач учествувал во изработка на 40-тина национални и меѓународни научни проекти.

# II. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА АКТИВНОСТ

## II/1. Наставно-образовни активности на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет - Скопје

Во досегашната работа, кандидатот д-р Пеце Недановски со забележлив интерес и успех ја извршува наставната дејност. Тој се одликува со сериозен и одговорен однос кон работните обврски, што претставува основа за респектабилниот авторитет што го ужива меѓу студентите и меѓу своите колеги. На Економскиот факултет ги извршува следниве наставни активности:

1. изведување настава и испити на I циклус по *применета економија* и *еколошки менаџмент*;
2. изведување настава и испити по *еколошки менаџмент* на дисперзираните студии во Струга – учебна 2009/10 година;
3. изведување настава и испити по *јавно-приватно партнерство*, како и член на тимовите за изведување настава и испити по предметите *локален економски развој* и *инструменти на државна регулација*, на постдипломските студии по управување во јавниот сектор (секретар - 2006-2013, раководител на студиската програма 2013- ).

## II/2. Наставно-образовни активности на други факултети во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

1. Раководител на модул по фармакоекономија и наставник (изведување настава и испити) по: *фармакоекономски маркетинг*, *економски евалуации во здравствениот систем*, *дистрибуција на лекови* и *контрола и планирање на залихи* на постдипломските студии по здравствен менаџмент и фармакоекономија на Фармацевтски факултет, УКИМ, Скопје, учебна 2007-08 до денес.
2. Изведување настава и испити по предметот *економика во инженерство на животна средина*, на студиската програма од втор циклус по интердисциплинарни студии по инженерство на животна средина и ресурси, 2012/2013 година,
3. Изведување настава и испити по предметите *рурална економија и развој* и *стратегии во руралниот и урбаниот развој*, на студиската програма од втор циклус по катастар – менаџмент со недвижности, на Градежниот факултет при УКИМ, 2012/2013 година,
4. Изведување настава и испити по *меѓународна политичка економија* – International Political Economy, студиска програма од втор циклус по меѓународни односи, Филозофски факултет, УКИМ, 2012/2013 година.
5. Изведување настава и испити по предметите *регионален економски развој* и *одржлив развој* и акредитиран ментор за докторски дисертации на студиската програма од трет циклус по меѓународни односи и разрешување конфликти (менаџирање конфликти), на Филозофскиот факултет при УКИМ, 2012/2013 година.
6. Член на Советот на трет (III) циклус студии – докторски студии по социологија,

Филозофски факултет, УКИМ, Скопје, 2012 год.

**II/3. Комисии за оцена и одбрана на докторски дисертации, магистерски тези, дипломски работи и рецензии**

Во извештајниот период, проф. д-р Пеце Недановски се јавува во својство на ментор за изработка на 4 магистерски трудови и 7 дипломски работи. Исто така, во овој период тој членува во 7 комисии за оцена и одбрана на докторски дисертации, 5 комисии за оцена на подобност за изработка на докторски дисертации, 4 комисии за оцена и одбрана на магистерски трудови и 50 комисии за оцена и одбрана на дипломски работи. Освен тоа, во постапка на изработка под негово менторство се дополнителни 7 докторски дисертации и 3 магистерски трудови.

Во наведениот период, д-р Недановски се јавува како рецензент на неколку стручни и научни трудови и како рецензент за избор на наставник:

1. Рецензија на *монографија* под наслов "Одржливиот развој – нова глобална парадигма" од авторот д-р Маргарита Матлиевска, јануари 2011 год.,
2. Член на Рецензентска комисија за избор на наставник по предметот применета економија на Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола, Факултет за туризам и угостителство – Охрид, март 2011 год.
3. Рецензија на *учебно помагало* под наслов "Аграрна политика" од авторот проф д-р Сашо Ќосев, јули 2011 год.,
4. Рецензент на труд за објавување во: *Journal of Cleaner Production*, Elsevier, на покана од Donald Huisingh (Editor-in-chief), август 2012.

## III. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

### III/1. Објавени трудови и публикации по изборот на кандидатот во звањето вонреден професор

Меѓу позначајните научни и стручни трудови кои ги објавил д-р Недановски во периодот по неговиот избор во звањето вонреден професор (2009-2013) можат да се наведат следниве:

**а) Публикации-студии:**

1. P. Nedanovski (2013): *Green Jobs: Case Study of the Republic of Macedonia*, USAID и Habitat, Скопје (во печат).

**б) Научни и стручни трудови:**

1. П. Недановски (2010): "Имплементацијата на концептот за одржлив развој како значаен предуслов за пристапување кон Европската унија: Случајот на Македонија", *Економски систем, економска политика и развој*, Зборник на трудови, МАНУ, Скопје, стр. 249-262.
2. Z. Popovska, P. Nedanovski (2011): "Common Challenges for the Western Balkan Countries in Attracting Foreign Direct Investments", *Proceedings – I International Scientific Conference on Economic Development and Standard of Living EDASOL 2011, "The Development of Countries in the Western Balkan Region and the Effect of*

*Foreign Investments in the Process of Joining the European Union"*, Banja Luka, BIH, p. 429-438.

3. P. Nedanovski, K. Sapkova (2011): "Globalization and Local Economic Development – The Case of the Republic of Macedonia", *Proceedings, International Conference – Contemporary Issues in Economics, Business and Management*, Kragujevac, Serbia, p. 31-38.
4. P. Trpeski, P. Nedanovski (2011): "Contemporary Aspects of the Aggregate Demand Managing and Unemployment – The Case of the Republic of Macedonia", *Proceedings, International Conference – Economic Theory and Practice: Meeting the New Challenges*, Mostar, Bosnia and Herzegovina, October, p. 139-152.
5. P. Nedanovski, K. Sapkova (2011): "Development of Small and Medium-Sized Enterprises in the Republic of Macedonia as an Alternative Solution for the Consequences of the Economic Crisis", *Proceedings, International Conference – Small and Medium Enterprises – Possibilities and Perspectives 2011*, Novi Pazar, Serbia, April, p. 211-226.
6. M. Matlievska, P. Nedanovski (2011): "Environmental Protection as a Factor for Tourism Development – Non-Fiscal Goals of Taxes and Other Fiscal Instruments", *Proceedings - 2nd Biennial International Scientific Congress "The Influence of Tourism on Economic Development*" University of Tourism and Management, Skopje, April, p. 819-826.
7. P. Nedanovski, V. Nedanovska (2011): "Implementation of ICTs Into the Education Process as a Precondition for Establishing a Knowledge-Based Economy – Case Study from the Macedonian Education System", *Proceedings, VIth Balkan Education and Science Congress – The Modern Society and Education*, Ohrid-Skopje, September, p. 3-10.
8. P. Nedanovski, K. Sapkova (2011): "Rural Tourism as an Instrument of the Local Economic Development Policy", *Proceedings, International Scientific Conference – Cultural Corridor Sofia-Ohrid – Cultural Tourism without Boundaries*, Kyustendil, Bulgaria, July, p. 137-143.
9. П. Недановски (2011): „Имплементација на јавно-приватното партнерство во функција на локалниот економски развој – Случајот на Градска винотека Кавадарци", Годишник на Економскиот факултет во Скопје, Том 46, Скопје, стр. 337-352.
10. P. Nedanovski, M. Matlievska, V. Mitrevski (2011): "The Legal Framework and Its Influence on the Scope and the Structure of the FDIs – The Case of the R. of Macedonia", *Conference Proceedings – 1st REDETE Conference "Economic Development and Entrepreneurship in Transition Economies: A Review of Current Policy Approaches*", University of Banja Luka, Faculty of Economics, Banja Luka, BiH, October, p. 680-688.
11. P. Nedanovski (2011): "Implementation of the Sustainable Development as a Significant Precondition for Approaching European Union – The Case of the Republic of Macedonia", *Zbornik radova, Međunarodni naučni skup "Ekonomska teorija i praksa u savremenim uslovima"*, Brčko, BiH, November, p. 52-57.
12. P. Nedanovski, P. Trpeski (2011): "The challenge of dynamizing growth and enabling the economy to create new employment opportunities – The case of the Republic of Macedonia", *Proceedings – International scientific assembly ES-NBE 2011:*

*Economic Science in Function of Creating a New Business Environment*, Ekonomski fakultet, Univerzitet u Prištini, Kosovska Mitrovica, November, p. 31-45.
13. P. Nedanovski, K. Sapkova (2012): "The Legal Framework of the Rural Tourism and Its Influence on the Rural Development – The Case of the R. of Macedonia", *Proceedings – Tourism Human Resources Development 2012*, Conference – "Development of Competent Human Resources as a Necessary Precondition for Development of Tourism in the Countries of the Region SEE", Univerzitet u Istočnom Sarajevu, BiH, March, p. 214-221.
14. P. Nedanovski, D. Blinkov, M. Matlievska (2012): "Enforcement and Compliance of Environmental Legislation in Water Sector in the Republic of Macedonia", *Conference Proceedings: BALWOIS - International Conference on Water, Climate and Environment*, ocs.balwois.com/index.php?conference=BALWOIS&schedConf=BW2012&page=schedConf&op=presentations, Ohrid, May-June, pp. 14.
15. P. Trpeski, P. Nedanovski (2012): „Labour Market Institutions in Macedonia - Challenges for Improving Their Flexibility", *New Challenges in Changing Labour Markets*, Institute of Economic Sciences, Belgrade, p. 113-132.
16. А. Георгиев, П. Недановски, М. Башевска (2012): „Придонесот на Акад. Кириљ Миљовски за концепцијата на регионалниот развој на Македонија", *Општествено-економскиот развој на Република Македонија со посебен осврт врз регионалната компонента и пазарот на труд,* Зборник на трудови по повод 100 години од раѓањето на Академик Кирил Миљовски (1912-1983), МАНУ и УКИМ - Економски факултет, Скопје, стр. 155-168.
17. П. Недановски (2012): „Проценување на вредноста на добрата и влијанијата врз животната средина – проблеми и дилеми во македонски услови ", Годишник на Економскиот факултет во Скопје, Том 47, С. 1 – 419, Скопје, стр. 229-239.
18. P. Nedanovski, K. Šapkova (2012): "Investing in human capital in public administration – The case of the Republic of Macedonia", *Proceedings* - International Scientific Conference: *Serbia and the European Union*, Ekonomski fakultet, Univerzitet u Nišu, R. Srbija, p. 211-223.
19. P. Nedanovski, P. Trpeski (2013): „Globalization and its impact on the economic policy – The case of the Republic of Macedonia", *Conference Proceedings – 2nd International Scientific Conference "Contemporary Issues in Economics, Business and Management – EBM 2012"*, Ekonomski fakultet, Univerzitet u Kragujevcu, Kragujevac, p. 355-363.
20. P. Nedanovski (2013): „Strategic Approach to the Energy Efficiency in the Republic of Macedonia", in Miroslav Antevski, Dobrica Vesic (eds.), *Energy Security of Europe: The Position of Serbia*, Institute of International Politics and Economics, Belgrade, p. 259-280.

## III/2. Учество во научноистражувачки проекти и проектни активности

1. *Интегрирана програма за развој на човекови ресурси преку едукација за производство и промоција на локални производи и гастрономија – Едукација на теми од областа на економијата*, нарачател: општина Кавадарци, изведен

со поддршка на претпристапните фондови на ЕУ, декември 2008 – февруари 2009, раководител,

2. Tempus Joint European Project - *Promoting a Model of Integrated University in the FY Republic of Macedonia* (PRIUM), 2010.
3. Проект "Правен статус и функционирање – на градска винотека – Кавадарци", нарачател: општина Кавадарци, изведен со поддршка на претпристапните фондови на ЕУ, 2009,
4. *Национален план за заштита на амбиентниот воздух - Имплементација и ратификација на Протоколот за тешки метали, Протоколот за ПОПс и Гетеборшкиот протокол – Национален план за редукција на емисии*, Министерство за животна средина и просторно планирање, Скопје, јули 2011 – мај 2012.
5. *Осоговските Планини во балканскиот зелен појас – Студија за финанскиските импликации на управувачкото тело за предлог-заштитеното подрачје на Осоговските Планини*, донатор – Frankfurt Zoological Society, координатор: Македонско еколошко друштво, март-јуни 2012.
6. *Calculation Cost per Study Place*, World Bank – Office Skopje, April-May, 2012,
7. Preparation of a Study on 'Green jobs' in Macedonia, Habitat Macedonia and USAID, August 2012 – July 2013.
8. Подготовка на *Информација во врска со можни економски, енергетски, финансиски и други соодветни аспекти од поместувањето на времето во Р. Македонија, односно усогласување на временската зона со соодветната во Р. Грција и Р. Бугарија*, Економски факултет, УКИМ, Скопје, мај-јуни-2013.

**III/3. Учество на конференции, симпозиуми, семинари и работилници**

1. Меѓународен семинар: "East European Training of Trainers Course on Climate and Water Affairs", во организација на Светска Метеоролошка организација (WMO) и UN-Water Decade Programme on Capacity Development (UNW-DPC), Скопје, 20-24.4.2009 год.
2. Предавач на летна школа: *Make a Difference – Become a 'Green' EU Lider*, одржано предавање на тема: "The Treaty of Lisbon and the Sustainable Development Strategies", AIESEC и Економски факултет – Скопје, август 2010.
3. International Conference – *Contemporary Issues in Economics, Business and Management*, Kragujevac, Serbia, 2011, учество со труд: P. Nedanovski, K. Sapkova: "Globalization and Local Economic Development – The Case of the Republic of Macedonia".
4. Работилница: *Подготовка на Стратегија со Акционен план за локален економски развој на Град Скопје 2010-2013*, Град Скопје – Сектор за локален економски развој, 14-15 март 2011 год.
5. International Conference – *Small and Medium Enterprises – Possibilities and Perspectives 2011*, Novi Pazar, Serbia, April 2011, учество со труд: P. Nedanovski, K. Sapkova, "Development of Small and Medium-Sized Enterprises in the Republic of Macedonia as an Alternative Solution for the Consequences of the Economic Crisis".
6. 2nd Biennial International Scientific Congress: *"The Influence of Tourism on*

*Economic Development*" University of Tourism and Management, Skopje, April 2011, учество со труд: M. Matlievska, P. Nedanovski, "Environmental Protection as a Factor for Tourism Development – Non-fiscal Goals of Taxes and Other Fiscal Instruments".

7. VI$^{th}$ Balkan Education and Science Congress – *The Modern Society and Education*, Ohrid-Skopje, September 2011, учество со труд: P. Nedanovski, V. Nedanovska, "Implementation of ICTs Into the Education Process as a Precondition for Establishing a Knowledge-Based Economy – Case Study from the Macedonian Education System".
8. International Scientific Conference – *Cultural Corridor Sofia-Ohrid – Cultural Tourism without Boundaries 2011*, Kyustendil, Bulgaria, July 2011, учество со труд: P. Nedanovski, K. Sapkova, "Rural Tourism as an Instrument of the Local Economic Development Policy".
9. 4$^{th}$ International Conference of the UNESCO Chair "Higher Education for Sustainable Development", Leuphana University, Lüneburg, Germany, 14-16 September 2011.
10. International Scientific Conference: "Identity in the Era of Globalization and Europeanization", Insitute for Sociological, Political and Juridical Research, Insitute of Sociology (Faculty of Philosphy), Ss. Cyril and Metodius University – Skopje, 3-4 November 2011, Skopje, Chair of a Sectional Panel: Implications of Globalization on Economic and Social Policies.
11. „Regional Roundtable on the Challenges and Prospects of Higher Education Finance", World Bank, Министерство за образование и наука, Skopje, May 2, 2012.
12. *BALWOIS - International Conference on Water, Climate and Environment*, Ohrid, 28 May-6 June 2012.
13. Тематски форум: *Добро за бизнисот, добро за животната средина*, организатори - Министерство за економија, Македонска развојна фондација за претпријатија, Сојуз на стопански комори на Македонија и Здружение „Конект", Скопје, 9 октомври 2012 год.,
14. International Scientific Conference: *Serbia and the European Union*, Faculty of Economics Niš, October 18, 2012, Niš, Serbia, учество со труд: P. Nedanovski, K. Šapkova – "Investing in Human Capital in Public Administration – The Case of the Republic of Macedonia".
15. Иницијална работилница за проект: „Поддршка на Р. Македонија за ревизија на Националната стратегија за биолошка разновидност со акционен план и изработка на петтиот национален извештај кон Конвенцијата за биолошка разновидност", Министерство за животна средина и просторно планирање, ГЕФ, и УНЕП, Скопје, 19 февруари 2013 год.
16. USAID и Habitat for Humanity Македонија – Проект за енергетска ефикасност за сектор домување, Едноденевен семинар-презентација пред група за енергетска ефикасност во секторот домување, Скопски саем, Презентација на наодите на студијата за потенцијалите за отворање „зелени" работни места во Македонија, 26.6.2013 год., Скопје.

# IV. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

## IV/1. Студиски престои во странство

1. Септември 2011 год., престој на Leuphana University во Lüneburg, Germany – учество на Меѓународна летна школа "Implementation of Sustainability into Research and Teaching of Higher Education Institutions in Eastern Europe".
2. Март 2012 год., престој на Central European University – Curriculum Resource Center, Budapest, Hungary.

## IV/2. Членство во надзорни и управни одбори, професионални асоцијации и стручни тела (надвор од рамките на Универзитетот)

1. Член на Надзорен одбор на УНИ Банка – Скопје (2008-).
2. Заменик-член на Бордот на гувернери на Association of South Eastern Europe Economic Universities - ASECU, Greece (2007-2009.),
3. Член на Борд на директори на бизнис-инкубатор Youth Entrepreneurship Service - YES, Скопје (2008-2011).
4. Член на тимот за економски развој на градоначалник на град Скопје (2012).
5. Член на Комитет за технолошки развој во рамки на Националниот совет за претприемништво и конкурентност (2012- ).
6. Сојуз на економисти на Македонија, секретар (1999-2005), претседател (2005- ).
7. Член на Комисија за избор на студенти со македонско потекло што живеат на Балкански Полуостров кои ќе се стипендираат од страна на Владата на РМ во учебна 2011-2012 година, Министерство за образование и наука, септември 2011 година.
8. Претседател на Комисија за организирање и спроведување прва почетна обука за проценувачи на вредноста на добрата и влијанијата врз животната средина, Министерство за животна средина и просторно планирање, 2012.
9. Член на Комисија за разгледување и давање предлози за доделување на Наградата „13 Ноември" на Град Скопје – во областа на хуманитарна активност и социјална заштита, септември-октомври 2012 год.
10. Член на Комисија за разгледување и давање предлози за доделување на Наградата „13 Ноември" на Град Скопје – во областа на стопанството и заштитата и унапредувањето на животната средина и природата, септември-октомври 2013 год.
11. Член на: International Program Committee - 2nd International Conference "Vallis Aurea" Focus on Regional Development, Универзитет во Пожега, Р. Хрватска, септември 2010.
12. Член на Редакционен одбор за: *Proceedings – International scientific assembly ES-NBE 2011: Economic Science in Function of Creating a New Business Environment*, Ekonomski fakultet, Univerzitet u Prištini, Kosovska Mitrovica, Novembar 9-10, 2011.
13. Член на Програмски одбор за: *International scientific assembly ES-NBE 2011: Economic Science in Function of Creating a New Business Environment*, Ekonomski fakultet, Univerzitet u Prištini, Kosovska Mitrovica, Novembar 9-10, 2011.

14. Член на Редакционен одбор на: “Економски погледи”, Часопис за питања економске теорије и праксе – Економски факултет Приштина-Косовска Митровица (2007- ).
15. Член на: International Editorial Board of *Economic Horizons*, scientific journal, published by the Faculty of Economics, University of Kragujevac, Serbia (2012-to-date).
16. Член на: Program Committee of the 2nd International Scientific Conference “Contemporary Issues in Economics, Business and Management”, Faculty of Economics, Kragujevac, Serbia, December 13-14, 2012.
17. Член на: International Editorial Board of *Ekonomski izazovi*, scientific journal, published by the International University, Novi Pazar, Serbia (2013-to-date).

### IV/3. Други активности (во рамките на Универзитетот и Економскиот факултет)

1. Проректор за финансии, инвестиции и развој на Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (2008/2012).
2. Претседател на Комисијата за финансии, инвестиции и развој при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (2008/2012).
3. Претседател на Комисијата за информатичка технологија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (2008/2012).
4. Претседател на Комисијата за сместување во Домот за докторанди „Атанас Близнакоф” при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (2008/2012).
5. Продекан за настава на Економски факултет – Скопје, (2005/2008).
6. Раководител на Центарот за економски истражувања, Економски факултет – Скопје (2012- ).
7. Раководител на постдипломските студии по управување во јавниот сектор, Економски факултет – Скопје (2013- ).
8. Член на Комисијата за самоевалуација на Економскиот факултет во Скопје (2013-2014).
9. Член на Комисијата за изработка на *Правилник за внатрешна организација на Економски факултет - Скопје*, 2010.
10. Член на Комисијата за измена и дополнување на *Одлуката за утврдување и исплата на плати и надоместоци од плати и други надоместоци на вработените на Економскиот Факултет - Скопје*, октомври-ноември 2011 год.
11. Член на Катедрата на УНЕСКО за интеркултурни студии, Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (2012- ).
12. Член на Советот на трет (III) циклус студии – докторски студии по социологија, Филозофски факултет, УКИМ, Скопје, 2012 год.
13. Член на Бордот на советници (Board of Advisors), локален комитет на AIESEC за Скопје (2007-2009).

## V. ОСВРТ ВРЗ ТРУДОВИТЕ НА КАНДИДАТОТ

Имајќи го предвид бројот на научни и стручни трудови, кои сами за себе

зборуваат за научната и стручната активност на кандидатот, во продолжение на извештајов ќе направиме краток осврт на некои од позначајните трудови на кандидатот д-р Пеце Недановски.

1) P. Nedanovski (2013): *Green Jobs: Case Study of the Republic of Macedonia*, Habitat, Скопје (во печат).

Во оваа обемна студија презентирана на англиски јазик (144 стр.), авторот се осврнува на проблематиката на „зелени работни места”. Според него, во современи услови, на глобално ниво, се одвива сериозна дебата во врска со прашањето за т.н. „зелени работни места”. Природата на „зелените работни места” и нивната траекторија на пазарот на труд претставува многу дискутабилна тема во стручната литература, што се потврдува преку бројните пристапи и дефиниции. Сепак, како „зелено работно место” се смета она кај кое работата/вложениот труд е од суштинско значење за обезбедување производи или услуги со кои се подобрува енергетската ефикасност, се проширува употребата на обновливи извори на енергија, или се дава поддршка на одржливоста на квалитетот на животната средина.

Во современи услови потребни се серија квантификации, проценки, и проекции на „зелените работни места” со цел нивен квантитативен опфат и надминување на методолошките недостатоци. Најнапредно промовирање и примена на концептот на „зелени работни места” досега е реализирано во високоразвиените држави: САД, земјите членки на ЕУ и Австралија. Во случајот на Македонија, по повод можностите за креирање „зелени работни места”, можат да се идентификуваат одреден број значителни бариери, за чие надминување треба да се преземат низа мерки и активности со чија помош би се создале предуслови за креирање „зелени работни места”.

2) П. Недановски: „Имплементацијата на концептот за одржлив развој како значаен предуслов за пристапување кон Европската унија: Случајот на Македонија”, *Економски систем, економска политика и развој*, Зборник на трудови, МАНУ, Скопје, 2010, стр. 249-262.

Според авторот, продолжената транзиција и исцрпувачкиот преод кон нов економски систем во Македонија претставуваат сериозна причина за подзаборавање на проблемот со загрозување на животната средина и почитување на принципите на одржливиот развој. Од теоретски аспект, континуираниот пораст на влијанието на неизвесностите и научните контроверзи што сé повеќе го обележуваат полето на долгорочните развојни модели, претпоставува комплексен и стратешки пристап кон оваа проблематика.

Основна рамка за имплементирање на одржливиот развој во рамки на ЕУ претставува нејзината Стратегија за одржлив развој. Доделувањето централно место на одржливиот развој во политиките на Унијата, придонесува за подигање на нивото на интегративност на самата Унија, но и за повисока трошковна ефективност при носењето одлуки.

Креирањето политики во македонски услови во кои адекватно место ќе добие концептот на одржлив развој не е воопшто лесна задача. Ако на ова се надоврзе фактот дека ваквиот процес во исто време е и претпоставка за очекуваното членство во ЕУ, ќе може да се согледа тежината на задачата. Секако, користењето на туѓите искуства е многу драгоцено за да не се повторуваат грешките што ги направиле други земји.

3) P. Nedanovski, K. Sapkova: "Globalization and Local Economic Development – The Case of the Republic of Macedonia", *Proceedings, International Conference – Contemporary Issues in Economics, Business and Management*, Kragujevac, Serbia, 2011, p. 31-38.

Во текот на последниве неколку години, глобализацијата е значајна тема како за политичарите, така и за аналитичарите и општествените актери. Сите показатели за интеракциите помеѓу економските актери укажуваат на моќниот тековен процес на меѓународно поврзување. И покрај хомогенизирачките импликации од глобализацијата, податоците укажуваат на фактот дека одредени локалитети и социјални групи стојат подобро од другите, успевајќи да ги искористат можностите за зголемен просперитет и благосостојба, додека други страдаат од уште поголема маргинализација и осиромашување. Во овој контекст, во трудот се дава краток преглед на неодамнешниот развој и моменталната состојба поврзана со правните и институционални основи за локален развој во Република Македонија, погледнати низ призмата на тековните процеси на глобализација. Во текот на годините на динамична трансформација на македонската економија, реформата на системот на локална самоуправа претставува составен сегмент на дискусиите за јавната политика. На градењето институционална база се гледа како на дел од структурните реформи, што претставува клучен процес и предуслов за севкупниот економски развој.

4) P. Nedanovski, K. Sapkova: "Development of Small and Medium-Sized Enterprises in the Republic of Macedonia as an Alternative Solution for the Consequences of the Economic Crisis", *Proceedings, International Conference – Small and Medium Enterprises – Possibilities and Perspectives 2011*, Novi Pazar, Serbia, 2011, p. 211-226.

На актуелната глобална криза не остана имуна ниту една економија во светот. Главна карактеристика на кризата беше шокот што ги погоди финансиските и реалните сектори на економиите во светот. Функционирајќи и живеејќи во услови на глобална поврзаност и сложени меѓународни економски односи, ефектите од кризата се почувствуваа и во Република Македонија.

Имајќи го предвид претходното, трудот ги анализира малите и средните претпријатија, т.е. предностите на овој вид компании за релативно лесно формирање, брзо и ефикасно донесување одлуки и понудата на можности за самовработување и ангажирање работна сила. Овие предности можат да служат како амортизер на негативните ефекти од економската криза што ги чувствува македонската економија. Посебно се истакнува проблемот со невработеноста, како проблем што беше и сè уште е актуелен во нашата земја. Секако, се посочува на фактот дека развојот на овој сектор може да претставува генератор за економски развој на земјата во иднина. Меѓутоа, главен недостаток на малите претпријатија е (не)можноста за пристап до финансиски средства. Затоа, на ова поле треба да настапи државата и да им помогне на овие компании полесно да дојдат до финансиски ресурси. Оваа улога е поизразена во услови на економска криза, бидејќи пристапот до финансии е сериозно отежнат.

5) П. Недановски: „Имплементација на јавно-приватното партнерство во функција на локалниот економски развој – Случајот на Градска винотека Кавадарци", Годишник на Економскиот факултет во Скопје, Том 46, Скопје, 2011, стр. 337-352.

Користењето на јавно-приватното партнерство (ЈПП), како алатка за стимулирање на локалниот економски развој, е од исклучително значење за општините во Р. Македонија. Се работи за законска можност, која покрај недостатоците кои ги пројавува, поседува бројни позитивни страни како свои предности. Преку нив, разните облици на ЈПП кои добиваат практична имплементација, придонесуваат не само за развојот на општината, туку и за земјата како целина.

Во случајот на општина Кавадарци, преку градбата и етаблирањето Градска винотека, јасно се диференцираат предностите што овој проект ги носи со себе. Анализата на законските можности упатува на користењето на договорната концесија како најадекватен облик на ЈПП во дадениов случај. При дефинирање на придобивките од овој конкретен пример на ЈПП потребно е да се наведат и анализираат добрите и слабите страни за самото ЈПП, како и да се определат целите од кои поаѓа секоја од вклучените страни. Ова е своевидна SWOT-анализа. Секако, во конкретниов случај многу е значајно да се дефинираат не само целите, туку и улогата на јавниот партнер (Советот на општина Кавадарци), кој согласно со договорот би се трансформирал од потенцијален давател на услуги, во надзорник и регулатор на давањето на услугите од страна на приватниот партнер.

6) П. Недановски: „Проценување на вредноста на добрата и влијанијата врз животната средина – проблеми и дилеми во македонски услови", Годишник на Економскиот факултет во Скопје, Том 47, С. 1 – 419, Скопје, 2012, стр. 229-239.

Поаѓајќи од фактот дека професијата проценител е релативно нова во македонски услови и имајќи ги предвид специфичностите на македонскиот случај, се чини дека во овој почетен период најадекватно би било користењето на методите за процена кои се базираат на преференциите на индивидуата (искажаните или откриените преференции).

Методот на условена процена во одредена мера е контроверзен. Од една страна станува збор за релативно јасен метод што е податлив за примена, но од друга страна тој е подложен на бројни критики заради проблемите со пристрасностите што ги содржи. Сепак, ако се земе предвид постојната состојба во развојот на оваа фела во Македонија, недвосмислено може да се констатира дека иницијалните процени на вредностите на добрата и влијанијата во животната средина најдобро може да се реализираат со примена на овој метод.

7) P. Nedanovski, P. Trpeski: „Globalization and its impact on the economic policy – The case of the Republic of Macedonia", *Conference Proceedings – 2nd International Scientific Conference "Contemporary Issues in Economics, Business and Management – EBM 2012"*, Ekonomski fakultet, Univerzitet u Kragujevcu, Kragujevac, 2013, p. 355-363.

Глобализацијата како процес главно се однесува на зголемување на меѓузависноста на современите економски и социјални системи. Никој не се сомнева дека таа има свои внатрешни сили кои го прават овој процес објективен и потребен, и

дека тоа ја зголемува изложеноста на економиите на надворешни шокови со зголемување на нивниот степен на меѓународна отвореност. За креаторите на политиката е многу важно дека глобализацијата, исто така, може да го намали нивото на независност при донесување одлуки, бидејќи економските услови во кои се води политиката не се разликуваат значително од соодветните во другите земји.

Поаѓајќи од оваа гледна точка, релевантен број истражувачи тврдат дека глобализацијата произведува поделба на светот, видлива преку маргинализација на најсиромашните земји. Критичарите на глобализацијата го гледаат светот како изопачена слика каде што самата таа (глобализацијата) се користи како изговор за промоција на либерализацијата и создавање заеднички пазар. Оттука би можеле да се покренат две прашања: дали глобализацијата е разбрана правилно, и кои се последиците од глобализацијата за креаторите на политиката и за водењето на економските политики? Правилата за водење на економските политики се смета дека се ефикасни исклучиво во нормални и предвидливи економски услови. Претходното не е случај кога постојат непредвидливи економски услови кога е неопходен редизајн на економските политики. Ова исто така се однесува на економските политики во Република Македонија.

8) P. Nedanovski: „Strategic Approach to the Energy Efficiency in the Republic of Macedonia", in Miroslav Antevski, Dobrica Vesic (eds.), *Energy Security of Europe: The Position of Serbia*, Institute of International Politics and Economics, Belgrade, 2013, p. 259-280.

Според мислењето на авторот, имплементацијата на концептот на енергетска ефикасност во практика е исклучително комплексен и мултидимензионален процес. Она што лежи во основата на овој процес е прифаќањето на принципот на добро владеење и напредни начини на креирање политики. Р. Македонија како земја-кандидат за членство во ЕУ, се соочува со предизвиците за ефикасно спроведување сериозни реформи во општествениот систем во чии рамки од исклучителна важност се реформате во областа на енергетиката и енергетската ефикасност. Со цел да се анализираат можностите за енергетска ефикасност во Македонија, најпрвин треба да се осветлат можните пазари за овој вид услуги т.е. за подобрување на енергетската ефикасност во различни сектори. Потоа, би можеле да се идентификуваат потенцијалите и бариерите за спроведување на концептот на енергетска ефикасност во македонската економија и општество како целина.

Од изборот на темите и содржината на трудовите може да се констатира дека кандидатот д-р Пеце Недановски, во рамките на својата досегашна научна и стручна работа, како предмет на свој истражувачки интерес, опфатил широка лепеза на проблеми. Во основа, тој се фокусира на *проблемите сврзани со промените во економскиот систем и економската политика, микроекономските проблеми на економијата на заштита на животната средина* и *економијата на здравствена заштита,* како и *регионалниот* и *локалниот развој.* Благодарение на неговиот минуциозен пристап, тој успева да навлезе во најсуштинските теоретски и апликативни

прашања од наведените области. Тоа го потврдува со резултатите до кои дошол во своите истражувања. На овој начин кандидатот дава сериозен научен придонес во натамошните пробиви и во продлабочувањето на сознанијата во економската теорија и практика, посебно во контекст на економијата на Република Македонија.

## VI. ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од проучувањето на документацијата содржана во пријавата на кандидатот д-р Пеце Недановски констатиравме дека се работи за исклучително сериозен и вреден наставник и научен работник. Неговите резултати се особено забележливи на полето на наставната, стручната и истражувачката работа.

Како *истражувач*, тој се претставува во својство на изграден автор кој со особена внимателност, стручност и научен пристап ги изготвува своите научни и стручни трудови. Во текот на досегашната професионална кариера, кандидатот д-р Пеце Недановски остварил значајна стручна и публицистичка активност. Тој се јавил како автор или коавтор на 3 книги и еден учебник, а покрај ова, во домашни и во меѓународни списанија и публикации, објавил и преку 80-тина научни и стручни трудови и статии. Учествувал на околу 90-тина домашни и меѓународни научни советувања, конференции и семинари. Соработува со неколку меѓународни истражувачки центри, а како истражувач или раководител учествувал во изработка на 40-тина национални и меѓународни научни проекти. За одбележување е и фактот што еден труд (во коавторство) е вклучен во референтната литература за подготовка на испит на Department of International Economics and Management, при Copenhagen Business School, Danemark. Трудовите на д-р Пеце Недановски се одликуваат со јасен и изграден стил и со строг научен, аналитички и критички приод во проучувањето на проблемите и во предлагањето решенија.

Од друга страна, и нашето повеќегодишно следење на неговото учество во наставата по предметите *применета економија* и *еколошки менаџмент*, како и неговиот ангажман на постдипломските студии по управување во јавниот сектор, прво како секретар, а сега и како раководител на студиската програма, ни дава сигурна основа да наведеме дека се работи за изграден *наставник*, кој има стручна и научна компетентност, со совладана технологија за водење наставен предмет и современа настава. Во прилог на оваа констатација ќе го наведеме и тоа дека тој е активно вклучен во изведување настава и испити на додипломски, постдипломски и докторски студии и на други факултети на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје како што се Филозофскиот, Фармацевтскиот и Градежниот факултет. Посебно одбележуваме дека тој се одликува со преданост кон работата и се претставува како наставник со високи морални вредности, кој е грижливо посветен на работата со студентите. Не е помалку значаен и фактот дека во последниве години кандидатот д-р Пеце Недановски, како ментор или член, активно е вклучен во повеќе комисии за изработка и одбрана на докторски дисертации, магистерски тези и рецензии.

Имајќи ги предвид остварените наставни, научни и стручни резултати, како и тоа дека се работи за кандидат кој мошне одговорно и строго научно и стручно пристапува во проучувањето и решавањето на проблемите, а посебно одговорноста и високиот квалитет на досегашното ангажирање во наставната и во научната дејност, со полна убеденост и особено задоволство му предлагаме на Наставно-научниот совет на

Економскиот факултет во Скопје да го избере д-р Пеце Недановски за наставник по предметот *применета економија* и *еколошки менаџмент* во звањето редовен професор.

**Рецензентска комисија**

1. Проф. д-р Ангел Георгиев с.р.
2. Проф. д-р Методија Несторовски с.р.
3. Проф. д-р Наталија Николовска с.р.

**АНЕКС 2**

# ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Пеце Борис Недановски**
(име, татково име и презиме)
**Институција:** **Економски факултет – Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област:** **економски науки**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одржување настава на прв (I) циклус студии по предметите:<br>– применета економија (6*15*0,04*5 год. = 18),<br>– еколошки менаџмент (6*15*0,04*5 год. = 18),<br>– еколошки менаџмент – дисперзирани студии во Струга, учебна 2009-2010 год. (6*15*0,04*1 год. = 3,6), | 39,6 |
| 2. | Одржување настава на втор (II) циклус студии по предметите:<br>– локален економски развој – постдипломски студии по управување во јавниот сектор, Економски факултет, (4*0,05*5 год. = 1),<br>– инструменти на државна регулација – постдипломски студии по управување во јавниот сектор, Економски факултет, (6*0,05*5 год. = 1,5),<br>– фармакоекономски маркетинг, економски евалуации во здравствениот систем, дистрибуција на лекови, контрола и планирање на залихи – постдипломски студии по здравствен менаџмент и фармакоекономија, Фармацевтски факултет (30*0,05*5 год. = 7,5)<br>– рурална економија и развој – постдипломски студии по менаџмент со недвижности, Градежен факултет, учебна 2012-2013 год. (24*0,05*1 = 1,2),<br>– International Political Economy – постдипломски студии по меѓународни односи, Филозофски факултет, 2012-2013 (18*0,05*1 = 0,9) | 12,1 |
| 3. | Настава во школи и работилници: | 5,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | – Раководител на прва почетна обука за проценители на вредноста на добрата и влијанијата врз животната средина, Министерство за животна средина и просторно планирање, јуни-јули 2012 (1,5).<br>– Учесник-предавач (4*1=4):<br>o предавач на летна школа: *Make a Difference – Become a 'Green' EU Lider*, AIESEC и Економски факултет – Скопје, Охрид, август 2010;<br>o предавач на работилница: *Обединети за утре – Македонија без отпад*, во организација на AIESEC и Ајде Македонија, Економски факултет, Скопје, март 2012 год.;<br>o предавач на работилница: *United for Tommorow*, во организација на AIESEC, Економски факултет, Скопје, април 2013 год.;<br>o USAID и Habitat for Humanity Македонија – Работилница за енергетска ефикасност во сектор домување, Презентација на наодите на студијата за потенцијалите за отворање „зелени" работни места во Македонија, Скопје, јуни 2013. | |
| 4. | Консултации со студенти:<br>– Прв (I) циклус студии<br>o применета економија (190*0,002*5 год. = 1,9);<br>o еколошки менаџмент (150*0,002*5 год. = 1,5).<br>– Втор (II) циклус студии<br>o локален економски развој – постдипломски студии по управување во јавниот сектор, Економски факултет, (15*0,002*5 год. = 0,15);<br>o инструменти на државна регулација – постдипломски студии по управување во јавниот сектор, Економски факултет, (15*0,002*5 год. = 0,15);<br>o фармакоекономски маркетинг, економски евалуации во здравствениот систем, дистрибуција на лекови, контрола и планирање на залихи – постдипломски студии по здравствен менаџмент и фармакоекономија, Фармацевтски факултет (10*0,002*5 год. = 0,1);<br>o рурална економија и развој – постдипломски студии по менаџмент со недвижности, Градежен факултет, учебна 2012-2013 год. | 3,87 |

| | | |
|---|---|---|
| | (17*0,002 = 0,034);<br>o International Political Economy – постдипломски студии по меѓународни односи, Филозофски факултет, 2012-2013 (18*0,002*1 = 0,036). | |
| 5. | Ментор на дипломска работа (7*0,2=1,4) | 1,4 |
| 6. | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат (12*0,5=6) | 6 |
| 7. | Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура (4*0,3=1,2) | 1,2 |
| 8. | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (50*0,1=5) | 5 |
| | | |
| | **Вкупно** | **74,67** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Ментор на докторска дисертација (7*3=21) | 21 |
| 2. | Ментор на магистерска работа (7*1=7) | 7 |
| 3. | Раководител на национален научен проект (2*6=12):<br>– *Национален план за заштита на амбиентниот воздух - Имплементација и ратификација на Протоколот за тешки метали, Протоколот за ПОПс и Гетеборшкиот протокол – Национален план за редукција на емисии*, Министерство за животна средина и просторно планирање, Скопје, 2011-2012,<br>– *Интегрирана програма за развој на човекови ресурси преку едукација за производство и промоција на локални производи и гастрономија – Едукација на теми од областа на економијата*, нарачател општина Кавадарци, изведен со поддршка на претпристапните фондови на ЕУ, 2008-2009. | 12 |
| 4. | Раководител на меѓународен научен проект:<br>– Preparation of a Study on ‘Green jobs’ in Macedonia, Habitat Macedonia and USAID, 2012-2013. (9) | 9 |
| 5. | Учесник во национален научен проект:<br>– Проект “Правен статус и функционирање – на градска винотека – Кавадарци”, нарачател: општина Кавадарци, изведен со поддршка на претпристапните фондови на ЕУ, 2009, (3) | 6 |

| | | |
|---|---|---|
| | – *Осоговските Планини во балканскиот зелен појас – Студија за финанскиските импликации на управувачкото тело за предлог-заштитеното подрачје на Осоговските Планини*, донатор – Frankfurt Zoological Society, координатор Македонско еколошко друштво, март-јуни 2012, (3) | |
| 6. | Учесник во меѓународен научен проект:<br>– Tempus Joint European Project - *Promoting a Model of Integrated University in the FY Republic of Macedonia* (PRIUM), 2010. (5)<br>– *Calculation Cost per Study Place*, World Bank – Office Skopje, 2012, (5) | 10 |
| 7. | Монографија:<br>– П. Недановски (2013): *Green Jobs: Case Study of the Republic of Macedonia*, USAID и Habitat, Скопје (во печат). | 8 |
| 8. | Дел од монографија објавена во странство:<br>– P. Trpeski, P. Nedanovski (2012): „Labour Market Institutions in Macedonia - Challenges for Improving Their Flexibility", *New Challenges in Changing Labour Markets*, Institute of Economic Sciences, Belgrade, p. 113-132. (0,9*6=5,4),<br>– P. Nedanovski (2013): „Strategic Approach to the Energy Efficiency in the Republic of Macedonia", in Miroslav Antevski, Dobrica Vesic (eds.), *Energy Security of Europe: The Position of Serbia*, Institute of International Politics and Economics, Belgrade, p. 259-280. (6) | 11,4 |
| 9. | Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир:<br>– П. Недановски (2010): "Имплементацијата на концептот за одржлив развој како значаен предуслов за пристапување кон Европската унија: Случајот на Македонија", *Економски систем, економска политика и развој*, Зборник на трудови, МАНУ, Скопје, стр. 249-262. (2)<br>– А. Георгиев, П. Недановски, М. Башевска (2012): „Придонесот на Акад. Кириљ Миљовски за концепцијата на регионалниот развој на Македонија", *Општествено-економскиот развој на Република Македонија со посебен осврт врз регионалната компонента и пазарот на труд,* Зборник на трудови по повод 100 години од раѓањето на Академик Кирил Миљовски (1912- | 3,6 |

| | | |
|---|---|---|
| | 1983), МАНУ и УКИМ - Економски факултет, Скопје, стр. 155-168. (2*0.8=1,6) | |
| 10. | Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор:<br>21. Z. Popovska, P. Nedanovski (2011): "Common Challenges for the Western Balkan Countries in Attracting Foreign Direct Investments", *Proceedings – I International Scientific Conference on Economic Development and Standard of Living EDASOL 2011, "The Development of Countries in the Western Balkan Region and the Effect of Foreign Investments in the Process of Joining the European Union"*, Banja Luka, BIH, p. 429-438. (0,9*3=2,7)<br>22. P. Nedanovski, K. Sapkova (2011): "Globalization and Local Economic Development – The Case of the Republic of Macedonia", *Proceedings, International Conference – Contemporary Issues in Economics, Business and Management*, Kragujevac, Serbia, p. 31-38. (0,9*3=2,7)<br>23. P. Trpeski, P. Nedanovski (2011): "Contemporary Aspects of the Aggregate Demand Managing and Unemployment – The Case of the Republic of Macedonia", *Proceedings, International Conference – Economic Theory and Practice: Meeting the New Challenges*, Mostar, Bosnia and Herzegovina, October, p. 139-152. (0,9*3=2,7)<br>24. P. Nedanovski, K. Sapkova (2011): "Development of Small and Medium-Sized Enterprises in the Republic of Macedonia as an Alternative Solution for the Consequences of the Economic Crisis", *Proceedings, International Conference – Small and Medium Enterprises – Possibilities and Perspectives 2011*, Novi Pazar, Serbia, April, p. 211-226. (0,9*3=2,7)<br>25. M. Matlievska, P. Nedanovski (2011): "Environmental Protection as a Factor for Tourism Development – Non-Fiscal Goals of Taxes and Other Fiscal Instruments", *Proceedings - 2nd Biennial International Scientific Congress "The Influence of Tourism on Economic Development"* University of Tourism and Management, Skopje, April, p. 819-826. (0,9*3=2,7)<br>26. P. Nedanovski, V. Nedanovska (2011): "Implementation of ICTs Into the Education Process as a Precondition for Establishing a Knowledge-Based Economy – Case Study from the Macedonian | 37,5 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Education System", *Proceedings, VI$^{th}$ Balkan Education and Science Congress – The Modern Society and Education*, Ohrid-Skopje, September, p. 3-10. (0,9*3=2,7)<br>27. P. Nedanovski, K. Sapkova (2011): "Rural Tourism as an Instrument of the Local Economic Development Policy", *Proceedings, International Scientific Conference – Cultural Corridor Sofia-Ohrid – Cultural Tourism without Boundaries*, Kyustendil, Bulgaria, July, p. 137-143. (0,9*3=2,7)<br>28. P. Nedanovski, M. Matlievska, V. Mitrevski (2011): "The Legal Framework and Its Influence on the Scope and the Structure of the FDIs – The Case of the R. of Macedonia", *Conference Proceedings – 1st REDETE Conference "Economic Development and Entrepreneurship in Transition Economies: A Review of Current Policy Approaches*", University of Banja Luka, Faculty of Economics, Banja Luka, BiH, October, p. 680-688. (0,8*3=2,4)<br>29. P. Nedanovski (2011): "Implementation of the Sustainable Development as a Significant Precondition for Approaching European Union – The Case of the Republic of Macedonia", *Zbornik radova, Međunarodni naučni skup "Ekonomska teorija i praksa u savremenim uslovima"*, Brčko, BiH, November, p. 52-57. (3)<br>30. P. Nedanovski, P. Trpeski (2011): "The challenge of dynamizing growth and enabling the economy to create new employment opportunities – The case of the Republic of Macedonia", *Proceedings – International scientific assembly ES-NBE 2011: Economic Science in Function of Creating a New Business Environment*, Ekonomski fakultet, Univerzitet u Prištini, Kosovska Mitrovica, November, p. 31-45. (0,9*3=2,7)<br>31. P. Nedanovski, K. Sapkova (2012): "The Legal Framework of the Rural Tourism and Its Influence on the Rural Development – The Case of the R. of Macedonia", *Conference Proceedings – Tourism Human Resources Development 2012*, "Development of Competent Human Resources as a Necessary Precondition for Development of Tourism in the Countries of the Region SEE", Univerzitet u Istočnom Sarajevu, BiH, March, p. 214-221. (0,9*3=2,7)<br>32. P. Nedanovski, D. Blinkov, M. Matlievska (2012): "Enforcement and Compliance of Environmental | |

| | | |
|---|---|---|
| | Legislation in Water Sector in the Republic of Macedonia", *Conference Proceedings: BALWOIS - International Conference on Water, Climate and Environment*, Ohrid, May-June, pp. 14. (0,8*3=2,4)<br>33. P. Nedanovski, K. Šapkova (2012): "Investing in human capital in public administration – The case of the Republic of Macedonia", *Proceedings* - International Scientific Conference: *Serbia and the European Union*, Ekonomski fakultet, Univerzitet u Nišu, R. Srbija, p. 211-223. (0,9*3=2,7)<br>34. P. Nedanovski, P. Trpeski (2013): „ Globalization and its impact on the economic policy – The case of the Republic of Macedonia", *Conference Proceedings – 2nd International Scientific Conference "Contemporary Issues in Economics, Business and Management – EBM 2012"*, Ekonomski fakultet, Univerzitet u Kragujevcu, Kragujevac, p. 355-363. (0,9*3=2,7). | |
| 11. | Трудови објавени во зборник на трудови на в.о. институција:<br>– П. Недановски (2011): „Имплементација на јавно-приватното партнерство во функција на локалниот економски развој – Случајот на Градска винотека Кавадарци", Годишник на Економскиот факултет во Скопје, Том 46, Скопје, стр. 337-352. (2)<br>– П. Недановски (2012): „Проценување на вредноста на добрата и влијанијата врз животната средина – проблеми и дилеми во македонски услови", Годишник на Економскиот факултет во Скопје, Том 47, С. 1 – 419, Скопје, стр. 229-239. (2) | 4 |
| 12. | Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество (1*2= 2):<br>– International Scientific Conference: "Identity in the Era of Globalization and Europeanization", Insitute for Sociological, Political and Juridical Research, Insitute of Sociology (Faculty of Philosphy), Ss. Cyril and Metodius University – Skopje, 3-4 November 2011, Skopje, Chair of a Sectional Panel: Implications of Globalization on Economic and Social Policies. | 2 |
| 13. | Учество на научен/стручен собир со реферат – усна презентација (5*1=5):<br>– International Conference – *Contemporary Issues in Economics, Business and Management*, Kragujevac, Serbia, 2011, презентација на труд: P. Nedanovski, K. Sapkova: "Globalization and Local Economic | 5 |

| | | |
|---|---|---|
| | Development – The Case of the Republic of Macedonia”,<br>17. 2nd Biennial International Scientific Congress: *“The Influence of Tourism on Economic Development”* University of Tourism and Management, Skopje, April 2011, презентација на труд: M. Matlievska, P. Nedanovski, “Environmental Protection as a Factor for Tourism Development – Non-fiscal Goals of Taxes and Other Fiscal Instruments”,<br>18. VI[th] Balkan Education and Science Congress – *The Modern Society and Education*, Ohrid-Skopje, September 2011, презентација на труд: P. Nedanovski, V. Nedanovska, “Implementation of ICTs Into the Education Process as a Precondition for Establishing a Knowledge-Based Economy – Case Study from the Macedonian Education System”,<br>– International Scientific Conference – *Cultural Corridor Sofia-Ohrid – Cultural Tourism without Boundaries 2011*, Kyustendil, Bulgaria, July 2011, презентација на труд: P. Nedanovski, K. Sapkova, “Rural Tourism as an Instrument of the Local Economic Development Policy”,<br>– International Scientific Conference: *Serbia and the European Union*, Faculty of Economics Niš, October 18, 2012, Niš, Serbia, презентација на труд: P. Nedanovski, K. Šapkova – “Investing in Human Capital in Public Administration – The Case of the Republic of Macedonia”. | |
| | | |
| | **Вкупно** | **136,5** |

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| | | |
| | **Вкупно** | / |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Експертски активности:<br>– подготовка на *Информација во врска со можни економски, енергетски, финансиски и други соодветни аспекти од praместувањето на* | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | *времето во Р. Македонија односно усогласување на временската зона со соодветната во Р. Грција и Р. Бугарија*, Економски факултет, УКИМ, Скопје, мај-јуни-2013. (1) | |
| | | |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1. | Член на уредувачки одбор на меѓународно научно/стручно списание (4*1=4):<br>18. член на Редакционен одбор на: "Економски погледи", Часопис за питања економске теорије и праксе – Економски факултет Приштина - Косовска Митровица (2007- );<br>19. член на Редакционен одбор за: *Proceedings – International scientific assembly ES-NBE 2011: Economic Science in Function of Creating a New Business Environment*, Ekonomski fakultet, Univerzitet u Prištini, Kosovska Mitrovica, Novembar 9-10, 2011;<br>20. член на: International Editorial Board of *Economic Horizons*, scientific journal, published by the Faculty of Economics, University of Kragujevac, Serbia (2012-to-date);<br>– член на: International Editorial Board of *Ekonomski izazovi*, scientific journal, published by the International University, Novi Pazar, Serbia (2013-to-date). | 4 |
| 2. | Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир (3*1=3):<br>– член на: International Program Committee за меѓународната конференција 2nd International Conference "Vallis Aurea" Focus on Regional Development, Универзитет во Пожега, Р. Хрватска, септември 2010;<br>– член на Програмски одбор за: *International scientific assembly ES-NBE 2011: Economic Science in Function of Creating a New Business Environment*, Ekonomski fakultet, Univerzitet u Prištini, Kosovska Mitrovica, Novembar 9-10, 2011;<br>– член на: Program Committee of the 2nd International Scientific Conference "Contemporary Issues in Economics, Business and Management", Faculty of Economics, Kragujevac, Serbia, December 13-14, 2012. | 3 |
| 3. | Студиски престој во странство:<br>– септември 2011 год., престој на Leuphana University во Lüneburg, Germany – учество на Меѓународна | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | летна школа “Implementation of Sustainability into Research and Teaching of Higher Education Institutions in Eastern Europe”, (до три месеци = 0,5);<br>– март 2012 год., престој на Central European University – Curriculum Resource Center, Budapest, Hungary, (до три месеци = 0,5). | |
| 4. | Проректор:<br>– проректор за финансии, инвестиции и развој (2008-2012) | 7 |
| 5. | Раководител на внатрешна организациона единица:<br>– раководител на Центар за економски истражувања - Економски факултет – Скопје, (3) | 3 |
| 6. | Член на универзитетска комисија:<br>– претседател на Комисијата за финансии, инвестиции и развој при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (2008/2012); (1)<br>– претседател на Комисијата за информатичка технологија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (2008/2012); (1)<br>– претседател на Комисијата за сместување во Домот за докторанди „Атанас Близнакоф” при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (2008/2012). (1) | 3 |
| 7. | Член на факултетска комисија:<br>– член на Комисијата за самоевалуација на Економскиот факултет во Скопје (2013-2014); (0,5)<br>– член на Комисијата за изработка на *Правилник за внатрешната организација на Економскиот факултет во Скопје*, 2010; (0,5)<br>– член на Комисијата за измена и дополнување на *Одлуката за утврдување и исплата на плати и надоместоци од плати и други надоместоци на вработените на Економскиот факултет во Скопје*, 2011. (0,5) | 1,5 |
| 8. | Член на комисија за избор во звање:<br>– член на рецензентска комисија за избор на доцент (0,2) | 0,2 |
| 9. | Раководител на постдипломски или докторски студии:<br>– раководител на постдипломски студии по управување во јавниот сектор – Економски факултет – Скопје. (2) | 2 |
| 10. | Учество во комисии и тела на државни и други органи (9*1=9): | 9 |

| | | |
|---|---|---|
| | – член на Надзорен одбор на УНИ Банка – Скопје (2008-до денес);<br>– заменик-член на Бордот на гувернери на Association of South Eastern Europe Economic Universities - ASECU, Greece (2007-2009);<br>– член на Бордот на директори на бизнис-инкубаторот Youth Entrepreneurship Service - YES, Skopje (2008-2011);<br>– член на тимот за економски развој на градоначалник на град Скопје (2012);<br>– член на Комитетот за технолошки развој во рамките на Националниот совет за претприемништво и конкурентност (2012- );<br>21. член на Комисијата за избор на студенти со македонско потекло што живеат на Балканскиот Полуостров кои ќе се стипендираат од страна на Владата на РМ во учебната 2011-2012 година, Министерство за образование и наука, септември 2011 година;<br>22. претседател на Комисијата за организирање и спроведување прва почетна обука за проценувачи на вредноста на добрата и влијанијата врз животната средина, Министерство за животна средина и просторно планирање, 2012;<br>23. член на Комисијата за разгледување и давање предлози за доделување на Наградата „13 Ноември” на Град Скопје – во обласа на хуманитарна активност и социјална заштита, септември-октомври 2012 год.;<br>24. член на Комисијата за разгледување и давање предлози за доделување на Наградата „13 Ноември” на Град Скопје – во областа на стопанството и заштитата и унапредувањето на животната средина и природата, септември-октомври 2013 год. | |
| | | |
| **Спортска дејност** | | |
| | | / |
| | **Вкупно** | **34,7** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 74,67 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 136,5 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | / |

| | |
|---|---|
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 34,7 |
| **Вкупно** | **245,87** |

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Ангел Георгиев с.р.
2. Проф. д-р Методија Несторовски с.р.
3. Проф. д-р Наталија Николовска с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ

## „ПРИМЕНАТА НА БАЗЕЛ III ВО БАНКАРСКОТО РАБОТЕЊЕ СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА ВОСПОСТАВЕНИТЕ МЕХАНИЗМИ ЗА ЗАШТИТА ОД ФИНАНСИСКИ КРИЗИ “,

ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ИЛИЈА АНДОВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со Одлука на Наставно–научниот советот на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, донесена на седницата одржана на 27.9.2013 година, определени сме за Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација на тема: **Примената на Базел III во банкарското работење со посебен осврт на воспоставените механизми за заштита од финансиски кризи,** изработена од м-р Илија Андовски.

Врз основа на извршениот преглед и деталната анализа на докторската дисертација, Комисијата во состав: проф. д-р Љубе Трпески, проф. д-р Михаил Петковски, проф. д-р Горан Петревски, проф. д-р Зорица Божиновска Лазаревска и доц. д-р Ѓорѓи Гоцков го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Материјата елаборирана во докторската дисертација на кандидатот м-р Илија Андовски на тема **Примената на Базел III во банкарското работење со посебен осврт на воспоставените механизми за заштита од финансиски кризи** е презентирана на вкупно 273 страница, во кои се содржани 263 страници основен текст со инкорпорирани бројни табели и слики, и 10 страници на кои се презентирани содржината, користената литература и додатокот.

Докторската дисертација на кандидатот Илија Андовски претставува самостоен научен труд, која структурно, покрај воведот, заклучокот, анексите и користената литература, содржи три тематски целини, во кои се обработуваат одделни прашања поврзани со измените во регулаторната рамка за банкарско работење и воспоставената мрежа за обезбедување на финансиска стабилност, и тоа:

1. Примената на Базел III во банкарското работење
2. Реформи во воспоставената супервизорска рамка на финансиските институции
3. Воспоставена мрежа за финансиска стабилност.

Трудот започнува со *Вовед*, во кој се дадени воведни излагања во врска со причините кои водеа до создавање на финансиската криза во САД. Во воведниот дел, исто така, авторот ги посочува основните пропусти во управувањето со ризиците во

банкарското работење кои излегоа на виделина со започнувањето на кризата. Со тоа постепено се открива предметот и целта на истражувањето и се укажува на актуелноста на проблематиката која е предмет на анализа во оваа докторска дисертација.

*Првиот дел* од трудот е насловен како *Примената на Базел III во банкарското работење.* Тој започнува со утврдување на причините кои доведоа до настанување на светската финансиска криза како основа за оцена на преземените активности за спречување на нејзино повторно појавување. Во првиот дел, авторот детално ги разработува измените во регулаторната рамка за банкарско работење преточени во Базел III. Посебно се анализирани измените во однос на потребната капитална позиција на банките и потребната ликвидносна позиција. По делот каде што се образложени измените кои се наметнати со новата регулатива следува дел во кој авторот критички ги анализира промените и нивните недостатоци. Повеќе од јасно е дека ниту една регулатива не е совршена и тешко е да се оцени линијата до која таа е во функција на спречување на финансиски турбуленции или, пак, го намалува економскиот развој на земјите. Како клучни области кои не се разрешени ниту со новата регулатива, авторот ги посочува проблемот со системски значајните финансиски институции, процикличноста на Базел II во која не се настанати измени, финансискиот систем во сенка и можноста за арбитража и интервенцијата само во именителот на стапката на адекватност на капиталот иако до сега сите недостатоци произлегуваат од начинот на пресметка на броителот.

Потоа, авторот се фокусира на ефектите на воведување на стандардите определени со Базел III во банкарското работење во Р. Македонија и можните ефекти врз нивните бизнис - модели и профитабилност. Заклучокот кој следува е дека банките во Р. Македонија се доволно капитализирани и воведувањето на новата регулаторна рамка нема да влијае на нивните активности или да има потреба од нивна докапитализација. Сепак, авторот заклучува дека ефект врз сегашната стапка на адекватност на капиталот може да има влошувањето на кредитното портфолио на некоја од трите најголеми банки. Исто така, трендот на негативни финансиски резултати кај дел од малите банки може да резултира со намалување на нивната стапка на адекватност на капиталот под граничните вредности поради што е потребно нивно внимателно следење. Во однос на меѓународните ликвидносни стандарди, авторот го носи истиот заклучок како за стапката за адекватност на капиталот, односно банките во Р.Македонија би ги исполниле овие стандарди доколку тие беа воведени со состојба 31.12.2012 година.

Освен измените во однос на потребната адекватност на капиталот и ликвидносната позиција, авторот се осврнува уште на неколку значајни прашања како што се методологијата за утврдување на системски значајните финансиски институции, измените во работењето на агенциите за кредитен рејтинг и изменетите принципи за корпоративно управување. Како поле на кое е потребно посебно унапредување е утврдено работењето на надзорните одбори кои потфрлиле во нивната основна надзорна функција над работењето на управните одбори и ризиците кои ги преземаат.

Во *вториот дел*, насловен како *Реформи во воспоставената супервизорска рамка на финансиските институции,* кандидатот ги анализира измените во поставеноста на супервизорската рамка во ЕУ и САД. Вториот дел започнува со анализа на најважните слабости кои се утврдени при извршувањето на супервизорската

функција како појдовна точка за оцена на спроведените реформи во ЕУ и САД. Во овој дел, авторот има систематизирано гледишта на повеќе автори и комисии од повеќе земји кои работеа на утврдување на недостатоците на супервизорската функција.

Главата продолжува со анализа на воспоставената супервизорска архитектура во ЕУ. Како посебно значајни институции кои се предмет на анализа се Европскиот одбор за системски ризик и Европската агенција за банкарска супервизија. Макро - аспектот во супервизорската рамка на ЕУ е осмислено да се прави од Европскиот одбор за системски ризик. Ваквите промени доаѓаат по јасните укажувања на академската и експертската јавност дека досегашниот систем на супервизија кој беше насочен кон стабилност на поединечна институција, не е гаранција за сигурноста на целокупниот финансиски систем. Сепак, авторот како можни слабости ги посочува: тромавоста на ова тело со голем број на членови, неговиот состав во кој доминираат централни банкари кои не се покажаа како добри предвидувачи на системските ризици кои се акумулираат, немањето на моќ да се влијае врз фискалните одлуки на земјите како и неможноста да се наметнува ограничувања на земјите членки или на националните органи. Во однос на супервизорската микрорамка, во втората глава се обработени улогата и одговорноста на Европска агенција за банкарска супервизија. Детално се опишани организациската структура на оваа Агенција и начинот на носење на одлуки. Како посебно значајни се потенцирани правото на Агенцијата да донесе одлука која ќе се однесува на некоја поединечна институција, доколку супервизорскиот орган од земјата не ја спроведе нејзината препорака и арбитражната улога при спор на два супервизорски органа. Критиките на авторот се дадени во насока дека ЕБА како регулатор не е директно вклучена во супервизија на институциите, и нејзините права се лимитирани бидејќи таа не може да носи генерални мерки.

Сè поширокатa меѓународна активност на банкарските групации бараат засилена меѓународна соработка поради што авторот се одлучил во втората глава да посвети простор на супервизорските колеџи, слабостите во нивното функционирање, како и активностите кои се преземени за отстранување на тие слабости. Овој дел започнува со принципите на ЦЕБС кои ја воспоставуваат нормативата на која треба да се базира работењето на колеџите. Сепак, принципите не се стриктно поставени регулаторни барања, и како прашања кои се посебно важни, а сè уште не се разрешени остануваат процесот на одлучување за избраното решение во сите засегнати резолуции и финансиска поддршка за избраното решение. Како пример за неефикасноста во функционирањето на колеџите се посочува примерот за "затвореничката дилема" со која се соочуваат и супервизорските органи при носење на одлуки за разрешување на меѓународно активна финансиска институција која се соочува со проблеми.

Во посебна целина од втората глава се обработени и реформите во супервизорската рамка во САД преточена во Dodd–Frank Wall Street Reform and Consumer Protection Act, кој е донесен во јули 2010 година. Авторот заклучува дека по своите контури, реформите кои се спроведени во ЕУ и САД се слични, но сепак има одредени разлики кои произлегуваат од карактеристиките на јурисдикциите каде треба да се применуваат. Како и во случајот со ЕУ, и за САД се обработени улогата и одговорностите на Советот за надзор над финансиската стабилност како тело задолжено за извршување на макро - супервизорска функција. При споредбата на двете тела, авторот заклучува дека она што посебно го разликува Советот за надзор на финансиската стабилност е што тој е вклучен во изборот на финансиските институции

кои се системски значајни и може да наметнува конкретни прудентни ограничувања за секоја институција посебно. Најголемата критика на овој Совет е дека станува збор за голем комитет кој е составен од претставници на повеќе агенции. Притоа, секој од овие претставници ќе настојува да ја брани својата јурисдикција со што повторно може да се продуцира криза. Втората важна измена која е обработена во овој дел е процедурата за ликвидација на финансиска институција. Преку анализа на новата регулатива, авторот заклучува дека новата регулатива го воведува Фондот за осигурување на депозити како клучна институција во процесот на ликвидација. Откако судот ќе донесе одлука дека Фондот е примач на средствата од институцијата, тоа практично значи дека тој виртуелно ја има целата контрола над институцијата, што е сосема спротивно на постојниот закон за банкрот. Другата новина е дека новата законска регулатива е посебно ригорозна во делот на користење на парични средства од даночните обврзници за спасување на некоја финансиска институција, односно предвидено е дека е забрането да се користат пари на даночните обврзници за да се спречи ликвидација на некоја финансиска институција. Исто така, сите загуби треба да ги поднесат акционерите и кредиторите, а ФДИЦ не може да биде акционер во финансиската институција која е предмет на ликвидација. Со ваквите одредби се ограничува можноста државата да стане сопственик на проблематичните институции што беше случај во 2008 и во 2009 година. Сепак, авторот изразува скептицизам околу временските рокови кои се предвидени за оцена на финансиската состојба во која се наоѓа проблематична банка како и почитувањето на одредбата забрана за користење на паричните средства на даночните обврзници доколку се работи за голема и системски значајна банка. Другата значајна новина која е опфатена се однесува на секјуритизацијата и обврската за задржување на 5% од издадените хартии од вредност, производ на секјуритизацијата, од страна на издавачот.

Во *третиот дел,* насловен *Воспоставена мрежа за финансиска стабилност*, кандидатот прави анализа на одговорностите на институциите кои се дел од мрежата за заштита на финансиската стабилност. Анализирани се функциите и меѓусебната интеракција помеѓу функцијата на осигурувањето на депозитите, кредиторот во крајна инстанција и регулаторната супервизорска рамка и владината интервенција.

Кредиторот, во крајна инстанца, е обработен од теоретска гледна точка и се опишани основните проблеми и дисторзии кои се појавуваат со неговото функционирање. Авторот посебно упатува на тешкотијата со која може да се оцени дали одделна банка е несолвентна или само неликвидна како основа за негово активирање. Анализирани се и отстапувањата од теоретскиот концепт кои развиените земји во текот на финансиската криза биле принудени да ги направат во однос на колатералот кој е прифатлив, институциите на кои се дава и висината на каматните стапки. Системите за осигурување на депозитите се анализирани од аспект на нивната формална поставеност во зависност од карактеристиките на економскиот систем каде се воведуваат. Третиот столб во мрежата за заштита на финансискиот систем, супервизорските органи и министерствата за финансии, се вклучуваат во различни етапи од кризата. Супервизорските органи се фокусираат на превентивна детекција и спречување за преземање на прекумерни ризици, додека улогата на државата е во последната фаза кога сите останати инструменти се исцрпени и единствено останува ангажирање на државата со нејзините ресурси. Кандидатот потенцира дека функциите кои ќе се

определат на одредени институции што се дел од мрежата за финансиска стабилност зависат од карактеристиките на финансискиот систем, економијата и културата на земјата во која се воведуваат. Како две детерминанти кои се определени од Кејн, во дисертацијата се посочени транспарентноста во банкарското работење и правната заштита на депонентите од кои ќе зависи каква треба да биде мрежата за финансиска стабилност.

Последниот дел од третата глава во дисертацијата, кандидатот го посветил на елаборација на поодделните елементи на мрежата за финансиска заштита во Република Македонија. Анализата започнува со поставеноста и функциите на Фондот за осигурување на депозитите, при што авторот го смета како оправдано воведувањето на експлицитен систем за осигурување на депозити. Сепак, се потенцира дека она што е важно за начинот на кој ќе биде дизајниран системот за осигурување на депозити е структурата на банкарскиот систем, како и општото опкружување во земјата, при што основна карактеристика на банкарскиот систем на Република Македонија е високата концентрација во него. Авторот заклучува дека средствата на Фондот не се доволни за обесштетување на депонентите на некоја од големите банки од каде што произлегува најголемиот системски ризик со оглед на концентрацијата во системот. Поради тоа, авторот предлага неколку модификации на постојниот систем. Првата модификација е да се воведе уште еден систем за осигурување кој ќе биде приватен меѓу најголемите банки во системот. Вториот предлог е вградување на профилот на ризик на институцијата при определување на премијата за ризик. Другото решение е за сметка на слабостите на овој елемент на мрежата за финансиска заштита да се зајакнат другите елементи од мрежата.

Во однос на поставеноста на кредиторот во крајна инстанца, кандидатот констатира дека функцијата е поставена согласно со класичниот концепт и ги содржи сите негови белези. Сепак, она што може да се заклучи за овој столб од мрежата за финансиска заштита е дека неговата улога зависи од условите под кои се активира, како и од банката на која треба да и се даде помош. Овој механизам во својата изворна форма и со класичните белези може да се примени само доколку не постои нестабилност во целиот систем и ликвидносната поддршка е побарана од некоја системски незначајна банка. Во сите други случаи варијабилитетот на условите под кои може да се применува кредитот во крајна инстанција е голем. Кандидатот потенцира дека доколку се работи за голема и системски значајна банка, а имајќи ја предвид концентрацијата во банкарскиот систем, независно дали се работи за општа нестабилност во банкарскиот систем или, пак, изолиран случај, Народната банка ќе мора да излезе во пресрет со ликвидносна поддршка за да не ја загрози стабилноста на целокупниот систем иако банката не мора да ги задоволи условите на подзаконската регулатива посебно во однос на колатералот и солвентната позиција. Доколку, пак, се работи за општа нестабилност во банкарскиот систем, кандидатот смета дека Народната банка најверојатно ќе мора да ја прошири листата на банки на кои ќе им обезбеди ликвидносна поддршка, иако не исполнуваат дел од условите.

Во однос на последниот елемент од мрежата, супервизорската функција, крајниот заклучок на авторот е дека имајќи ги предвид карактеристиките на финансискиот систем, таа треба да има најважна улога во воспоставените механизми за финансиска стабилност. Кандидатот предлага натамошно унапредување на супервизорската функција преку воведување на транспарентен процес на корекција на

интерно утврдената стапка на адекватност на капиталот преку вториот столб од Базел, а во зависност од профилот на ризик на банките. За банките кои се системски значајни се препорачува да се пропише повисока минимална стапка на адекватност на капиталот. Исто така, во зависност од ризичниот профил на секоја од големите банки, стапката треба да биде соодветно приспособена.

Интегрален дел на докторската дисертација претставуваат и *заклучните согледувања,* во кои се синтетизирани согледувањата и сознанијата кои произлегуваат од теориското, методолошкото и емпириското истражување на проблематиката поврзана со промените кои се настанати во мрежата за обезбедување на финансиска стабилност и регулаторната рамка за банкарско работење.

Врз основа на горенаведеното образложение, Комисијата ги донесува следниве

**Оцена и предлог**

Докторската дисертација на кандидатот м-р Илија Андовски, под наслов *Примената на Базел III во банкарското работење со посебен осврт на воспоставените механизми за заштита од финансиски кризи,* обработува една актуелна и значајна проблематика поврзана со промените во регулаторното опкружување предизвикани со последната финансиска криза. Секогаш кога ќе се појави финансиска криза, посебно со огромен глобален импакт како последната, потрагата по причините и анализата на понудените решенија за слабостите секогаш е интензивна и комплексна. Сепак, треба да се има предвид дека ниту една регулаторна рамка не е совршена и секогаш таа се поставува за да обезбеди некој баланс помеѓу ризиците кои се преземаат и економскиот развој. Направените измени со Базел III треба да се анализираат во истата насока, односно тие ќе го зголемат капацитетот за апсорпција на шокови на банките, но не ги елиминираат сите слабости кои доведоа до финансиската криза. Давајќи своја оцена на спроведените регулаторни промени, кандидатот дава свој придонес во истражуваната проблематика, што ја прави оваа докторска дисертација многу значајна и актуелна од денешен аспект. Актуелноста посебно доаѓа до израз имајќи предвид дека регулативата за банкарско работење во Р. Македонија постојано се усогласува со принципите на Базелската комисија за банкарска супервизија.

Во Република Македонија, проблематиката поврзана со ефектите од новата регулатива за банкарско работење е недоволно обработена. Посебно отсуствува литература која ја анализира поставеноста и функциите на одделните елементи кои се дел од мрежата за заштита на финансиската стабилност и врските кои постојат помеѓу нив. Токму во ова се согледува главниот научен придонес и високата релевантност на овој труд во економската наука и практика во нашата земја.

Овој труд во себе има неколку основни цели. Во таа смисла, најпрвин критички се елаборираат направените измени во Базелските стандарди за банкарско работење и се идентификуваат клучните унапредувања. Како второ, што базира на претходното, цел на дисертацијата е да се анализираат ефектите од нивното воведување во Р. Македонија. И како трето, се истражува поделбата на задачите и одговорностите во случај на

финансиска криза со цел да се дизајнира оптимална поставеност на мрежата за заштита на финансиската стабилност.

Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р Илија Андовски посебно ги нагласува следните квалитети и придонеси на трудот во истражувањето на оваа проблематика: *прво*, трудот има солидна теоретска фундираност и методолошки е коректно обработен – кандидатот, проучувајќи современа и релевантна литература од анализираната област, дошол до одредени релевантни заклучоци и ставови поврзани со неколку значајни аспекти од новата регулатива за банкарско работење и оптималната мрежа за финансиска стабилност; *второ*, авторот ги анализирал ефектите од воведување на Базел III во банкарското работење во Р. Македонија што овозможува навремено преземање на евентуални корективни активности со цел полесно усогласување со нив; *трето*, направена е критичка анализа на измените во супервизорската функција во САД и ЕУ што како концепти делумно можат да обезбедат примена и во Р. Македонија со што се овозможува користење на предностите од двата система; *четврто*, направена е анализа и утврдени се основните детерминанти на оптималната мрежа за обезбедување на финансиска стабилност; и *петто*, утврдени се потенцијалните слабости на секој од поодделните елементи на мрежата за финансиска стабилност во Р. Македонија и се предложени корективни активности за надминување на утврдените слабости, а сѐ со цел обезбедување на поефикасна рамка во случај на настанување на финансиска криза.

Врз основа на погоре изнесените констатации и квалитативни особености на трудот, Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов: „Примената на Базел III во банкарското работење со посебен осврт на воспоставените механизми за заштита од финансиски кризи”, поднесена од кандидатот м-р Илија Андовски, заклучува дека кандидатот адекватно владее со истражуваната материја и дека поднесениот труд ги задоволува критериумите за докторска дисертација. Со оглед на тоа, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје:

1. да го прифати и усвои извештајот за позитивна оцена на докторската дисертација под наслов: „Примената на Базел III во банкарското работење со посебен осврт на воспоставените механизми за заштита од финансиски кризи”;
2. да му дозволи на кандидатот м-р Илија Андовски јавна одбрана на докторската дисертација.

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Љубе Трпески, с.р.
2. Проф. д-р Михаил Петковски, с.р.
3. Проф. д-р Горан Петревски, с.р.
4. Проф. д-р Зорица Божиновска Лазаревска, с.р.
5. Доц. д-р Ѓорѓи Гоцков, с.р.

РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА НА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ГРАЃАНСКО МАТЕРИЈАЛНО ПРАВО НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ" ВО СКОПЈЕ

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, донесена на седницата одржана на 4 септември 2013 година, определени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област граѓанско материјално право.

На конкурсот за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област граѓанско материјално право, објавен на 28 јуни 2013 година во дневниот весник „Дневник“, во предвидениот рок се пријави само еден кандидат, д-р Дејан Мицковиќ, вонреден професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Комисијата констатира дека кандидатот д-р Дејан Мицковиќ ги доставил сите потребни документи наведени во конкурсот за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област граѓанско материјално право и на Наставно-научниот совет му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Д-р Дејан Мицковиќ е роден на 20.VII.1964 година. Основно и средно училиште завршил во Скопје. Дипломирал на Правниот факултет во Скопје во 1989 година со просек на студиите 9,36.

Од 1990 до 1992 година работел како новинар во надворешнополитичката редакција на Македонската радио телевизија и е автор на голем број прилози и емисии, како и на текстови објавувани во весниците „Пулс“, „Млад Борец“, „Студентски збор“ и „Форум“.

На Правниот факултет во Скопје се вработил во 1992 година како помлад асистент на Институтот за граѓанско право. На постдипломските студии на научната област граѓанско право, на курсот за семејно и наследно право на Правниот факултет во Скопје се запишал во 1992 година и сите испити ги положил со одличен успех.

Со академски степен - магистер се стекнал на 17.XII1997 година на Правниот факултет во Скопје, со одбрана на магистерскиот труд „Причини за развод на брак во земјите на Европската унија“ пред Комисија во состав: проф д-р Љиљана Спировиќ-Трпеновска, проф. д-р Томислав Чокревски и проф-др Арсен Јаневски. Избран е за асистент на научната област граѓанско право на Правниот факултет во Скопје.

Во јуни 2003 година докторирал на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје на темата „Постмодерното семејство и правото“ пред Комисијата во состав: проф. д-р Љиљана Спировиќ-Трпеновска, проф. д-р Томислав Чокревски, проф. д-р Гале Галев, проф. д-р Арсен Јаневски и проф. д-р Биљана Неткова.

**Учество во наставно-образовната и друга активност на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје**

Во периодот од вработувањето на Правниот факултет до изборот за доцент ги извршувал асистентските обврски по предметите семејно и наследно право, а една година ги извршувал и асистентските обврски и по предметот граѓанско право, како и на предметот вовед во правото.

Во 2003 година е избран за доцент, а во 2008 година е избран за вонреден професор на Правниот факултет во Скопје. На додипломските студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје ги држи предавањата и испитите по предметот семејно и наследно право, на магистерските студиите по граѓанско право ги држи предавањата и испитите по предметот современи наследноправни системи, како и на изборните предмети европско семејно право, социологија на семејството и новите репродуктивни технологии и правото.

Бил секретар на Институтот по граѓанско право, како и член на Комисијата за воведување на европскиот кредит-трансфер систем на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. Бил член на Комисијата за нострификација, член на Комисијата за прием на студенти на Правниот

факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, како и раководител на Колегиумот за постдипломски студии по граѓанско право. Главен уредник е на електронското списание „Iustinianus Primus Law Review“кое го издава Правниот факултет „Јустинијан Први“ од Скопје.

**Научни и стручни престои во странство**

Во 1987 година, во рамките на меѓууниверзитетската соработка престојувал на тринеделен научно-стручен престој во Вороњеж, СССР.

Во 1995 година бил на едномесечен престој во Институтот за општествени науки (И.Н.Р.П) во Париз, Франција.

о 2000 година, како корисник на стипендија на Темпус Фаре - програмата на Европската унија престојувал еден месец на Универзитетот „Пјер Мендес“ на Правниот факултет во Гренобл, Франција.

Во 2013 година, како стипендист на Институтот за споредбено и меѓународно приватно право „Макс Планк“ од Хамбург, престојува два месеци на Институтот Макс Планк во Хамбург, Германија.

**Учество на позначајни меѓународни научни собири, семинари и конференции**

- Во април 1998 година учествувал со реферат на Меѓународниот собир за семејно право во Охрид, организиран од Фондацијата „Фридрих Еберт“.

- Во мај 1998 година учествувал со реферат на 4. Биенале за образование, одржано на Универзитетот Сорбона во Париз, Франција.

- Во мај 2000 година учествувал со реферат на 5. Биенале за образование, одржано на Универзитетот Сорбона во Париз, Франција.

- Во јули 2000 година учествувал на семинарот „Биотехнологијата и правото“ во Салцбург, Австрија.

- Во мај 2002 година бил организатор и учесник на семинарот „Односите помеѓу Европската Унија и САД“, одржан во рамките на проектот „Евродијалог“, во Ректоратот на Универзитетот „Св Кирил и Методиј“ во Скопје.

- Во ноември 2002 година бил организатор и учесник на семинарот „Интеграцијата на Република Македонија во Европската Унија“, одржан во хотелот „Александар Палас“ во Скопје, во рамките на проектот „Евродијалог“.

- Во мај 2003 бил организатор и учесник на семинарот „Реформа на јавната администрација во Република Македонија“ одржан на Институтот за правно-политички науки во Скопје, во рамките на проектот „Евродијалог“.

- Во јуни 2003 година учествувал на Форумот „Кран Монтана“ во Швајцарија.

- Во септември 2003 година учествувал на подготвителната конференција одржана во OECD во Париз, Франција, во рамките на проектот “Country profile-Republic of Macedonia”.

- Во декември 2003 година учествувал на подготвителната конференција одржана во OECD во Париз, Франција, во рамките на проектот “Country profile-Republic of Macedonia”.

- Во февруари 2004 година учествува како панелист на конференцијата “The future of Western Balkans”, одржана во Монтре, Швајцарија.

- Во октомври 2004 година учествувал на Конференцијата “Serbia, Kosovo and the future of Balkans”, одржана во Женева, Швајцарија, во организација на Центарот за безбедносна политика од Женева.

- Во август 2005 година учествувал на Меѓународната конференција „Интеграцијата на Република Македонија во Европската Унија“, одржана во Охрид, во организација на Форум, Центар за стратегиски истражувања.

- Во јуни 2008 година учествувал на Третиот европски конгрес за семејно право, одржан во Виена, Австрија.

- Во јануари 2009 учествувал на семинар одржан на Централноевропскиот универзитет во Будимпешта, за воведување на предметот новите репродуктивни технологии и правото на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

- Во јуни 2009 учествувал на семинар одржан на Централноевропскиот универзитет во Будимпешта, за воведување на предметот новите репродуктивни технологии и правото на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

- Во април 2010 година учествувал како предавач на семинарот организиран од Здружението „Јуридика“ во Струмица со предавање на тема „Правното уредување на постхумната репродукција во Република Македонија“.

- Во април 2010 година учествувал на семинарот во рамките на проектот „Joint Programme on Domestic Violence-Strengthening National Capacities to Prevent Domestic Violence“, одржан во Скопје, со предавање на тема „Потребата од донесување на посебен закон за семејно насилство во Република Македонија“.

- Во мај 2010 година учествувал на семинарот во рамките на проектот „Joint Programme on Domestic Violence-Strengthening National Capacities to Prevent Domestic Violence“, одржан во Скопје, со предавање на тема „Праксата на Европскиот суд за човекови права во случаите на семејно насилство“.

- Во мај 2010 година учествувал како предавач на Македонско-хрватскиот семинар, одржан во Загреб, Хрватска, со предавање на тема за постхумната репродукција.

- Во мај 2010 година учествувал на семинарот одржан во Скопје, во организација на УНИЦЕФ, во рамките на изработка на проектот „Компаративен преглед на законодавството на Република Македонија и Конвенцијата на ОН за правата на детето“, со презентација на делот од проектот кој се однесува на одредбите од семејноправната сфера.

- Во декември 2010 година учествувал на Копаоничката школа за природно права, со темата за наследноправната положба на вонбрачниот другар.

- Во ноември 2011 година учествувал на Меѓународниот семинар во организација на Нотарската комора на Република Македонија, одржан во Охрид, со предавање на тема „Промените во семејното и наследното право и улогата на нотарите“.

- Во декември 2012 година учествувал на Копаоничката школа за природно право со предавање на тема „Брачниот договор во македонското и споредбеното право“.

**Научноистражувачка, апликативна и друга дејност**

- Бил учесник на проектот на Уницеф, во 2000 година, за реформа на семејното законодавство на Република Македонија, во делот што се однесува на правата и на обврските на родителите и децата.
- Бил главен уредник на списанието за европски прашања „Евродијалог“, кое го издава „Студиорум“.

- Бил координатор на проектот „Евроатлантски интеграции“ при Министерството за одбрана на Република Македонија (јануари 2003- септември 2004 година).
- Бил ангажиран како експерт од страна на OECD во изработка на проектот “Country profile-Republic of Macedonia”(август 2003 – јануари 2004 година).
- Ангажиран како експерт од страна на Дирекцијата за слободни економски зони на Република Македонија (септември 2003 – ноември 2003 година).
- Бил ангажиран како експерт во изработка на проектот “Rule of Law in Western Balkan Countries” организиран од Европската комисија (март 2004 – јули 2004 година).
- Учествувал во работата на Комисијата на Министерството за правда на Република Македонија за подготовка на Законот за судовите на Република Македонија.
- Учествувал како експерт ангажиран од Владата на Република Македонија во подготвувањето на одговорите на Прашалникот од Европската Комисија, во делот што се однесува на семејноправната регулатива на Република Македонија.
- Бил член на Правниот совет при Владата на Република Македонија.
- Бил член на бордот на “Geneva Center for Security policy” од Женева, Швајцарија.
- Бил член на Управниот одбор на Македонската информативна агенција МИА (мај 2003 – септември 2004 година).
- Бил претседател на Одборот на директори на АД „Македонски телекомуникации“ (октомври 2004-јули2006 година).
- Бил потпретседател на Одборот на директори на „Мобимак“ (октомври 2004-јули 2006 година).
- Ангажиран како национален консултант од страна на UNDP во проектот “Joint Programme on Domestic Violence - Strengthening National Capacities to Prevent Domestic Violence” (март 2010 – декември 2010 година).
- Ангажиран како истражувач во изработката на проектот „Компаративен преглед на законодавството на Република Македонија и Конвенцијата на ОН за правата на детето“ организиран од УНИЦЕФ и од Министерството за правда на Република Македонија (февруари 2009 – септември 2009 година).
- Ангажиран како експерт при изработка на Законот за земање и пресадување на делови на човечкото тело заради лекување.
- Учесник во проектот на Curriculum Resource Center, Course development competition на Централноевропскиот Универзитет од Будимшта, Унгарија, за подготовка на нов предмет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје – „Новите репродуктивни технологии и правото (јануари 2009 – септември 2009 година).
- Член е на Комисијата за биомедицински потпомогнато оплодување при Министерството за здравство на Република Македонија.
- Претседател е на Комисијата за етички и правни прашања на Националната фондација за трансплантација.
- Главен уредник е на електронското списание “Iustinianus Primus Law Review” кое го издава Правниот факултет „Јустинијан Први“ од Скопје.
- Член е на Меѓународното здружение за семејно право (International Society of Family Law).
- Бил ангажиран како предавач на Институтот за социолошки и правно-политички истражувања од Скопје во учебната 2009/2010 година за предметот социологија на семејството.
- Бил поканет како предавач на постдипломските студии по граѓанско право на Правниот факултет во Белград (ноември 2012 година).
- Бил поканет како предавач на додипломските студии по семејно право на Правниот факултет во Ниш (април 2013 година).
- Член е на Комисијата за изработка на Граѓанскиот закон за Република Македонија и е претседател на работната група за изготвување на делот за семејно и наследно право.
- Учесник на проектот „Поддршка за унапредување и имплементација на медијацијата“ во организација на Институтот за европска политика (ЕПИ) и Институтот „Асер“ од Хаг, Холандија.

- Член е на меѓуресорската работна група за реализација на Акциониот план за надминување на пречките за успешно спроведување на концептот медијација при Министерството за правда на Република Македонија.
- Ангажиран како известувач од Македонија за изработка на проектот „Ставовите на Нотарската комора за семејното и наследното право во контекст на новите општествени односи во Република Македонија“ што ќе се презентира на Конференцијата на Латинскиот нотаријат во Перу, октомври 2013 година.

**Научни и стручни трудови**

До изборот за вонреден професор во декември 2008 година, д-р Дејан Мицковиќ ги објавил следниве трудови, рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ бр. 723, од 25 декември 1998 година, во Билтенот Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ бр. 838 од 3 ноември 2003 година и во Билтенот Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ бр. 953 од 1 декември 2008 година.

- Бракот и разводот на брак во римското право, Зборник во чест на проф. Иво Пухан, Правен факултет - Скопје, 1998 година.
- Причини за развод на брак во земјите на Европската унија (магистерски труд), Правен факултет - Скопје, 1997 година.
- Неверството и бракот, Годишник на Правниот факултет во Скопје, 1996/1998 година.
- Разводот на брак во Англија, Дијалог бр. 14, Студентски збор, Скопје 1997 година.
- Постмодерното семејство, Просветно дело, бр. 1, Скопје 1998 година.
- Улогите на половите во социјализацијата на децата, Просветно дело, бр. 2, Скопје 1998 година.
- Конвенцијата на ОН за правата на детето и дилемите околу нејзината имплементација, Образовни рефлексии, бр. 1, Скопје, 1998 година.
- Вонбрачната заедница во современото општество, Дијалог бр. 15, Студентски збор, Скопје, 1998 година.
- Државната интервенција во бракот (коавторство), Јавно и приватно право, Правен факултет Скопје 1998.
- L’autorite parentale dans la Loi de la famille en Republique Macedoine, (Родителското право во Законот за семејството на Република Македонија), реферат на IV интернационално биенале за образование, Универзитет Сорбона, Париз, 1998.
- Современите тенденции во правното регулирање на семејството, реферат на научно-стручниот собир „Семејно право“ одржан во Охрид, април 1998.
- L’ingenierie genetique et les droits des enfants, (Генетскиот инженеринг и правата на децата) реферат на V интернационално биенале за образование, Универзитет Сорбона, Париз, 2000.
- Уставните концепти за бракот и за семејството во европските земји, Развитокот на политичкиот и правниот систем на Република Македонија, Правен факултет - Скопје, 2000.
- Бракот во средниот век, Зборник во чест на проф. Никола Сотировски и проф. Владимир Картов, Правен факултет – Скопје, 2001.
- Разводот на брак во Франција, Зборник во чест на проф. Асен Групче, Правен факултет – Скопје, 2001.
- Семејно право, дел од учебникот „Вовед во правото“ од проф. д-р Димитар Бајалџиев, Скопје, 1999.
- Заедничка надворешна и одбранбена политика (коавторство), Евродијалог бр. 1, Студентски збор, Скопје, 2002.
- Системи за развод на брак во земјите на Европската Унија, Евродијалог бр. 2, Студентски збор, Скопје, 2002.
- Концепција на раното христијанство за бракот и за семејството, Радио Скопје, Трета програма, мај 2002.
- Регулирањето на брачните и семејните односи со правилата на канонското право, Радио Скопје, Трета програма, мај 2002.

- Државата, црквата и семејството во предмодерна Европа, Радио Скопје, Трета програма, мај 2002.
- Концептот за семејството во Европската конвенција за правата на човекот, Евродијалог бр. 4, Студентски збор, Скопје 2003.
- Информатичкото општество и семејството, Радио Скопје, Трета програма, октомври 2002.
- Модерното и постмодерното општество и правото, Радио Скопје, Трета програма, октомври 2002.
- Вршењето на родителското право по разводот на брак, Евродијалог бр. 5, Студентски збор, 2004.
- Вонбрачната заедница во земјите на Европската унија, Евродијалог бр. 6, Студентски збор, 2004.
- Од Јустинијан до Наполеон: разводот на бракот во Corpus Iuris Civilis и Code Civil, Правен факултет – Скопје, 2004.
- Семејното право во земјите на Европската унија: од монистички кон плуралистички концепт за семејството, Зборник во чест на проф. Миле Хаџивасилев Вардарски, Правен факултет – Скопје, 2004.
- Демократската империја – САД, Форум, бр. 146, март 2004.
- Новата концепција на родителското право во европските земји, Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во чест на проф. Димитар Поп Георгиев, Скопје 2006.
- Постмодерното семејство и правото, Зборник посветен на почесни доктори, доктори и магистри на науки, Правен факултет, „Јустинијан Први“, Скопје 2006.
- Вонбрачните деца и родителското право во европските земји, Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во чест на проф. Борислав Благоев, Скопје, 2007.
- Од црковните кон световните норми: еволуција на брачното право во Европа, Зборник во чест на проф. Панта Марина, Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, 2007.
- Правното регулирање на рекомпонираното семејство во европските земји, Зборник во чест на проф. Стефан Георгиевски, Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, 2009.
- Конзервативците против либералите: конфронтација околу семејните вредности во современото општество, Зборник во чест на проф. Томислав Чокревски, Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје, 2010.
- Францускиот устав од 1791 година и договорната природа на бракот, Зборник во чест на проф. Владимир Митков, Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, 2010.

**По изборот за вонреден професор, д-р Дејан Мицковиќ ги објавил следниве трудови:**

**Книги и учебници**

- Семејството во Европа XVI –XXI век, Блесок, Скопје, 2008.

Во оваа книга авторот дава анализа на развојот на семејството во Европа во изминативе пет векови. Во неа се обработени најзначајните аспекти на брачниот и на семејниот живот во европските земји, како што се структурата и функциите на семејството, односот на семејството кон локалната заедница, улогата и значењето на бракот во општеството, склучувањето на бракот и односите помеѓу брачните партнери, односите помеѓу родителите и децата, влијанието на религијата врз семејството како и правното регулирање на семејните односи. Посебно внимание во ова дело авторот посветува на брзите трансформации на семејството во современото општество, изразени преку зголемувањето на бројот на разводите и намалувањето на бројот на склучените бракови, зголемувањето на бројот на вонбрачните заедници и на процентот на деца родени надвор од брак, зголемувањето на бројот на монородителските и рекомпонираните семејства и намалувањето на наталитетот. Во делото е обработено и прашањето за промените во општеството, кои доведуваат до радикална трансформација во брачните и семејните односи, како и темата за судирот на конзервативците и либералите околу семејните вредности во современото општество. Авторот во ова дело заклучува дека во европските земји веќе нема еден доминантен модел за организирање на брачните и семејните односи, како што тоа било во минатото, туку постои плурализам во семејните модели.

- Љиљана Спировиќ-Трпеновска, Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, *Наследното право во Република Македонија,* Блесок, Скопје, 2010.

Во оваа книга се дава приказ на состојбите во сферата на наследувањето во Република Македонија, како и на реформите кои што се неопходни во оваа област, каде што во последните децении не се извршени позначајни промени. Книгата е составена од теоретски дел, во кој се обработува прашањето за поставување на темелите на наследното право во Република Македонија и создавањето на македонскиот наследноправен концепт, како и слабостите на постојните наследноправни решенија. Освен тоа, во оваа книга авторите нудат и конкретни предлози за идни измени и дополнуивања на позитивното наследно право. Вториот дел од книгата опфаќа интегриран текст на прописитите со кои се регулира материјата од наследното право. Третиот дел се состои од судски одлуки, обрасци на решенија, договори, тужби и други акти поврзани со наследувањето.

- *Компаративен преглед на законодавството на Република Македонија и Конвенцијата за правата на детето* (коавторство), Министерство за правда, УНИЦЕФ, Скопје 2010.

Во ова дело авторите прават споредбена анализа на усогласеноста на домашното законодавство со Конвенцијата на ООН за правата на детето, која е основен меѓународен документ за заштита на правата на децата и која заедно со нејзините факултативни протоколи е ратификувана од страна на Република Македонија. Основна цел на ова дело е да се утврдат оние области каде што домашното законодавство не е целосно усогласено со одредбите на Конвенцијата за правата на детето. Освен тоа, во ова дело авторите даваат и конкретни препораки за неопходни законски измени со кои што ќе се обезбеди подобра усогласеност на домашните закони и други прописи со Конвенцијата на ОН за правата на детето.

- Љиљана Спировиќ Трпеновска, Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, *Наследувањето во Европа,* учебник, Блесок, Скопје, 2011.

Во книгата „Наследувањето во Европа“ авторите даваат еден систематски и сеопфатен преглед на најзначајните прашања од сферата на наследувањето и наследноправните односи во европските земји. Во почетокот се дава преглед на историскиот развој на наследувањето од античкото до современото општество. Потоа следува делот во кој се обработуваат промените во семејството и реформите во семејното право во европските земји. Во натамошниот текст следуваат деловите кои се однесуваат на класичните наследноправни концепти, како што се законското наследување, нужното наследување, тестаменталното наследување и наследно-правните договори. Во рамките на овој дел, авторите даваат и сеопфатна презентација на легислативата како во европското континентално, така и во англо-саксонското право, како и судската практика од европските судови, судовите од поранешните југословенски републики, како и од судовите на Република Македонија. Притоа се земени предвид не само одделни земји, како репрезенти на едниот или другиот систем, туку поголем број на држави и нивното право – од Германија, Франција, Италија, Шпанија, Руската Федерација, Велика Британија, и други држави во Европа, па сè до поранешните југословенски републики и, се разбира, правото на Република Македонија. На крајот од книгата авторите го анализираат актуелниот и значаен процес на хармонизација на наследното право во Европа, како и идејата за кодификација на граѓанското право во Европа, со посебен акцент на хармонизацијата на семејното и наследното право во Европа. Во рамките на овој дел се дава и посебна анализа на одлуките на Европскиот суд за правата на човекот во сферата на наследувањето и нивното влијание врз реформите во современите европски наследноправни системи.

- Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, *Граѓанско примето право, Наследно право,* учебник, Блесок, Скопје, 2011.

Во оваа книга авторите се задржуваат на анализа на примената на нормите од наследното право во практиката, како и на проблемите кои се јавуваат при остварувањето на наследните права. Во книгата се дава објаснување на основните институти од сферата на наследувањето, а освен тоа авторите презентираат и голем број судски одлуки и коментари на позначајните одлуки, што треба да им овозможи на студентите детално да се запознаат со практичната примена на нормите од наследното право. Основната цел на оваа книга е да обезбеди практични знаења на студентите за наследувањето поради што авторите во неа даваат и голем број на примери на обрасци на поднесоци поврзани со наследувањето, решенија, заклучоци, тужби, приговори, тестаменти, договори за отстапување на имот за време на живот и доживотна издршка и други документи што надлежните органи ги издаваат пред и во текот на оставинската постапка.

- Љиљана Спировиќ Трпеновска, Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, *Семејно право, учебник,* Блесок, Скопје, 2013.

Оваа книга е намената како основен учебник за студентите на додипломските студии на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје. Во учебникот се разработени општите поими за семејното право и семејството, како и изворите на семејното право. Во книгата се дава приказ на законските решенија од областа на брачното право, родителското право, семејното насилство, посвојувањето, старателското право, како и издржувањето и имотните односи помеѓу членовите на семејството. Книгата ги опфаќа сите законски реформи од сферата на семејното право, пред се во областа на регулирањето на семејното насилство, како и постапката за посвојување. Освен тоа, авторите во оваа книга даваат сеопфатен преглед на правното регулирање на семејството во европските земји, со цел студентите и пошироката јавност да можат да имаат увид во најзначајните реформи и правци на развојот на современите семејноправни системи.

**Дел од книга**

- Dejan Mickovik, Angel Ristov, Bioethical assisted reproduction in Republic of Macedonia, Brigitte, E.S. Jansen, Elena Ignovska (eds), Law, Public Health Care System and Society, Volume 8, Macedonia, Social Policy, Legislation, Biomedicine and Ethics of Organ Transplantation, Fertilization and Assisted Reproductive Medicine, AVM-Verlag (Akademische Verlagsgemeninshaft) Munich, Munich, 2012

Во оваа книга авторите даваат приказ на најактуелните правни и етички прашања што се поврзани со примената на новите репродуктивни технологии. Во книгата се анализираат основните законски решенија предвидени во Законот за биомедицински потпомогнато оплодување на Република Македонија донесен во март 2008 година. Во книгата авторите укажуваат на одредени слабости на постојните законски решенија и даваат конкретни предлози за одредени измени и дополнувања на Законот за биомедицински потпомогнато оплодување. Освен тоа, авторите даваат и споредбеноправна анализа на најзначајните законски решенија за биомедицински потпомогнатото оплодување во поголем број на држави во Европа и во светот.

- Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, Биомедицински потпомогнато оплодување во Република Македонија, дел од книга, *Актуелните биоетички предизвици во Македонија,* Ламина, Скопје 2013.

Во оваа книга авторите ги анализираат најактуелните правни и етички прашања што се поврзани со примената на новите репродуктивни технологии. Во книгата авторите се задржуваат на прашањето дали жената која нема брачен или вонбрачен партнер може да биде корисник на постапка за биомедицински потпомогнато оплодување. Авторите посочуваат дека тука се јавува судир на репродуктивните права на жената и правото на детето да има двајца родители, предвидено во Конвенцијата за правата на детето на ООН. Авторите сметаат дека и покрај бројните дилеми поврзани со ова прашање, сепак треба да се даде предност на раѓањето на детето, како што е предвидено во македонското законодавство и во законодавствата на поголем број европски земји. Освен ова, во книгата авторите посебно се задржуваат на една од најспорните

теми во сферата на новите репродуктивни технологии, а тоа е сурогат-мајчинството, кое е забрането во Република Македонија. Авторите сметаат дека сурогат-мајчинството може да води кон фрагментација на концептот на мајка и кон нарушување на дигнитетот и човековото достоинство на мајката и на детето, поради што заземаат став дека е оправдано решението предвидено во македонското законодавство. На крајот авторите ја обработуваат темата за постхумната репродукција којашто е дозволена и регулирана со Законот за биомедицински потпомогнато оплодување на Република Македонија.

**Научни и стручни трудови**

- Љиљана Спировиќ-Трпеновска, Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, Дали се потребни промени во наследното право на Република Македонија, *Зборник во чест на проф.Георги Ганзовски,* Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје 2010.

Во овој труд, авторите даваат анализа на најзначајните решенија во македонското наследноправно законодавство, од неговото востановување па до денес. Од направената анализа тие заклучуваат дека, за разлика од другите области на правото, во оваа сфера во последниве шест децении не се направени позначајни реформи. Имајќи го предвид ова, како и бројните трансформации и промени во семејството и семејните односи, кои неизбежно имаат влијание и во сферата на наследувањето, авторите констатираат дека на постојното наследноправно законодавство му се неопходни одредени реформи, со цел тоа да се сообрази со општествените промени, како и со потребите и интересите на граѓаните.

- Љиљана Спировиќ - Трпеновска, Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, Современите тенденции во наследното право, *Зборник во чест на Никола Матовски,* Правен факултет „Јустинијан Први“ Скопје, 2011.

Во трудот авторите ги презентираат најзначајните законодавни реформи во сферата на наследувањето и наследноправните односи. Авторите укажуваат дека постојат тесни врски помеѓу семејните односи и наследувањето, поради што актуелните трансформации во семејството имаат големо влијание и врз регулирањето на наследноправните односи. Од направената анализа на споредбеното право авторите, како позначајни тенденции ги наведуваат изедначувањето на вонбрачните со брачните деца, подобрување на положбата на брачниот другар, предвидување на вонбрачните партнери како законски наследници, уредување на постхумната репродукција и укажуваат кои законски решенија во Законот за наследување треба да се променат за нашето наследно право да се усогласи со општите европски тенденции во правното регулирање на наследувањето.

- Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, Наследното право од античкиот период до денес, *Зборник во чест на проф. Ѓорѓи Марјановиќ,* Правен факултет „Јустинијан Први“ Скопје, 2011.

Во трудот, авторите презентираат историска анализа на развојот на наследното право во европските земји од античкиот период па се до денес. Авторите укажуваат дека наследното право не било статично, туку се менувало под влијание на економските, политичките и културните трансформации во европските општества. Во овој труд, авторите даваат приказ на најзначајните фактори кои имале влијание на наследувањето, и укажуваат дека во одредени периоди од историскиот развој на наследното право тие немале секогаш исто значење и влијание. Во трудот, авторите заклучуваат дека за разлика минатото, кога за да настанат одредени промени во наследното право било потребно да поминат стотици години, во современите општества трансформациите во сферата на наследното право се случуваат со многу поголема динамика.

- Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, Кодификацијата на граѓанското право во Европа – утопија или реалност, *Зборник во чест на проф. Петар Манговски,* Правен факултет Јустинијан Први, Скопје, 2011.

Во овој труд, авторите го анализираат прашањето дали е потребна кодификација на граѓанското право во Европа, која ќе обезбеди систематско и унифицирано регулирање на граѓанскоправните односи во европските земји и ќе биде значаен придонес во создавањето на единствена Европа. Авторите сметаат дека процесот на кодификација на граѓанското право во Европа, кој веќе е започнат, би требало да обезбеди полесно остварување на имотноправните односи на единствениот европски простор. Тргнувајќи од анализата на досегашните активности во процесот на унификација на граѓанското право, авторите сметаат дека во наредните децении може да се очекува да биде создаден Европскиот граѓански законик.

- Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, Промените во семејството и реформите на семејното право во европските земји, *Зборник во чест на Наум Гризо*, Правен факултет „Јустинијан Први", Скопје, 2011.

Во овој труд авторите даваат анализа на брзите промени во сите сфери во брачниот и во семејниот живот, што се случуваат во европските земји во изминативе неколку децении. Авторите укажуваат дека најзначајните промени во сферата на семејството се изразуваат преку зголемувањето на бројот на разведените бракови, намалувањето на бројот на склучените бракови, се поголемиот број вонбрачни заедници и деца родени надвор од брак, како и на зголемувањето на бројот на монородителските и рекомпонираните семејства. Во трудот, авторите даваат и преглед на основните причини кои доведуваат до промени во бракот и во семејството, како и правното регулирање на бракот и семејството во услови кога се случуваат длабоки и брзи трансформации во овие заедници во сите европски земји. На крајот, авторите констатираат дека, за разлика од минатото, во современите европски земји постои плурализам на семејни модели.

- Дејан Мицковиќ, Постхумната репродукција и наследното право, *Zbornik Pravnog fakulteta u Zagrebu,* Vol. 61, Br. 2, Zagreb, 2011.

Во овој текст, авторот дава анализа на основните правни дилеми кои се поврзани со постхумната репродукција, која што е регулирана со законот за биомедицински потпомогнато оплодување на Република Македонија. Во трудот, авторот дава осврт на правниот статус на замрзнатите репродуктивни клетки, како и на проблемите поврзани со утврдувањето и оспорувањето на татковството на детето зачнато со постхумна инсеменација. Покрај анализата на македонското законодавство, во текстот авторот дава и споредбеноправен преглед на регулирањето на постхумната репродукција во поголем број на европски земји и во САД. На крајот, авторот дава предлог за измена на македонскиот Закон за наследувањето со што ќе се овозможи постхумно зачнатите деца да имаат право на наследување.

- Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов „Проблеми при наследувањето на обврските и реализацијата на правата на доверителите – дилеми и предлози", Семинар „Актуелни прашања и проблеми во правните и економските односи во правниот систем на Република Македонија" *Јуридика,* Банско, Струмица, 30 септември – 2 октомври 2011.

Во овој труд авторите ги анализираат проблемите со кои се соочуваат доверителите при реализацијата на нивните права во сферата на наследувањето. Со цел да се надминат проблемите кои се појавуваат во практиката, авторите предлагаат: предвидување на казнени одредби за матичарот доколку на поднесе смртовница до надлежниот суд во законски предвидениот рок, предвидување на изречни одредби во Законот за наследување со кои при наследувањето најпрвин ќе бидат намирени доверителите на оставителот, а останатиот дел од оставината ќе биде распределен на наследниците, предвидување на можноста оставинската постапка да се поведува не само по службена должност, туку и од страна на лицата кои имаат правен интерес за тоа – наследниците и доверителите.

- Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, Реформите во наследното и семејното право и ингеренциите на нотарите, Нотариус, година 11, број 19, декември 2011.

Во овој труд, авторите даваат приказ на надлежностите на нотарите, особено во сферата на наследното право, и даваат предлози за реформи на наследното законодавство во Република Македонија, кои ќе имаат влијание и врз надлежностите и работата на нотарите. Врз основа на споредбенoправната анализа, како и на потребите кои се појавуваат во практиката, тие предлагаат да се воведе договорот за наследување, нотарскиот тестамент како и регистарот на тестаменти во нашето наследно право. Освен тоа, авторите се залагаат договорот за доживотна издршка и договорот за отстапување на имот за време на живот, како неспорни правни работи, да не бидат во надлежност на судовите, туку да преминат во исклучива надлежност на нотарите. Во сферата на семејното право, авторите предлагаат подетално да се регулира вонбрачната заедница, со цел да се избегнат проблемите што се јавуваат поради сегашното несоодветно законско решение, како и да се воведе брачниот договор за регулирање на имотните односи помеѓу брачните другари за кој би биле надлежни нотарите.

- Dejan Mickovik, Angel Ristov, The Legal Regulation of the Nonmarital Cohabitation in the Macedonian Family Law, *International Survey of Family Law,* 2012.

Во овој труд, авторите се задржуваат на правното уредување на вонбрачната заедница во македонското семејно право. Авторите истакнуваат дека промените кои што се случуваат во сферата на семејните односи во другите европски земји, меѓу кои една од најзначајните е големиот пораст на бројот на вонбрачни заедници, имаат влијание и во македонското општество. Од направената анализа на македонското законодавството, авторите заклучуваат дека сегашното регулирање на вонбрачната заедница е несоодветно и во практиката создава големи проблеми. Поаѓаји од тоа, како и од решенијата прифатени во споредбеното право, авторите даваат конкретни предлози за измени и дополнувања на Законот за семејство во делот што се однесува за регулирање на вонбрачната заедница.

- Dejan Micković, Harmonizacija porodičnog prava u EU, *Revija za Evropsko pravo,* Udruženje za Evropsko pravo, Kragujevac, 2012.

Во овој труд авторот се задржува на основните дилеми поврзани со процесот на хармонизација на европските законодавства во сферата на семејното право. Авторот дава историски преглед на правното регулирање на брачните и семејните односи во европските земји, како и на најзначајните активности на европските институции насочени кон хармонизирање на семејноправните норми. Имајќи ги предвид специфичностите на семејното право, кое во голема мера зависи од историскиот развој, обичаите и културата на одделни земји, авторот смета дека во овој момент најсоодветно е решението да се врши постепено хармонизирање на семејноправните норми во европските земји, а не да се врши кодификација на семејното право со која би се обезбедило униформно регулирање на семејните односи во европските земји.

- Дејан Мицковиќ, Правните и етичките дилеми што произлегуваат од Законот за биомедицински потпомогнато оплодување на Република Македонија, Зборник од Првата меѓународна интердисциплинарна конференција „Биоетика-знак на новото доба: Биоетиката, медиумите, правото и медицината, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Правен факултет „Јустинијан Први“ Скопје, 2012.

Во овој труд се дава анализа на најзначајните законски решенија предвидени во Законот за биомедицински потпомогнатото оплодување на Република Македонија. Авторот се осврнува на најспорните сегменти на овој Закон, како што се постхумната репродукција, правото на жена која нема партнер да биде корисник на постапка за БПО, како и можноста сестрата да донира јајце-

клетки за својата сестра. Во текстот се прави анализа и на особено актуелното прашање поврзано со можноста детето зачнато со постапка на биомедицински потпомогнато оплодување да го дознае идентитетот на донорот или донорите на репродуктивните клетки. Авторот заклучува дека Република Македонија, во споредба со другите земји во регионот, има либерално законодавство во сферата на биомедицински потпомогнатото оплодување, кое одговора на потребите на пациентите, и е во согласност со главните тенденции за регулирањето на односите од оваа област присутни во другите европски земји.

- Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, Породично насиље и његово правно регулисање у Републици Македонији, *Зборник радова са научног скупа „Насиље у породици„* Правни факултет Универзитета у Београду, Београд, 2012.

Во трудот, авторите даваат анализа на актуелниот и широко застапен феномен на семејно насилство, особено насилството врз жените, како една од најчестите форми на кршење на човековите права и слободи во современите општества. Авторите даваат преглед на најважните меѓународни документи поврзани со семејното насилство, како и анализа на позначајните одлуки на Европскиот суд за човекови права во областа на семејно насилство. Според авторите, семејното насилство во позначајните меѓународни документи, како и во одлуките на Европскиот суд за човекови права, се третира како прекршување на основните човекови права и форма на дискриминација на жените. На крајот, врз основа на анализата на македонското казненоправно и семејно законодавство со кое се уредува семејното насилство, како и врз основа на најзначајните меѓународни документи и решенијата од современите европски законодавства, авторите даваат предлог да се донесе посебен закон за семејно насилство во Република Македонија.

- Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, Наследноправната положба на брачниот другар во македонското и споредбеното право, *Зборник во чест на проф. Тодор Пеливанов,* Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, 2012.

Во трудот, авторите ја анализираат наследноправната положба на брачниот другар во македонското право и во споредбеното право. Поаѓајќи од проблемите кои што произлегуваат од практиката, тие даваат конкретни предлози за подобрување на наследнопправната положба на брачниот другар во македонското наследно право. Притоа, авторите заклучуваат дека, за разлика од минатото, брачната врска добива се поголемо значење во сферата на наследувањето. Основна причина за подобрување на наследноправната положба на брачниот другар се промените кои се случуваат во бракот, семејството и семејните односи. Овие промени имаат значително влијание на реформите во наследните права кои одат во правец на подобрување на наследноправната положба на брачниот другар.

- Dejan Mickovik, Angel Ristov, Bračni ugovor u makedonskom i uporednom pravu, *Pravni život,* Број 10, Том II, Београд, 2012.

Во овој труд, авторите го обработуваат брачниот договор во македонското и во споредбеното право. Тие истакнуваат дека за разлика од поголем број на држави во Европа, во македонското семејно право брачниот договор законски не е уреден. Авторите укажуваат на големата предност што произлегува од прифаќањето и законското регулирање на брачниот договор, кој овозможува брачните партнери да ги регулираат имотните односи тргнувајќи од своите потреби и придонесува да се избегнат конфликтите и долготрајните судски спорови поврзани со регулирањето на имотните односи. Имајќи ги предвид решенијата од споредбеното право, како и потребата која произлегува од практиката, авторите се залагаат за воведување на брачниот договор во македонското семејно право и даваат конкретни предлози за неговото законско регулирање.

- Дејан Мицковиќ, Крај или модификација на патријархатот: моќта и улогите на мажите и на жените во современото општество, *Зборник по повод 35 години од студиите по новинарство,* Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје, 2012.

Во овој труд авторот ги анализира промените што настануваат во улогите и моќта на мажите и жените во современото општество. Во текстот се дава осврт на различните теории за причините поради кои доаѓа до брзи трансформации на односите помеѓу родовите во семејството и општеството. Авторот наведува дека основна причина за овие промени е зголеменото учество на жената во економската активност, што доведува до престанок на долговековната економска зависност на жената од мажот и до промени во односите на моќ кои постојат во современото семејство и општество. Сепак, поради бавното менување на обичаите и моралните норми, жената не остварува целосна рамноправност во сите сфери на општествениот живот, а разликите во улогата и моќта помеѓу мажот и жената се особено изразени во семејството.

- Dejan Mickovik, Katerina Kockovska, Mediation in Macedonia, Iustinianus Primus Law Review, No. 5, 2012.

Во овој труд авторите се задржуваат на правното регулирање на медијацијата во Република Македонија. Тие констатираат дека и покрај постојната законска регулатива, медијацијата не ги оствари предвидените цели. Авторите посебно се задржуваат на можноста медијацијата да се користи за надминување на споровите кои произлегуваат од брачните и семејните односи. Укажувајќи на застапеноста на медијацијата во европските земји, а посебно на користа од медијацијата во семејните спорови, авторите даваат конкретни предлози за измени и дополнувања на македонското законодавство, со цел да се овозможи успешна примена на медијацијата како начин на решавање на споровите, посебно во сферата на семејните односи.

- Dejan Mickovik, Angel Ristov, Biomedical Assisted Fertilization in Macedonia, Serbia and Croatia: Ethical and Legal Aspects, *SEE LAW REVIEW*, 2013 (во печат).

Во овој труд, авторите го анализираат Законот за биомединцинско потпомогнато оплодување на Република Македонија, законите за биомединцинско потпомогнато репродукција на Република Србија и Република Хрватска, како и други законодавства. Авторите заклучуваат дека македонскиот Закон за биомединцински потпомогнато оплодување, во многу аспекти е полиберален од соодветните закони на Србија и Хрватска. Тие констатираат дека развојот на новите репродуктивни технологии е поврзан со бројни комплексни правни, етички, морални и религиозни дилеми кои се поврзани со основните социјални и биолошки основи на човечкото општество. Врз основа на споредбената анализа, авторите укажуваат на некои недостатоци во македонската легислатива и даваат предлози за законски измени кои ќе обезбедат подобра заштита на сите учесници во процесот на асистирана репродукција, особено на децата.

- Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, „Наследување врз основа на претставување“, Годишник во чест на проф. Љиљана Спировиќ Трпеновска*,* Правен факултет „Јустинијан Први“ Скопје, 2013 (во печат).

Во трудот, авторите го анализираат прашањето на законското наследување на наследниците кое се изразува на два начина, директно од нивниот предок или врз основа на правото на претставување. Анализирајќи го правото на претставување, авторите се задржуваат на прашањата за неговата појава и историскиот развој, причините за неговата примена, обем, правно дејство, правна природа и др. На крајот, имајќи ги предвид и решенијата од споредбеното право, авторите заклучуваат дека е потребна промена на називот право на претставување.

- Dejan Micković, Angel Ristov, Naslednopravni položaj vanbračnih drugova u savremenim zakonodavstvima, *Zbornik Pravnog fakulteta u Zagrebu,* Zagreb, 2013 (во печат).

Во овој труд, авторите даваат приказ на правното регулирање на вонбрачната заедница во споредбеното и во македонското наследно право. Авторите укажуваат дека во голем број на

европски законодавства, вонбрачната заедница, во однос на правните последици, во голема мера се изедначува со бракот, поради што и вонбрачните партнери имааат право на законско наследување. Од направената анализа авторите заклучуваат дека и покрај законодавните реформи во некои европски земји, не е мал и бројот на законодавствата во Европа кои не им признаваат никакви права на вонбрачните партнери во сферата на наследувањето, како што е и во Република Македонија. Авторите сметаат дека, имајќи ги предвид промените во семејните односи, како и зголемувањето на бројот на вонбрачните заедници и деца родени надвор од брак, треба да се признае право на законско наследување на вонбрачните партнери.

- Dejan Mickovik, Angel; Ristov Parental rights and responsabilities after divorce in Macedonia, International Survey of Family Law, 2013.

Во овој труд, авторите го анализираат мошне актуелното прашање за вршењето на родителското право по разводот на брак во македонското законодавство. Тие укажуваат дека ова е едно од најзначајните прашања во сите современи семејноправни системи, имајќи предвид дека во сите земји, како и во Република Македонија, драматично се зголемува бројот на разведени бракови. Авторите констатираат дека македонското законодавство има сериозни слабости во однос на регулирањето на ова прашање и дека тоа не е во согласност со Конвенцијата на ОН за правата на детето, како и со современите трендови во регулирањето на вршењето на родителските права по разаводот на брак, присутни во европските законодавства. На крајот, авторите даваат конкретни предлози да се воведе моделот на заедничко вршење на родителското право и по разводот на брак и во македонското законодавство, и укажуваат дека ова решение би било во најдобар интерес на детето.

- Dejan Mickovik, Katerna Kockovska, Biomedically assisted fertilization in Macedonia and Slovenia Iustinianus Primus Law Review, No. 6, 2013.

Во овој труд, авторите прават анализа на правното регулирање на биомедицински потпомогнатото оплодување во Македонија и во Словенија. Во трудот се анализираат најзначајните аспекти на биомедицински потпомогнатото оплодување во двете земји и се укажува дека во многу аспекти (регулирањето на постхумната репродукција, репродуктивните права на жената што не е во брак или во вонбрачна заедница) македонското законодавство содржи полиберални решенија од законодавството на Словенија.

- Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, Правниот статус на семејниот дом во македонското и споредбеното семејно право, Годишник во чест на проф. Марјан Марјановски, Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, (во печат).

Во овој труд, авторите го обработуваат прашањето на семејниот дом кој што ужива посебна правна заштита во современите семејни законодавства. Тоа се однесува како за време на постоењето на бракот, така и кога бракот е разведен. Прашањето за семејниот дом е посебно актуелно кога брачниот партнер кому децата се доверени на чување и воспитување го нема самостојно решено станбеното прашање. Како резултат на тоа, по разводот на бракот се наметнува потребата од продажбата на брачниот дом и преселбата на децата во нова средина, што има негативно влијание врз нивниот психички развој. Во трудот се презентираат аргументите во корист на обезбедување посебна правна заштита на семејниот дом, се анализира постојното законодавство и проблемите кои се присутни во практиката. Авторите сметаат дека и во македонското законодавство треба да се обезбеди посебна правна заштита на семејниот дом, со што би се заштитил најдобриот интерес на децата по разводот на бракот.

## ЗАКЛУЧНА ОЦЕНА И ПРЕДЛОГ

Д-р Дејан Мицковиќ ги исполнува пропишаните услови од Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за избор во звањето редовен професор на научната област граѓанско право.

Во изминатиов петгодишен период, по изборот во звањето вонреден професор, д-р Дејан Мицковиќ со сериозен и одговорен академски пристап ги реализираше обврските на Правниот факултет „Јустинијан Први“, изведувајќи настава на првиот и вториот циклус студии на Факултетот, а беше и ментор и член на Комисија за оцена и одбрана на поголем број докторски и магистерски трудови. Посебно треба да се одбележи неговата иницијатива за издавање на електронското списание на англиски јазик „Iustinianus Primus Law Review”, што успешно се реализира и овозможи трудовите на професорите и соработниците на Правниот факултет „Јустинијан Први“ од Скопје да се достапни на меѓународната научна и стручна јавност. За ангажирањето во наставно научниот процес д-р Дејан Мицковиќ добива и позитивна евалуација од страна на студентите на првиот и вториот циклус на студии (во учебната 2012/2013 година е оценет со 4,66 на додипломските студии и 4,80 на магистерските студии).

По изборот во звањето вонреден професор, д-р Дејан Мицковиќ има богат опус и има објавено, како автор или коавтор, три рецензирани учебници, четири монографии и поголем број научни и стручни трудови во домашни и странски списанија. Од опусот, кој подетално е прикажан во анексот (образецот) кон овој извештај, се гледа неговата посветеност на материјата на семејното и наследното право во Република Македонија, при што тој посебно се задржува и на нивните споредбено-правни аспекти, што е особено значајно, имајќи предвид дека е во тек изработката на Граѓанскиот закон на Република Македонија, каде што д-р Дејан Мицковиќ е активно вклучен како претседател на работната група за семејно и наследно право. Д-р Дејан Мицковиќ има поширок научен интерес, и во последниве години ги следи не само новите тенденции во регулирањето на односите од сферата на семејното и наследното право, туку посебно внимание посветува на проучувањето на комплексните односи кои произлегуваат од примената на новите репродуктивни технологии и нивното правно регулирање.

Компетентноста и стручноста на д-р Дејан Мицковиќ се согледува и преку неговото учество во повеќе домашни и меѓународни проекти, како и на поголем број семинари и конгреси.

Од анексот (образецот) во прилог кон овој извештај може да се види дека д-р Дејан Мицковиќ за неколку пати го надминува потребниот минимален број бодови за избор во звањето редовен професор.

Во својот научен, стручен и општествен ангажман, д-р Дејан Мицковиќ не се ограничува само на активности во рамките на Правниот факултет „Јустинијан Први“, туку е член на повеќе стручни здруженија, комисии и невладини организации.

Имајќи го предвид горенаведеното, членовите на Рецензентската комисија имаат особена чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје да му го дадат следниов

**П Р Е Д Л О Г**

**Д-р Дејан Мицковиќ да биде избран во наставно-научното звање редовен професор на научната област граѓанско материјално право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Љиљана Спировиќ-Трпеновска, с.р.
Проф. д-р Гале Галев, с.р.
Проф. д-р Арсен Јаневски, с.р.

**О Б Р А З Е Ц**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** д-р Дејан Слободан Мицковиќ
**Институција:** Правен факултет „Јустинијан Први“ - Скопје
**Научна област:** граѓанско материјално право

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Одржување на настава** | |
| | - од прв циклус студии<br>2008-09<br>2009-10<br>2010-11<br>2011-12<br>2012-13 | 77 |
| | - од втор циклус студии<br>- 2009-10<br>- 2010-11<br>- 2011-12<br>- 2012-13 | 12 |
| 2. | **Подготовка на нов предмет** | |
| | 1. Современи наследноправни системи<br>2. Новите репродуктивни технологии и правото<br>3. Европско семејно право<br>4. Социологија на семејството | 4 |
| 3. | **Консултации со студенти** | |
| | 2008/09 – 1,4: 2009/10 – 1,4: 2010/11 – 1,4: 2011/12 – 1,4<br>2012/13 – 0,6 | 6,2 |
| 4. | **Член на Комисија за оцена или одбрана на докторат** | 2,5 |
| 5. | **Член на Комисија за оцена или одбрана на магистратура** | 23,4 |

| | | |
|---|---|---|
| 6. | **Позитивно рецензиран универзитетски учебник** | |
| | - *Наследувањето во Европа*, учебник за магистерските студиите (коавторски труд со проф. д-р Љиљана С. Трпеновска и д-р Ангел Ристов), Блесок, Скопје, 2011.<br>- *Граѓанско применето право Наследно право* (коавторски труд со д-р Ангел Ристов), Блесок, Скопје, 2011.<br>- *Семејно право,* учебник за додипломски студии (коавторски труд со проф. д-р Љиљана С. Трпеновска и д-р Ангел Ристов), Блесок, Скопје, 2013. | 18 |
| 7. | **Пакет материјали за одреден предмет**<br>-современи наследноправни системи<br>-новите репродуктивни технологии и правото<br>-европско семејно право<br>-социологија на семејството | 4 |
| | **Вкупно** | 147,1 |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | **Ментор на докторска дисертација** | 6 |
| 2. | **Ментор на магистерска работа** | 52 |
| 3. | **Учесник во национален научен проект**<br>-Проектот „Компаративен преглед на законодавството на Република Македонија и Конвенцијата на ОН за правата на детето“, организиран од УНИЦЕФ и од Министерството за правда на Република Македонија (февруари 2009 – септември 2009 година).<br>-Проектот „Поддршка за унапредување и имплементација на медијацијата“, во организација на Институтот за европска политика (ЕПИ) и Институтот „Асер“ од Хаг, Холандија. | 6 |
| 4. | **Учесник во меѓународен научен проект**<br>-Проектот на Curriculum Resource Center, Course development competition на Централноевропскиот универзитет од Будимпешта, Унгарија, за подготовка на нов предмет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје – „Новите репродуктивни технологии и правото (јануари 2009 – септември 2009 година).<br>-Проектот “Joint Programme on Domestic Violence - Strengthening National Capacities to Prevent Domestic | 15 |

| | | |
|---|---|---|
| | Violence” UNDP (март 2010 – декември 2010 година)<br><br>Проект „Ставовите на Нотарската комора за семејното и наследното право во контекст на новите општествени односи во Република Македонија“, Меѓународна унија на Латинскиот нотаријат, Перу, октомври 2013 година | |
| 5. | **Монографија**<br>-*Семејството во Европа од XVI до XXI век,* Блесок, Скопје, 2008<br>-*Наследното право во Република Македонија* (коавторски труд со проф. д-р Љиљана С. Трпеновска и м-р Ангел Ристов), Блесок, Скопје, 2010.<br>-*Компаративен преглед на законодавството на Република Македонија и Конвенцијата за правата на детето* (коавторски труд со проф. д-р Борче Давитковски, проф. д-р Гордана Бужаровска, проф. д-р Гордан Калајџиев), Министерство за правда, УНИЦЕФ, Скопје, ноември 2010. | 20,8 |
| 6. | **Дел од монографија** | |
| | Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, Биомедицински потпомогнато оплодување во Република Македонија, дел од книга, *Актуелните биоетички предизвици во Македонија,* Ламина, Скопје 2013. | 3,6 |
| 7. | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание**[1] | |
| | „Ugovor o surogat materinjstvu: pravni i etički aspekti“ Pravni Život, Udruženje pravnika Srbije, Beograd, 2009. | 4 |
| | „Bračni ugovor u makedonskom i uporednom pravu“, *Pravni život* (коавтор), Udruženje pravnika Srbije, Beograd, 2012. | 3,6 |
| 8. | **Трудови со оригинални научни резултати објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор** | |
| | Постхумната репродукција и наследното право, *Zbornik Pravnog fakulteta u Zagrebu,* Vol. 61, Br. 2, Zagreb, 2011. | 6 |
| | „The Legal Regulation of the Nonmarital Cohabitation in the Macedonian Family Law“, *The International Survey of Family Law* (коавторски труд со д-р Ангел Ристов), International Society of Family Law, London, 2012. | 5,4 |
| | „Harmonizacija porodičnog prava u EU“, *Revija za Evropsko pravo,* Udruženje za Evropsko pravo, Kragujevac, 2012. | 6 |

| | | |
|---|---|---|
| | „The Exercise of Parental Rights After Divorce in Macedonian Family Law" *The International Survey of Family Law,* (коавторски труд со д-р Ангел Ристов), International Society of Family Law, London, 2013. | 5,4 |
| 9. | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во стручно/научно популарно списание** | |
| | „Правното регулирање на вонбрачната заедница", *„Правник",* Скопје, јуни 2008. | 2 |
| | „Дилеми во врска со законот за биомедицински потпомогнато оплодување", *Правник,* Скопје, март 2009. | 2 |
| | „Реформите во семејното и наследното право и ингеренциите на нотарите"*Нотариус* (коавтор), Нотарска комора на Република Македонија, Скопје, декември 2011. | 1,8 |
| 10. | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир** | |
| | „Кодификација на семејното законодавство во европските земји", *Кодификација на македонското граѓанско и трговско право*, МАНУ, Скопје, 2009. | 2 |
| 11. | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор** | |
| | Правните и етичките дилеми што произлегуваат од Законот за биомедицински потпомогнато оплодување на Република Македонија", *Зборник од Првата меѓународна интердисциплинарна конференција „Биоетика-знак на новото доба: Биоетиката, медиумите, правото и медицината,* Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Правен факултет „Јустинијан Први", Скопје, 2012. | 3 |
| | "Mediation in Macedonia", (коавторски труд со м-р Катерина Кочковска), *Iustinianus Primus Law Review,* No. 5, 2012. | 2,7 |
| | „Biomedically assisted fertilization in Macedonia and Slovenia" (коавторски труд со м-р Катерина Кочковска), *Iustinianus Primus Law Review,* No. 6, 2013. | 2,7 |
| 12. | **Трудови објавени во зборник на трудови на високообразовна институција** | |
| | | |
| | „Правното регулирање на рекомпонираното семејство во европските земји", *Зборник во чест на проф. Стефан Георгиевски,* Правен факултет „Јустинијан Први" во Скопје, 2009 | 2 |
| | „Конзервативците против либералите: конфронтација околу семејните вредности во современото општество", | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | *Зборник во чест на проф. Томислав Чокревски, Правен факултет* „Јустинијан Први“, Скопје, 2010. | |
| | „Францускиот устав од 1791 година и договорната природа на бракот,“*Зборник во чест на Владимир Митков,* Правен факултет „Јустинијан Први“- Скопје, 2010. | 2 |
| | „Дали се потребни промени во наследното право на Република Македонија“ (коавторски труд со проф. д-р Љиљана С. Трпеновска и д-р Ангел Ристов), *Зборник во чест на проф. Георги Ганзовски*, Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје, 2010. | 1,6 |
| | „Современите тенденции во наследното право“ *Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, во чест на проф. Никола Матовски* (коавторски труд со проф. д-р Љиљана С. Трпеновска и д-р Ангел Ристов), Правен факултет „Јустинијан Први“ - Скопје, 2011. | 1,6 |
| | „Наследното право од античкото до современото општество“ (коавторски труд со д-р Ангел Ристов), *Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, во чест на проф. Ѓорѓи Марјановиќ* (коавтор), Правен факултет „Јустинијан Први“ - Скопје, 2011. | 1,8 |
| | „Промените во семејството и реформите во семејното право во европските земји“, (коавторски труд со д-р Ангел Ристов), *Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, во чест на проф. Наум Гризо*, Правен факултет „Јустинијан Први“ - Скопје, 2011. | 1,8 |
| | Положбата на брачниот другар во македонското и споредбеното наследно право, (коавторски труд со д-р Ангел Ристов), *Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, во чест на проф. Тодор Пеливанов* (коавтор), Правен факултет „Јустинијан Први“ - Скопје, 2012. | 1,8 |
| | “Крај или модификација на патријархатот: моќта и улогите на мажите и на жените во современото општество”, *Зборник по повод 35 години од студиите по новинарство,* Правен факултет „Јустинијан Први„ Скопје, 2012. | 2 |
| 13. | **Пленарно предавање на научен/стручен собир** | |
| | Во април 2010 година учествувал како предавач на семинарот организиран од здружението „Јуридика“ во Струмица, со предавање на тема „Правното уредување на постхумната репродукција во Република Македонија“. | 2 |
| | Во април 2010 година учествувал на семинарот во рамките на проектот „Joint Programme on Domestic Violence-Strengthening National Capacities to Prevent Domestic Violence“ одржан во Скопје, со предавање на тема | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | „Потребата од донесување на посебен закон за семејно насилство во Република Македонија“. | |
| | Во мај 2010 година учествувал на семинарот во рамките на проектот „Joint Programme on Domestic Violence-Strengthening National Capacities to Prevent Domestic Violence“ одржан во Скопје, со предавање на тема „Праксата на Европскиот суд за човекови права во случаите на семејно насилство“. | 2 |
| | Во мај 2010 година учествувал на семинарот одржан во Скопје, во организација на УНИЦЕФ, во рамките на изработка на проектот „Компаративен преглед на законодавството на Република Македонија и Конвенцијата на ОН за правата на детето“, со презентација на делот од проектот кој се однесува на одредбите од семејноправната сфера. | 2 |
| | Во ноември 2011 година учествувал на меѓународниот семинар во организација на Нотарската комора на Република Македонија, одржан во Охрид, со предавање на тема „Промените во семејното и наследното право и улогата на нотарите“. | 2 |
| 14. | **Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество** | |
| | Во јуни 2008 година учествувал на Третиот европски конгрес за семејно право, одржан во Виена, Австрија | 3 |
| | Во јануари 2009 учествувал на семинар одржан на Централноевропскиот универзитет во Будимпешта, за воведување на предметот новите репродуктивни технологии и правото на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. | 3 |
| | Во јуни 2009 учествувал на семинар одржан на Централноевропскиот универзитет во Будимпешта, за воведување на предметот новите репродуктивни технологии и правото на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. | 3 |
| | Во мај 2010 година учествувал како предавач на Македонско-хрватскиот семинар, одржан во Загреб, Хрватска, со предавање на тема за постхумната репродукција. | 3 |
| | Во декември 2012 година учествувал на Копаоничката школа за природно права со предавање на тема „Брачниот договор во македонското и споредбеното право“. | 3 |
| 15. | **Одржано предавање по покана на универзитет** | |

| | | |
|---|---|---|
| | Одржано предавање на Правниот факултет во Ниш, април 2013. | 1 |
| 16. | **Одржано предавање по покана на универзитет** | |
| | Одржано предавање на Правниот факултет во Белград, ноември 2013. | 3 |
| | **Вкупно** | 195,6 |

**СТРУЧНО –АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. Број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | **Стручни монографии објавени во странство** | |
| | *Law, Public Health Care System and Society* (коавторски труд со д-р Ангел Ристов), Volume 8, AVM, Munchen, 2012. | 7,2 |
| | *Porodično nasilje* (коавторски труд со д-р Ангел Ристов), Pravni fakultet u Beogradu, Beograd, 2012. | 7,2 |
| 2. | **Претседател на комисија за кодификација на дел од правна област** | |
| | Претседател на Комисијата за семејно право и наследно во рамките на Комисијата за изготвување на Граѓанскиот законик на Репулика Македонија | 8 |
| 3. | **Член во комисија за изработка на закон** | |
| | Член на Комисијата за изработка на Законот за трансплантација<br>Член на Комисијата за измени и дополнувања на Законот за семејството | 8 |
| 4. | **Член на комисија за кодификација на дел од правна област** | |
| | Член на Комисијата за изготвување на Граѓанскиот законик на Република Македонија во делот семејно и наследно право. | 6 |
| 5. | **Уредник на научно/стручно списание** | |
| | Главен и одговорен уредник на списанието за европски прашања „Евродијалог“ | 2 |
| 6. | **Уредник на меѓународно научно/стручно списание** | |
| | Главен и одговорен уредник на електронското списание „Iustinianus Primus Law Review“ | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| 7. | **Член на уредувачки одбор на меѓународно научно/стручно списание**<br>Зборник радова „Права дјетета и рамноправност полова – између нормативног и стварног“ Међународни научни скуп, Источно Сарајево, 2012. | 1 |
| 8. | **Уредник на зборник на трудови на високообразовна и научна институција** | |
| | Уредник на Годишникот на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во чест на проф. д-р Љиљана Спировиќ Трпеновска Скопје, 2013. | 2 |
| 9. | **Студиски престој во странство** | |
| | Во 2013 година, како стипендист на Институтот за споредбено и меѓународно приватно право „Макс Планк“ од Хамбург, престојувал два месеца на Институтот Макс Планк во Хамбург. | 0,5 |
| 10. | **Член на факултетски комисии** | |
| | Секретар на Институтот за граѓанско право  на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје | 0,5 |
| | Член на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје | 0,5 |
| | Член на Комисијата за нострификација | 0,5 |
| | Член на Комисија за прием на студенти | 0,5 |
| | Член на Комисија за изработка на проект за воведување на европски студии | 0,5 |
| 11. | **Член на комисија за избор во звање** | 1 |
| | | |
| 12. | **Раководител на постдипломски или докторски студии** | |
| | Раководител на постдипломските студии по граѓанско право (стара програма) | 2 |
| 13. | **Учество во комисии и тела на државни и други органи** | |
| | Член е на Комисијата за биомедицински потпомогнато оплодување при Министерството за здравство на Република Македонија.<br>Претседател е на Комисијата за етички и правни прашања на Националната фондација за трансплантација.<br>Член е на меѓуресорската работна група за реализација на Акциониот план за надминување на пречките за успешно | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | спроведување на концептот медијација при министерството за правда на Република Македонија | |
| | **Вкупно** | 53,4 |

| | |
|---|---|
| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | Поени |
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 147,1 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 195,6 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | 53,4 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | |
| **Вкупно** | 396,1 |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Проф. д-р Љиљана Спировиќ-Трпеновска, с.р.

Проф. д-р Гале Галев, с.р.

Проф. д-р Арсен Јаневски, с.р.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје
Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство

ПРЕГЛЕД
НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО СКОПЈЕ

| **Кандидат** | **Тема** | **Ментор** |
|---|---|---|
| **Јовица Митковски** | **„Софтверски систем за упис на студенти наменет за обработка во облак“** | **вон. проф. д-р Дејан Ѓорѓевиќ** |
| **Дарко Мартиновиќ** | **Моделирање на кореографии на македонските национални ора во прилог на нивното автоматско препознавање“** | **Доц. д-р Марија Михова** |
| **Златка Трајческа** | **„Криптографски својства и примена на Буловите функции добиени од квазигрупи“** | **доц. д-р Весна Димитрова** |
| **Бојан Илијоски** | **„Групирање на коментари на македонски јазик“** | **проф. д-р Жанета Попеска.** |
| **Билјана Цветкоска** | **„Предикција на исклучување на значајни корисници во телекомуникациската индустрија“** | **доц. д-р Слободан Калајџиски.** |
| **Никола Котели** | **„Моделирање и визуелизација на загадувањето на воздухот од сообраќајот на ниво на улици во град Скопје“** | **проф. д-р Коста Митрески** |
| **Стефан Спасовски** | **„Автономизација на беспилотно летало за независно следење на генерички објекти“** | **доц. д-р Невена Ацковска** |
| **Бојан Костадинов** | **„Интелигентна поддршка за студенти кои изучуваат програмски јазик преку систем за е-учење“** | **доц. д-р Соња Гиевска** |
| **Трајче Манолев** | **„Методологија за приближување на конвенционалните развојни процеси кон агилните развојни процеси кај средни и големи проекти“** | **доц. д-р Анастас Мишев.** |
| **Предраг Филиповиќ** | **Дефинирање и автоматизација нас процесот на семантичка трансвормација  на СОС во модели соодветни за формална анализа“** | **вон. Проф Димитар Трајанов** |
| **Петар Јоксимовиќ** | **„Примена на портфолио менаџмент во ИТ индустријата“** | **проф. д-р Вангел Фуштиќ.** |

# Р Е Ф Е Р А Т
# ЗА ПРЕДВРЕМЕН ИЗБОР НА ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК ВО ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА ВО СКОПЈЕ

На конкурсот за избор во звање објавен во весникот „Утрински весник" на ден 18.4.2013 година, се пријави доц. д-р Александар Стојчев, вработен во Службата за историја-Музеј на мировни и безбедносно-одбранбени истражувања во состав на Министерството за одбрана во Скопје.

На седницата на Советот на ИНИ со одлука број 02-229/2 од 21.5.2013 година бевме избрани за рецензенти. По разгледувањето на приложените материјали на кандидатот, имаме чест да го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### *1. Биографски податоци*

Доц. д-р Александар Стојчев е роден 1975 година во Белград, каде што завршил основно и средно училиште, а дипломирал на Филозофскиот факултет, група: историја, во Скопје, во 2001 година со просек 9,36. Во 2002 година се вработил како помлад асистент по Воена историја на воената академија „Генерал Михаило Апостолски" во Скопје.

Во 2006 година ги завршил последипломските студии на Институтот за национална историја во Скопје со одбрана на магистерскиот труд „Дојранските позиции на Македонскиот фронт 1915-1918 година". Во 2009 година во ИНИ ја одбранил и докторската дисертација под наслов „Македонскиот фронт 1915-1918 година", со што се стекнал со титула доктор на историски науки. Во истата година е избран за наставник по предметот воена историја на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски" во Скопје. Со звањето научен соработник (доцент) се стекнал во 2010 година, а воедно е избран за предавач на студиите од втор и трет циклус во ИНИ по предметите: воена историја на Македонија, воена историја на балканските држави, Македонското вооружено националноослободително движење во XIX-XX век и Балканските и Првата светска војна. Од 2011 год. изведува настава по воена историја на Школата за пилоти при Воената академија „Генерал Михаило Апостолски", а од 2012 год. е избран за наставник по предметот балканските војни и Првата светска војна на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Доц. д-р Александар Стојчев одлично го познава англискиот јазик, а се служи и со францускиот и руският јазик. Има добиено сертификати за учество на повеќе семинари во земјата и во странство. Во 2012 година, како претставник на Република Македонија, по едномесечен престој во САД се стекнал со сертификат од Владата на САД за учество во Програмата за „Разрешување на конфликти".

Во моментов извршува работи како раководител на Службата за историја и директор на Музејот на мировни и безбедносно одбранбени истражувања во состав на

Министерството за одбрана на Р. Македонија, каде што ја води научноистражувачката работа во оваа институција.

***2. Оцена на научните резултати на кандидатот кои се од особена важност за утврдување за избор во научно звање***

Доц. д-р Александар Стојчев како истражувач на воената историја,. во периодот од здобивањето во звањето научен соработник (доцент), како автор и коавтор ги објавил следните публикации:

**Нобеловците и АРМ за мирот**, Воен музеј, Скопје, 2011;

монографија **Букурешкиот мировен договор и поделбата на Македонија во 1913 година**, Институт за национална историја, Скопје, 2011 (коавтор);

**Генерал Михаило Апостолски**, Музеј на мировни и безбедносно-одбранбени истражувања, Скопје, 2012 (коавтор).

Во монографијата „Букурешкиот мировен договор и поделбата на Македонија во 1913 година", доц. д-р Александар Стојчев како коавтор, на 850 страници, покрај основниот текст, за првпат се објавени факсимилите на Букурешкиот договор со сите протоколи и анекси проследени со превод на македонски јазик, тајните договори и конвенции меѓу балканските земји и големите сили и голем број досега необјавувани оригинални карти и факсимили од документи кои сведочат за прекројувања на границите и поделбата на Македонија. Покрај тоа, во книгата се обработени учеството на населението од Македонија во балканските војни, меѓународноправните аспекти на Букурешкиот договор, геноцидот и асимилацијата врз Македонците, Власите, муслиманите и другото население од Македонија, можностите за враќање на имотот на бегалците и многу други прашања досега непознати во јавноста и, особено, документација за соработката на Македонците, Власите и Албанците за создавање на независна Македонија, спротивно на големодржавните програми на соседните земји. Ова е прво вакво издание од ваков тип.

Како главен истражувач, д-р Стојчев ги реализирал следниве домашни и меѓународни научноистражувачки проекти: изработка на дизајн на свечени гардиски униформи за потребата на АРМ (2011); изработка на идејни решенија за одликувања за потребите на АРМ (2011); трансформација на Воениот музеј во Музеј на мировни и безбедносно-одбранбени истражувања (2012); меѓународен проект „Претворање на линиите на поделба во точки на спојување" во рамки на ИПА-програмата на ЕУ за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Бугарија (2012).

Д-р Александар Стојчев е главен редактор на меѓународната публикација „Турско-македонските односи низ историјата" дадена во печат која претставува прва публикација од областа на воената историја што ја објавува Р. Македонија со странски партнер, во случајот со Република Турција. Д-р Александар Стојчев е автор на „Студија за истражување, собирање и изработка на материјали поврзани со воените дејства во Првата светска војна и нивна презентација во трајна музејска поставка" (2012). Тој е автор на трудовите: „Политиката на Големите сили кон македонското прашање во време на

балканските војни и Првата светска војна" на англиски јазик објавен во Зборникот на трудови од меѓународната научна конференција „Балканот и балканската историја од 14 век до денес" одржана во Истанбул од 2 до 7 декември 2012 година; „Учество на Македонците во балканските војни во состав на српската војска" на српски јазик објавен во Зборникот на трудови од меѓународната научна конференција „Балкански војни" 1912/1913: „Нови видувања и толкувања" одржана во Белград од 24 до 25 октомври 2012 година (во печат); „Воените дејства на вооружените формации на македонскиот народ во балканските војни 1912-1913 година", објавен во Зборникот на трудови од научниот собир „Сто години од Балканските војни", одржан во МАНУ од 3 до 4 декември 2012 година (во печат); „Македонскиот идентитет во време на османлиската држава во Македонија" објавен во публикацијата „Турско-македонските односи низ историјата", дадена во печат (2013). Трудовите се рецензирани.

Доц. д-р Александар Стојчев се пројавил и во музејската дејност на повеќе музејски изложби и проекти, меѓу кои и постојани музејски поставки: галерија „Нобеловците и Армијата на Република Македонија за мирот" (2011 г.); „Спомен соба на Генералот Михаило Апостолски" (2012 г.).

Соработник е на списанието на Министерството за одбрана „ Штит" и учесник и член е на повеќе домашни и меѓународни организациони одбори на научни симпозиуми и конференции: „Сто години од балканските војни" во организација на МАНУ (2012), „Струмица и Струмичко во времето на Балканските војни и Букурешкиот мировен договор" во организација на Заводот за заштита на спомениците на културата и Музеј - Струмица (2012), „Сто години од Букурешкиот мировен договор" во организација на МАНУ (2013) и IV македонски конгрес за историја на медицината (2013).

Доц. д-р Александар Стојчев е автор на текстови за изработка на сценарија за научно-документарни филмови во продукција на МРТВ: „Букурешкиот мировен договор" (2012) и „Македонскиот фронт" (2013). Во периодот од 2011 до денес, како научен истражувач и професор учествувал во повеќе научни документарни филмови на теми од воената историја на Македонија.

Во периодот од 2010 до 2013 година, доц. д-р Александар Стојчев изведува настава, одржува редовни консултации и е ментор на дипломски трудови на додипломските студии на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски" и Школата за пилоти во Скопје, како и на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Од претходно изнесеното, заклучуваме дека доц. д-р Александар Стојчев е максимално ангажиран на полето на науката и образованието, придонесува за развојот на образованието и науката во Р. Македонија и за афирмација на достигнувањата на македонската историска наука надвор од границите на Р. Македонија.

***3. Предлог за избор на кандидатот во научно звање***

Согласно Правилникот за условите и критериумите, постапката и начинот на избор во наставно-научни, научни, наставностручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Комисијата во состав: проф. д-р Тодор Чепреганов, проф. д-р Ѓорѓи Чакарјаневски и проф. д-р Марјан Димитријевски има чест на Советот на Институтот за национална историја да му предложи д-р Александар Стојчев да биде предвремено избран во научното звање в**иш научен соработник**.

Комисија

Проф. д-р Ѓорѓи Чакарјаневски с.р.

Проф. д-р Марјан Димитријевски с.р.

Проф. д-р Тодор Чепреганов с.р.

Кандидат: Александар Стојчев
Институција: Служба за историја-Музеј на мировни и безбедносно-одбранбени истражувања - Министерство за одбрана, Скопје
Научна област: воена историја

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| *Реден број* | *Назив на активноста* | *Поени* |
|---|---|---|
| 1. | Одржување на настава<br>- од прв циклус на студии<br>Воена историја на Воена академија, 4 сем. x 2 часа x 15 x 0,04<br>Воена историја на Школата за пилоти, 2 сем. x 2 ч. x 15 x 0,04<br>Балканските војни и Првата светска војна, 2 часа x 15 x 0,04 | **8,4**<br><br>4,8<br>2,4<br>1,2 |
| 2. | Одржување на вежби<br>Воена историја на Воена академија, 4 сем. x 2 часа x 15 x 0,03 | <br>**3,6** |
| 3. | Консултации со студенти<br>Воена историја на Воена академија, 4 сем. x 30 x 0,002<br>Воена историја на Школото за пилоти, 5 студ. x 0,002<br>Балканските војни и Првата светска војна, 15 студ. x 0,02 | **0,28**<br>0,24<br>0,01<br>0,03 |
| 4. | Ментор на дипломска работа<br>студ. Пеце Коларoски „Наполеон Бонапарта од артилериски потпоручник до император ", 2013. | 0,2 |
| 5. | Пакет материјали за одреден предмет<br>Балканските војни и Првата светска војна | <br>1 |
| 6. | Научно популарна книга<br>- автор<br>Нобеловците и АРМ за мирот, Скопје (2011)<br>- коавтор<br>Генерал Михаило Апостолски, Скопје (2012) | <br><br>6<br><br>4 |
| | ВКУПНО: | **23,48** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| *Реден број* | *Назив на активноста* | *Поени* |
|---|---|---|
| 1. | Монографија<br>- „Букурешкиот мировен договор и поделбата на Македонија во 1913 година", ИНИ, Скопје, 2011, (коавтор) | 8 |

| | | |
|---|---|---|
| 2. | Раководител на национален научен проект:<br>- Трансформација на Воениот музеј во Музеј на мировни и безбедносно-одбранбени истражувања | 6 |
| 3. | Учесник во национален научен проект:<br>- Изработка на дизајн на свечени гардиски униформи за потребите на Армијата на РМ (2011)<br>- Изработка на идејни решенија за армиски одликувања (2011) | 3<br>3 |
| 4. | Учесник во меѓународен научен проект:<br>- „Претворање на линиите на поделба во точки на спојување" во рамки на ИПА програма на ЕУ за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Бугарија 2007ЦБ16ИРО007-2009-47) (2012) | 5 |
| 5. | Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор<br>- „Политиката на големите сили кон македонското прашање во време на Балканските војни и Првата светска војна" на англиски јазик, Зборник на трудови од меѓународната научна конференција „Балканот и балканската историја од 14 век до денес" одржана во Истанбул од 2 до 7 декември 2012 година (во печат);<br>- „Учество на Македонците во балканските војни во состав на српската војска" на српски јазик, Зборник на трудови од меѓународната научна конференција „Балкански војни 1912/1913: Нови видувања и толкувања" одржана во Белград од 24 до 25 октомври 2012 година (во печат). | 3<br>3 |
| 6. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир<br>- Воените дејства на вооружените формации на македонскиот народ во балканските војни 1912-1913 година, Зборник на трудови од научниот собир „Сто години од Балканските војни" одржан во МАНУ од 3 до 4 декември 2012 година (во печат). | 2 |
| 7. | Учество на научен/стручен собир со реферат | |

| | | |
|---|---|---|
| | - „Сто години од балканските војни" во организација на МАНУ, Скопје (2012 г.)- Воените дејства на вооружените формации на македонскиот народ во балканските војни 1912-1913 година;<br>- „Струмица и Струмичко во времето на балканските војни и Букурешкиот мировен договорг во организација на Заводот за заштита на спомениците на културата и Музеј - Струмица (2012 г.);<br>- меѓународната научна конференција „Балканот и балканската историја од 14 век до денесг" одржана во Истанбул од 2 до 7 декември 2012 година - „Политиката на големите сили кон македонското прашање во време на Балканските војни и Првата светска војна";<br>- меѓународната научна конференција „Балканските војни 1912/1913: Нови видувања и толкувања" одржана во Белград , 24 до 25 октомври 2012, година „Учество на Македонците во балканските војни во состав на српската војска";<br>- IV македонски конгрес за историја на медицината во Скопје (2013 г.) - Американски медицински тимови на Македонскиот фронт 1915-1918 г. | 1<br>1<br>1<br>1<br>1 |
| | ВКУПНО: | **38,00** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| *Реден број* | *Назив на активноста* | *Поени* |
|---|---|---|
| 1. | Студија за истражување, собирање и изработка на материјали поврзани со воените дејства во Првата светска војна и нивна презентација во трајна музејска поставка (2012) | 2 |
| 2. | Учесник во Идеен проект за надворешна поставка на Воениот музеј под скопската тврдина Кале (2012) | 1 |
| 3. | Учество во промотивни активности на Службата за историја<br>- Свечено отворање на галеријата „Нобеловците и | 2,5<br>0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | АРМ за миротˮ во 2011 г.<br>- Промовирање на Воениот музеј во медиумите 2011 г.<br>- Свечено отворање на Спомен -соба на Генерал Михаило Апостолски, 2012 г.<br>- Свечена промоција на доделување Нобелова награда на ЕУ во Музејот 2012 г.<br>- Свечено отворање на изложба во Дом на АРМ по повод 18 август 2013 г. | 0,5<br>0,5<br>0,5<br>0,5 |
| 4. | Дела од архитектонска визуелизација, мултимедиунски и графички дизајн<br>- автор<br>концепција, ликовно, архитектонско и графичко решение за изложбена поставка за галерија „Нобеловците и АРМ за миротˮ во Воениот музеј во Скопје 2011;<br>концепција, ликовно, архитектонско и графичко решение за изложбена поставка „Денот на АРМˮ - 20 години в во Домот на АРМ 2013;<br>- автор<br>Сценарио за научен документарен филм „Букурешкиот договорˮ, во реализација на МРТВ (2012 г.)<br>- коавтор<br>концепција, ликовно, архитектонско и графичко решение за изложбена поставка за галерија „Спомен - соба на генералот Михаило Апостолскиг ,2012;<br>Сценарио за научен документарен филм: Македонскиот фронт 1915-1918 г. (2013 г.) | 2<br>2<br>2<br>1<br>1 |
| 5. | Уредник на зборник на трудови во странство „Турско-македонските односи низ историјатаˮ, 2013 | 3 |
| 6. | Член на организационен одбор на научен собир<br>- Сто години од балканските војни, МАНУ, 2012<br>- Струмица и Струмичко во балканските војни и Букурешкиот мировен договор, НУ Завод и Музеј Струмица, 2012.<br>- Сто години од Букурешкиот мировен договор, МАНУ,2013. | 1<br>1<br>1 |
| 7. | Студиски престој во странство<br>- до три месеци (јули-август 2012 г., Соединетите Американски Држави , како национален претставник во програмата „Разрешување на конфликтиˮ во | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | организација на Стејт департментот на САД. | |
| 8. | Раководител на внатрешна организациона единица<br>- Раководител на Службата за историја-Музеј на мировни и безбедносно-одбранбени истражувања | 3 |
| | ВКУПНО: | **22,5** |
| | СЕВКУПНО: | **83,98** |

| | |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **23,48** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **38,00** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **22,50** |
| **ВКУПНО** | **83,98** |

омисија

Проф. д-р Ѓорѓи Чакарјаневски с.р.

Проф. д-р Марјан Димитријевски с.р.

Проф. д-р Тодор Чепреганов с.р.

## Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА НАУЧЕН СОРАБОТНИК ВО ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА ВО СКОПЈЕ

На конкурсот за избор во звање објавен во весникот Утрински весникг на 7.9.2013 година, се пријави д-р Теон Џинго, вработен во Институтот за национална историја во Скопје.

На седницата на Советот на ИНИ, со одлука број 02-458/2 од 7.10.2013 година, бевме избрани за рецензенти. По разгледувањето на приложените материјали на кандидатот, имаме чест да го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

### *1. Биографски податоци*

Д-р Теон Џинго е роден во 1981 година во Скопје, каде што завршил основно и средно училиште, а дипломирал на Филозофскиот факултет, група: историја, во 2005 година, со просек 8,64. Во 2009 година се вработил како помлад асистент во Балканолошкото одделение во Институтот за национална историја во Скопје.

Во 2008 година ги завршил постдипломските студии на Институтот за историја при Филозофскиот факултет во Скопје со одбрана на магистерскиот труд „Идејата на Велика Британија за создавање на Балкански пакт (1939 - 1941)" со среден успех 10. Во 2013 година, во Институтот за национална историја ја одбранил и докторската дисертација под наслов „Балканот во политиката на Велика Британија во периодот помеѓу двете светски војни", со што се стекнал со титулата доктор на историски науки.

Д-р Теон Џинго одлично го познава англискиот јазик, а се служи и со германскиот јазик. Има добиено сертификати за учество на повеќе семинари во земјата и во странство.

Во моментов работи како асистент - истражувач во Балканолошкото одделение при Институтот за национална историја.

### *2. Оцена на научните резултати на кандидатот кои се од особена важност за утврдување за избор во научно звање*

Д-р Теон Џинго, како истражувач на дипломатската и политичката историја, како автор и коавтор ги објавил следниве публикации:

-Зборникот на документи „**Велика Британија и Македонија (1918 - 1940)**", Институт за национална историја, Скопје, 2011 (коавтор);

-„**Идејата на Велика Британија за создавање на Балкански пакт**", во печат.

Научната преокупација на д-р Теон Џинго е насочена кон проучувањето на односите помеѓу балканските држави и Велика Британија, со посебен акцент врз односот

на Велика Британија кон Македонија и македонското прашање во периодот помеѓу двете светски војни.

Во неговата досегашна научна работа, д-р Џинго се има пројавено со неколку статии во домашни и странски научни списанија, има учествувано во подготовка на зборници на документи, организација на семинари и конференции што претставува доказ за неговиот интерес кон научноистражувачката работа.

Во зборникот на документи „Велика Британија и Македонија", д-р Теон Џинго, како редактор и преведувач, на 274 страници, за првпат објавува документи кои се наоѓаат во архивата на Британското министерство за надворешни со превод на македонски јазик, кои имаат големо значење за политиката на Велика Британија кон Македонија. Покрај тоа, во зборникот се поместени и низа документи кои содржат детална анализа за случувањата на теренот во трите дела на Макдонија, како и дејствувањата на разни групи со македонски предзнак во европскиот континент.

Монографијата „Идејата на Велика Британија за создавање на Балкански пакт", која е влезена во печат во Институтот за национална историја, претставува детална анализа на поделбата на Балканскиот Полуостров на интересни сфери пред почетокот на Втората светска војна и улогата на Велика Бриитанија за задржување на сопственото влијание во тој дел од Европа.

Како истражувач, д-р Џинго учествувал во следниве домашни и меѓународни научноистражувачки проекти:

- проект „Портретот на соседот во наставата по историја на Балканот", во Скопје и Сараево, март- јули 2008 година;
- проект „Сеќавање за иднината" јануари - јуни 2005 година;
- проект „Денови на меѓународно образование во Македонија" август- декември 2004 година;
- проект за евидентирање на сведоците и нивните сеќавања во врска со депортацијата на еврејското население од Македонија, во организација на Музејот на холокаустот од Вашингтон, САД, под раководство на Нејтан Бејрак, март - јуни 2012 година;
- проект за зачувување на духовното и културното наследство на Македонците од егејскиот дел на Македонија, 2010-2013.

Д-р Теон Џинго е автор на трудовите: „Балкански пакт или нов Македонски фронт-разликите во концепциите на сојузниците за спречување на ширењето на германското влијание на Балканскиот Полуостров (1939-1941)", „Британски документи за односите помеѓу Македонската револуционерна организација и руските болшевици", „Улогата и влијанието на Корнелие Зелеа Кодреану во романското општество во периодот меѓу двете светски војни", „Македонското прашање во директивите на грчката држава за едукација на учесниците во образовниот процес", „Политиката на Бугарија и односот на цивилното население кон еврејските имоти во Македонија" (трудовите се рецензирани).

Д-р Теон Џинго е автор и на текстови за изработка на сценарија за научно-документарни филмови во продукција на МРТВ: „Егејскиот дел на Македонија во периодот 1912-1939", „Политиката на грчката држава кон македонското прашање (1950-2000 година)" и „Историската заднина на противењето на Грција кон името на Македонија, македонскиот јазик и македонската нација".

Во периодот од 2011 до денес, како научен истражувач и професор учествува во повеќе научни документарни филмови на теми од дипломатската и политичката историја на Македонија и на балканските држави.

Од претходно изнесеното, заклучуваме дека д-р Теон Џинго е максимално ангажиран на полето на науката како научен работник кој придонесува за развојот на образованието и науката во Р. Македонија и за афирмација на достигнувањата на македонската историска наука надвор од границите на Р. Македонија.

### *3. Предлог за избор на кандидатот во научно звање*

Согласно со Правилникот за условите и критериумите, постапката и начинот на избор во наставно-научни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Статутот на Институтот за национална историја, Комисијата во состав: проф. д-р Тодор Чепреганов, проф. д-р Билјана Ристовска Јосифовска и доц. д-р Силвана Сидоровска Чуповска констатира дека се исполнети критериумите д-р Теон Џинго да се стекне со научно звање. Според гореизложеното, имаме чест на Советот на Институтот за национална историја да му предложиме д-р Теон Џинго, да биде изберан во научното звање научен соработник-доцент.

Комисија

Проф. д-р Тодор Чепреганов с.р.

______________________________

Проф. д-р Билјана Ристовска Јосифовска с.р.

______________________________

Проф. д-р Силвана Чуповска Сидоровска с.р.

______________________________

Кандидат: Теон Џинго
Институција: Институт за национална историја
Научна област: историја

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| *Реден број* | *Назив на активноста* | *Поени* |
|---|---|---|
| 1. | Монографии<br>- „Велика Британија и Македонија (1918 – 1940)“, ИНИ, Скопје, 2011 (коавтор)<br>- „Идејата на Велика Британија за создавање на балкански пакт (1939 – 1941) “, Скопје, 2013 (во печат) | 8<br><br>8 |
| 2. | Учество во национални научни проекти:<br>- Проект „Денови на меѓународно образование во Македонија”, во организација на Институтот на германските работнички универзитети (Institute für International Zusammenarbeit des Deutschen Volkshochschul Verbandes)- IIZ/ DVV, август- декември 2004 година<br>- „Проект за зачувување на духовното и културното наследство на Македонците од егејскиот дел Македонија“, 2010 – 2013, Инстотут за национална историја и Кинотека на Македонија | 3<br><br>3 |
| 3. | Учество во меѓународни научни проекти:<br>- „Сеќавање за иднината“, во организација на Институтот на германските работнички универзитети (Institute für International Zusammenarbeit des Deutschen Volkshochschul Verbandes)- IIZ/ DVV, јануари - јуни 2005 година<br>- „Портретот на соседот во наставата по историја на Балканот“, во организација на Институтот на германските работнички универзитети (Institute für International Zusammenarbeit des Deutschen Volkshochschul Verbandes)- IIZ/ DVV, март- јули 2008 година<br>- „Проект за евидентирање на сведоците и нивните сеќавања во врска со депортацијата на еврејското население од Македонија“ во организација на Музејот на холокаустот од Вашингтон, март – јуни 2012 година | 5<br><br>5<br><br>5 |
| 4. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор<br>- „Политиката на Бугарија и односот на цивилното население кон еврејските имоти во Македонија”, Зборник на трудови од меѓународниот научен форум „70 години од | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | депортацијата на Евреите од Македонија”, одржан во Скопје на 12 март 2013 година, (во печат) | |
| 5. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир<br>- „Македонското прашање во директивите на грчката држава за едукација на учесниците во образовниот процес”, Зборник на трудови од меѓународниот научен симпозиум „Шеесет години од завршувањето на Граѓанската војна во Грција, причини и последици” одржан во Скопје, во декември 2009 година, (во печат) | 2 |
| 6. | Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно- стручно списание<br>- Џинго, Теон, „Балкански пакт или нов Македонски фронт-Разликите во концепциите на сојузниците за спречување на ширењето на германското влијание на Балканскиот Полуостров (1939-1941)”, Гласник на ИНИ, год. 52, број 1-2, 95-110, 2008 година<br>- „Британски документи за односите помеѓу Македонската револуционерна организација и руските болшевици”, Гласник на ИНИ, год. 52, број 1-2, 119-129, 2008 година (коавтор)<br>- Џинго, Теон, „Улогата и влијанието на Корнелие Зелеа Кодреану во романското општество во периодот помеѓу двете светски војни”, списание Историја, број 1-2, Скопје, 2009 година | 2<br>2<br>2 |
| 7. | Учество на научен/стручен собир со реферат<br>- Меѓународен научен форум „70 години од депортацијата на Евреите од Македонија”, во организација на Институтот за национална историја и Меморијалниот центар на Холокаустот, Скопје, Македонија, 12 март 2013 година<br>- Тркалезна маса „Македонија во XX век”, во организација на Македонскиот културен форум и Институтот за национална историја, во Пула, Хрватска, 13-14 декември 2012 година<br>- Меѓународна конференција „Да го спознаеме нашето минато”, во организација на Бугарскиот хелсиншки комитет, Софија, Бугарија, 5-7 октомври 2012 година<br>- Меѓународна конференција 'Соочувајќи се со премолченото минато", во организација на Агенцијата за локална демократија ALDA, Стразбур, Франција, 21 - 23 ноември 2011 година | 1<br>1<br>1<br>1<br>1 |

| | | |
|---|---|---|
| | - Тркалезна маса 'Македонија е моето име", во организација на Македонскиот културен форум и Институтот за национална историја, во Пула, Хрватска, 27 - 29 октомври 2011 година<br>- Меѓународен форум 1941: Германската војна на истребување во Украина и нејзините актери, во организација на Универзитетот во Лајпциг, Киев, Украина, 20 - 25 јуни 2011 година<br>- Меѓународен симпозиум 'Хрватско-македонски книжевни, јазични и културни врски", во Риека, Хрватска, 22-26 март 2011 година<br>- Тркалезна маса 'Павел Шатев -живот посветен за Македонија", во организација наа НУ Св. Климент Охридски, во Битола, Македонија, 4 февруари 2011 година<br>- 'Мировна академија (курс: Религија и национализам)", во Сараево, Босна и Херцеговина, 18-27 јули 2010 година<br>- Меѓународна културна манифестација 'Македонија на едно место" во организација на Македонскиот културен форум, во Пула и Ровињ, Хрватска, јуни 2010 година<br>- Меѓународен семинар 'Едукација за сеќавање", во организација на Агенцијата за локална демократија ALDA, во Јасеновац, Хрватска, февруари 2010 година<br>- Интернационален семинар 'Усната историја во училиштето" vo Belgrad, Srbija, dekemvri 2008 godina<br>- Меѓународен семинар 'Од етноцентризам до мултикултурализам" во Пиран, Словенија, октомври 2008 година<br>- Интернационален семинар 'Историјата и уметноста" во Пула, Хрватска, септември 2006 година<br>- Светска конференција 'Сигурносна политика: предизвици и последици" во Сегедин, Унгарија, март 2006 година<br>- Семинар 'Иднината припаѓа на сите нас" во организација на фондацијата Конрад Аденауер, во Скопје, Македонија, мај 2006 година<br>- Семинар 'Временски менаџмент" во Скопје, Македонија, декември 2005 година<br>- Семинар 'Обликувајки ја иднината на „Европа", во организација на Фондацијата „Конрад Аденауер", во Струга, Македонија, септември 2005 година<br>- Билатерален семинар 'Европа и исламот" во Загреб, Хрватска, мај 2005 година | 1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1 |

| | | |
|---|---|---|
| | - XVI годишна конференција на Интернационалната асоцијација на студентите по историја 'Религијата низ историјата: конфронтации и колаборации" во Охрид, Македонија, април 2005 година<br>- Интернационален семинар 'Малцинствата на Балканот, традиции и комуникации" во Софија, Бугарија, декември 2004 година<br>- Интернационален семинар 'Изучувајќи ја историјата низ новите приоди и сознанија" во Белград, Србија, ноември 2004 година<br>- Светска конференција 'Историски погледи и човекови права" во Сараево, Босна и Херцеговина, октомври 2004 година<br>- Интернационален семинар 'Учење за минатото низ историјата и цивилизацијата. Содржина и методологија" во Мостар, Босна и Херцеговина, септември 2004 година<br>- Билатерален семинар 'Човекот и историјата" во Загреб, Хрватска, мај 2004 година<br>- XV годишна Конференција на Интернационалната асоцијација на студенти по историја'Трговија и комуникации" во Пула, Хрватска, април 2004 година | 1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1 |
| 8. | Секциско предавање на научен собир со меѓународно учество<br>- Меѓународна конференција 'Соочувајќи се со премолченото минато", во организација на Агенцијата за локална демократија ALDA, Стразбур, Франција, 21 - 23 ноември 2011 година | **2** |
| 9. | Одбранета магистерска теза | 5 |
| 10. | Одбранета докторска теза | 8 |
| | ВКУПНО: | **87,00** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| *Реден број* | *Назив на активноста* | *Поени* |
|---|---|---|
| 1. | Член на уредувачки одбор на меѓународно научно списание: History studies на Универзитетот Ondokuz Mayis од Самсун, Турција | 1 |
| 2. | Одржано предавање за потребите на домашни здруженија, федерации и останато | 3 |
| 3. | Член на организациски одбор на меѓународен научен собир<br>- „Шеесет години од завршувањето на Граѓанската војна | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | во Грција, причини и последици, 2009 година"<br>- Македонија – Сто години по Букурешт, 2013 година | 2 |
| 4. | Труд со оригинални научни резултати објавени во весници и списанија | 5 |
| | ВКУПНО: | **13** |
| | СЕВКУПНО: | **100** |

| | |
|---|---|
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **87** |
| **СТРУЧНОАПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **13** |
| **ВКУПНО** | **100** |

Комисија

Проф. д-р Тодор Чепреганов с.р.

Проф. д-р Биљана Ристовска Јосифовска с.р.

Проф. д-р Силвана Чуповска Сидоровска с.р.

# Р Е Ф Е Р А Т
# ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО НАУЧЕН СОРАБОТНИК ВО ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА ВО СКОПЈЕ

Советот на Институтот за национална историја во Скопје, на седницата одржана на 3.10.2013 година, со Одлука број 02-380/2 од 7.10.2013 година, нè именува за членови на Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Љубица Јанчева, проф. д-р Катерина Мирчевска и проф. д-р Марјан Димитријевски, за избор во звањето научен соработник/доцент на д-р Александар Литовски. Врз основа на темелно проучените материјали доставени на увид од кандидатот, Комисијата има чест на Советот на Институтот да му го поднесе следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Д-р Александар Литовски е роден 1967 година во Битола. Основно и средно образование завршил во Битола. Во 1992 година дипломирал на Филозофскиот факултет, група: Историја при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Постдипломските студии ги завршил на Филозофскиот факултет, група: Историја, каде што во мај 2001 година го одбранил магистерскиот труд со наслов „Врските и соработката на македонските националноослободителни движења од сите делови на Македонија во 1943 година" и се стекнал со титулата магистер на историски науки. Во јануари 2007 година, на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје ја одбранил докторската дисертација под наслов „Македонската националноослободителна платформа во текот на Втората светска војна (1941-1944)" и се стекнал со титулата доктор на историски науки.

Д-р Александар Литовски е вработен во Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и музеј во Битола, со звање - кустос-советник.

Научниот интерес на д-р Александар Литовски првенствено е насочен кон проучувањето на новата историја и македонското националноослободително движење во периодот на Втората светска војна.

Токму на оваа проблематика, д-р Литовски се осврнува во монографијата „Соработката на националноослободителните движења од вардарскиот, егејскиот и пиринскиот дел на Македонија во Втората светска војна". Во неа, тој ја презентира борбата на македонскиот народ за национална слобода и афирмација на македонската нација, акцентирајќи ја разединетоста на македонското националноослобо-дително движење во периодот меѓу двете светски војни. Периодот на Втората светска војна е фокусот на монографијата, период во кој македонското националноослободително движење бележи нагорен развој се до победоносниот крај. Со слична проблематика е и монографијата „Македонската националноослободителна платформа во Втората светска војна".

Научниот опус на д-р Литовски е збогатен и со публикацијата „Одбрана на македонизмот *Пофални слова за Гоце Делчев, Ѓорче Петров, Антон Попов, Мите Богоевски, Пантелис Пуљопулос, Тодор Дојчинов-Морава, Ване Дорев и Евдокија*

*Баљова Фотева-Вера*", од поновата историја на македонскиот народ, која изобилува со маркантни фигури, кои авторот внимателно ги одбрал и ги презентирал во публикацијата. Станува збор за личности кои оставија печат во борбата на македонскиот народ за национална слобода и афирмација на македонската нација.

Во публикацијата „Пофалби за македонизмот *Есеи од историјата на македонизмот",* Литовски преку 15-те есеи зборува за македонизмот сфатен и презентиран како национална идеологија која мора да содржи не само одбрана и развој на сите национални ресурси во сегашноста и иднината, туку и целосна афирмација на македонската национална свест во минатото.

„Јубилејната хронологија на македонското национаноослободително движење и на антифашистичката борба во Македонија во 2011 година", е публикацијата издадена по повод 70 години од почетокот на антифашистичкото востание. Публикацијата има научноистражувачка и методолошка вредност. Имајќи го предвид фактот дека хронологијата е една од најстарите и најзначајни историски дисциплини, нарекувана „очи на историјата", значењето на публикацијата за историската наука е бесценето.

Во библиографијата на д-р Александар Литовски значајно место зазема и публикацијата „Споменици и спомен обележја во Битола и битолско", во која авторот ги нотирал сите обележја кои се однесуваат на настани од историско и културно значење, и обележја поврзани со истакнати личности од сите периоди на историјата на Битола и Битолско. Во неа, со примена на соодветна научна методологија за секој споменик и спомен-обележје е дадено соодветно образложение, што ја прави вредно четиво и водич низ историјата на Битола и Битолско.

Во изминатиот период, кандидатот Литовски бил уредник на едицијата „Јубилеен календар за егејскиот дел на Македонија", публикација која се издава годишно започнувајќи од 2008 година.

Д-р Александар Литовски објавил и повеќе статии во научни списанија и зборници: Влијанието од иницијативата за формирање на Балкански штаб врз програмско-политичките цели на македонското национаноослободително движење во 1943 година, Гласник на ИНИ 45/1, Скопје, 2001, 27-37; Македонското национаноослободително движење и македонското национално прашање во егејскиот дел на Македонија (октомври-ноември 1944 година), Историја 40/1-2, Скопје, 2004, 101-110; Згрижувањето на бегалците од егејскиот дел на Македонија во Битола и Битолско во 1945 година, Зборник: Етничките промени во Егејска

Македонија во XX век, Скопје, 2002; Соработката на ослободителните движења на Македонија, Албанија, Грција и Бугарија и иницијативата за создавање на Балкански штаб во 1943 година, Зборник на трудови на НУ Завод и музеј-Битола, 15/2004 Битола, 57-70; Ставот на политичкото и воеността раководство на ЦК на КПЈ/ВШ на НОВЈ спрема борбата на Македонците од егејскиот дел на Македонија (август-октомври 1944), Гласник на ИНИ 49/1-2, Скопје, 2005, 343-352; Местото и улогата на македонските партизански единици во егејскиот дел на Македонија во ослободувањето на Битола и Битолско, Прилози на Македонското научно друштво - Битола, г. III, бр. 5-6, Битола, 2005, 215-222; Застапеноста на еврејското и другите национални малцинства во политичката платформа на Македонското националноослободително движење од вардарскиот дел на Македонија во текот на Втората светска војна, Зборник: Историја 3 на Музеј на Македонија, Скопје, 2009, 101-105; Битола и воено-политичкото дејствување на Македонското националноослободително движење од егејскиот дел на Македонија во периодот ноември-декември 1944 г., Прилози на Македонското научно друштво - Битола, г. VII, бр. 11-12, Битола, 2010, 249-260.

Д-р Александар Литовски има учествувано и во изработката и реализацијата на разновидни проекти од областа на музеологијата, заштитата на културното наследство и историјата.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на гореизнесеното за научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на д-р Александар Литовски, како членови на Рецензентската комисија сметаме дека тој во изминатиот период покажал и постигнал значајни резултати во доменот на неговата научноистражувачка и стручно-апликативна работа.

Комисијата констатира дека кандидатот, во согласност со критериумите од Правилникот за постапката и поблиските критериуми за избор во научни звања на Министерството за образование и наука и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј”, ги исполнува барањата и критериумите за избор во звањето научен соработник.

Затоа, имаме чест на Советот на ИНИ да му предложиме д-р Александар Литовски да биде избран во звањето научен соработник.

### РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Љубица Јанчева, научен советник, с.р.
2. Проф. д-р Катерина Мирчевска, виш научен соработник, с.р.
3. Проф. д-р Марјан Димитријевски, научен советник, с.р.

**ОБРАЗЕЦ**
**ПРИЛОГ КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО НАУЧЕН СОРАБОТНИК**

Кандидат: **АЛЕКСАНДАР ЛИТОВСКИ**

Институција: **ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА - СКОПЈЕ**

| Реден број | Научноистражувачка (НИ), наставно – научна (НН) и стручно - апликативна дејност (СА) | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјата | во странство |
| 1 | Монографија или научна книга | 16 | |
| 2 | Научно популарна книга | 24 | |
| 3 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание опфатено во СЦИ/ЦА/други | 42 | |
| 4 | Труд со оригинални научни резултати објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир | 2 | |
| 5 | Одбранета докторска теза | 8 | |
| 6 | Одбранета магистерска работа | 5 | |
| 7 | Учество во комисии и тела на државни и други органи | 2 | |
| 8 | Уредник на научно списание СЦИ/ЦА/други | 2 | |
| 9 | Прегледен натпис објавен во научно списание опфатено во СЦИ/ЦА/други | 1 | |
| | **ВКУПНО:** | **102** | |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. Проф. д-р Љубица Јанчева, научен советник, с.р.
2. Проф. д-р Катерина Мирчевска, виш научен соработник, с.р.
3. Проф. д-р Марјан Димитријевски, научен советник, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „УЛОГАТА И ЗНАЧЕЊЕТО НА ИЗВОРИТЕ НА ФИНАНСИРАЊЕ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЕЛЕКТРОНСКИТЕ МЕДИУМИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ ОД М-Р БОРИС АРСОВ, ПОДНЕСЕНА ДО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 241 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, во врска со поднесената докторска дисертација од кандидатот м-р Борис Арсов на тема „ Улогата и значењето на изворите на финансирање за подобрување на финансиското работење на електронските медиуми во Република Македонија”, а согласно со заклучокот од 95 седница на Научниот совет од 20.8.2013 година и Одлука бр. 02-1517/2 од 22.8.2013 година, формирана е Комисија за оцена во состав:

-д-р Диана Бошковска
- д-р Биљана Ангелова
- д-р Татјана Петковска Мирчевска
- д-р Неда Петроска Ангеловска
- д- р Томе Груевски.

Членовите на Комисијата со особено внимание ја прочитаа и ја проучија поднесената докторска дисертација од кандидатот м-р Борис Арсов на тема „Улогата и значењето на изворите на финансирање за подобрување на финансиското работење на електронските медиуми во Република Македонија”, и до Научниот совет на Економскиот институт во Скопје го доставуваат следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### I. Општи согледувања

Поднесениот докторски труд на м-р Борис Арсов на тема „Улогата и значењето на изворите на финансирање за подобрување на финансиското работење на електронските медиуми во Република Македонија” обработува актуелна проблематика од областа на електронските медиуми, со особен осврт на изворите за нивно финансирање, како и на

вкупното нивно финансиско работење.Во трудот, покрај теоретскиот осврт на електоронските медиуми и изворите за нивно финансирање, направена е и анализа на електронските медиуми и нивното финансиско работење во Репубика Македонија.

Функционирањето на електронските медиуми, генерално, е условено од повеќе фактори како што се квалитетот на програма, начинот на информирање, политиката на рекламирање и спонзорство, односно изворите на финансирање, потоа трошоците на функционирање и слично. Несомнено сите овие фактори претставуваат актуелен и важен сегмент и предмет на интерес и во делот на работењето на електронските медиуми во Република Македонија, било да се тоа телевизиите или радијата.

Актуелноста на проблематиката во предложената тема за изработка на докторска дисертација, покрај горенаведените параметри, произлегува и од фактот што на глобално ниво, во европски и во светски рамки, а во тој контекст и во Република Македонија, функционирањето и начинот на финансиско работење на електронските медиуми има огромно значење во делот на точно и вистинито презентирање на определена информација, како и начинот на кој што информацијата се пренесува до соодветниот аудиториум, односно гледачи или слушатели, бидејќи сето тоа влијае врз начинот на кој гледачите, односно слушателите ќе ја перципираат содржината на соодветната информација. Содржината на понудената програмска шема на електронскиот медиум исто така, има голема улога во функционирањето на електронскиот медиум, односно понудената програма е од клучнозначење за привлекување на компании кои преку реклами прикажани или презентирани на определен електронски медиум заради сопствена промоција им овозможуваат на медиумите соодветен извор на приход. Понудените квалитетни содржини го задржуваат вниманието на публиката, односно гледачот или слушателот, со што електронскиот медиум  создава определена публика и пораст на гледаноста или слушаноста на програмата, а со самото тоа се отвора и можноста определени компании да појават интерес за рекламирање и спонзорирање во определени програми од програмската шема на медиумите. Исто така, определени институции од централно или локално ниво  промовираат определени проекти заради остварување одредени интереси од национален или локален каракактер, кои во исто време претставуваат извор на финансирање на електронскиот медиум на кои ваквите проекти се

промовираат. Сето тоа, пак, од своја страна оди во функција на понатамошно опстојување и функционирање на соодветниот електронски медиум на пазарот на гледаност и пазарот на рекламирање, а посредно со тоа и на продолжување на векот на функционирање на медиумот.

## II.Содржина на трудот

Според приложените тези, докторската дисертација е систематизирана во вовед, пет поглавја, заклучок и библиографија. На основниот текстот паѓаат 246 страници и 6 страници се библиографски единици (користена литература).

Во **воведот** е даден осврт на актуелноста на проблематиката во докторската дисертација, во делот на функционирање, опстојување и работење на електронските медиуми во Република Македонија, односно радијата и телевизиите. Презентирана е кратка содржина на материјата која се обработува во трудоти елаборирани се целите и предметот на истражувањето. Во овој дел, исто така, ставен е посебен акцент на методите на научноистражувачката дејност кои се користат во насока на очекуваните резултати и постигнувањето на целите на истражувањето.

Во **првата глава**, која носи наслов **„Значењето и улогата на електронските медиуми во современото општество”,**е даден општ опис на влијанието на медиумите во современото општество. Во денешно време општо е познато дека медиумите имаат големо влијание врз начинот на живеење на обичниот граѓанин, без разлика на видот на медиум. Информациите кои се презентираат од страна на медиумите, влијаат врз однесувањето на граѓаните и врз креирањето нивно мислење за определени настани. Целокупната програмска понуда која што медиумите им ја презентираат на публиката, ја детерминира заинтересираноста на публиката, односно условува дали публиката ќе го задржи или нема да го задржи своето внимание на деден медиум. Од друга страна, пак, медиумот е потребно да понуди соодветна квалитетна програма која би овозможила поголема атрактивност на медиумот, а со тоа и можноста да се зголеми постојната публика. Во светот електронските медиуми ги има во најразлични облици, пришто во оваа докторска дисертација се истражени одредени светски практики на фунционирање и финансирање на електронските медиуми.

Посебен акцент е ставено на работењето на електронските медиуми во некои европски земји кои се членки на Европската унија, како и во некои балкански земји. Исто така, во овој дел од трудот се анализира и улогата на интернетот и информатичката технологија во корист на развојот на електронските медиуми. Имено, развојот на интернетот и информатичката технологија има голем придонес во делот на развојот и функционирањето на електронските медиуми. Исто така, во светот постојат и медиуми кои своите програми директно ги пренесуваатна публиката преку интернет, како технички медиум за пренос. За разлика од светската практика, кај нас досега не е развиен електронски медиуми преку интернет, туку електронските медиуми преку нивните интернет- страници даваат само определени информации за видот и содржината на програмата.

Во **втората глава** со наслов **„Специфичности на електронските медиуми во Република Македонија”** е анализирана потребата од информирање и начинот на информирање на електронските медиуми, како и интересот на публиката за електронските медиуми и видот на информации кои таа сака да го добие од медиумите. Публиката претставува критериум за популарноста на даден медиум, бидејќи таа е показател дали начинот на информирање и карактерот на програмските содржини понудени во даден медиумот се доволно интересни да го задржат нејзиното внимание. Понатаму се анализираат радијата и телевизиите како електронски медиум и начинот на пренос на информации до публиката. Во овој дел од трудот е направена компаративна анализа на функционирањето на електронските медиуми, со поделба на телевизиите и радијата (електронските медиуми) на национални, кои имаат добиено дозвола да емитуваат програма низ целата територија на Република Македонија, преку користење на фреквенции, како медиум за пренос на сигнал (национален ресурс на Република Македонија); национални-сателитски, кои имаат добиено дозвола да емитуваат програма преку сателит и согласно со Законот за радиодифузна дејност се стекнуваат и со правото на емитување на програма низ целата територија на Република Македонија без користење на националниот ресурс фреквенција, тукупреку други медиуми за пренос (кабел, Макс ТВ, БУМ ТВ итн). Исто така, се опфатени и регионалните телевизии и радија, кои имаат добиено дозвола за емитување на програма преку користење на фреквенции, но во регионот на град Скопје, бидејќи освен

градот Скопје, останатиот дел на Република Македонија медиумски сè уште не е поделен на региони. Во анализата се опфатени и локалните телевизии и радија, кои имаат добиено дозвола да емитуваат програма на локално ниво во определени општини во Република Македонија. Притоа, електронските медиуми, односно телевизиите и радијата со добивањето дозвола за емитување на програма преку користење на фреквенции, согласно со Законот за радиодифузна дејност, се стекнуваат и со право на емитување програма преку друг медиум за пренос на сигналот (кабел, Макс ТВ, БУМ ТВ итн).

Во анализата, посебен осврт е направен на функционирањето на јавниот радиодифузен сервис, односно Македонската радио - телевизија, како и важноста од постоењето на ваков сервис во една држава, безоглед на сите успешни и неуспешни периоди во досегашното работење. Овој дел се заокружува со анализа на концепциското работење на електронските медиуми во Република Македонија, во сегментот на нивната техничка опременост и техничко функционирање, како и во делот на нивната програмска шема согласно со потребите и желбите на аудиториумот.

Во **третата глава** која има наслов „**Извори на финансирање на електронските медиуми”,** опсервирани се различните видови извори на финансирање на електронските медиуми во Република Македонија. Притоа,особен осврт е направен на рекламирањето и спонзорството како најзначаен извор на финансирање. Исто така, истражени и презентирани сè улогата и значењето на рекламирањето и спонзорствата во функционирањето и финансиското работење на електронските медиуми во Република Македонија. При истражувањето предвид се зеде и рекламирањето на државните институции, како еден извор на финансирање на електронските медиуми. Во оваа глава испитано е и влијанието на моќта на рекламирањето и спонзорството и нивната голема улога во опстојувањето, функционирањето и работата на електронските медиуми (телевизии и радија) во Република Македонија. Како посебен сегмент од рекламирањето и спонзорството издвоени и анализирани се рекламирањето и спонзорствата кај програмите во кои се остварува директен контакт со публиката (гледачи или слушатели), како и т.н. прикриено рекламирање и спонзорирање. Исто така, во оваа глава предвид е земена и риодиодифузната такса како извор на финансирање, како и другите извори на

финансирање на електронските медиуми.

Во **четвртата глава „Емпириска анализа на финансиското работење на електронските медиуми во периодот 2007 - 2011 година"**, се анализира финансиското работење на електронските медиуми, односно теливизиите и радијата, во периодот од 2007 година до 2011 година, според видот на добиената дозвола за емитување на програма. Ваквата анализа овозможи да се согледа во кои периоди биле остварени највисоки, односно најниски приходи на електронските медиуми, како и причините за таквата состојба. Во овој дел, најголемо внимание е посветено на анализата на приходите по основ на рекламирање и спонзорства како најзначајни извори на финансирање на електронските медиуми. Но, исто така во анализата земени предвид се и другите извори на финансирање како што се радиодифузната такса, донациите и слично.

Во **петтата** и последна глава од трудот со наслов **„Проблемите при финансирањето на електронските медиуми во Република Македонија и можности за нивно надминување"**, извршена е севкупна анализа на проблемите со кои се соочуваат електронските медиуми во Република Македонија при нивното функционирање и работење, кое директно или индиректно влијаат врз нивниот статус на рекламниот пазар. Тука е даден акцент на влијанието и важноста на рекламирањето на политичките партии и владините институции во електронските медиуми. Исто така направена е и анализа на монополското влијание на пазарот на рекламирање преку недозволената медиумска концентрација на пазарот, која претставува предуслов за создавање на нелојална конкуренција на пазарот за рекламирање и директно влијае врз финансиското работење на електронските медиуми во Република Македонија. Исто така,анализирани се сите можни видови на медиумска концентрација кои директно или индиректно влијаат врз работењето на определен електронски медиум и остварување негова предност пред останатите електронски медиуми во Република Македонија, во делот на пазарот на рекламирање. Врз основа на анализата на можните и потенцијални проблеми, слабости и недостатоци во функционирањето на електронските медиуми, со посебен осврт на делот на нивното финансирање, предложенисе мерки и насоки за подобрување на финансиското работење на електронските медиуми во Република Македонија. За таа цел се анализирани начините на регулација на изворите на

финансирање, а врз основа на тоа и утврдување на потенцијални проблеми и недостатоци во функционирањето и финансирањето на електронските медиуми со цел предлагање можни решенија за нивно надминување, на кој начин ќе се постигне работење согласно со Законот за радиодифузна дејност. Исто така,направен е и осврт на можните злоупотреби од страна на медиумите, како што е примерот со сè почестото користење малолетни, изнемоштени и други лица во рекламните спотови, што претставува потенцијална можност да се предизвика спротивен ефект кај гледачот, што би влијаело негативно на гледаноста на електронскиот медиум (телевизија).

Во овој дел се анализираат и стратешките определби на Република Македонија во доменот на регулирање на радиодифузната дејност, што претставуваат важен сегмент во функционирањето и натамошното развивање на електронските медиуми. Во тој контекст се истражува и улогата на регулаторното тело, Советот за радиодифузија, неговите ингеренции за преземање соодветни активности за спроведување на Законот за радиодифузна дејност во делот на изворите на финансирање на електронските медиуми во Република Македонија. Од друга страна, исто така се анализирани и соодветните директиви и препораки од Европската комисија во делот на регулација на рекламирањето и спонзорството во електронските медиуми, како и последиците, позитивни или негативни, при нивното применување во делот на рекламирањето и спонзорството во електронските медиуми, што директно влијае врз начинот на нивната работа. Во овој дел, покрај екстерните фактори, осврт е направен и на интерните фактори, со особен осврт на системот и политиките на управување на електронските медиуми во функција на подобрување на нивното финансиско работење.

Во **заклучокот** на трудот се сумирани клучните резултати од истражувањето преку оцена на конзистеноста меѓу моделите на функционирање и финансиско работење на електронските медиуми во Република Македонија, можностите и начините за намалување на трошоците и подобрување на целокупното нивно функционирање. Исто така, направено е резиме на недостатоците и позитивните очекувања во делот на работење на електронските медиуми, со посебен акцент на клучните недостатоци и грешки кои се присутни во медиумскиот сектор, во областа на рекламирањето и спонзорството, како клучен извор на финансирање и услов за успешно работење на електронските медиуми. Тоа, пред сè, оди во насока на потикнување на потребата и

развојот на сопствената продукција, а во тој домен и производството на серии и филмови, како можност за дополнителни финансиски извори, кои би се реализирале со нивната продажба, во и надвор од Република Македонија, односно нивно купување од страна на други телевизиски или радиомедиуми. На тој начин се овозможува не само да се зголемат финансиските извори на електронските медиуми, туку би дошло и до развој на сериската и филмската продукција во Република Македонија, што, пак, од своја страна дава дополнителна можност за прикажување на културните, историските обележја, како и севкупна промоција на Република Македонија надвор од нејзините граници.

## III.Оцена и заклучок

Докторската дисертација на тема „Улогата и значењето на изворите на финансирање за подобрување на финансиското работење на електронските медиуми во Република Македонија", од м-р Борис Арсов, претставува актуелени значаен труд од областа на електорските медиуми.

Предметот на истражување на докторската дистертација е од особен интерес за Република Македонија каде што долги години во минатото постоеше и функционираше само еден електронски медиум кој функционираше како јавен сервис. Но, со развојот на плурализмот се појавија бројни приватни електронски медиуми, поради што се јави силна конкуренција на медиумскиот пазар. Оттаму и појавата на бројни прашања и проблеми со кои се соочуваат електронски медиумите, како теливизиите, така и радијата, во своето функционирање и опстојување на медиумскиот пазар. Еден од клучните проблеми со кои се соочуваат електронски медиумите во нивното работење претставува прашањето за обезбедувањето извори на средства, потребни како за тековното функционирање на медиумот, така и за неговиот иден развој со цел да се биде во тренд со потребите на публиката, но и со новите техничко-технолошки новини и промени во оваа област од општествено-економското живеење.

Значајно е исто така да се потенцира дека, при изработката на трудот, консултирана е значителна библиографска граѓа како од домашни, така и од странски автори, како и голем број документи, интернет – извори и публикаци и поврзани со истражуваната проблематика.

Врз основа на теоретската анализа на видовите електронски медиуми и изворите на нивно финансирање, како и врз основа на детална структурна анализа на емпириските податоци за одделнитевидови извори на финансирање на електронските медиуми во Република Македонија, се доаѓа до сознанија, согледувања и констатации за идните насоки и мерки за надминување на финансиските проблеми со кои се соочуваат електронските медиуми во Република Македонија во досегашниот период. Во трудот се иницира и важноста од потребата и развојот на сопствената продукција на електронските медиуми, како што се производството на серии и филмови, со чија комерцијализација во и надвор од Република Македонија се овозможува да се зголемат финансиските извори на електронските медиуми, што во исто време дава и дополнителна можност за прикажување на културните, историските обележја, како и севкупна промоција на Република Македонија надвор од нејзините граници.

Согласно со претходното, Комисијата констатира дека кандидатот *м-р Борис Арсов* изработил квалитетен и сеопфатен труд и успешно се справил со поставениот предизвик за истражување и анализа на оваа проблематика и успеал да понуди сопствени ставови, мислења, заклучоци и препораки.

Врзоснованапретходното, Комисијата му предлага на Советот на Економскиот институт во Скопје:

1. Да го прифати извештајот со позитивна оцена за поднесената докторска дисертација
   „Улогата и значењето на изворите на финансирање за подобрување на финансиското работење на електронските медиуми во Република Македонија и да се формира комисија за одбрана;
2. на кандидатот *м-р Борис Арсов* да му се дозволи јавна одбрана на докторскиот труд.

Членови на Комисијата

1. Д-р Диана Бошковска, с.р.

2. Д-р Биљана Ангелова, с.р.

3. Д-р Татјана Петковска Мирчевска, с.р.

4. Д-р Неда Петроска Ангеловска,  с.р.

5. Д-р Томе Груевски, с.р.

## РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ-ИСТРАЖУВАЧ ВО ИНСТИТУТОТ ЗА ДУХОВНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО НА АЛБАНЦИТЕ ВО СКОПЈЕ

Советот на Институтот за духовно културно наследство на Албанците во Скопје, со Одлука бр.0201-218/3 од 24.9.2013 год., нè избра за членови на Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Фаузи Скендери-претседател (Природно-математички факултет при Државниот универзитет во Тетово), доц. д-р Ресул Хамити-член, (Природно-математички факултет при Државниот универзитет во Тетово), д-р Наим Алими-член (Институт за духовно и културно наследство на Албанците- Скопје). На објавениот конкурс во дневните весници "ЛАЈМ" и "УТРИНСКИ ВЕСНИК" од 27 јуни 2013 год., за избор на асистент – истражувач во Одделот за историја на Албанците во Македонија и демографските движења, се пријави само кандидатот м-р Агрон Салихи, помлад асистент – истражувач во ЈНУ Институт за духовно културно наследство на Албанците во Скопје. По разгледувањето на доставените материјали кон пријавата, имаме чест до Советот на Институтот за духовно културно наследство на Албанците да го доставиме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### I

М-р Агрон Салихи е роден на 5.4.1974 г. во с. Слатина, Тетово. Основно образование завршил во родното место, додека гимназија завршил во Тетово. Во 2000 година дипломирал на Државниот универзитет во Тетово, насока: географија. Во 2013, на истиот Факултет ја одбранил магистерската теза со наслов: *Демографските движења во полошкиот регион* (1953-2002), под менторство на проф. д-р Фаузи Скендери. Во периодот 2006-2007 работел како наставник по географија во Основното училиште „Кирил и Методи“ во Тетово. Од 2008 година е ангажиран како помлад асистент – истражувач при Институтот за духовно и културно наследство на Албанците во Скопје.

### I I

Кандидатот м-р Агрон Салихи, покрај научното и стручно усовршување, својата научна преокупација ја насочува кон проучување на демографските движења во Република Македонија. Своите согледувања и ставови ги има презентирано во неколку објавени материјали. Учествувал во низа научни проекти и издал неколку научни трудови од областа со која се занимава. Во весникот „Газета е Тетовес“ во 2001 година го издал трудот со наслов: Социогеографски преглед на општина Теарце. Во текот на 2004 година работел како координатор на проектот за природа „Локален план за делување во животната средина“ (проект за екологија на општина Теарце). Во 2011 година во научното списание на Институтот за духовно културно наследство на Албанците „Студиме Албанолоѓике“ бр. 3 го издал трудот „Демографските карактеристики на Полог (1953-2002)“

Учествувал на научната конференција „Културното наследство и туризмот во Македонија" (Струга, 23-24.6.2012 г.) со темата: „Капацитетот на општина Теарце за привлекување на туристи", кој е издаден во збирката со научни трудови: „Скупи" бр. 3, 2012 година. Тој е секретар на научното списание „Скупи" што го издава Институтот за духовно културно наследство на Албанците. Исто така се очекува да излезат од печат и две статии со кои учествувал на научни конференции. Во својата научна активност, покрај албанскиот јазик, има солидни познавања на македонскиот јазик и шведскиот јазик. Активно ја користи компјутерската технологија која е неопходна за остварување на неговата научна активност и има познавање на програмите: Windows, Word, Power Point, Excel, Interent Explorer итн.

## I I I

Како членови на Рецензентската комисија, кои непосредно ја следат работата и активноста на м-р Агрон Салихи, врз основа на погоре изнесениот извештај, можеме да констатираме дека тој ни се претставува како сериозен, одговорен и перспективен научен работник кој може да придонесе во развојот на демографската наука и да се справува со предизвиците што ги бара научноистражувачката работа, истовремено задоволувајќи ги барањата и критериумите за избор во соработничкото звање асистент-истражувач.

Имаме чест на Советот на Институтот за духовно и културно наследство на Албанците во Скопје да му предложиме да го избере кандидатот м-р Агрон Салихи во соработничко звање- АСИСТЕНТ- ИСТРАЖУВАЧ во Одделот за историја на Албанците во Македонија и демографските движења.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Фаузи Скендери, претседател, с.р.

2. Доц. д-р Ресул Хамити, член с.р.

3. Д-р Наим Алими, член с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ПО ПРЕДМЕТОТ КОРПОРАТИВНО ФИНАНСИСКО ИЗВЕСТУВАЊЕ, НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на одредбите од Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Правилникот за условите, критериумите, постапката и начинот за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје и Правилникот за внатрешните односи и работењето на Економскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје , Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 25.10.2013 година, донесе Одлука за формирање Рецензентска комисија за избор на наставник по предметот корпоративно финансиско известување. По разгледувањето на пристигнатите пријави, Комисијата го изготви рефератот во согласност со член 45 и член 48 од Правилникот за условите, критериумите, постапката и начинот за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје и во врска со тоа го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На распишаниот конкурс за наставник по предметот корпоративно финансиско известување, објавен на 7.10.2013 година во дневниот весник „Вечер“, се јави еден кандидат: д-р Атанаско Атанасовски, вработен на Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје како асистент по група предмети од областа на сметководството.

## БИОГРАФИЈА

Кандидатот д-р Атанаско Атанасовски е роден на 2 април 1982 година во Кавадарци. Основно и средно образование завршил во родниот град со континуиран одличен успех. Во академската 2000/2001 година се запишал на Економскиот факултет во Скопје, на департманот за сметководство и ревизија. Дипломирал во октомври 2004 година како најдобар студент на генерацијата 2000/2004 година со просечна оценка 9,82. Како дел од неговото работно искуство, по дипломирањето има работено во ревизорската куќа Дилоит ДОО-Скопје, дел од глобалната мрежа на Deloitte, најпрво како асистент, а потоа и како ревизор-сениор во периодот од октомври 2004 до декември 2006 година. Во јуни 2006 година е избран во звањето помлад асистент, а во декември 2010 година во звањето асистент на група предмети од областа на сметководството на депарманот за сметководство и ревизија, на Економскиот факултет во Скопје, на кое работно место се наоѓа и денес.

Во април 2007 година се запишал на постдипломски студии по сметководство и финансии на Универзитетот London College, University College of Kensington, во Лондон, Белика Британија. Постдипломските студии ги завршил во јануари 2010 година со одбрана на магистерскиот труд со наслов „Трансформација на екстерната ревизорска функција: Студија на идните модификации на предметот на ревизија”.

Во јуни 2008 година ги завршил испитите од програмата за стекнување со професионално звање на Association of Chartered Certified Accountants (ACCA), Лондон, Велика Британија и станува придружен член на оваа меѓународно призната асоцијација на професионални сметководители.

Во периодот од јануари 2010 до мај 2010 година, кандидатот д-р Атанаско Атанасовски остварува студиски престој на Fairfield University во САД, како стипендист на United States Bureau for Educational and Cultural Affairs во рамките на програмата за развој на млад академски кадар на Американските совети за меѓународно образование. Во овој период бил визитинг-истражувач на Fairfield University, Dolan School of Business, на департманот за сметководство, каде што имал прилика да соработува со професорите од овој департман и да учествува во наставата по повеќе предметни дисциплини од додипломските и постдипломските студии.

Во април 2011 година пријавил докторски тези со наслов „Релевантност на објективната вредност за финансиското известување во Република Македонија" под менторство на проф. д-р Блажо Недев. Докторската дисертација успешно ја има одбрането на 18 септември 2013, со што се стекнал со титулата – научен степен - доктор на економски науки.

Во периодот декември 2008 – декември 2009 година, кандидатот д-р Атанаско Атанасовски бил ангажиран како локален консултант во реализација на проектните активности од REPARIS-програмата на Светска банка поврзани со испитот за сертификација и професионална едукација на овластени ревизори при Институтот на овластени ревизори на Република Македонија. Истовремено, во рамките на овој проект кој е од голема важност за зајакнување на корпоративното известување и ревизијата во Република Македонија, во периодот јуни-декември 2010 година е ангажиран како главен преведувач и координатор на проектот за превод на МСФИ и МСР на македонски јазик.

Во периодот од декември 2009 година до септември 2011 година, кандидатот бил предавач за модулите управување со трошоци и финансиско сметководство, во рамки на **CBIPA "Capacity building in public accounting"** и **PACT "Public accounting certificate training"** проектите на Министерството за финансии и Center for Excellence in Finance, Ljubljana. Основната цел на проектите е обука и професионално сертифицирање на сметководители во јавниот сектор.

Со финансиска поддршка на US State Department JFDP Alumni Grant program, во периодот јули 2010 година-декември 2010 година кандидатот учествувал како координатор и член на тимот за реализирање на два проекта поврзани со унапредување на високото образование во Република Македонија, и тоа: организација на регионална конференција за подобрување на пристапот на лицата со хендикеп до високото образование со наслов "**Regional JFDP Alumni Conference on the topic of Enhancing Accessibility of the Higher Education to the Disabled"** и проект за организација на работилници на тема **"Active Learning in Large College Classroom".**

Почнувајќи од јуни 2010 година, д-р Атанаско Атанасовски е ангажиран од страна на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија како координатор за спроведување на испитот за стекнување на звањето овластен ревизор.

Во периодот од јануари 2012 година до јуни 2013 година работел како краткорочен консултант на Светска банка за подготовка на **ROSC "Report on**

**observance of standards and codes – accounting and audit in Republic of Macedonia”.** Извештајот ги анализира законското и институционално окружување за сметководствената професија во Република Македонија.

Од април 2013 година кандидатот ја извршува функцијата на независен надворешен член на Одборот за ревизија при Охридска банка АД, Охрид, членка на групацијата Societe Generale, Paris.

Во досегашниот академски и професионален ангажман, д-р Атанаско Атанасовски има учествувано на повеќе семинари, работилници и конференции кои се од посебно значење за неговиот професионален развој, и тоа:

- Audit Training of Trainers Workshop, Center for Financial Reporting Reform, Vienna, first event ( 24-26 September, 2012) second event (6-8 February, 2013;
- CIPFA Training of Trainers for Public Accounting Certificate Training program, Skopje, 20-23 February 2012;
- “The Challenges to Economic Theory and Policy in the Aftermath of the Global Economic Crisis” 60th Anniversary Conference, Faculty of Economics, Skopje;
- работилница во организација на Американската комора во Република Македонија “Strategic Approaches to Corporate Social Responsibility (CSR)”, 10 мај 2011, „Холидеј ин” Скопје;
- Regional JFDP Alumni Conference: “Enhancing Accessibility of the Higher Education to the Disabled”, Skopje/Ohrid/, Nov 22-24, 2010;
- AAA Annual Mid-Atlantic Conference, Philadelphia, USA, 22-24 април 2010;
- $12^{th}$ World Congress of Accounting Historians, Истанбул, Турција, 20 – 24 јули 2008;
- Deloitte Milestone 2 program for field seniors, Родос, Грција, 1-8 септември 2006.

Кандидатот одлично го познава англискиот јазик (активно зборување, читање и пишување) и има солидни познавања од областа на работа со компјутери, како и на некои применливи статистички софтвери за анализа и манипулација со податоци (ACL).

## 1. НАСТАВНО – ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Кандидатот д-р Атанаско Атанасовски има шестгодишно работно искуство како помлад асистент и асистент по група предмети од областа на сметководството на департманот за сметководство и ревизија при Економскиот факултет во Скопје. Од јануари 2007 година па до денес, ангажиран е во изведување на вежби и делови од наставата по повеќе предметни дисциплини, меѓу кои меѓународно финансиско известување, основи на сметководство, ревизија, интерна ревизија, корпоративно финансиско известување и сметководствени контролни системи. Во изведувањето на наставно – образовната дејност кандидатот се користи со најсовремени методи, поттикнувајќи активност кај студентите и нивна интеракција.

Покрај предавањата, кандидатот целосно е ангажиран околу организирање на испитите и колоквиумите, вклучен во оценување и изготвување на испитни прашања, доделување и оценување на проектни задачи на студентите, менторство на семинарски трудови како и секојдневни консултации со студентите од сите академски години на студирање кои ги имаат запишано предметните дисциплини од областа на сметководството и ревизијата.

## 2. СПИСОК НА ОБЈАВЕНИ ТРУДОВИ И ПУБЛИКАЦИИ

Кандидатот д-р Атанаско Атанасовски досега ги има објавено следните трудови во домашни и меѓународни списанија (дел од нив презентирани на конференции и конгреси во земјата и во странство):

1. "Известување според објективната вредност и управување со добивките во банкарскиот сектор во Република Македонија", Годишник на Економскиот факултет во Скопје, изд.47, 2012.
2. "Impact of Cross-listed Directorship on Appointment and Independence of Auditors: Evidence from Republic of Macedonia", Acta Universitatis Danubius Economica, vol8.(4), 2012.
3. "Влијание на светската финансиска криза врз квалитетот на финансиското известување во Република Македонија", Годишник на Економскиот факултет во Скопје, изд.46, 2011.
4. "Корисноста на ревизорски извештаи за инвеститорите на Македонската берза за хартии од вредност: ефектот на квалификуваните ревизорски мислења на пазарната цена на акциите", Годишник на Економскиот факултет во Скопје, изд.45, 2010.
5. "Implications of Global Financial Crisis for the Quality of Financial Reporting or Vice-versa" coauthored Zoran Minovski, International Conference Proceedings , Skopje 12-13 November 2010.
6. "Трансформација на екстерната ревизорска функција: Студија на идните модификации на предметот на ревизија", магистерски труд, London College, University College of Kensington, Лондон, Велика Британија, јануари 2010.
7. "The Accounting Theory and Practice in the Republic of Macedonia- History and Perspective", Proceedings of 12th World Congress of Accounting Historians, Istanbul, July 2008.
8. Auditing economic substance of transactions with related parties: auditor's position to influence direction of cross-border investments, Audit Financiar Anul V, nr. 9/2007, Bucurest, Romania, pp.25-33.
9. "The Audit Culture in Republic of Macedonia Observed through the Prism of a Six Decade Historic Development", co-authorship Zorica Bozinovska Lazarevska, Aleksandar Kocevski, Proceedings of 12th World Congress of Accounting Historians, Istanbul, July 2008.
10. "Прирачник за активно учење во големи студентски групи", група автори, Магнаскен, декември 2010.

Во продолжение подетално ќе биде направен осврт на објавените трудови по неговиот реизбор за асистент во декември 2011 година.

Трудот „**Известување според објективната вредност и управување со добивките во банкарскиот сектор во Република Македонија",** објавен во Годишникот на Економскиот факултет во Скопје за 2012 година, ја анализира практиката на известување според објективната вредност на банките во Република Македонија и се обидува да идентификува појави на управување со добивките како индикатор на недостиг на квалитет во известувањето. Кандидатот користи мултиваријабилен регресионен модел со цел да ги тестирам детерминантите за

класификација на финансиските средства мерени според објективна вредност во првото хиерархиско ниво на мерење. Средствата кои се класифицирани во првото хиерархиско ниво се помалку подложни на расудување, проценки како и асиметрија во информации во споредба со средствата кои се класифицираат во второто и третото ниво. Резултатите во истражувањето покажуваат дека банките не ги користат можностите кои постојат во МСФИ во врска со класификација и мерење на финансиските инструменти според објективната вредност за да управуваат (манипулираат) со презентираните добивки. Исто така, истражувањето ги потврдува сомневањата за доследноста во следењето на барањата за обелоденување на објективните вредности содржани во МСФИ.

Трудот **„Impact of Cross-listed Directorship on Appointment and Independence of Auditors: Evidence from Republic of Macedonia”,** објавен во Acta Universitatis Danubius Economica, vol8.(4), 2012, го обработува влијанието на изборот и условите за назначување на ревизорите како еден од факторите кои влијаат на независноста. Поточно, во трудот се истражува поврзаноста помеѓу присуството на повеќекратно членство во органите на управување во друштвата во Република Македонија и изборот на ревизорската куќа. Студијата ги покрива сите котирани друштва и друштва со посебни обврски за известување кои се во домашна сопственост, со цел да се анулира влијанието на фактот дека компаниите кои се во доминантна странска сопственост, изборот на ревизор го вршат на ниво на групација. Детерминантите на изборот на ревизорот се важен инпут за вкупната независност и квалитет на ревизијата и обезбедуваат аргументи за интервенција во регулатива која би обезбедила поголем кредибилитет на ревизијата на финансиските извештаи. Резултати од истражувањето поместено во овој труд покажуваат дека не постојат сигнификантни врски помеѓу повеќекратното членство во органите на управување со друштвата и изборот на ревизорот на примерот на македонските компании.

Посебен осврт ќе дадеме на докторскиот труд на кандидатот кој е насловен **„Релевантност на објективната вредност за финансиското известување во Република Македонија“.** Кандидатот најпрво спровел квалитативната анализа на ревидираните финансиски извештаи на македонските котирани компании и заклучил дека релевантни се барањата само на неколку МСФИ во врска со обелоденувањето на информации за објективните вредности. За најголем број на компании применливи се барањата на МСФИ 7 *Финансиски инструменти: обелоденувања* и МСС 1 *Презентирање на финансиски извештаи.* За помал број на компании применливи се барањата на МСС 40 *Вложувања во недвижности,* МСС 41 *Земјоделство,* МСС 28 *Вложувања во придружени ентитети* и МСС 16 *Недвижности, постројки и опрема.* Исто така, кандидатот ги навел најчестите пропусти кои компаниите ги прават во обелоденувањето на информации за објективната вредност, како:

- недостиг од соодветни информации за користените методи и применетите претпоставки во утврдувањето на објективната вредност;
- необјавени информации кои ќе им овозможат на корисниците на финансиските извештаи самостојно да расудуваат и да проценуваат за објективната вредност на средствата и обврските кога таа не може веродостојно да се измери;
- необезбедени информации за пазарните цени кои можат да се проверат и информации за степенот на користење на овие цени наспроти другите методи при утврдување на објективната вредност.

Понатаму, со цел да го истражи квалитетот на обелоденувања на информации за објективната вредност, кандидатот конструирал индекс на обелоденување кој содржи 51 информација во белешките од ревидираните финансиски извештаи на котираните компании. Сумираните резултати за индексот на обелоденувања според неговите анализи покажуваат дека македонските котирани компании во просек обелоделиле 60% од бараните информации за објективната вредност. Кандидатот одлучил да ги истражи факторите кои влијаат на квалитетот на обелоденувања на информации за објективната вредност. Како зависна варијабла го зема индексот на обелоденување, а како независни варијабли или можни детерминанти: големината на компанијата, индустријата на која ѝ припаѓа, видот на ревизорската фирма, интернационализацијата во дејствувањето, задолженоста и концентрацијата во сопственоста.

Резултатите од регресионата анализа на индексот на обелоденување покажуваат дека само три од поставените седум хипотези за факторите може да се потврдат. Имено, кандидатот заклучил дека постои позитивна поврзаност помеѓу големината на компанијата и нивото на обелоденувања на објективната вредност во финансиските извештаи. Позитивна врска, според резултатите наведени во трудот, постои и помеѓу видот на ангажиран ревизори и квалитетот на обелоденувања на информации за објективната вредност, каде што припадноста на ревизорска фирма на некоја меѓународна мрежа на фирми е значаен фактор кој го објаснува индексот на обелоденувања на информации.

На пониско ниво на статистичка значајност од 10%, кандидатот ја покажал и позитивната поврзаност на нивото на задолжување и квалитетот на обелоденети информации. Регресионата анализа покажува дека останатите претпоставени фактори на влијание на квалитетот како што се концентрацијата на сопственоста, интернационализацијата во дејствувањето и индустријата не се релевантни за квалитетот на обелоденување на информации за објективната вредност. Сметаме дека на тој начин кандидатот обезбедил првични емпириски докази за можните фактори на влијание на квалитетот на финансиско известување во Република Македонија кои би требало да бидат земени предвид од страна на секое планирано истражување на оваа проблематика во иднина.

Во своето истражување на релевантноста на обелоденетите информации за објективната вредност, кандидатот се обидува да го поврзе индексот на обелоденување на секоја котирана компанија и пазарниот принос на акцијата со помош на моделот на пазарни приноси. Овој модел се заснова на претпоставката дека пазарните приноси можат да се објаснат во целост со сметководствените добивки и промените во нив. Кандидатот дополнително го проширува моделот со уште една независна варијабла која го претставува индексот на обелоденувања на информации за објективната вредност, со цел да направи испитување дали нивото на обелоденување на информации за објективната вредност може дополнително да ги објасни пазарните приноси на македонските котирани компании. Резултатите до кои дошол со помош на вториот регресионен модел покажуваат дека обелоденетите објективни вредности немаат дополнителна објаснувачка моќ за пазарните приноси на акциите во однос на објаснувачката моќ на сметководствените добивки. Тоа значи дека основата на објективната вредност нема инкрементално значење над набавната вредност за инвеститорите на македонскиот пазар на капитал.

## 3. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Покрај наставно-образовната и научноистражувачката дејност, кандидатот д-р Атанаско Атанасовски бил многу активен и во стручно-апликативната дејност, односно бил особено активен на повеќе полиња од поширок академски и општествен интерес.

Како дел од стручно-апликативната дејност има учествувано во реализација на следните обуки и работилници:

- WB Center for Financial Reporting Reform, Audit training of trainers workshop, Vienna, 6-8 February 2013;
- "Упатство на МФС за примена на Меѓународни стандарди за ревизија во ревизија на мали и средни ентитети", предавање за континуирано професионално усовршување на овластените ревизори во организација на ИОРРМ, Стопанска комора на РМ, Скопје, 5 декември 2012 година;
- Обука на интерни ревизори и сметководители во јавен сектор за полагање на испитите управување со трошоци и финансиско сметководство, CBIPA "Capacity building in public accounting" и PACT "Public accounting certificate training" програми на Министерството за финансии и Center for Excellence in Finance, Ljubljana, Скопје, декември 2009 – декември 2012 година;
- Обука за полагање на испитот финансиско сметководство во рамките на програмата за полагање на испитот за овластен ревизор на Република Македонија, организирана од страна на Институтот на овластени ревизори на РМ и TribalHelm Corporation Ireland реализирана преку REPARIS програмата на Светска банка, Скопје, април 2009 година;
- серија работилници на тема "Активно учење во големи групи: невозможност или предизвик?" одржани во Скопје, Штип и Охрид во периодот септември-ноември 2010 година.

Како консултант, кандидатот има работено на реализација на следниве проектни активности на домашни и меѓународни проекти:

- координатор за преведување на Меѓународните стандарди за финансиско известување и Меѓународните стандарди за ревизија како дел од РЕПАРИС-програмата на Светска банка;
- локален консултант на TribalHelm Corp. и ACCA за спроведување на проектите од РЕПАРИС-програмата за воспоставување на испит за овластени ревизори и програма за континуирано професионално усовршување на овластени ревизори;
- краткорочен консултант на Светска банка за изготвување на ROSC-извештајот за сметководството и ревизијата во Република Македонија,
- извршена проценка на вредноста на АД Тутунски комбинат, Прилеп;
- извршена проценка на вредноста на АД ОХИС, Скопје;
- член на тимот за вештачење во судски спор помеѓу АД Кјуби, Скопје и АД ЕМО од Охрид;
- член на Технички комитет при Секторот за европски интеграции, одговорен за стручно читање на превод на директиви на ЕУ на македонски јазик.

Покрај погоренаведените активности, кандидатот д-р Атанаско Атанасовски има учествувано во бројни комисии и тела во рамките на Економскиот факултет во Скопје.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на конкурсните материјали, Рецензентската комисија констатира дека единствен пријавен кандидат на конкурсот за избор на наставник по предметот корпоративно финансиско известување објавен во весникот „Вечер" од 7.10.2013 година е д-р Атанаско Атанасовски. Кандидатот ги исполнува сите законски и нормативни критериуми за избор во звањето доцент од областа на економските науки по предметот корпоративно финансиско известување. По проучувањето на приложената документација од кандидатот и увидот во објавените трудови, Комисијата е едногласна во мислењето дека:

- Кандидатот д-р Атанаско Атанасовски поседува речиси седумгодишно работно искуство како асистент по група предмети од областа на сметководството на Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј".
- За време на својот ангажман, кандидатот д-р Атанаско Атанасовски со успех, професионално и одговорно, исполнително и со максимална ангажираност и совесност ги извршувал сите активности во рамките на високообразовната дејност на Факултетот. Во едукативниот процес има користено современи методи на предавање, остварувајќи интерактивна комуникација со студентите. Во овој контекст, треба да се истакне дека станува збор за млад, квалитетен и одговорен наставно-научен кадар пред кого стои можност за уште поголемо напредување во кариерата и унапредување на наставните предмети и матичниот факултет во целина како врвна високообразовна институција во земјата.
- Во контекст на својот развој и профилирање во научната и образовна дејност е и докторската дисертација на кандидатот д-р Атанаско Атанасовски, на тема: „Релевантност на објективната вредност за финансиското известување во Република Македонија", во која се фокусира на исклучително релевантна и фундаментална проблематика од доменот на корпоративното финансиско известување.
- Забележителна е научноистражувачката активност на кандидатот д-р Атанаско Атанасовски која се гледа од бројните трудови објавени, пред сé, на меѓународни конференции и списанија. Ова го претставува кандидатот како солиден и афирмиран научен работник и како самостоен истражувач од областа на сметководството.
- Кандидатот континуирано од својот избор во звањето помлад асистент до денес се ангажирал во релевантни меѓународни проекти за афирмирање и унапредување на сметководствената и ревизорска професија во Република Македонија
- Во поткрепа на горенаведеното одат и податоците за остварените вкупни 181,34 бода на кандидатот за неговиот досегашен ангажман во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност (прилог: табела Анекс 2 на рецензентскиот извештај).

Врз основа на понапред искажаните стојалишта, Рецензентската комисија е наполно уверена дека кандидатот д-р Атанаско Атанасовски, со својата досегашна работа во

наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната активност, стручните и научните квалитети и изразените морални квалитети се претставува како сериозен, солиден и високопрофесионален наставно-научен работник и истражувач на полето на сметководството. Поради тоа, во согласност со Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Рецензентската комисија има задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје да го избере д-р Атанаско Атанасовски во звањето **доцент од областа на економските науки по предметот корпоративно финансиско известување**.

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Блажо Недев с.р.
2. Проф. д-р Зорица Божиновска Лазаревска с.р.
3. Проф. д-р Зоран Миновски с.р.

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: Атанаско Љупчо Атанасовски**
**Институција: Економски факултет - Скопје**
**Научна област: сметководство и ревизија**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одржување на вежби<br>• Основи на сметководство – 7*15*0,03*2+4*15*0,03*2<br>• Меѓународни сметководствени системи/ Меѓународно финансиско известување - 4*15*0,03*2<br>• Ревизија – 7*15*0,03*2<br>• Интерна ревизија – 7*15*0,03*2<br>• Сметководствени контролни системи- 3*15*0,03*2<br>• Корпоративно финансиско известување- 3*15*0,03*2 | 31,5 |
| 2. | Консултации со студенти<br>• Основи на сметководство – 1.000*0,002*7<br>• Сметководство на трошоци/Управувачко сметководство 1 – 130*0,002*7<br>• Управувачко сметководство – 280*0,002*7<br>• Управувачко сметководство/ Управувачко сметководство 2 – 130*0,002*7<br>• Финансиско сметководство/ Финансиско сметководство 1 – 400*0,002*7<br>• Корпоративно финансиско известување/ Финансиско сметководство 2 – 130*0,002*7<br>• Ревизија – 130*0,002*7<br>• Интерна ревизија – 130*0,002*7<br>• Анализа на финансиски извештаи – 400*0,002*7<br>• Сметководствени информациони системи – 130*0,002*7<br>• Државно сметководство и сметководство на непрофитни организации – 130*0,002*7<br>• Меѓународни сметководствени системи/ | 40,54 |

| | | |
|---|---|---|
| | Меѓународно финансиско известување – 130*0,002*7<br>• Сметководствени контролни системи – 130*0,002*3 | |
| 3. | Интерна скрипта<br>• Сметководствени контролни системи-авторизирани предавања, Скопје, 2009 год. | 4 |
| 4. | Подготовка на нов предмет (вежби)<br>• Сметководствени контролни системи (програма на додипломски студии по сметководство и ревизија од 2008 година) | 0,5 |
| | **Вкупно** | **76,54** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Монографија<br>• „Сметководствен аспект на современите системи за мерење на резултатите: концепти, проблеми и предизвици“ – докторски труд – 8 поени<br>• | 8 |
| 2. | Монографија објавена во странство<br>• „Трансформација на екстерната ревизорска функција: студија на идните модификации на предметот на ревизија“ – магистерски труд – 12 поени | 12 |
| 3. | Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно стручно списание со меѓународен уредувачки одбор<br>• **„Ефекти на повеќекратно членство во органите на управување врз назначувањето и независноста на ревизорите: емпириски докази од Република Македонија”** (на англиски), Acta Universitatis Danubius Economica, vol8. (4), 2012.<br>• **“Ревизија на економската суштина на трансакциите со поврзаните страни: Позицијата на ревизорот да влијае врз** | 11,4 |

| | | |
|---|---|---|
| | **насоката на странските инвестиции“** (на романски), коавторство со Марина Серафимоска, Audit Financiar, Вол. 4, Бр. 9/2007, Букурешт, Романија, септември 2007, стр. 25 – 30. | |
| 5. | Труд со оригинални научни/стручни резултати објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир<br>• **„Импликации на светската финансиска криза за квалитетот на финансиското известување или обратно”** ( на англиски), коавторство со Зоран Миновски, Зборник од Меѓународна конференција на Економскиот факултет во Скопје, Скопје 12-13 ноември. | 1,8 |
| 6. | Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор<br>• **„Ревизорската култура во Република Македонија набљудувана низ призма на шестдецениският историски развој”** (на англиски), коавторство со Зорица Б. Лазаревска и Александар Коцевски, Зборник од 12. Светски конгрес на сметководители историчари, Истанбул, јули 2008.<br>• **„Развојот на сметководствената теорија и практика во Република Македонија – историја и перспективи”** (на англиски), коавторство Зорица Б. Лазаревска и Блажо Недев, Зборник од 12. Светски конгрес на сметководители историчари, Истанбул, јули 2008. | 4,8 |
| 7. | Трудови објавени во зборник на трудови во в.о. институција<br>• **“Корисноста на ревизорски извештаи за инвеститорите на Македонската берза за хартии од вредност: ефектот на квалификуваните ревизорски мислења на пазарната цена на акциите”**, Годишник на Економскиот факултет во Скопје, изд.45, 2010.<br>• **„Влијанието на светската финансиска криза врз квалитетот на финансиското известување во Република Македонија”**, Годишник на Економскиот факултет во Скопје, том. 45,2011.<br>• **„Известување според објективна вредност и** | 6 |

| | | |
|---|---|---|
| | **управување со добивките во банкарскиот сектор во РМ”**, Годишник на Економскиот Факултет во Скопје том. 47, 2012. | |
| 8. | Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество<br>• **„Идентификување и оценка на ризици во ревизија”,** Светска банка, Обука на обучувачи за ревизија, Виена 6-8 февруари 2013 година.<br>• **„Импликации на светската финансиска криза за квалитетот на финансиското известување или обратно”** ( на англиски), коавторство со Зоран Миновски, Зборник од Меѓународна конференција на Економскиот факултет во Скопје, Скопје, 12-13 ноември | 6 |
| 9. | Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество<br>• **„Развојот на сметководствената теорија и практика во Република Македонија – историја и перспективи” (на англиски),** коавторство Зорица Б. Лазаревска и Блажо Недев, Зборник од 12. Светски конгрес на сметководители историчари, Истанбул, јули 2008. | 2 |
| 10. | Пленарно предавање на научен/стручен собир<br>• **“Упатство на МФС за примена на Меѓународни стандарди за ревизија во ревизија на мали и средни ентитети”**, предавање за континуирано професионално усовршување на овластените ревизори во организација на ИОРРМ, Стопанска комора на РМ, Скопје, 5 декември 2012 година. | 2 |
| 11. | Одржано предавање на покана на универзитет<br>• Серија три работилници на тема **“Активно учење во големи групи: невозможност или предизвик?”** одржани во Скопје, Штип и Охрид во периодот септември-ноември 2010 година | 3 |
| | **Вкупно** | **57** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

Поени

| Ред. | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|

| број | | |
|---|---|---|
| 1. | Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, проценка на капитал, систематизација, методологија<br>• Спроведување на проценка на вредноста на капиталот на АД „Тутунски комбинат“-Прилеп, февруари – јуни 2012.<br>• Ревизија на извршена проценка на вредноста на капиталот на АД Охис, Скопје, декември 2011 – февруари 2012.<br>• Член на тим за вршење супервештачење во спор помеѓу АД Кјуби од Скопје и АД Емо од Охрид, октомври 2011 – ноември 2011.<br>• Локален консултант за РЕПАРИС проект на Светска банка за обука и испити за овластени ревизори, декември 2008- ноември 2009 година.<br>• Локален консултант во РЕПАРИС проект на Светска банка за континуирано професионално усовршување на овластени ревизори, јануари-декември 2009 година. | 5 |
| 2. | Учество на промотивни активности на Факултетот – 7 години | 3,5 |
| 3. | Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир<br>• „Подобрување на пристапноста на високото образование кон лицата со посебни потреби”, Регионална конференција на алумните од програмата за развој на млад академски кадар (JFDP), 22-24 ноември 2010 во Скопје/Охрид. | 1 |
| 4. | Превод<br>• книга/учебник<br>❖ **Финансиско сметководство,** во издание на Chartered Institute of Public Finance and Accountancy, јануари 2012 – 3 поени<br>• дел од книга<br>❖ **Управувачко сметководство**, превод од англиски за потребите за стекнување звање-овластен ревизор во РМ – 1 поен<br>❖ **Финансиско сметководство**, превод од англиски за потребите за стекнување звање-овластен ревизор во РМ – 1 поен | 5 |

| | | |
|---|---|---|
| 5. | Предавање на институции од јавен интерес<br>• Предавање по предметот финансиско сметководство на Институтот за овластени ревизори на РМ за стекнување звање - овластен ревизор, мај-јуни 2009 – 0,5 поени.<br>• Предавање по предметот управување со трошоци на јавни службеници во рамки на CBIPA-проект на Министерството за финансии на РМ и Center for Excellence in Finance од Љубљана, Словенија, за стекнување на меѓународен сертификат и диплома за сметководител во јавен сектор, април 2009-јуни 2011 – 0,5 поени.<br>• Предавање по предметот финансиско известување на јавни службеници во рамки на CBIPA-проект на Министерството за финансии на РМ и Center for Excellence in Finance од Љубљана, Словенија, за стекнување на меѓународен сертификат и диплома за сметководител во јавен сектор, април 2009-јуни 2011 – 0,5 поени.<br>• Предавање по предметот финансиско сметководство на јавни службеници во рамки на проект на Министерството за финансии на РМ и Center for Excellence in Finance од Љубљана, Словенија, за стекнување на сертификат за сметководител во јавен сектор, февруари- декември 2012 – 0,5 поени. | 2 |
| 6. | Подготовка на национални документи (стратегии, закони и сл.)<br>• Краткорочен консултант на Светска банка за подготовка на Извештајот за набљудување на стандардите и законите за сметководството и ревизијата во Република Македонија, јануари 2012-јуни 2013 година.<br>• Главен преведувач и координатор на проектот од РЕПАРИС-програмата на Светска банка за преведување и стручно читање на Меѓународните стандарди за финансиско известување (објавени во Правилник за водење на сметководството, декември 2009 година).<br>• Главен преведувач и координатор на проектот од РЕПАРИС-програмата на Светска банка за преведување и стручно читање на Кодексот на етика на професионални сметководители, Институт на овластени ревизори на Република Македонија, Скопје, (објавен во Службен весник 79/2010, јуни | 10 |

| | | |
|---|---|---|
| | 2010 година).<br>• Главен преведувач и координатор на проектот од РЕПАРИС-програмата на Светска банка за преведување и стручно читање на Меѓународните стандарди за ревизија (објавени во Службен весник 79/2010, јуни 2010 година).<br>• Нацрт акционен план за „Подобрување на пристапноста на високото образование кон лицата со посебни потреби”, производ на Регионалната конференција на алумните од програмата за развој на млад академски кадар (JFDP), 22-24 ноември 2010 во Скопје/Охрид | |
| 7. | Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание<br>• Годишник на Економскиот факултет во Скопје, 2011 година. | 0,5 |
| 8. | Студиски престој во странство<br>• До 6 месеци<br>• **Јануари 2010 – мај 2010,** студиски престој во рамките на програмата JFDP (Junior Faculty Development Programme) на Fairfield University, Fairfield, CT, USA – 2 поена | 1 |
| 9. | Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект (соработник)<br>• **Corporate social and environmental reporting: study of drivers for enhanced disclosures in developing countries**, CERGE-EI Regional Research Competition 2008 - 0,5 поени<br>• **Adoption of Active Learning and Student Engagement Strategies,** JFDP Alumni Initiative Grant Program 2010 – 0,5 поени | 1 |
| 10. | Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект (носител)<br>• **Enhancing Accessibility of the Highered Education to the Disabled**, JFDP Alumni Initiative Grant Program 2010 | 2 |
| 11. | Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект (соработник)<br>• **Center for Accounting Education, Research and Training,** TEMPUS IV, Joint European Project, 2009 | 1 |
| 12. | Член на факултетска комисија<br>• Член на Комисија за шифрирање на поднесените | 6 |

| | | |
|---|---|---|
| | пријави за упис на нови студенти во I година во учебните 2007/2008, 2009/2010, 2010/2011, 2011/2012, 2012/2013, 2013/2014 година– 3 поени<br>• Член на Комисија за самоевалуација на студиски групи, насоки-департмани и години на Економскиот факултет во Скопје – 0,5 поени<br>• Член на Комисија за годишен попис на основните средства и друг имот 2007 год. – 0,5 поени<br>• Секретар на Катедрата за сметководство и ревизија (два мандата) – 1 поен<br>• Член на Комисијата за јавни набавки, септемвриноември 2007 година - 0,5 поени<br>• Член на Комисијата за оцена на остварувањето на целите на наставата по предмети, департмани и студиски програми на додипломските студии на Факултетот, од 9.10.2008 – 0,5 поени | |
| 13. | Стручна монографија<br>• Прирачник за активно учење во големи студентски групи, група автори, Магнаскен, декември 2010 година | 4,8 |
| 14. | Учество во комисии и тела на државни и други органи<br>• Член на Технички комитет за стручно читање на превод на европски директиви при Секретаријатот за европски прашања, март 2008 година ;<br>• Член на Одбор за ревизија при Охридска банка, АД-Охрид, од април 2013 година. | 2 |
| 15. | Национален координатор за одредена стручна област<br>• Координатор за спроведување на испитот за стекнување звање-овластен ревизор при Институтот за овластени ревизори на Република Македонија, декември 2009-јуни 2013 година | 3 |
| | **Вкупно** | 47,8 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 76,54 |

| | |
|---|---|
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 57,00 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | / |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 47,80 |
| **Вкупно** | **181,34** |

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Блажо Недев, претседател с.р.
2. Проф. д-р Зорица Б. Лазаревска, член с.р.
3. Проф. д-р Зоран Миновски, член с.р.

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ОД ОБЛАСТА НА ЕКОНОМСКИТЕ НАУКИ ПО ПРЕДМЕТОТ РАЗВОЈ НА ЕКОНОМСКАТА МИСЛА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно - научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј”, на седницата одржана на 25.10.2013 година, донесе Одлука со број 0202-3156/3 од 28.10.2013 година со која определи Рецензентска комисија за избор на наставник од областа на економските науки по предметот **развој на економската мисла.**

Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Методија Стојков, акад. проф. д-р Таки Фити и проф. д-р Трајко Славески, по опстојното проучување на приложената документација од доставените пријави по објавениот конкурс, го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс во дневниот весник *Вечер* од **7.10.2012** година за избор на **наставник, во сите наставно-научни звања по економски науки по предметот развој на економската мисла** се пријави кандидатот **д-р Борче Треновски,** досегашен асистент на Економскиот факултет во Скопје на предметите развој на економската мисла и општествено богатство и национални сметки.

Во продолжение ќе бидат изнесени податоците за кандидатот, со образложение, мислење и предлог на Комисијата до Наставно - научниот совет на Факултетот.

### БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И НАСТАВНО - НАУЧНИ КВАЛИФИКАЦИИ И АКТИВНОСТИ

Кандидатот Борче Треновски е роден на 23 јули 1981 година, во Берово. Основното и средното образование го завршил со одличен успех во Берово. Во текот на средното образование е активен член на младинската организација, средношколската заедница и учесник на републички натпревари на кои е добитник на повеќе награди и признанија.

Во учебната 2000/2001 година се запишал на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј”, Економски факултет во Скопје, департман за финансиски менаџмент. Дипломирал во октомври 2004 година, со просечен успех 9,39 и со одлична одбрана на дипломскиот труд на тема „Пензиските фондови, реформиран пензиски систем на Р. Македонија”. По дипломирањето, како еден од најдобрите студенти во неговата генерација е вработен во Народна банка на Република Македонија како аналитичар во Дирекцијата за платни системи, во новоформираниот отсек за чувар на имот на приватните пензиски фондови (2004-2006). Во текот на неговото работно искуство во НБРМ учествувал во изработка на студии, законска и подзаконска регулатива, организирање на функцијата на НБРМ како чувар на имот, како и во симулациите и воспоставувањето на пазарот преку шалтер (ОТС) и репо - трансакциите во Р. Македонија.

Во учебната 2004 / 2005 година се запишал на постдипломските студии на Економскиот факултет во Скопје, на студиите по монетарна економија. Успешно ги положил предвидените испити од втор циклус студии и на 26.6.2009 година го одбрани магистерскиот труд под наслов: „Теоретската фундираност на клучните макроекономски политики", со што се стекна со академски степен - магистер на економски науки од областа на монетарната економија.

Од декември 2006 година, кандидатот Треновски е вработен на Економскиот факултет во Скопје, како помлад асистент по предметот развој на економската мисла. Од моментот на неговиот избор во звањето помлад асистент на Економскиот факултет во Скопје, па се до денес, кандидатот активно партиципира во организирањето на нормалните наставни активности по предметите: **развој на економската мисла и општествено богатство и национални сметки,** а покрај тоа веќе шест години одржува секојдневни консултации со студентите и активно ги насочува при изработката на семинарските и стручните трудови.

Во периодот по изборот за асистент, кандидатот д-р Борче Треновски најголем дел од времето, покрај редовното и професионалното извршување на задачите и обврските кои се однесуваат на наставата, испитите и другите факултетски задолженија, го поминал во изработката на докторскиот труд под наслов: *Клучните макроекономски политики во услови на современа економска криза со посебен осврт на Македонија*, кој успешно го одбранил на 20 септември 2013 год. Покрај тоа објавил и неколку стручни и научни трудови, учествувал на семинари, конференции и работилници, работел на истражувачки проекти, кои ќе бидат наведени во продолжение.

**Кандидатот д-р Борче Треновски, од изборот во звањето помлад асистент до денес, ги има изработено и објавено следниве трудови:**

- **"**Теоретската фундираност на клучните макроекономски политики" – магистерски труд, Економски факултет – Скопје, јуни 2009 год.
- "Пазарните економии во криза – замена на доминантните макроекономски парадигми", Политичка мисла, бр. 28, Фондација "Конрад Аденауер" и Институт за демократија "Societas Civilis", декември 2009, достапно на: http://www.idscs.org.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=82&Itemid=82&lang=mk
- "Неолиберализам – од каде дојде и каде не води?, *списание за економија и практика - Економија и бизнис, бр. 137, септември 2009 год.;*
- "Односот меѓу економската теорија, економската политика и економската практика во Р. Македонија", Годишник 2009, Економски факултет - Скопје;
- "Примењивост доминантних макроекономских теорија у земљама транзиције", Ekonomski pogledi **(**časopis za pitanja ekonomske teorije i prakse), Broj 2/2009, Ekonomski fakultet – Priština, 2009 год., достапно на: http://www.efpr.edu.rs/pogledi.html
- „Analysis of the status and structure of the consumption of students and pensioners in Macedonia" – CEA Journal of Economics, Volume 4 Issue 2, December, 2009, *достапно на:* http://www.cea.org.mk/Documents/CEA_Journal_VIII_WEB.pdf

- “Personal Inflation Calculator” (guidebook), CEA Journal of Economics, Volume 4, June, 2009 *год., достапно на:* *www.cea.org.mk/Documents/CEA_Journal_IV_1.pdf*
- “Примена на ситуациониот пристап во синтезата на алтернативните макроекономски концепции за утврдување на оптимална макроекономска политика на Република Македонија”, Годишник 2010, Економски факултет - Скопје;
- “Analysis of the effects of the economic crisis in Greece on the Macedonian economy”, CEA Journal of Economics, Volume 5, Issue 1, papers 5, June 2010. Коавтор: Христијан Ристески (Економист во ЦЕА); достапно на: www.cea.org.mk/Documents/CEA_Journal_5_I.pdf
- "Доминантните макроекономски концепции и политики како фундаменти на процесот на транзиција", Економски развој, Списание на Економски институт - Скопје, год. 11 бр. 3/2009, стр. 157, Скопје 2010. Достапно на Central and Eastern European Online Library: http://www.ceeol.com/aspx/publicationdetails.aspx?publicationid=190a49d5-70ec-4232-a1b6-1f2746706cfb
- The Role, Significance and Trend of Construction Sector in Macedonia, CEA JOURNAL OF ECONOMICS, Center for Economic Analyses – CEA, Volume 7, Issue 1, Skopje, June 2012 – Коавтор, достапно на: http://cea.org.mk/Documents/CEA_Journal_XIII%20Issue.pdf
- Граѓански буџет на Република Македонија за 2013, Центар за економски анализи, Скопје, брошура стр.29. Коавтор: Марјан Николов, Христијан Ристески. Достапно на: http://www.cea.org.mk/documents/GraganskiBudgetFinalS.pdf
- “Клучните макроекономски политики во услови на современата економска криза со посебен осврт на Македонија” – докторска дисертација, Економски факултет – Скопје, УКИМ, септември, 2013 год.

**Своето стручно усовршување кандидатот го гради и со присуство на семинари, конференции и работилници, од кои се издвојуваат**:

- учество на семинарот ,,Monetary and Exchange Rate Policy” во организација на International Monetary Fund (IMF) при Joint Vienna Institute во Виена, Австрија;
- "MACEDONIAN/GREEK ECONOMIC RELATIONS AS A MAIN PILLAR FOR PROSPEROUS NEIGHBOUR COOPERATION IN THE FUTURE" (меѓународна конференција организирана од Центарот за економски анализи -ЦЕА, финансирана од ОСИ Будимпешта), на која е презентиран трудот "ANALYSIS OF THE EFFECTS OF THE ECONOMIC CRISIS IN GREECE ON THE MACEDONIAN ECONOMY" , 9 март 2011 – Скопје;
- “Challenges for improving the competitiveness of the private sector in Macedonia” (работилница организирана од USAID, 4 јуни 2009, Скопје);
- “THESES and ANTITHESES for Macedonia and the Global Crisis: Weighing the Option” (работилница организирана од Стопанска комора на Македонија, 28 мај 2009, Скопје );
- ,,Конкурентноста на земјите на Југоисточна Европа и предизвиците на патот кон ЕУ” (меѓународна конференција организирана од Народна банка на Република Македонија, 30 мај 2008, Скопје);

- „Цените на храната и инфлацијата” (работилница организирана од Народна банка на Република Македонија, 24 април 2008, Скопје );
- “Хармонизација на македонското даночно право со правото на ЕУ” (работилница организирана од Deutsche Gesellschaft für Technische Zusammenarbeit (GTZ), декември 2007, Скопје);
- „Vienna and Chicago: Two Schools of Free-Market Economics” (летна школа организирана од Институт за економски и социјални истражувања -ESPI Institut, 9 – 20 јули 2007, Белград);
- „Проблеми во мерењето на инфлацијата” (организиран од Народна банка на Република Македонија, мај 2007, Скопје);
- „International Money Markets” (организиран од ATTF Luxembourg, април 2005, Skopje);
- „Pension Administration” (организиран од World Bank Institute, 23 мај – 5 јули 2005, Скопје).

Кандидатот ја надополнува својата научна, стручна и апликативна дејност и преку членување во истражувачки центри, учество на проекти, гостување во научни емисии и програми итн. Од нив ќе ги издвоиме следниве активности:

**Членување/учество во професионални тела и институции:**

- аналитичар (Senior Economist) во Центарот за економски анализи (ЦЕА) - Скопје (2007 - )
- член на издавачкиот одбор и рецензент на списанието “CEA Journal of Economics” (од мај 2010), кое обработува економски теми и дилеми, се издава семестрално, на англиски јазик, од страна на Центарот за економски анализи (ЦЕА) – Скопје. - www.cea.org.mk/Jurnal.htm;
- претседател на државната Рецензентска комисија за оцена на ракописите и избор на учебници за средно образование во економско- правна и трговска струка. Имплементирано и спроведено од Министерството за образование и наука, мај – јуни 2010 год. во Скопје;
- член на Извршниот одбор во Центарот за економски анализи (ЦЕА) – Скопје (од 2010 год.). www.cea.org.mk;
- член на Издавачкиот одбор (секретар) за Јубилејниот годишник на Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје;
- член на Клубот на истражувачи на Народната банка на Република Македонија (од 2011 год.);
- член на Дисциплинската комисија при Економски факултет voСкопје, УКИМ (од септември 2011 год.);
- член на Управниот одбор на Академското културно и уметничко друштво “Мирче Ацев” во Скопје.

**Учество во истражувачки проекти и други научноистражувачки активности**

- учество во проектот “Consensus in Macedonian economic policy making” поддржан од Open Society Institute Think Tank Fund Budapest (од март 2012 год. до );
- “Migration and remittance profiles for countries in the EU-10 and Western Balkan countries”, проектот е финансиран од Светска банка. јуни 2012 год.;

- студија “Значаењето на приватните трансфери од лицата што работат во Авганистан и Ирак - Куманово и Тетово”, поддржана од Open Society Institute Think Tank Fund Budapest, мај 2012 год.;
- учество во изработка на Monthly and Quarterly economic reports за македонската економија, поддржано од Open Society Institute Think Tank Fund и Центарот за економски анализи –ЦЕА, Скопје (од мај 2012).;
- тим лидер во организирање и спроведување на проектот -*Enhancing Institutional Capacity and Research Agenda as a key support for sound influence on Policy Making Process* поддржан од Open Society Institute Think Tank Fund Budapest во период 2011- 2012 година, Скопје;
- член на тимот за организирање и спроведување на проектот: Претприемништво – алатка за зголемување на вработеноста на ромската популација во РМ;
- главен истражувач во пополнување на прашалникот за Р. Македонија - 2011 за глобалниот проектот спроведуван од Open Budget Initiative, International Budget Partnership и Center on Budget and Policy Priorities, Washington, D.C., за утврдување на транспарентноста на буџетскиот процес и податоците за донесување и спроведување на буџетот. август 2011 – април 2012.Достапно: www.openbudgetindex.org;
- Sustainable development in Macedonia; Организирање на студентски натпревар за најдобар труд од областа на одржливиот развој во Р. Македонија, како и конференција и презентација на заклучоците од истражувањата. Финансирано од Светска банка, мај – декември 2011, Тим лидер;

  Податоци за проектото може да се најдат на: http://www.worldbank.org.mk/WBSITE/EXTERNAL/COUNTRIES/ECAEXT/MACEDONIAEXTN/0,,contentMDK:23077677~pagePK:141137~piPK:141127~theSitePK:304473,00.html
- Business Incubator-Economic Development and Visibility of the Border Region; Истражување за потенцијалните можности за почнување нови бизниси во општина Берово и регионот и спроведување обуки и обука за персоналот од општина Берово – финансирано од European Union, Reference: 2007CB16IPO007-2009-1-84/01, септември 2011 – мај 2013, тим лидер;
- **www.budget.mk;** Развој на веб-портал за Буџетото на Република Македонија која детално да ги претставува движењата на Буџетот –буџетските ставки во последните 15 год. на начин кој ќе биде достапен до обичните граѓани. Финансирано од Foundation Open Society Institute (OSI), ноември 2011 – септември 2012 год.;
- Развој на стратегија за локален економски развој на Општина Берово – според методологијата на Светска банка. Финансирано од општина Берово, ноември 2011 год. - ;
- тим лидер во истражувањето - АНАЛИЗА НА ПЕРСОНАЛНАТА ИНФЛАЦИЈА ВО Р. МАКЕДОНИЈА – (базирано на ЦЕА калкулаторот за персонална инфлација), Центарот за економски анализи - ЦЕА (поддржан од Институт ,,Отворено општество” - ОСИ - Будимпешта, OSI Think Tank Fund Budapest). Декември 2010, Достапно на: http://www.cea.org.mk/Documents/Izvestaj%20od%20kalkulator%20za%20personalna%20inflacija-FINAL.pdf ;

- консултант (експерт) во проектот за техничка помош на Заводот за статистика на Р. Македонија "Technical Assistance to the State Statistical Office"; финансиран од Европската унија, имплементиран од: ASA Institut Germany, Federal Statistics Office of Germany (DESTATIS) и Czech Statistical Office; во периодот - јуни 2010 - февруари 2011 год, во Скопје;
- тим лидер во истражувањето "Ефектите од Грчката економска криза врз македонската економија" – спроведено од ЦЕА (поддржано од Open Society Institute Think Tank Fund Budapest - OSI) во периодот мај -јуни 2010 год. во Скопје и Битола. Достапно на: http://www.cea.org.mk/Documents/EFEKTI%20OD%20GRCKATA%20EKONOMSKA%20KRIZA.pdf;
- аналитичар во Центарот за економски анализи (ЦЕА) во Скопје во рамките на проектот "*Straightening of the influence of macroeconomic analyses and researches on the choices of Policy Makers*"Core and Institutional Support of the Think Tank Fund, поддржан од Open Society Institute Think Tank Fund Budapest во период од 2009 - 2011 година, Скопје. Види: www.cea.org.mk/Documents/Track record of CEA_1.pdf;
- член во тимот за организирање и спроведување на "Натпревар за избор на најдобар труд од областа на економијата за студенти", подржан и спроведено од Центарот за економски анализи (CEA), декември, 2009 – февруари, 2010;
- Peer reviewer на прашалникот за Р. Македонија - 2010 за глобалниот проектот спроведуван од Open Budget Initiative, International Budget Partnership и Center on Budget and Policy Priorities, Washington, D.C., за утврдување на транспарентноста на буџетскиот процес и податоците за донесување и спроведување на буџетот. Достапно: www.openbudgetindex.org;
- тим лидер во истражувањето за состојбата и структурата на потрошувачката на пензионерите и студентите во Р. Македонија – спроведено од ЦЕА (поддржано од Open Society Institute Think Tank Fund Budapest - OSI). Достапна на: www.cea.org.mk/Documents/STUDENTI I PENZIONERI FINAL FINAL.pdf;
- тим лидер во проектот за изработка на калкулатор за персонална/лична инфлација, изработен од Центарот за економски анализи- ЦЕА (поддржан од Институт „Отворено општество" - ОСИ - Будимпешта, OSI Think Tank Fund Budapest). Достапно на: www.cea.org.mk/Calculator/Default.aspx.

Кандидатот д-р Борче Треновски одлично го владее англискиот јазик, а се служи и со српскиот, хрватскиот и бугарскиот јазик. Покрај тоа има активно познавање од Windows оперативниот систем, MS Office апликациите (Word, Excel, Power Point) E-Views 7 и интернет.

**ОСВРТ ВРЗ ПОЗНАЧАЈНИТЕ ТРУДОВИ НА КАНДИДАТОТ**

Во продолжение на рефератот ќе се осврнеме врз некои од поновите и позначајните научни и стручни трудови на кандидатот д-р Борче Треновски.

**1. „Теоретската фундираност на клучните макроекономски политики". Магистерски труд, Економски факултет при Универзитетот "Св. Кирил и**

**Методиј” во Скопје.** Елаборираната материјата во магистерскиот труд на кандидатот Треновски е презентирана на вкупно 153 страници, во кои се содржани 119 страници основен текст, а остатокот се однесува на заклучните согледувања, содржината, користената литература и прилогот. Покрај воведот, заклучокот и прилогот, магистерскиот труд тематски е структуриран во два дела и пет глави.

Магистерскиот труд на кандидатот Треновски обработува високо софистицирана тема, која е од суштинско значење во процесот на креирањето на економската политика. Елаборираната материја е мошне актуелна имајќи ги предвид тековните случувања поврзани со глобалната криза, која, покрај другото, предизвика голема дебата околу темелните концепти на економската политика. Кандидатот го обработил трудот методолошки коректно и содржински успеал да ги опфати релевантните прашања од соодветната научна област. Темата е обработена на концизен начин, при што кандидатот користел релевантна домашна и странска литература. Исто така, за одбележување е тоа што трудот содржи и обемен прилог со богат статистички материјал за земјите во транзиција. Вредноста на трудот се состои во тоа што нуди обемна и темелна анализа на теоретските основи врз кои се темелеше економската политика во земјите во транзиција и што настојува да даде одговор на две основни прашања: прво, во колкава мера економската политика во овие земји беше заснована врз економската теорија и второ, имајќи ги предвид конкретните околности во овие земји, која макроекономска теорија е во состојба да понуди оптимални решенија во дадената ситуација.

(Подетална оцена за магистерскиот труд е дадена во Билтенот бр. 974 од 16.11.2009 год., на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје,).

**2. ,,Примена на ситуационият пристап во синтезата на алтернативните макроекономски концепции за утврдување на оптимална макроекономска политика на Република Македонија”, Годишник 2010, Економски факултет Скопје.**

Овој труд имал задача да направи “мост” помеѓу фатите и случувањата во економскиот живот и макроекономските концепции кои претставуваат основа за спроведување на економската политика, со посебен осврт на Р. Македонија. Трудот е поделен во три дела: првиот дел ни укажува на можностите за синтеза на доминантните макроекономски концепции и политики и значењето кое ги имаат тие синтези во спроведувањето на економската политика; во вториот дел се настојува да се формулира еден ситуационен модел, кој преку четири варијабли: карактерот на пазарниот систем, клучниот проблем, компетентноста на владата, очекувањата на поединците и нивното вкрстување, ќе сугерира избор на одредена (оптимална) теориска концепција на економската политика; третиот дел е фокусиран на утврдување на најдобра макроекономска концепција која ќе претставува основа за спроведување на успешна економската политика во Р. Македонија, врз основа на формулираниот ситуационен модел.

**3. ,,Доминантните макроекономски концепции и политики како фундаменти на процесот на транзиција", Економски развој, Списание на Економски институт -Скопје, Год. 11, бр. 3/2009, стр. 157, Скопје 2010. Достапно на Central and Eastern European Online Library:**

http://www.ceeol.com/aspx/publicationdetails.aspx?publicationid=190a49d5-70ec-4232-a1b6-1f2746706cfb.

Транзицијата во улога на предизвик придонесе за збогатување на сознанијата на економската наука на релација транзиција – економска наука и претставува едната страна на медалот. Другата страна го претставува односот економска наука – транзиција (економска практика), односно употреба на постојните економски знаења и искуства во функција на реализација на определбата за изградба на нов општествен систем. Фокусот во трудот е насочен кон утврдувањето на макроекономските концепции (школи на економската мисла) кои претставуваат основа за транзициониот процес во најширока смисла. Кога станува збор за транзициониот процес, во овој случај станува збор за анализа спроведена на општоприфатените елементи во литературата од кои е составен транзициониот процес и различните пристапи користени во неговата реализација во скоро сите земји во транзиција. Анализата во трудот е направена врз основа на проучување на широка база од релевантна литература, која овозможува да се утврдат карактерисиките (пред се на економската политика) на елементите и пристапите во процесот на транзиција, и да се поврзат со доминатните макроекономски концепции, како нивен фундамент. Овој труд со сите негови елементи нема претензија за сеопфатност на проблематиката поврзана со процесот на транзиција, ниту навлегување во посебните искуства на одделните земји во транзиција. Трудот е составен од три дела: во првиот дел е разработен односот помеѓу транзицијата и економската наука и предизвиците за доминантните економски парадигми кои се појавуваат од тој однос. Вториот дел од трудот настојува да утврди која макроекономска концепција претставува основа за главните елементите кои го сочинуваат процесот на транзиција. Третиот дел се фокусира на теоретската фундираност на двата пристапа во спроведувањето на транзицијата - "Шок терапијата" и градуализмот.

**4. ,,Неолиберализам – од каде дојде и каде не води?",** ***списание за економија и практика - Економија и Бизнис, бр. 137, септември 2009 год.***

Во овој труд, кандидатот дава одговор на прашањата – почнувајќи од поимот и потеклото на неолиберализмот, неговите основи, Вашингтонскиот консензус како неолиберален манифест, па се до неговото место и улогата во финансиската криза која го тресе светот. Во трудот најпрвин се укажува на структурата на неолибералниот концепт, понатаму продолжува со анализа на настанувањето и ширењето на влијанието на неолиберализмот – од 70-тите години на XX век (кога бил присутен само во академските кругови), па се до неговото влегување на голема врата во времето на Роналд Реган и Маргарет Тачер. Трудот понатаму го анализира појавувањето на "Вашингтонскиот консензус", наменет пред се за ЗВР, а подоцна примент и на земјите во транзиција и неговото влијание врз улогата и значењето на неолиберализмот. На крајот трудот го вклучува во анализата и појавувањето на Светската економска криза која ја отвори "Пандорината кутија", го покажа вистинското лице на неолиберализмот, со што започна и процесот на негово реформирање. Со овој труд кандидатот визионерски укажува на "тивката револуција" и почетокот на реформата на неолиберализмот што ќе следува во иднина во условите кои ги наметнува глобалната криза.

**5. ,,Применљивост доминантних макроекономских теорија у земљама транзиције", Ekonomski pogledi (**časopis za pitanja ekonomske teorije i prakse), Broj 2/2009, **Ekonomski fakultet – Priština, 2009 год.**

Во почетокот на 90-тите години кога во поранешните социјалистички земји од Централна, Источна и Југоисточна Европа се случи "бескрвна револуција" малку се

знаело за транзициониот процес, не постоело некоја теорија која ќе служи како фундамент, а не постоеле ни практични искуства. Транзицијата во улога на предизвик продонесе за збогатување на сознанијата во економската теорија и наука, но од друга страна и економската наука имаше значајно влијание врз транзиционот процес. Транзицијата се јави и во улога на своевиден тест за валидноста на одделни школи да се користат при анализа на практиката во земјите во транзиција. Поради тоа во овој труд кандидатот го прифаќа предизвикот да се утврди дали економската наука претставуваше добра основа за спроведување на транзициониот процес, дали постојните економски парадигми го положиле тестот, на кои макроекономски теории биле фундирани и водени економските политики во транзиционите еканомии итн. Ова, секако, не претставува едноставна задача, имајќи ја предвид потребата од прагматизам во водењето на тековната економската политика од страна на државните органи, а под притисок на секојдневните проблеми во реалниот живот. Така кандидатот утврдува дека не ретко се случува во определени период идеологијата (теоријата) врз која се води економската политика да биде наполно спротивна со карактерот на мерките што се донесуваат. Кандидатот исто така утврдува дека од денешна перспектива, доколку ја оценуваме теоретската фундираност на процесот на транзиција, без сомнение можеме да констатираме дека најголем дел од елементите и процесите во транзицијата (особено во почетните фази од транзицијата) се спроведувани во согласност со неолибералната економска теорија. Доколку се применеле голем број од мерките кои ги препорачуваше кејнзијанската економска теорија (“меките” буџетски ограничувања - посебно експанзивната фискална политика и благата инфлација) во почетокот на транзицијата, би било исто како да “додаваме бензин во огнот”. Меѓутоа, по фазата на стабилизација (посебно денес во време на светска економска криза), државата (кејнзијанската економска теорија) добива се позначајна улога во понатамошно спроведувањето на транзициониот процес, а посебно во поттикнување на економскиот развој (социјални програми, развојни политики итн.) и во изградбата на пазарни институции.

**6. “Analysis of the effects of the economic crisis in Greece on the Macedonian economy”, CEA Journal of Economics, Volume 5, Issue 1, papers 5, June 2010. Коавтор: Христијан Ристески (Економист во ЦЕА).**
Длабоката економска, пред се фискална криза која го погоди нашиот сосед Грција се појавува како нова варијабла која треба да се земе предвид при анализа и предвидување на економската ситуација во македонската економија. Во овој труд е направен обид да се квантифицираат потенцијалните ефекти од грчката криза врз македонската економија имајќи предвид дека Грција преставува еден од најголемите странски инвеститори и трговски партнери на нашата земја. Главната анализа во трудот е насочена кон определување на главните ефекти од грчката криза на: странската ефективна побарувачка (две сценарија), извозниот сектор и можни начини за намалување на негативните ефекти (студија на случај), странските директни инвестиции и пошироките ефекти од евентуално проширување на кризата низ еврозоната.
**7. ,,Клучните макроекономски политики во услови на современата економска криза со посебен осврт на Македонија” – докторска дисертација, Економски факултет – Скопје, УКИМ, септември 2013 год.** Целокупната материја која е предмет на истражување во докторската дисертација на кандидатот е

систематизирана во пет одделни поглавја. Поглавјата ја следат логиката на првата точка во докторската дисертација: однос меѓу економската теорија, економската политика и економската практика – основа за замена на економските парадигми. Во оваа насока, овој однос претставува крвоток на економската наука и согласно со него се анализирани предизвиците и промените што ги наметна глобалната економска криза (на глобално ниво и за Р. Македонија). Анализата во првите четири глави е посветена на економската теорија, економската реалност, економската политика во услови на глобалната криза, додека последната глава е примена на овој однос во креирањето на клучните макроекономски политики во Р. Македонија. Целокупната материја која е предмет на истражување во оваа докторска дисертација е систематизирана во пет одделни глави.

Во првата глава, ***Теоретска фундираност на економските циклуси и доминантните макроекономски политики,*** најпрвин е претставен односот меѓу економската теорија, економската политика и економската практика, однос кој треба да го имаме предвид при анализата на креирањето на економската политика и нејзината ефикасност. Исто така се разработени погледите и сфаќањата на доминантните макроекономски теории за флуктуациите на економската активност (економските циклуси), а потоа се елаборирани економските политики фундирани на доминантните макроекономски теории: ***кејнзијанизам, монетаризам, новата класична макроекономија и новиот кејнзијанизам***. На крајот од првата глава се претставени можностите за синтеза на теоретските концепции на економската политика, посебно ситуациониот пристап, кој ни овозможува да сфатиме на кој начин ситуацијата во која се наоѓаат креаторите на економската политика денес, во услови на глобална криза, зависи комбинацијата на мерките кои се преземаат и нивните теоретски основи.

Во втората глава, ***Глобалната економска криза,*** најпрвин се претставуваме видовите економски кризи кои можат да се издвојат, додека потоа е направен краток преглед на поважните економски кризи во XX и XXI век (Нафтената криза и стагфлацијата во 70-тите, Должничката криза во Латинска Америка, Јапонската криза во 80–тите, Скандинавските кризи, Финансиската криза во Русија, Кризата на „дот-ком“ во САД, Аргентинската економска криза) со цел да добиеме определени сознанија за причините и последиците/ефектите кои ги предизвикале најважните кризи од минатото. Во оваа насока посебно е издвоена и анализирана Големата депресија (причините, последиците и мерките за излез), поради нејзиното често споредување со денешната глобална економска криза и поради лекциите кои истата има да ги понуди на креаторите на економските политики денес. После овој прв дел, во остатокот од втората глава фокусот е насочен кон глобалната економска криза: прво се анализирани различните причини кои најчесто се посочуваат како нејзини предизвикувачи; второ, елабориран е трансмисиониот механизам на кризата од хипотекарна криза која започна во САД, до економска криза која се прошири на глобалната економска сцена; трето, направена е детална анализа на последиците кои ги предизвика глобалната економска криза врз глобалната економија (групи на земји или региони на глобално ниво).

Во третата глава, ***Дизајнирање на клучните макроекономски политики во услови на Глобалната економска криза***, имајќи го предвид опсегот на ефектите од глобалната криза и широкиот арсенал мерки што ги преземаат земјите во светот, во насока на мисијата на дисертацијата, понатамошната анализа е фокусирана

на сржта на макроекономскиот одговор – фискалната и монетарната политика, нивната имплементација, карактеристики, ефикасност, стратегиите за нивно напуштање и научените лекции за нивно унапредување. Во првата точка од главата е анализирано креирањето на фискалната и монетарната политика во услови на глобалната економска криза, а една точка е посветена на макропрудентните политики, кои имаа посебно место во арсеналот за справување со глобалната криза. Имајќи ги предвид ефектите/промените кои беа предизвикани од одговорот на фискалната и монетарната политика врз инструментариумот на овие политики и нивните биланси втората точка од главата е посветена на излезните стратегии кои треба да ги практикуваат фискалните и монетарните власти за стабилизирање на нивните позиции и фокусирање кон нивната одржливост на среден и долг рок. Последната точка од третата глава прави сублимирање на претходните точки посочувајќи ги лекциите кои треба да бидат основа за новата редизајнирана рамка на економската политика по кризата, која ги опфаќа: монетарната политика, фискалната политика, супервизијата/регулативата и меѓународната финансиска архитектура.

Во четвртата глава, ***Креирање на клучните макроекономски политики во услови на глобалната криза – САД, ЕУ и земјите во развој***, кандидатот го преставува конкретниот/практичниот одговор на економските политики (анализиран во третата глава) од страна на спомнатите региони/земји. Во оваа глава фокусот на анализата е ставен на: примената на конвенционални и неконвенционални мерки од страна од монетарната политика како одговор на глобалната криза; одговорот на фискалната политика: насочен кон економската криза (економските стимулации) и оној насочен кон справувањето со финансиската криза (интервенциите во финансискиот сектор). Во посебен дел, сумирано се елаборирани последиците од глобалната економска криза, трансмисијата и одговорот на економските политики во земјите во развој и транзиционите економии.

Петта глава – ***Дизајнирање на клучните макроекономски политики во услови на глобалната економска криза во Македонија,*** анализата за Македонија кандидатот ја структурира во неколку делови: прво, анализирани се главните канали по кои глобалната криза се пренесе во македонската економија и последиците од неа на клучните макроекономски варијабли, на моменти, правејќи паралела со другите земји; второ, анализиран е одговорот на монетарната политика во услови на глобалната криза, во контекст на случувањата во монетарната и економската сфера во Македонија; трето, анализиран е одговорот на фискалната политика, нејзината позиција пред кризата и нејзиниот директен одговор (антикризните пакети) во услови на глобалната криза; четврто, направена е емпириска анализа (со користење на два (S)VAR- модела) кои даваат одговор на прашањата: Дали во Р. Македонија во анализираниот период имаме „монетарно доминантен“ или „фискално доминантен“ режим; Што ја детерминира реакционата функција на монетарната политика; Што го детерминира фискалниот одговор (јавните расходи, јавниот долг) во анализираниот период; Дали фискалната и монетарната политика во анализираниот период биле координирани - биле супститути или комплементарни; Какви ефекти предизвикуваат интеракциите на монетарната и фискалната политика врз макроекономската околина итн.

На крајот на докторската дисертација се пренесени **заклучни согледувања и препораки** за: економската теорија, економската реалност, економската политика и за креирањето на клучните макроекономски политики во Р. Македонија.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Во текот на досегашното дејствување, кандидатот **д-р Борче Треновски** пројави забележителни резултати во извршувањето на асистентските обврски по предметите развој на економската мисла и општествено богатство и национални сметки: консултации со студентите, оцена на стручните трудови и семинарските работи на студентите, повремено ангажирање во наставата и сл. Со нему својствена ангажираност и позитивна енергија, кандидатот му помагаше на наставникот во реализацијата на наставната материја, како и во подготвителната работа околу изведувањето на колоквиумите и испитите по предметите развој на економската мисла и општествено богатство и национални сметки. Притоа манифестира висок степен на искрена соработка со наставникот и студентите. Тој е трудољубив, совесен, одговорен, комуникативен и коректен во извршувањето на задачите, во соработката со наставникот и во комуникацијата со студентите.

Од приложените биографски податоци се констатира дека кандидатот континуирано е ангажиран на неговото научно и стручно усовршување: навремено и успешно подготвување и одбрана на магистерскиот труд во научно подрачје кое овозможува подлабоки научноистражувачки продори и активна работа на докторскиот труд, присуство на семинари, конференции и работилници, подготовка и објавување на трудови, ангажирање во научноистражувачки проекти и сл.

Во неговата досегашна ангажираност околу научното и стручното усовршување, кандидатот Треновски манифестира способност за запознавање на теориските и финансиските аспекти на економскиот живот. Тој е наоружан со научна апаратура и знаење за економскиот живот, кои ќе му овозможат успешно да се занимава со научноистражувачка работа. А стекнатите теоретски и апликативни знаења, пак ќе му овозможат компетентно да ги следи достигнувањата на современата економска мисла, да ја анализира современата економска реалност, да нуди решенија за одредени економски проблеми и да им помага на студентите при совладувањето на наставната материја по предметот развој на економската мисла.

За квалитетот на наведените активности на кандидатот Треновски сведочи и високиот број на вкупно остварени поени (167), кои се дадени во прилог на овој извештај.

Имајќи го предвид горекажаното, Рецензентската комисија едногласно оценува дека кандидатот д-р Борче Треновски се претставува како надежен економски аналитичар и како личност која може да се изгради во солиден научен работник, кој би изучувал проблеми од доменот на развојот на економската мисла и проблеми од доменот на финансиите, макроекономските политики – фискалната и монетарната, како и во респектиран универзитетски наставник. Поради тоа, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје **кандидатот д-р Борче Треновски да биде избран за наставник по предметот развој на економската мисла** на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет – Скопје, во звањето доцент.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Методија СТОЈКОВ, с.р.**

**Акад. проф. д-р Таки ФИТИ, с.р.**

**Проф. д-р Трајко СЛАВЕСКИ, с.р.**

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: Борче Михаил Треновски**
**Институција: Економски факултет - Скопје**
**Научна област: економски науки**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | **Одржување на настава**<br>• Развој на економската мисла: 2*15*0.04*7=8,4<br>• Општествено богатство и национални сметки:1*15*0,04*7=4,2 | 12,6 |
| 2 | **Одржување на вежби (изработка на семинарски труд):**<br>• Општествено богатство и национални сметки: 2*15*0,03*7 = 6,3<br>• Развој на економската мисла: 2*15*0.03*7=6,3 | 12,6 |
| 3 | **Консултации со студенти:**<br>• Развој на економската мисла: 120 (студенти)*0.002*7 = 1.68<br>• Општествено богатство и национални сметки: 70 (студенти)*0.002*7 = 0,98 | 2,66 |
| | **Вкупно** | 27,86 |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | **Раководител во национален научен проект:**<br>➢ Проектот за изработка на калкулатор за персонална/лична инфлација, изработен од Центарот за економски анализи- ЦЕА (поддржан од Институт „Отворено општество” - ОСИ - | 18 |

| | | |
|---|---|---|
| | Будимпешта, OSI Think Tank Fund Budapest). = 6 поени<br>➢ Истражување за состојбата и структурата на потрошувачката на пензионерите и студентите во Р. Македонија – спроведено од ЦЕА (podr`ano od Open Society Institute Think Tank Fund Budapest - OSI)=6 поени<br>➢ "Ефектите од Грчката економска криза врз македонската економија" – спроведено од ЦЕА (поддржано од Open Society Institute Think Tank Fund Budapest - OSI) во период од мај -јуни 2010 год. во Скопје и Битола. = 6 поени | |
| 2 | **Раководител во меѓународен научен проект:**<br>• Open Budget Initiative, International Budget Partnership Center on Budget and Policy Priorities Washington, D.C. www.openbudgetindex.org, Peer reviewer for Open Budget Survey 2010 (for Macedonia), декември 2009-јануари 2010 – 9 поени<br>• Business Incubator-Economic Development and Visibility of the Border Region; Research and training for Municipality of Berovo - Research about the potential for starting new businesses in the region of Berovo and facilitating trainings for project management and team building, within the framework of project" Business incubator-Economic Development and visibility of the border region" Funded by the European Union, Reference: 2007CB16IPO007-2009-1-84/01. (Municipality of Berovo); Team leader, Септември 2011 – Мај 2013 = 9 поени | 18 |
| 3 | **Учесник во меѓународен научен проект:**<br>• "Migration and remittance profiles for countries in the EU-10 and Western Balkan countries" Funded by World Bank, јуни 2012 = 5 поени<br>• "Enhancing Institutional Capacity and Research Agenda as a key support for sound influence on Policy Making Process"Open Society Institute Think Tank Fund Budapest Core and Institutional Support of the Think Tank Fund (www.cea.org.mk/Documents/Track record of CEA 1.pdf ), декември 2011-декември 2012 = 5 поени<br>• Open Budget Initiative, International Budget Partnership Center on Budget and Policy Priorities Washington, D.C. www.openbudgetindex.org<br>Key researcher for Open Budget Survey 2011 (for Macedonia), Август 2011 – Април, 2012 = 5 поени<br>• Technical Assistance to the State Statistical Office | 25 |

| | | |
|---|---|---|
| | Short Term Expert (Consultant) Funded by the European Union; implemented by consortium ASA Institute, Germany, Federal Statistics Office of Germany (DESTATIS), Germany and Czech Statistical Office, јуни 2010/ август 2011= 5 поени<br>• “Straightening of the influence of macroeconomic analyses and researches on the choices of Policy Makers” Open Society Institute Think Tank Fund Budapest Core and Institutional Support of the Think Tank Fund (www.cea.org.mk/Documents/Track_record_of_CEA_1.pdf ), 2009-2011 = 5 поени | |
| 4 | **Учесник во национален научен проект:**<br>• Организирање и спроведување на “Натпревар за избор на најдобар труд од областа на економијата за студенти”, поддржан и спроведено од Центарот за економски анализи (CEA), декември, 2009 – февруари, 2010 = 3 поени<br>• АНАЛИЗА НА ПЕРСОНАЛНАТА ИНФЛАЦИЈА ВО Р. МАКЕДОНИЈА – (базирано на ЦЕА - калкулаторот за персонална инфлација), Центарот за Економски анализи - ЦЕА (поддржан од Институт „Отворено Општество” - ОСИ - Будимпешта, OSI Think Tank Fund Budapest). = 3 поени<br>• **www.budget.mk**; Развој на веб-портал за Буџетот на Република Македонија која детално да ги претставува движењата на Буџетот –буџетските ставки во последните 15 год. на начин кој ќе биде достапен до обичните граѓани. Финансирано од Foundation Open Society Institute (OSI), ноември 2011 – септември 2012 год. = 3 поени<br>• Sustainable development in Macedonia; Организирање на студентски натпревар за најдобар труд од областа на Одржливиот развој во Р. Македонија, како и конференција и презентација на заклучоците од истражувањата. Финансирано од Светска банка, мај – декември 2011, = 3 поени<br>• Член на тимот за организирање и спроведување на проектот: Претприемаштво – алатка за зголемување на вработеноста на ромската популација во РМ. = 3 поени<br>• “Значаењето на приватните трансфери од лицата што работат во Авганистан и Ирак - Куманово и Тетово”, поддржана од Open Society Institute Think Tank Fund | 21 |

| | | |
|---|---|---|
| | Budapest, мај 2012 год. =3 поени<br><br>• “Consensus in Macedonian economic policy making” поддржан од Open Society Institute Think Tank Fund Budapest, (од Март 2012 год. до )= 3 поени | |
| 5 | **Монографија:**<br>• **“**Клучните макроекономски политики во услови на современата економска криза со посебен осврт на Македонија” – докторска дисертација, Економски факултет – Скопје, УКИМ, Септември, 2013 год. = 8 поени<br>• **“**Теоретската фундираност на клучните макроекономски политики” – магистерски труд, Економски факултет – Скопје, јуни 2009 год.= 8 поени | 16 |
| 6 | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор**<br>• „The role, significance and trend of construction sector in Macedonia”, коавтор, CEA Journal of Economics, Vol.7, Issue 1, 2012 (60% од 3 поени=1.8 поени) | 1.8 |
| 7 | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во стручно/научно популарно списание**<br>• “Analysis of the effects of the economic crisis in Greece on the Macedonian economy”, CEA Journal of Economics, Volume 5, Issue 1, papers 5, June 2010. Коавтор: Христијан Ристески (Економист во ЦЕА); достапно на: www.cea.org.mk/Documents/CEA_Journal_5_I.pdf (1,8 поени)<br>• "Доминантните макроекономски концепции и политики како фундаменти на процесот на транзиција", Економски развој, Списание на Економски институт -Скопје, Год. 11 Бр. 3/2009 стр 157, Скопје 2010. Достапно на Central and Eastern European Online Library: http://www.ceeol.com/aspx/publicationdetails.aspx?publicationid=190a49d5-70ec-4232-a1b6-1f2746706cfb (2 поени)<br>• “Пазарните економии во криза – замена на доминантните макроекономски парадигми”, Политичка мисла, бр. 28, Фондација “Конрад Аденауер” и Институтот за демократија “Societas Civilis”, декември 2009, достапно на: http://www.idscs.org.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=82&Itemid=82&lang=mk (2 поени)<br>• “Неолиберализам – од каде дојде и каде не води?, *списание за економија и практика - Економија и Бизнис, бр. 137, септември 2009 год.;* (2 поени)<br>• “Применљивост доминантних макроекономских теорија у земљама транзиције”, Ekonomski pogledi (**časopis za** | 12,6 |

| | | |
|---|---|---|
| | **pitanja ekonomske teorije i prakse), Broj 2/2009,** Ekonomski fakultet – Priština, 2009 год., достапно на: http://www.efpr.edu.rs/pogledi.html -(2 поени)<br>• „Analysis of the status and structure of the consumption of students and pensioners in Macedonia" – CEA Journal of Economics, Volume 4 Issue 2, December, 2009, *достапно на:* http://www.cea.org.mk/Documents/CEA_Journal_VIII_WEB.pdf (2 поени)<br>• "Personal Inflation Calculator" (guidebook), CEA Journal of Economics, Volume 4, June, 2009 *год., достапно на: www.cea.org.mk/Documents/CEA_Journal_IV_1.pdf (1,2 поени)*<br>• Граѓански буџет на Република Македонија за 2013, Центар за економски анализи, Скопје, брошура стр.29. Коавтор: Марјан Николов, Христијан Ристески. Достапно на: http://www.cea.org.mk/documents/GraganskiBudgetFinalS.pdf (1.6 поени)<br>• | |
| 8 | **Трудови објавени во зборник на трудови на в.о. институција**<br>• "Односот меѓу економската теорија, економската политика и економската практика во Р. Македонија", Годишник 2009, Економски факултет Скопје; (= 2 поена)<br>• "Примена на ситуациониот пристап во синтезата на алтернативните макроекономски концепции за утврдување на оптимална макроекономска политика на Република Македонија", Годишник 2010, Економски факултет Скопје; (= 2 поена) | 4 |
| 9 | **Секциски предавања на научен/стручен собир**<br>• "Enhancing evidence based advocacy for the Budget of the Republic of Macedonia" Конференција организирана од Center for Economic Analysis, Think Tank Fund and Information Program from Budapest, Open Budget Initiative, International Budget Partnership, Скопје, Декември 2012 (1 поен)<br>• Конференција "Fiscal policies, fiscal transparency and economic growth" организира од CEA, IMF, Open Budget Initiative, Скопје, Април, 2012 (1 поен)<br>• Обука за асоцијацијата на новинари на Р. Македонија за буџетскиот процес, јавните финансии и буџетската транспарентност, скопје, јануари 2013 год. – (1 поен) | 3 |
| 10 | **Секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество**<br>• "MACEDONIAN/GREEK ECONOMIC RELATIONS AS A MAIN PILLAR FOR PROSPEROUS NEIGHBOUR COOPERATION IN THE FUTURE" (меѓународна конференција организирана од Центарот за економски анализи -ЦЕА, финансирана од ОСИ Будимпешта), на која е презентиран трудот "ANALYSIS | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | OF THE EFFECTS OF THE ECONOMIC CRISIS IN GREECE ON THE MACEDONIAN ECONOMY" , 9 Март, 2011 – Скопје (1 поен) | |
| | **Вкупно** | 121,4 |

**СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| | | / |
| | **Вкупно** | / |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | **Рецензент на учебник за средно или основно образование**<br>• Претседател на државната Рецензентска комисија за оцена на ракописите и избор на учебници за средно образование во економско- правна и трговска струка. Имплементирано и спроведено од Министерството за образование и наука, мај –јуни 2010 год. во Скопје.(2 комисии*0,5) | 1 |
| 2 | **Учество во работа на комисии за државни натпревари**<br>• Sustainable development in Macedonia; Организирање на студентски натпревар за најдобар труд од областа на одржливиот развој во Р. Македонија, како и конференција и презентација на заклучоците од истражувањата. Финансирано од Светска банка, мај – декември 2011 (1 поен) | 1 |
| 3 | **Учество во промотивни активности на факултетот /институтот**:<br>• Учество во промотивни активности на Економскиот факулет во Скопје за учебната: 2007/2008; 2009/2010;2010/2011;2011/2012;2012/2013- (5*05 поени =2.5 поени) | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | • Промоција на Економскиот факултет во Скопје во средните училишта во земјата 2011; (=0.5 поени) | |
| 4 | **Превод (на дел од книга):**<br>Превод на “The System of National Accounts 2008” за Заводот за статистика на Р. Македонија (се уште во процес на објавување)-(1 поен). | 1 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1 | **Член на уредувачки одбор на меѓународно научно/стручно списание:**<br><br>• Член на издавачкиот одбор и рецензент на списанието “CEA Journal of Economics” (од мај 2010), кое обработува економски теми и дилеми, се издава семестрално, на англиски јазик, од страна на Центарот за економски анализи (ЦЕА) – Скопје. - www.cea.org.mk/Jurnal.htm | 1 |
| 2 | **Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание:**<br><br>• Секретар на Редакцискиот одбор за подготовка и издавање на Годишникот на Економскиот факултет во Скопје, том 45-2010, за 2010 година, во издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет - Скопје; (=0.5 поени) | 0,5 |
| 3 | **Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир**<br>• "MACEDONIAN/GREEK ECONOMIC RELATIONS AS A MAIN PILLAR FOR PROSPEROUS NEIGHBOUR COOPERATION IN THE FUTURE" (меѓународна конференција организирана од Центарот за економски анализи -ЦЕА,)- (0,5 поени).<br>• Член во тимот за организирање и спроведување на “Натпревар за избор на најдобар труд од областа на економијата за студенти”, подржан и спроведено од Центарот за економски анализи (CEA), декември 2009 – февруари 2010 -(0,5 поени)<br>• “Challenges for improving the competitiveness of the private sector in Macedonia” (rabotilnica organizirana od USAID, 04 Juni, 2009, Skopje )-(0,5 поени) | 1.5 |

| | | |
|---|---|---|
| | • | |
| 4 | **Студиски престои во странство**<br>• Учество на семинарот ,,Monetary and Exchange Rate Policy” во организација на International Monetary Fund (IMF) при Joint Vienna Institute во Виена, Австрија.-(0,5 поени)<br>• “Vienna and Chicago: Two Schools of Free-Market Economics” (Летна школа организирана од Институт за економски и социјални истражувања -ESPI Institut, Juli 09 - 20, 2007, Belgard);- (0,5 поени). | 1 |
| 5 | **Член на факултетска комисија**<br>• Член на комисиите за успис на студенти во прва година во учебните: 2004/05, 2005/06, 2006/07, 2008/09, 2010/11, и 2011/12; (= 6*0.5поени= 3 поени)<br>• Секретар на Катедрата за економија (2011-2014); -(0,5 поен)<br>• Член на Комисијата за попис на библиотечниот фонд на книгите во библиотеката на Економскиот факултет (2007); (=0.5 поени)<br>• Член на Дисциплинската комисија на Економскиот факултет за 2012-2013 година; (=0.5 поени)<br>• Член на Комисијата за организирање на активностите по повод 60 години од постоењето на Економски факултет во Скопје (2010)-(0,5 поени) | 5 |
| 6 | **Учество во комисии и тела на државни и други органи**<br>• Член на Управниот одбор на Академското културно и уметничко друштво “Мирче Ацев” во Скопје -(1 поен).<br>• Член на Извршниот одбор во Центарот за економски анализи (ЦЕА) – Скопје (од 2010 год.). (1 поен) | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | • Член на избирачки одбор во општинска изборна комисија на општина Берово; (=1 поен) | |
| | **Вкупно** | 18 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 27,86 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 121,4 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | --- |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 18 |
| **Вкупно** | **167,26** |

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Методија Стојков, с.р.
2. Акад. Таки фити, с.р.
3. Проф. д-р Трајко Славески, с.р.

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ПО НАСТАВНИТЕ ПРЕДМЕТИ ПИЈАНО, КАМЕРНА МУЗИКА И ЛИТЕРАТУРА ЗА ПИЈАНО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ – СКОПЈЕ**

Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност во Скопје, на својата седница одржана на 27.9.2013 година, донесе Одлука за формирање на Рецензентската комисија во состав: проф. Борис Романов, проф. Јован Каровски, проф. Рита Трпчева – Поповиќ. На конкурсот за избор на еден наставник во сите звања по наставните предмети пијано, камерна музика и литература за пијано на Факултетот за музичка уметност-Скопје, објавен во дневните весници "Дневник" и "Koha" на 22.8.2013, се пријави досегашниот наставник, вонр. проф. д-р Марија Ѓошевска.

**ИЗВЕШТАЈ**

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ**

Марија Ѓошевска е во моментот еден од најистакнатите и најактивни млади пијанисти во Република Македонија. Секој нејзин нов настап ја потврдува констатацијата дека во нејзината личност македонската музичка сцена доби пијанист со врвно професионални перформанси, муниционзна виртуозност и изразита индивидуалност. Посебна е фасцинацијата од нејзината рафинирана и сензибилна пијанистичка обоеност, која резултира со извонредна сценска сугестија.

Целата досегашна учебна и уметничка биографија на оваа пијанистка е само потврда на овие карактеристики, искажувани по повод нејзините настапи.

Марија Ѓошевска е родена во Неготино, на 10.10.1980. Музичкото образование го започнува во Основното музичко училиште „Владимир Арсовски" во Неготино, од кое на дванаесетгодишна возраст ја добива првата Пофалница за посебни резултати во областа на музиката.

Во 1992 пијанистичкото образование го продолжува во Музичко-балетскиот училиштен центар „Илија Николовски-Луј", во класата на проф.Снежана Анастасова Чадиковска, со која работи се до матурирањето во 1998 година.

Како ученик на МБУЦ, Марија Ѓошевска набрзо се вбројува во неговите елитни репрезенти: освен постојаното присуство на најзначајните групни концерти, таа станува и носител на две специјални награди и една прва награда од интерните и државни натпревари за ученици и студенти по музика (1992,1995,1998).

Воедно, финалист е на високореномираните натпревари во Сенигалија, Италија, 1995 (во категорија до дваесетгодишна возраст) и Усти над Лабем, Чешка, 1996, како и носител на трета награда во категоријата „superier" на натпреварот „Антон Рубинштајн" во Париз, 1997.

Посебно се значајни нејзините концертни претставувања во меѓународните комуникации на МБУЦ, како што се гостувањата во Бугарија, Турција (дел од екипата на уметници на Денови на културата на Република Македонија), Југославија (подиум на млади на меѓународниот фестивал БЕМУС) и Англија, Лондон (Денови на културата на

Република Македонија). Би го издвоиле и настапот на специјалниот интернационален концерт во Охрид, одржан за Светскиот собир на Музичка младина, 1998.

Во овој средношколски период, Марија Ѓошевска бележи и повеќе настапи како солист на Камерниот оркестар на Музичка младина и Македонската филхармонија, како и рецитали на Скопско и Хераклејско лето и во Салонот 19,19.

За нејзиниот исклучителен пијанистички развој од извонредно значење е податокот дека од 1995, Ѓошевска постојано работи под менторство на проф.Борис Романов. Воедно, како учесник на сите негови семинари, редовно настапува на завршните концерти во Скопје и Охрид (Света Софија), од 1993 до 1998.

Од учебната 1998-1999 година, Марија Ѓошевска е студент на Факултетот за музичка уметност во Скопје, во класата на проф. Борис Романов. Таа и во оваа институција набрзо го стекнува реномето на извонредно успешен студент и еден од најперспективните уметници-пијанисти.

Дека станува збор за вонсериска музичка појава, говорат следните факти: освен одличната оценка 10, таа е носител на специјалната пофалба cum laude во прва година, magna cum laude во трета година и cum laude на завршниот дипломски испит во 2002 година.

Добитник е на први награди на интерните натпревари за полифонија во 1999, 2000 и 2001.

Учевствува со голем успех во бројни групни концерти, како во рамките на концертните настапи на класата на проф.Борис Романов, со која, освен на ФМУ, настапува и на повеќе турнеи низ Република Македонија, така и во рамките на циклусот „Музика вива“.

Во 2002 токму неа и е доверена честа за промоција на новиот инструмент-чембало на ФМУ, како солист на Камерниот оркестар „Солисти на ФМУ”.

Во овој период повторно ги продолжува настапите на завршните концерти на семинарот на проф.Борис Романов во Охрид (од 1998 година, овие концертни вечери се редовен дел од официјалната програма на фестивалот „Охридско лето”).

Повеќе пати настапува на Деновите на македонска музика, свртувајќи го врз себе вниманието како изведувач со истенчено чувство за спецификите на домашното творештво.

Настапува како солист на Македонската филхармонија на Вечерта на ФМУ (2001).

Истата година (2001) дебитира на фестивалот „Охридско лето”, како солист на Фестивалскиот камерен оркестар.

Целосното внимание и восхит како на професионалните музичари така и на публиката ги стекнува со два значајни солистички рецитали: еден во програмата на Салонот 19.19 (2001) и завршниот дипломски рецитал (2002).

Созревањето на Марија Ѓошевска во музичар со врвни перформанси се отчитува и во нејзините се почести ангажмани како пијано-соработник и камерен музичар во соработка со истакнати млади инструменталисти и соло-пејачи. Во овој ангажман се издвојува нејзиниот брилијантен настап како пијано-соработник на Симон Трпчески, во изведбата на Концертот за пијано и оркестар во G-dur на Морис Равел.

Од учебната 2002-2003 Марија Ѓошевска е студент на постдипломски студии на ФМУ, во класата на проф.Борис Романов, како и демонстратор на Одделот по пијано. Со нејзината работа во текот на оваа учебна година се додаваат уште елементи во нејзин

прилог: педагошката издржаност, работната дисциплина, сериозноста во секој сегмент на нејзиниот музичко-професионален профил. Магистрира во 2004 година со посебна пофалба „cum laude” и нејзиниот испит е оценет како еден од најуспешните на ФМУ.

Во истата година (2004), Марија Ѓошевска се здобива со звањето доцент на Факултетот за музичка уметност и е во редовен работен однос на ФМУ. Нејзината концертна и педагошка дејност добива уште поголем интензитет. Како пијано-придружник продолжува да соработува со студентите по пијано на нивните годишни, дипломски, магистерски испити и концертни настапи. Во нејзиниот репертоар како пијано-придружник се вбројуваат над 30 концерти за пијано и оркестар и над стотина настапи од ваков вид.

Во овој период, таа продолжува со едукација запишувајќи највисок степен на образование, докторски студии во класата на проф.Борис Романов. Двата дела (рецитал и концерт за пијано и оркестар) ги брани со огромен успех, а членовите на Комисијата за одбрана на докторската дисертација на м-р Марија Ѓошевска, во состав: проф. м-р Борис Романов, проф. д-р Томе Манчев, проф. м-р Евушка Елезовиќ, проф.м-р Тодор Светиев и доц. д-р Аида Ислам го дадоа следново мислење:

М-р Марија Ѓошевска на одбраната на I дел (рецитал) од докторската дисертација, одржана на 26.2.2007 год., се претстави со компактна програма која пред интерпретаторот поставува особено сложена задача во концепциска, техничка и во интерпретациска смисла.

Во изведбата на сонатата од Шуберт, кандидатката успеа да ја долови психолошката состојба на композиторот во моментот на создавањето на делото, претставувајќи ги неговите чувства и превирања со истанчен усет за тонско нијансирање.

Извонредното техничко ниво овозможи истакнување на акумулативната тензија на музичките дела, преку кое беа изразени нивните суштински карактеристики. Ова особено дојде до израз во сонатата на Прокофјев, во која моторичната ритмика беше обоена со особено широк спектар на колорит балансиран до перфекција.

Брилијантната интерпретација на кандидатката Марија Ѓошевска се одликуваше со јасност во фразирањето, со што сложената фактура на овие музички дела беше обликувана со висок уметнички израз.

Според тоа, Комисијата првиот дел од докторската дисертација на м-р Марија Ѓошевска, едногласно го оценува како изведба во која е достигнато високо уметничко – естетско ниво.

Комисијата за одбрана на II дел од докторската дисертација (концерт) на м-р Марија Ѓошевска, одржана на 19.4.2007 год. го даде следното мислење:

М-р Марија Ѓошевска е пијанистка која поседува извонредна пијанистичка техника ставена во функција на искажување на препознатливиот музички јазик и богатите музички идеи на композиторите чии дела ги исполнува.

Нејзината изведба на Концертот за пијано и оркестар бр.3 оп.26 во C-dur од Прокофјев претставува уште една потврда дека м-р Марија Ѓошевска се развива во извонреден ***драмски пијанист со изграден сопствен стил***.

Она што ја издвојува нејзината изведба е особената чувствителност со која ги отсликува психолошките состојби и расположенија на авторот. Тоа е сигнификантно во перфектно контролираната мекост во изразувањето на лирските пасажи како и енергичниот набој на ритмичката брилијантност која ненадејно ги прекинува лирските

расположенија во првиот став (Andante - Allegro). Нејзината длабока и интроспективна изведба ја изрази саркастичната духовитост на авторот застапена во гавотот и варијациите во вториот став (Tema con variazioni). Бравурозноста и енергијата кои особено доаѓаат до израз во третиот став (Allegro ma non troppo) во целост ги задоволуваат виртуозните барања на концертот во целина.

Изведбата на Концертот за пијано и оркестар бр.3 оп.26 во C-dur од Сергеј Прокофјев на пијанистката м-р Марија Ѓошевска се одликува со исклучителна ритмичка контрола, истакнување на моќни музички идеи и беспрекорно оцртување на архитектонската форма на делото.

Според горенаведеното, Комисијата едногласно оцени дека вториот дел од докторскиот испит на м-р Марија Ѓошевска претставува врвно, несекојдневно уметничко достигнување во областа на пијанистичката уметност и тоа не само во рамките на Република Македонија, туку изведба која ги задоволува највисоките светски уметнички критериуми во областа на репродуктивната уметност пошироко.

Третиот дел од докторската дисертација, трудот од областа на пијано-интерпретацијата со наслов „Аспекти на влијание на репродуктивниот процес врз интерпретацијата во последната соната на Франц Шуберт D 960” под менторство на проф.д-р Томе Манчев во декември 2009 год. беше одбранета со огромен успех.

Во 2008 година, доц. Марија Ѓошевска склучи договор за снимање со „Macedonian Music and Entertainment” (француско-македонска продукција) во МРТВ, каде што во студиото М1 реализираше бројни снимки со дела за соло-пијано од светската литература и филмска музика за потребите на оваа продукција. Оваа соработка трае и во периодот 2009-2013 година, со што д-р Ѓошевска воедно остварува голем број на трајни снимки и за соло-пијано од класичниот пијано-репертоар.

Во периодот 2009-2011 година, д-р Марија Ѓошевска ја претставува македонската пијанистичка култура земајќи учество во Европскиот пијано-проект кој се одржува во пет земји: Франција, Австрија, Македонија, Полска и Молдавија. На истиот проект учествува на бројни семинари кај истакнати професори, учествува на голем број концерти и поканета е да одржи целовечерни рецитали на меѓународни фестивали.

Во периодот 2009-2013 година, д-р Марија Ѓошевска бележи огромен број на успеси во својата педагошка и концертна дејност. Во наставната година 2011/2012, вонр. проф. д-р Марија Ѓошевска, заедно со проф. Зоран Пехчевски (продекан за настава на ФМУ), предлага воведување на нов предмет-литература за пијано 1 и 2 за студентите од прва година по главниот предмет-пијано на Катедрата за клавишни инструменти и харфа при ФМУ и воедно во учебната 2012/2013 ја води наставата по овој предмет. Притоа, д-р Ѓошевска е автор на скрипта по предметот литература за пијано 1 и 2. Во 2009, д-р Ѓошевска е член на Сојузот на музички уметници на Р. Македонија, а од 2012, член на Сојузот на музички педагози на Р.Македонија. Успешно реализира еден авторски (2011) и еден камерен компакт-диск со Триото “BAM” (2013) под покровителство на Министерството за култура на Република Македонија.

Во продолжение следат информации за концертните и педагошките активности во периодот од 2009 до 2013 година во звањето вонреден професор доктор по пијано.

**Концертни активности на студентите**

16 и 17.3.2009 – Два рецитали на Марија Тренчевска (III год.) – 24 Прелудии и фуги од Јохан Себастијан Бах, II книга, Музеј на град Скопје, Музичка младина на Македонија
12.5.2010 – Концерти во чест на Ф.Шопен и Р.Шуман , Христина Никоска (II год.),Концертна сала на ФМУ, Скопје
27.05.2010 – Симфониски концерт на студентите од ФМУ со Македонската филхармонија, Марија Тренчевска (IV год.), Дом на АРМ, Скопје
8.11.2010 – Фестивал "Есенски музички свечености", Концерт на финалистите на конкурсот "Зографски", Марија Тренчевска (постдипломец) – Лауреат на конкурсот, Концертна сала на ФМУ, Скопје
24.11.2010 – Концерт на студентите од катедрата за клавишни инструменти и харфа по повод 200 год. од раѓањето на Фредерик Шопен, Концертна сала на ФМУ, Милан Јанкулоски, Христина Никоска, Кирил Крстевски, Оливер Стоименов, Стефани Стефановска, Концертна сала на ФМУ, Скопје
11.5.2011 – "Musica Viva", Концерт на Христина Никоска и Милан Јанкулоски, пијано-соработник проф.Марија Ѓошевска, Концертна сала на ФМУ, Скопје
14.7.2011 – Завршен концерт на Семинарот на проф.Борис и Људмила Романови, Марија Тренчевска (постдипломец), Музичко училиште "Методи Патче", Охрид
8.11.2011 – Концерт на камерниот оркестар "Солисти на ФМУ", Христина Никоска-пијано, диригент-проф.Велко Тодевски, Концертна сала на ФМУ, Скопје
15.2.2012 – Концерт во чест на 49-годишнината од француско-германското пријателство, Христина Никоска-пијано, диригент – проф.Велко Тодевски, Концертна сала на ФМУ, Скопје
12.12.2012 – "Musica Viva", Концерт на класата на проф.Марија Ѓошевска, Концертна сала на ФМУ, Скопје
22.4.2013 – Концерт на симфонискиот оркестар на ФМУ со солисти студенти на ФМУ, Кирил Крстевски –пијано (IV год.), Дом на АРМ, Скопје
30.5.2013 – Концерт со студентите од факултетите за музичка уметност од Република Македонија, Милан Јанкулоски (постдипломец), Дом на АРМ, Скопје.

**Награди на студентите на конкурси и натпревари**

22.4.2009 – Конкурс за полифонија на ФМУ – Милан Јанкулоски, I год., III награда; Христина Никоска I год. III награда; Марија Тренчевска III год. I награда; Благовесна Булоска IV год. III награда, Концертна сала на ФМУ, Скопје
8-10.4.2010 – 48-ми Државен натпревар за ученици и студенти по музика, Мизички и балетски педагози на Република Македонија, Милан Јанкулоски и Христина Никоска, IIIа категорија, Концертна сала на ФМУ, Скопје
5.5.2010 – Конкурс за полифонија на ФМУ – Кирил Крстевски, I год., III награда; Милан Јанкулоски II год. II награда; Марија Тренчевска IV год. I награда, Концертна сала на ФМУ, Скопје
20.4.2011 – Конкурс за полифонија на ФМУ – Стефани Стефановска, I год., III награда; Кирил Крстевски II год. II награда; Оливер Стоименов II год. III награда; Христина Никоска III год. II награда, Концертна сала на ФМУ, Скопје

25.4.2012 – Конкурс за полифонија на ФМУ – Милан Јанкулоски, IV год., II награда; Стефани Стефановска II год. III награда; Оливер Стоименов, III год., III награда, Концертна сала на ФМУ, Скопје
6-8.10.2012 – Интернационален натпревар "Интерфест-Битола", Силјан Пановски (ученик во III год. од ДМБУЦ), II награда, ментори: проф.Снежана Анастасова Чадиковска и проф.Марија Ѓошевска, Завод музеј и галерија, Битола
24.4.2013 – Конкурс за полифонија на ФМУ – Стефани Стефановска III год. III награда; Таулант Колоња, III год., III награда; Кирил Крстевски, IV год., III награда; Оливер Стоименов, IV год. пофалница, Концертна сала на ФМУ, Скопје
24-27.4.2013 – 51-ви Државен натпревар за ученици и студенти по музика, Музички и балетски педагози на Република Македонија, Силјан Пановски (ученик во III год. ДМБУЦ) II награда во IIБ категорија , проф.Марија Ѓошевска, Салон 19,19, Скопје

**Стручно-уметничка дејност**

**Целовечерни рецитали**

20.10.2009 – Рецитал на Марија Ѓошевска, КИЦ, Музеј на град Скопје
8.12.2009 – Рецитал на Марија Ѓошевска и Елена Атанасовска, Фестивал "Златна лира", Концертна сала на ФМУ-Скопје
15.3.2010 – Рецитал на Трио "ВАМ" (Владимир Костов-виолина, Александар Котевски-виолончело, Марија Ѓошевска-пијано), Музеј на град Скопје
17.12.2010 – Рецитал на Дуо-пијано (Марија Ѓошевска и Елена Атанасовска), Концертна сала на ФМУ-Скопје
20.7.2011 – Рецитал на Марија Ѓошевска, "FESTIVAL PIANO PLAGE","Grange aux Dimes", Ouistreham, Франција
14.8.2011 – Рецитал на Трио "ВАМ", Фестивал "Охридско лето", Св.Софија-Охрид
17.8.2011 – Полурецитал со Дино Имери, Концерт по повод за отпочнувањето на Европскиот проект "Пијано-рефлексија на европската култура", Концертна сала ФМУ, Скопје
9.10.2011 – Рецитал на трио "ВАМ" – Македонски културен центар, MC-Galery, Њујорк, САД
14.11.2011 – Рецитал на фестивалот "Есенски музички свечености" – Марија Ѓошевска со Семи Сталхамер-виолина и Изабел Бломе-виолончело (Стокхолм-Шведска), Музеј на град Скопје
2.12.2011 – Рецитал на Трио "ВАМ" – Свечено отворање на фестивалот "Златна лира", Музеј на град Скопје
23.12.2011 – Рецитал на Трио "ВАМ" – Предновогодишен концерт, Мала сала во Центар за култура, Битола
14.3.2012 – Рецитал на Марија Ѓошевска, "Гевгелиска пролет", хотел "Аполонија", Гевгелија
16.10.2012 – Виолска вечер, Рецитал на Фана Спиркоска-виола и Марија Ѓошевска-пијано, Даут-пашин амам, Скопје
19.3.2013 – Рецитал на Марија Ѓошевска, КИЦ, Музеј на град Скопје

**Солистички настапи со оркестар**

28.10.2010 – Концерт на Марија Ѓошевска со Македонската филхармонија, диригент-Борјан Цанев, Дом на АРМ, Скопје

**Солистички и камерни настапи на заеднички концерти во земјата и во странство**

23.7.2009 – Солистички настап на М.Ѓошевска на Завршен концерт на семинарот по пијано на проф.Борис Романов, Св.Софија, Охрид
22.12.2009 – Солистички настап на М.Ѓошевска на Завршен концерт на пијанисти и учесници на Европската пијано-програма "Пијано-рефлексија на Европската култура" – Завод музеј и галерија, Битола
26.8.2010 – Солистички настап на трио "ВАМ" на фестивал "Златна лира" – Концерт по повод 200 години од раѓањето на Ф.Шопен и Р.Шуман, Музеј на град Скопје
21.12.2010 – Пијано-придружба на М.Ѓошевска на Новогодишен концерт на студентите од класата на проф.Борис Романов
13.4.2011 – Солистички настап на М.Ѓошевска во Franz Liszt Concert Hall, "Paul Gulda and students", Raiding, Австрија
14.4.2011 – Солистички настап на М.Ѓошевска на "Liszt-Marathon" во Joseph Haydn Conservatorium Concert Hall, , Eisenstadt, Австрија
15.4.2011 – Солистички настап на М.Ѓошевска на "Piano Music from Vienesse Classic and Second Vienesse School" во Esterhazy Palace, , Eisenstadt, Австрија
14.7.2011 – Солистички настап на М.Ѓошевска на Завршен концерт од семинарот на проф.Борис Романов, Музичко училиште "Методи Патче", Охрид
6.9.2011 – Солистички настап на Концерт на млади пијанисти, Закопане, Полска
27.3.2012 - 35-ти Фестивал "Денови на македонската музика"-Камерен концерт со македонски исполнители, (Настап на Трио-Марија Ѓошевска-пијано со Зорица Каракутовска-хармоника и Александар Котевски-виолончело), Музеј на град Скопје
5.5.2012 – Настап на Трио (М.Ѓошевска со Зорица Каракутовска-хармоника и Александар Котевски-виолончело), Свечен концерт по повод 6 Мај, светскиот ден на хармониката, Фоаје на МОБ, Скопје.

**Преглед на објавени рецензии**

20.7.1999 – „Македонија денес" – „Браво за семинарот по пијано" – автор: Светлана Косева – Р.Бугарија
1-5.8.2001 – „Утрински весник" – „Инспиративна вечер посветена на Чајковски" – автор: Снежана Анастасова Чадиковска
25.11.2002 – „Вечер" – „Концертно динамично пулсирање" – автор: Роза Нолчева
28.6.2004 – „Утрински весник" – „Извонредна пијанистичка култура" – автор: Тина Иванова
28.6.2004 – „Македонија Денес" – „Бравурозна изведба во духот на успехот" – автор: Маја Таневска

1.10.2005 – „Dubrovacki vjesnik" - Kultura – Дубровник – „Virtuozni dodatak" – автор: Marinela Ruskovic – Kristic
5.10.2005 – „Dubrovacki vjesnik" - Kultura – Дубровник – „Zazvucao je snazni Betoven" – автор: Ileana Grazio
6.10.2005 – „Dubrovacki vjesnik" - Kultura – Дубровник – „Velicanstveni Rahmanjinovski zvuk" – автор: Franica Vidovic
10.11.2010 – "Вест" – "Оркестарот без слух за солистот и диригентот" – автор: Елени Новаковска
5.4.2013 – "Вест" – "Академски и емотивен пристап на концертните подиуми" – автор: Елени Новаковска

**Други активности**

- Декември,2010 – Управниот одбор на фондацијата "Томислав Зографски" ја именува вонр. проф. д-р Марија Ѓошевска за почесен член
- 15. 5.2013 – Предавање на вонр. проф. д-р Марија Ѓошевска по повод 50 години од смртта на Паул Хиндемит, Концертна сала на ФМУ, Скопје

**Стручно-апликативна дејност**

Вонр. проф. д-р Марија Ѓошевска како успешен педагог по пијано е чест член на жири-комисии на домашни и интернационални натпревари. Во такво својство учествувала на следниве натпревари:
26/27.4.2010 - М.Ѓошевска е член на жири-комисија на Интерен натпревар во чест на Ф.Шопен и Р.Шуман во сите категории, Концертна сала на ФМУ, Скопје
8-10.4.2010 – М.Ѓошевска е член на жири-комисија на 48-от Државен натпревар за ученици и студенти по музика, Музички и балетски педагози на Р.Македонија, категорија III A (за студенти по пијано), Концертна сала на ФМУ, Скопје
24-27.4.2012 – М.Ѓошевска е член на жири-комисија на Трет државен натпревар на млади музичари, Здружение на директори на музички и балетски училишта на Р.Македонија "Хармоинија-МБ", категорија IIa и IIb , Даут Пашин Амам, Скопје
6-8.10.2012 – М.Ѓошевска е член на меѓународна жири-комисија на XXI Интернационален натпревар на пијанисти "Интерфест" – Битола (сите категории од А до Е), Завод Музеј и галерија, Битола
24-27.4.2013 – М.Ѓошевска е член на жири-комисија на 51-от Државен натпревар за ученици и студенти по музика (дисциплина:пијано-облигат за студенти), Здружение на музички и балетски педагози на Р.Македонија, Концертна сала на ФМУ, Скопје

Д-р Марија Ѓошевска дава значаен придонес во развивањето на студентските наставни програми по пијано. Имено, Ѓошевска заедно со проф.Зоран Пехчевски (продекан за настава на ФМУ) при процес на евалуација на наставните програми предлага воведување на нов предмет Литература за пијано 1 и 2 за студентите од прва година по главен предмет-пијано на катедрата за клавишни инструменти и харфа при ФМУ и воедно во наставната 2012/2013 ја води наставата по овој предмет. Притоа д-р Ѓошевска е автор на скрипта по предметот Литература за пијано 1 и 2.

***АКТИВА РЕФЕРИРАНА ВО БИЛТЕН БР.848 од 30 март 2004 год. за избор во звањето доцент***

1. Награди од натпревари = 10
2. Меѓународни концертни претставувања = 8
3. Учество на меѓународни семинари = 8
4. Солистички концерти со океcтар = 4
5. Целовечерни рецитали = 5
6. Пијано – соработки = 15
7. Рецензии = 3

***АКТИВА РЕФЕРИРАНА ВО БИЛТЕН БР.957 од 2 февруари 2009 год. за избор во звањето вонреден професор***

1. Награди од натпревари = 8
2. Меѓународни концертни претставувања = 1
3. Учество на меѓународни семинари = 4
4. Солистички концерти со оркестар = 4
5. Целовечерни рецитали = 7
6. Пијано – соработки = 16
7. Рецензии = 5

**ЗАКЛУЧОК**

Врз основа на приложените материјали за севкупниот музички, уметнички и педагошки развој и нашата долгогодишна успешна соработка со кандидатката вонр. проф. д-р Марија Ѓошевска, чест ни е и задоволство да му предложиме на Наставно-научниот и уметнички совет на ФМУ – Скопје, вонр. проф. д-р Марија Ѓошевска да биде избрана во звањето редовен професор по предметите пијано, камерна музика и литература за пијано на Факултетот за музичка уметност – Скопје.

**Рецензентска комисија**

Проф. Борис Романов с.р.

Проф. Јован Каровски с.р.

Проф. Рита Трпчева – Поповиќ с.р.

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: Марија Борче Ѓошевска**
**Институција: Универзитет „Св. Кирил и Методиј”- Скопје, Факултет за музичка уметност- Скопје**
**Научна област: пијано и литература за пијано**
**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Наставен предмет: пијано**<br>4 студенти на 1.циклус студии во 2008/09 година<br>(1 семестар x 2 часа неделно) | 4,8 |
| 2. | 5 студенти на 1.циклус студии + 2 студенти 2.циклус во 2009/10 година<br>(2 семестри x 2 часа неделно) | 18 |
| 3. | 5 студенти на 1.циклус студии + 1 студент 2.циклус во 20010/11 година<br>(2 семестри x 2 часа неделно) | 15 |
| 4. | 5 студенти на 1.циклус студии во 2011/12 година<br>(2 семестри x 2 часа неделно) | 12 |
| 5. | 5 студенти на 1.циклус студии + 3 студенти 2.циклус во 2012/13 година<br>(2 семестри x 2 часа неделно) | 21 |
| 6. | **Наставен предмет: литература за пијано**<br>(2 семестри x 2 часа неделно) во 2012/13 година | 2,4 |
| 7. | **Подготовка на нов предмет**<br>Литература за пијано 1 и 2 | 1 |
| 8. | **Член на комисија за оцена или одбрана на докторат**<br>(8 комисии) | 4 |
| 9. | **Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура**<br>(16 комисии) | 4,8 |
| | **Вкупно** | **83** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Ментор на магистерска работа**<br>(6 студенти) | 6 |
| | **Вкупно** | **6** |

**СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | 20.10.2009 – Рецитал на Марија Ѓошевска, КИЦ, Музеј на град Скопје | 8 |
| 2. | 8.12.2009 – Рецитал на Марија Ѓошевска и Елена Атанасовска, Фестивал “Златна лира”, Концертна сала на ФМУ-Скопје | 8 |
| 3. | 15.3.2010 – Рецитал на Трио “ВАМ” (Владимир Костов-виолина, Александар Котевски-виолончело, Марија Ѓошевска-пијано), Музеј на град Скопје | 2 |
| 4. | 17.12.2010 – Рецитал на Дуо-пијано (Марија Ѓошевска и Елена Атанасовска), Концертна сала на ФМУ-Скопје | 8 |
| 5. | 20.7.2011 – Рецитал на Марија Ѓошевска, “FESTIVAL PIANO PLAGE”,“Grange aux Dimes”, Ouistreham, Франција | 8 |
| 6. | 14.8.2011 – Рецитал на Трио “ВАМ”, Фестивал “Охридско лето”, Св.Софија-Охрид | 2 |
| 7. | 17.8.2011 – Полурецитал со Дино Имери, Концерт по повод за отпочнувањето на Европскиот проект “Пијано-рефлексија на европската култура”, Концертна сала-ФМУ, Скопје | 4 |
| 8. | 9.10.2011 – Рецитал на трио “ВАМ” – Македонски културен центар, МС-Galery, Њујорк, САД | 2 |
| 9. | 14.11.2011 – Рецитал на фестивалот “Есенски музички свечености” – Марија Ѓошевска со Семи Сталхамер-виолина и Изабел Бломе-виолончело (Стокхолм-Шведска), Музеј на град Скопје | 2 |
| 10. | 2.12.2011 – Рецитал на Трио “ВАМ” – Свечено отворање на Фестивалот “Златна лира”, Музеј на град Скопје | 2 |
| 11. | 23.12.2011 – Рецитал на Трио “ВАМ” – Предновогодишен концерт, Мала сала во Центар за култура, Битола | 2 |
| 12. | 14.3.2012 – Рецитал на Марија Ѓошевска, “Гевгелиска пролет”, Хотел “Аполонија”, Гевгелија | 8 |
| 13. | 16.10.2012 – Виолска вечер, Рецитал на Фана Спиркоска-виола и Марија Ѓошевска-пијано, Даут Пашин Амам, Скопје | 8 |
| 14. | 19.3.2013 – Рецитал на Марија Ѓошевска, КИЦ, Музеј на град Скопје | 8 |
| 15. | 28.10.2010 – Концерт на Марија Ѓошевска со Македонската филхармонија, диригент-Борјан Цанев, Дом на АРМ, Скопје | 8 |
| 16. | **Издадено ЦД**<br>Авторско ЦД на Марија Ѓошевска 2011 година- Министерство за култура на РМ | 8 |
| 17. | ЦД на Трио “ВАМ” 2013 година- Министерство за култура на РМ | 8 |
| 18. | **Солист (друг настап)**<br>23.7.2009 – Солистички настап на М.Ѓошевска на Завршен концерт на семинарот по пијано на проф.Борис Романов, Св.Софија, Охрид | 0,6 |
| 19. | 22.12.2009 – Солистички настап на М.Ѓошевска на Завршен концерт на пијанисти и учесници на Европскиот пијано програм “Пијано-рефлексија на | 0,6 |

| | | |
|---|---|---|
| | Европската култура" – Завод музеј и галерија, Битола | |
| 20. | 26.8.2010 – Солистички настап на трио "BAM" на Фестивал "Златна лира" – Концерт по повод 200 години од раѓањето на Ф.Шопен и Р.Шуман, Музеј на град Скопје | 0,4 |
| 21. | 21.12.2010 – Пијано-придружба на М.Ѓошевска на Новогодишен концерт на студентите од класата на проф.Борис Романов | 0,6 |
| 22. | 13.4.2011 – Солистички настап на М.Ѓошевска во Franz Liszt Concert Hall, "Paul Gulda and students", Raiding, Австрија | 0,6 |
| 23. | 14.4.2011 – Солистички настап на М.Ѓошевска на "Liszt-Marathon" во Joseph Haydn Conservatorium Concert Hall, , Eisenstadt, Австрија | 0,6 |
| 24. | 15.4.2011 – Солистички настап на М.Ѓошевска на "Piano Music from Vienesse Classic and Second Vienesse School" во Esterhazy Palace, , Eisenstadt, Австрија | 0,6 |
| 25. | 14.7.2011 – Солистички настап на М.Ѓошевска на Завршен концерт од семинарот на проф.Борис Романов, Музичко училиште "Методи Патче", Охрид | 0,6 |
| 26 | 26.8.2011 – Завршен концерт од Европски пијано програм, Сесија во Битола-Р.Македонија, Завод Музеј и галерија, Битола | 0,6 |
| 27. | 6.9.2011 – Солистички настап на Концерт на млади пијанисти, Закопане, Полска | 0,6 |
| 28. | 27.3.2012 - 35-ти Фестивал "Денови на македонската музика"-Камерен концерт со македонски исполнители, (Настап на Трио-Марија Ѓошевска-пијано со Зорица Каракутовска-хармоника и Александар Котевски-виолончело), Музеј на град Скопје | 0,4 |
| 29. | 5.5.2012 – Настап на Трио (М.Ѓошевска со Зорица Каракутовска-хармоника и Александар Котевски-виолончело), Свечен концерт по повод 6 мај, светскиот ден на хармониката, Фоаје на МОБ, Скопје | 0,4 |
| | **Вкупно** | **102,6** |

## СТРУЧНО – АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. Број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Експертски активности : евалуација на наставни програми**<br>Литература за пијано 1 и 2 | 1 |
| 2. | **Член на национална жири- комисија**<br>26/27.4.2010 - М.Ѓошевска е член на жири-комисија на Интерен натпревар во чест на Ф.Шопен и Р.Шуман во сите категории, Концертна сала на ФМУ, Скопје | 1 |
| 3. | 8-10.4.2010 – М.Ѓошевска е член на жири-комисија на 48-от Државен натпревар за ученици и студенти по музика, Музички и балетски педагози на Р.Македонија, категорија III А (за студенти по пијано), Концертна сала на ФМУ, Скопје | 1 |
| 4. | 24-27.4.2012 – М.Ѓошевска е член на жири-комисија на Трет државен натпревар на млади музичари, Здружение на директори на музички и | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | балетски училишта на Р.Македонија "Хармоинија-МБ",категорија IIa и IIb , Даут Пашин Амам, Скопје | |
| 5. | 24-27.4.2013 – М.Ѓошевска е член на жири-комисија на 51-от Државен натпревар за ученици и студенти по музика (дисциплина:пијано-облигат за студенти), Здружение на музички и балетски педагози на Р.Македонија, Концертна сала на ФМУ, Скопје | 1 |
| 6. | **Член на меѓународна жири- комисија**<br>6-8.10.2012 – М.Ѓошевска е член на меѓународна жири-комисија на XXI интернационален натпревар на пијанисти"Интерфест" – Битола (сите категории од А до Е), Завод Музеј и галерија, Битола | 2 |
| | **Вкупно** | **7** |

**ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | **Член на факултетска комисија за 3.циклус на студии** | 0,5 |
| 2. | - Декември,2010 – Управниот одбор на Фондацијата "Томислав Зографски" ја именува вонр. проф. д-р Марија Ѓошевска за почесен член | 1 |
| 3. | - 15.5.2013 – Предавање на вонр. проф. д-р Марија Ѓошевска по повод 50 години од смртта на Паул Хиндемит, Концертна сала на ФМУ, Скопје | 1 |
| | **Вкупно** | **2,5** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 83 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 6 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | 102,6 |
| **СТРУЧНО – АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 7 |
| **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | 2,5 |
| **Вкупно** | **201,1** |

**Рецензентска комисија**

Проф. Борис Романов, с.р.

Проф. Јован Каровски, с.р.

Проф. Рита Трпчева – Поповиќ, с.р.

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА НАУЧЕН СОРАБОТНИК-ДОЦЕНТ НА ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОИРЈА ВО СКОПЈЕ

Со Одлука бр. 02-458/1 од 7.10.2013 г. врз основа на конкурсот за избор во звање објавен на 12.9.2013 година во дневниот весник „Утрински весник", Советот на ИНИ нѐ именуваше сме за рецензентска комисија за избор во звањето научен соработник - доцент на д-р Димитар Љоровски, во состав: проф. д-р Марија Пандевска, проф. д-р Наташа Котлар - Трајкова и проф. д-р Македонка Митрова. По прегледувањето на доставената документација, имаме чест на Советот на ИНИ да му го поднесеме следниов:

ИЗВЕШТАЈ

Д-р Димитар Љоровски е роден на 9.12.1981 г. во Скопје, а на Институтот за историја при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ (УКИМ) дипломирал во 2005 г. Постдипломските и докторските студии успешно ги завршил на Институтот за национална историја при УКИМ, каде што во јуни 2009 г. ја одбранил магистерската теза: „Дејноста на костурскиот митрополит Германос Каравангелис (1900-1904)“, со што се стекнал со степенот магистер на историски науки, а во април 2013 г. успешно ја одбранил докторската дисертација: „Андартското движење во Југозападна Македонија (1904-1908)“ со што се стекнал со степенот доктор НА историски науки. Од 15 февруари 2009 година е редовно вработен во ИНИ, каде што со магистрирањето е избран во звањето асистент-истражувач.

Магистерската теза и докторската дисертација на д-р Димитар Љоровски се надоврзуваат како во хронолошката поставеност на историските прашања кои тие ги обработуваат, така и во однос на спецификацијата на територијата на османлиска Македонија на која тој како истражувач и посветил комплетно внимание, а тоа е нејзиниот југозападен дел. Имено, во магистерската теза д-р Д. Љоровски обработува еден специфичен фрагмент на транформацијата на грчката пропагандна политика во османлиска Македонија од чисто верско-образовна кон нејзината вооружена форма. Иако навидум насловот на неговата магистерска теза сугерира биографско-историска конотација, сепак разработените аспекти излегуваат надвор од биографските референци на животниот пат на грчкиот патријаршиски митрополит Каравангелис. Имено, обработуваниот историски период 1900–1904, а кој се одвива на територијата на Костурско, претставува прелудија на започнувањето на т.н. грчка „македонска борба“. Согледано од овој аспект, магистерската теза на д-р Д.Љоровски дава аналитички увид кон почетоците на крвавата паравоена инфилтрација врз овој дел од македонската територија со право поставувајќи ја дејноста на митроплолитот Каравенгелис во центарот на својата научна опсервација. Докторската дисертација на д-р Д. Љоровски, пак, продолжува таму каде што тој во својот севкупен истражувачки проект завршил со магистерскиот труд. Неговата дисертација и припаѓа на големата тема на односот и интервенионистичката политика на соседите кон османлиска Македонија. Во севкупната паравоена интервенионистичка политика изведена врз територијата на османлиска Македонија во периодот 1904–1908 без никакво сомнение предимството му припаѓало на Кралството Грција, ако не само по обемот на изведените акции, тогаш сигурно по суровоста на истите. Затоа и задржувањето на фокусот на д-р Д. Љоровски

само на југозападниот дел од Македонија го има својот логичен след: во детали да се разработат сите досега помалку познати настани поврзани со овие паравоени акции. Ако на ова го додадеме и фактот дека и магистерската теза и докторската дисретација на д-р Д. Љоровски главно се базираат на нови објавени извори и литература од грчка провениенција (тука никако не треба да постои сомнеж дека досегашните трудови на македонската историографија се занемарени или заобиколени, напротив тие се користени како основа за истражувањето), тогаш е јасно дека неговиот истражувачки опус претставува новина кон големата тема на македонските години на опстојување од 1900 до 1908. Меѓутоа, она што на почетокот остава впечаток е изборот на темата за расправа во воведот на докторската дисертација. Имено, д-р Д.Љоровски преку инкорпорирањето на модерните теории за формирањето на нациите и национализмот дава еден концизен одговор на дел од комплексното прашање за суштината на значењето и потеклото на грчкиот национален идентитет следејќи ги неговите промени и варијабили меѓу религијата, јазикот и територијалноста. Со овој дел, д-р Д. Љоровски не само што нè воведува во темата на дисертацијата, туку и без да се повикува на денешницата, го лоцира временското и просторното неограничување на актуелниот грчки национален идентитет и иредентизам.

Покрај работата на тезата и дисертацијата, д-р Димитар Љоровски има објавено и статии во историските списанија и научни зборници кои се секогаш во блиска конекција со областа од историјата на која тој веќе ја врши својата субспецијализација, а тоа се македонско-грчките односи во периодот од формирањето на грчката национална држава па сè до денешницата. Така, неговите објавени статии: „Германос Каравангелис и неговата дејност за време на Илинденското востание“, *Историја*, бр. 1–2, Скопје, 2007, стр. 17–32; „Извештај на грчкиот конзулат во Софија за убиството на Борис Сарафов и Иван Гравановʺ, *Историја,* бр.1–2, Скопје, 2009, стр. 137–14; Активноста на првата организирана андартска чета испратена во југозападна Македонија (1903), *Историја*, бр. 1–2, Скопје, 2010/11, стр. 43–58; „Ослободувањето на Клисура и Невеска во текот на Илинденското востание“, *ГИНИ*, бр. 1–2, Скопје, 2009, 107–119; „Писмо за соработката на полковник Јанков со грчката пропаганда во Костурско во 1902 години“, *ГИНИ*, бр. 1–2, Скопје, 2011, 205–209 и „Дејноста на Ѓорче Петров во Илинденското востание: од Ќустендил до Мариово“, *Зборник Ѓорче Петров (1865-1921)*, Скопје, 2011, 95–105, ја имаат вредноста на нови сознанија во однос на историската фактографија на настаните кои ги обработува, додека теориската подлошка на пошироките македонски идентитетски прашања тој ги разработува во делот од книгата „Shaping the Nation: The Models of Macedonian, Turkish and Albanian Identity in Late Ottoman Period”, *Turkish-Albanian Macedonian Relations: Past, Present and Future*, 2012, 24–47 (во коавторство одново со д-р Страшко Стојановски) како и статиите: „Програми за јазична асимилација на Македонците во Грција кон крајот на 50-тите и почетокот на 60-тите години на 20-от век, со посебен осврт на заклетвите од 1959 година“, *ГИНИ*, бр.1–2, Скопје, 2010, 151–165; „Појавата на македонскиот протонационализам: употребата на терминот македонски јазик во грчките извори од почетокот на XX-тиот век“, Спекатар, книга 1, Скопје, 2011, стр. 262–278, (во коавторство со д-р Страшко Стојановски). Во ИН МЕМОРИАМ написот, проф. д-р М. Пандевска и д-р Д. Љоровски му одаваат почест и краток омаж на заедничкиот ментор „Крсте Битовски (1926 – 2009)“, *ГИНИ,* бр.1–2, Скопје, 2009, 169–172. Покрај објавувањето на статии, д-р Д. Љоровски со свои реферати настапувал на седум научни симпозиуми како од домашен, така и од

меѓународен карактер. Стилот на пишување на д-р Д. Љоровски е концизен и разбирлив, и кога се работи за анализа и кога се работи за историски наратив, што овозможува лесно следење на текстот. Фактографијата и анлизите се испреплетуваат во една убаво срочена целина, поткрепена со богата библиографија. Изворното градиво тој го користи аналитички и во корелација на целата достапна документација и литература.

Она што во библиографијата на д-р Д. Љоровски исто така привлекува внимание е долгогодишната плодна публицистичка дејност која тој ја работи и која е во врска со поширока дисеменација на историјата како наука пред поширокаta и разновидна читателска публика. Имено, тој во периодот 2007–2012 има објавено 20 свои написи во весниците и магазините: „Македонско сонце“; „Народна Волја“ која излегува во Р.Бугарија, „Фокус“, „Today“ („Денес“) дневниот весник на дијаспората од Австралија, „Публика“, „Република“, како и на интернет- списанието „Македоника“. Во сите овие написи, покрај историски теми, тој обработува и актуелни теми, најчесто од проблематката на македонско-грчките релации. Како соработник, д-р Д. Љоровски се појавува и во проектите: „Евидентирање, фотографирање, снимање и архивирање на видео материјали и разговори со Македонците протерани до егејскиот дел на Македонија во 20 век“, документарниот филм „Сведоци“ на Кинотеката на Македонија, исто како и автор на две емисии од документарниот серијал на МТВ: „Политиката на Кралството Грција кон Македонија во крајот на XIX и почетокот на XX век“ и „Политиката на грчката држава кон македонското прашање (1950 – 2000)“ ( во коавторство со д-р Теон Цинго). Тој бил и член на Редакцијата на изданието на ИНИ „Сведоштва за македонскиот идентитет“, а како член на Здружението на историчари на Македонија учествувал во изработката на прашањата за државниот натпревар по историја за средни училишта во организација на ЗИРМ, во 2011 и 2012 г. Со своето предавање „Надворешната политика на Грција кон османлиска Македонија“ се претставил и пред Центарот за истражување и креирање на политика (CPRM) во Скопје, како што и учествувал и како гостин на одделни телевизии.

Од сето погоре изнесено станува јасно дека во случајот со д-р Димитар Љоровски се работи за млад научен кадар кој својата професија ја има сфатено во целата нејзина сеопфатност, на потребата за истражување и поставување прашања, и потребата да се трага по одговорите на зададените прашања. Од сите овие причини ни претставува чест и задоволство на Научниот совет на ИНИ да му предложиме д-р Димитар Љоровски да биде избран во звањето на научен соработник - доцент.

КОМИСИЈА

Проф. д-р Марија Пандевска с.р.

Проф. д-р Наташа Котлар – Трајкова с.р.

Проф. д-р Македонка Митрова с.р.

Скопје, 12.10. 2013 година

**ОБРАЗЕЦ**

**ПРИЛОГ КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО НАУЧЕН СОРАБОТНИК/ДОЦЕНТ**

Кандидат: **ДИМИТАР РИСТО ЉОРОВСКИ**

Институција: **ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА - СКОПЈЕ**

| Реден број | Научно-истражувачка (НИ), наставно – научна (НН) и стручно- апликативна дејност (СА) | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјата | во странство |
| 1. | Одбранета магистерска работа | 5 | |
| 2. | Одбранета докторска теза | 8 | |
| 3 | Дел од монографија или научна книга | 4 | |
| 4. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание опфатено во СЦИ/ЦА/останати | 40,4 | |
| 5. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир | 2 | |
| 6. | Труд со оригинални научни резултати, објавен на интернет | 2 | |
| 7. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во весници и магазини | 18 | |
| 8. | Учество на научен собир со реферат | 10,05 | |
| 9. | Раководител на проект | 4 | |
| 10. | Учесник во научен проект | 6 | |
| 11. | Член на редакциски одбор | 1 | |
| 12. | Учество во работа на комисии за државни натпревари | 1 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 13. | Учество во комисии и тела на државни и други органи | 1 | |
| 14. | Настапи на радио/ТВ-емисии и други јавни настапи | 1 | |
| 15. | Одржано предавање за потребите на домашни здруженија, федерации и останато | 1 | |
| | **МЕЃУЗБИР:** | **104,45** | |
| | **ВКУПНО :** | | **104,45** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Марија Пандевска с.р.**

**Проф. д-р Наташа Котлар – Трајкова с.р.**

**Проф. д-р Македонка Митрова с.р.**